Ванчо Ѓорѓиев

# ТРАЈКО КИТАНЧЕВ

*Издавач:*
Филозофски факултет – Скопје

*За издавачот:*
Горан Ајдински

*Уредник:*
Ратко Дуев

*Рецензент:*
проф. д-р Далибор Јовановски

*Лектура:*
Здравко Ќорвезировски

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Војислав Саракински

*Печати:*
Бомат Графикс – Скопје

*Тираж:*
500

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

929 Китанчев,Т.
328.83-05 Китанчев,Т.

ЃОРЃИЕВ, Ванчо
Трајко Китанчев / Ванчо Ѓорѓиев. - Скопје : Филозофски факултет,
2015. – 253 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. – Регистар. – Библиографија: стр. [247]–253

ISBN 978-608-238-079-7

а) Китанчев, Трајко (1858–1895) – Биографии б) Револуционери –
Македонија
COBISS.MK-ID 99076874

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ванчо Ѓорѓиев

# ТРАЈКО КИТАНЧЕВ

Скопје, 2015



# Содржина

*9* Уводни белешки
*19* Потекло, образование и светоглед
*47* Учителската и политичката дејност на Трајко Китанчев (1880-1891)
*125* Политичка жртва на режимот
*149* Враќање во политиката
*159* Македонскиот комитет
*225* Осврт на творештвото на Трајко Китанчев
*235* Индекс
*247* Преглед на користени извори и литература

# Уводни белешки

„Бугарскиот и македонскиот народ, со жал чувствуваат тешка загуба... Ако Китанчев беше корисен за Македонија, тој не малку беше корисен и за Бугарија... Со неговата смрт, бугарската демократија загуби еден достоен член, а македонското движење својот најдостоен водач“.[1]

(Революција, 1895)

„Позната е, исто така дејноста на Китанчев во Народното собрание, а уште попресни се неговите заслуги за формирањето на Македонскиот комитет, за кој може да се каже дека тој му беше душата. Неговото име и неговите дарби за кратко време ги отстранија започнатите недоразбирања меѓу македонските преселници во кнежеството, и Македонците се обединија во името на светата идеја“.[2]

(Димитар Матов, 1895)

„Некои со весникарската злоба и завист го обвинуваа дека бил страшливец, дека не сакал да си го изложува животот на опасност и криејќи се зад претседателствувањето со Централниот македонски комитет не сакал да отиде со оружје в рака меѓу првите борци против Турците за ослободувањето на Македонија. Тоа обвинение е исто како да се обвинува генералот зашто не се наоѓа во редовите на првиот пост против непријателот“.[3]

(Списание: Мисла, 1895)

„Трајко Китанчев е еден општобугарски, еден национален деец, но тој најмногу мислел и работел за ослободувањето на Македонија. Тој умре на служба за тоа дело. И не треба да има сомнеж, дека слободна Македонија за него ќе си спомне меѓу првите свои борци и ќе ја овековечи својата признателност кон него“.[4]

(Димитар Благоев, 1898)

---

[1] Трайко Китанчевъ, Революция, г. I/7, София, 9 августъ 1895, 3-4.

[2] Д. М., Трайко Китанчевъ, Български прѣгледъ, списание за наука, литература и общественъ живот, г. II, кн. IX – X, София 1895, 311.

[3] Мисълъ, г. V, кн. VI, София 1895, 590.

[4] Д. Благоевъ, Трайчо Китанчевъ, Критико-биографиченъ очеркъ, Ново време (мѣсеченъ прегледъ на умствения и обществения животъ, Пловдивъ 1898, 263.

***

Цитираниве фрагменти, од кои првите три се запишани веднаш по смртта на Трајко Китанчев (август, 1895 г.), а третиот по повод тригодишнината од неговата смрт, го дефинираат како македонски и бугарски деец, кој треба да најде место во македонската и во бугарската историја. Весникот *Революција,* кој излегувал како орган на македонските социјалисти под девизата „Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци“, и кој се залагал за „Независна македонска република“, смртта на Т. Китанчев ја оценил како загуба за „бугарскиот и за македонскиот народ“. Додека пак, Димитар Благоев во 1898 година запишал дека Т. Китанчев најмногу мислел и работел за ослободувањето на Македонија, прејудицира дека тој својата признателност од татковината Македонија ќе ја добие по нејзиното ослободување.

Трајко Китанчев со својата културно-просветна, општествено-политичка и револуционерна активност, подеднакво им припаѓа на Македонија и на Бугарија. Меѓутоа, досега, во ниту една од двете земји за него не постои историографски биографски труд.[5] По сè изгледа тоа што Китанчев дејствувал како бипатрид, не било доволно мотивирачки, како за бугарската, така и за македонската историографија да се зафатат со посериозно проучување на неговата личност.

Првиот, но, досега и најобемен труд за Трајко Китанчев е објавен во 1898 година по повод тригодишнината од неговата смрт, од страна на Јурдан Иванов.[6] Во првиот дел од трудот се по-

---

[5] Така на пример, Л. Стојанов во еден пригоден текст по повод 125-годишнината од раѓањето на Т. Китанчев, укажува дека Китанчев се уште го очекува својот биограф. (Лъчезар Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност, Исторически преглед, XXXIX/3, София 1983, 111). И покрај тоа што во бугарската историографија сè уште не постои ниту еден научен биографски труд за Китанчев, С. Елдров смета дека неговиот „животен пат бил доволно осветлен во бугарската истриографија“. (Светлозар Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?. Върховният македоно-одрински комитетъ и македоно-одринската организация в България 1895–1903, София 2003, 55).

[6] Съчинения на Трайчо Китанчевъ, нарежда Юрданъ Ивановъ, София 1898. Со оглед на фактот што овој труд на Ј. Иванов е составен од повеќе делови, при што авторот користи двојна пагинација (една за биографскиот дел, а друга за собраните дела), од практични причини при неговото цитирање во овој труд кога ќе се повикуваме на биографските податоци ќе ја користиме формулацијата: Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., а кога ќе се повикуваме на материјалите од Китанчев (стихови, статии, говори, преиска) ќе ја користиме кратенката: Съчинения на Трайчо Китанчевъ ...).

местени елементарните биографски белешки за Китанчев, а потоа следат неговите стихови, статии, говори и преписката. Во биографската белешка, Ј. Иванов пишува: „За жал, јас не можам да се пофалам, дека сум собрал доволно материјал од животот и дејноста на Китанчев, па да се зафатам и со пишување на неговата полна биографија“. Малку потоа, Ј. Иванов додава: „Изложеното подолу не е биографија, туку се поднесува како материјал, којшто би можел да послужи при пишувањето на таква, ако некој некогаш се зафати со слична цел“.[7] Биографските податоци што ги собрал Ј. Иванов во основа се однесуваат на образованието на Китанчев и неговата почетна просветна дејност, но во нив има многу малку информации за неговата општествено-политичка дејност. За разлика од тоа, другиот материјал е прилично обемен и претставува солидна база за проучување на Китанчев. Сепак, треба да се нагласи дека Ј. Иванов, поради кратката временска дистанца и активните политички актери, бил внимателен како при изрекувањето на некои констатации во биографијата, така и при презентирањето на некои материјали, поради што не ги објавил целосно, бидејќи содржеле остри тонови по адреса на поранешниот премиер Стефан Стамболов и кнезот Фердинанд.[8]

Како и да е, материјалот што го објавил Ј. Иванов послужил како основа за други пригодни и популарни текстови за Китанчев што се појавиле во Бугарија до крајот на Втората светска војна.[9] Од нив само прилогот на Јордан Бадев има научна стојност.[10] Според нашиве согледувања по Втората светска војна, на темата Т. Китанчев во Бугарија се објавени три текста. Два од нив имаат пригоден карактер,[11] а третиот е со наслов „Трајко Китанчев – македонски деец?“.[12] Авторот на последниот прилог, Светлозар Елдров, откако кратко се осврнува на дејноста на Китанчев во македонското движење, констатира дека Трајко Китанчев како македонски деец во историографијата влегол како мит, а не како реал-

[7] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 4.

[8] Исто, 48–49.

[9] Во интерес на просторот, овде нема да ги наведуваме таквите текстови, тие може да се најдат во приложената библиографија на крајот од трудот.

[10] Види: Йор. Бадевъ, Трайчо Китанчевъ – поетъ и общественикъ, Македония, г. I, кн. IV, София 1932, 30–43.

[11] Иван Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал, Педагогика, 8/9, 1997; Лъчезар Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност, Исторически преглед, XXXIX/3, София 1983.

[12] Светлозар Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 55-68.

ност.[13] Систематизирани аргументите на Елдров за таквата констатација се сведуваат на следново:

1. До формирањето на Македонскиот комитет, Т. Китанчев не пројавил активност во врска со македонското прашање и не напишал ништо во таа смисла;

2. Вклучувањето на Т. Китанчев во македонското движење е последица на настојувањето на Демократската партија да доминира со македонското движење во Бугарија;

3. Четиримесечното управување на Китанчев со Македонскиот комитет (од Првиот македонски конгрес до неговата смрт), не е доволно за кардинална промена на неговата биографија од „типичен политичар" во македонски деец;

4. Митот за Трајко Китанчев како македонски деец е создаден по неговата смрт поради кризата во македонското движење и отсуство на популарен и авторитетен лидер;

5. Митот за Китанчев не е создаден од историографијата, туку во неа се провлекува по инерција;

6. Како основа за создавање на митот послужила една реченица од Димитар Благоев која е напишана во 1898 година, а таа гласи „Трајко Китанчев е еден општобугарски, еден национален деец, но тој најмногу мислел и работел за ослободувањето на Македонија. Тој умре на служба за тоа дело";

7. Митот за Китанчев ѝ бил потребен на марксистичката историографија како контратеза на митот за владино-дворскиот карактер на Врховниот комитет.

При детална анализа на постулатите од Елдров, повеќето од нив се неодржливи. Од друга страна, овој автор не нуди свој прототип и модел, како и критериуми за да се смета некој за македонски деец. Но, да го оставиме тоа. На аргументите на Елдров ние им нудиме контрааргументи.

1. Тврдењето дека Китанчев до создавањето на Македонскиот комитет не напишал ништо за македонското прашање и не зел активно учество во организирањето на македонското движење, не е точно. Прво, Т. Китанчев во 1885 година ја напишал песната „Кон Македонецот", во која го прекорува Македонецот за неговата пасивност и отворено го повикува на вооружен бунт. Истата 1885 година, во критиката кон книгата на Офејков „Македонија во времето на илјадагодишнината на Св. Методиј", Китанчев во неколку

[13] Исто, 63–65.

наврати говори дека за подобрувањето на положбата на македонското население е неопходна револуционерна ослободителна борба, а не еволуционистичката црковно-просветна политика на Егзархијата. Притоа Китанчев зборува за слобода за сето македонско население „без разлика на вера и народност", а не само за „бугарското" т.е. егзархиското. Според тоа, точно десет години пред создавањето на Македонскиот комитет, Китанчев имал јасен став по прашањето за ослободување на Македонија.

Дали не треба да се смета за македонски деец човекот којшто пишувал за Македонија? Дали не е македонски деец човекот којшто во 1892 година ја напишал студијата „За акцентирањето на зборовите во ресенскиот говор од западномакедонското наречје"? Китанчев е првиот што врз научна основа ги открил закономерностите при акцентирањето на зборовите во западномакедонските говори. Дали не треба да се смета како македонски деец човекот што ги запишал баладите „Кралот Марко" и „Дедо Неделко" низ кои преку митскиот јунак од Македонија поттикнува на размисла за нејзината слобода? Зар владиниот официоз, весникот „Свобода", случајно го прогласил Трајко Китанчев за „злобен и пакостен Македонец" доколку навистина немал ништо со македонското движење во Бугарија?

Зар Китанчев не зборуваше на македонскиот собир при панихидата во Ерменската црква во Софија по повод колежот на Ерменците и не повикал на вооружен бунт во Македонија?

Според тоа, Т. Китанчев не бил избран случајно и истовремено за претседател на „Братскиот сојуз" и на „Македонскиот комитет", кои во март 1895 се обединиле со другите друштва во единствена организација на македонската емиграција во Бугарија.

2. Образложението на Елдров дека прифаќањето на Китанчев на претседателската должност во Македонскиот комитет е последица на настојувањето на Демократската партија да ја преземе контролата во македонското движење не кореспондира со тенденцијата тој да се оспори како македонски деец.

3. Четиримесечното претседателствување на Китанчев со Македонскиот комитет не е услов тој да се вброи, или да се оспорува како македонски деец. Напротив, за тоа треба да се има предвид севкупната активност на Т. Китанчев.

4. Тврдењето дека митот за Китанчев бил создаден по неговата смрт поради отсуство на популарен и авторитетен лидер кој ќе застане на чело на македонската емигрантска организација, не

е издржан докрај. За илустрација, ќе наведеме дека по смртта на Китанчев за претседател на Врховниот македонски комитет бил избран генерал Данаил Николаев, кој претходно бил министер за војна на Бугарија, а по демисионирањето од претседателскиот пост во ВМК станал аѓутант на кнезот Фердинанд. Зар оваа личност со министерско портфолио и со огромна доверба кај кнезот не била авторитетна и популарна? Несомнено, овој генерал од бугарско потекло со своите поимања за македонското движење не можел да се наметне како авторитет сред македонската емиграција од причина што пред него со Комитетот управувал скромниот Китанчев кој е од македонско потекло и со друга визија за споменатово прашање.

5. Трајко Китанчев во историографијата не е влезен како мит, туку како реалност. Најдобра потврда за тоа е фактот што досега за него не постои ниту една биографија заснована врз историографска методологија. Популарните текстови, каде што неговиот лик, поточно неговите карактерни особини се идеализирани, не може да се сметаат за историографски дела. Од друга страна, идеализирањето на неговите карактерните особини во популарните текстови е засновано врз основа на неговите писма, говори и политичко дејствување, а не врз празни митови.

6. Со посочувањето на цитатот од Димитар Благоев како основа за градење на митот за Китанчев како македонски деец, Елдров настојува на наводниот „мит“ да му даде идеолошки карактер. Не случајно за тоа е одбран Д. Благоев, кој е од македонско потекло и основач на социјализмот во Бугарија. Од друга страна, Елдров не ги зел предвид написите за Китанчев од граѓанско ориентираните автори, весници и списанија, кои веднаш по смртта на Китанчев го титулирале како водач на македонското движење и борец за слободата на Македонија. Со ваквиот пристап на Елдров, излегува дека наводниот мит за Китанчев како македонски деец настанал врз основа на една реченица од социјалистот Д. Благоев?!

7. Во врска со констатацијата дека митот за Китанчев ѝ бил потребен на марксистичката историографија како контратеза на митот за владино-дворскиот карактер на Врховниот комитет, ќе речеме дека од времето на комунистичкиот режим во Бугарија ние откривме само две статии кои директно се однесуваат на Т. Китанчев. Меѓутоа, тој во нив не е претставен како македонски, туку како бугарски деец. Несомнено, забелешката на Елдров не се однесува на овие трудови, туку на оние од Димитровскиот пери-

од, па и потоа, кога бугарските историографи кои се занимаваа со македонското движење, него го третираа како македонско *национално* ослободително движење за создавање македонска држава, а не како бугарско и стремеж за обединување со Бугарија. Притоа за предводник на таквата борба е претставена Внатрешната македонска револуционерна организација, а Врховниот комитет е претставен како нејзин антипод. Преку тезата дека митот за Китанчев како македонски деец ѝ бил потребен на марксистичката историографија, Елдров настојува да го дисквалификува митот, кој настанал пред бугарската марксистичка историографија, но бил создаден од социјалистот Д. Благоев. Всушност, преку обидот за дисквалификација на „митот“ со помош на идеолошки квалификации, Елдров на суптилен начин ја протежира тезата на современата бугарска историографија за бугарскиот карактер на македонското ослободително движење.

Според кажаното, дотука тезата на Елдров дека Китанчев како македонски деец во историографијата влегол како мит по некаква инерција со идеолошки предиспозиции, а не според својот севкупен ангажман на македонски план, методолошки е неодржлива и не кореспондира со реалноста.

Во македонската историографија името на Трајко Китанчев се споменува во контекст на Врховниот македонски комитет и едногодишното учителствување во Солунската егзархиска гимназија,[14] меѓутоа со исклучок на еден краток прилог на Б. Мокров, тој досега не бил предмет на особена анализа.[15]

За разлика од македонските историчари, трагачите по историјата на македонската книжевност му обрнале посериозно внимание на Трајко Китанчев.[16] Се разбира, нивниот интерес пред сè е

[14] Крсте Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија (1893–1903), Скопје, 1977; Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), второ издание, Скопје 1982; Иван Катарџиев, Борба до победа, т. 1, Скопје, 1983; Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно-националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003;

[15] Боро Мокров, Трајко Китанчев како општественик и иницијатор за покренувањето на првиот македонски весник „Развитие“,Разгледи V/10. Скопје 1963, 836-840; Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарството, Скопје, 1980, 49–53.

[16] Види: Гане Тодоровски, Трактати за сонцељубивите, Скопје 1974, 85–110; Гане Тодоровски, За двете поеми на Трајко Китанчев на темата Марко Крале, Спектар, г. X/19, Скопје 1992, 31-38; Науме Радически, Фолклорот и поезијата на Трајко Китанчев, Македонски фолклор, г. XXV/49, Скопје 1992, 227-

насочен кон неговото книжевно творештво. Меѓутоа, Гане Тодоровски е еден од ретките во Македонија што се обидел да навлезе подлабоко во филозофијата на времето и проблемите поради кои Т. Китанчев сѐ уште не добил соодветен третман во нашата наука. Во врска со тоа, Г. Тодоровски ќе запише: „Како и за многумина Македонци од поблиското и подалечното минато, така и за заслужниот преспанец Трајко Китанчев, општественик, литерат, просветен деец, револуционер и неспокојник, кај нас малку се зборува и се пишува, малку се знае, па според тоа и малку му се почитува делото. Причините за ова се лесно разгатливи: од една страна, останале да сенат помеѓу нашиот современик и светлата памет на поттурнатото име низа предрасуди на еднострачниви и површни коментатори, кои од годината на смртта на Китанчев, па сѐ до денов денешен се пластеле како нужна дезориентација, и, од друга страна недостигот на соодветно внимание, компетенција и напор да се раскаже нешто монографски за оваа име, од денешна позиција на резонирање, толкување и согледување“.[17]

Во врска пак со припадноста на Китанчев, Г. Тодоровски пишува: „Примерот на Китанчев е мошне едноставен и поучен: тој е еден од оние угледни Македонци, кои своите способности, сета своја интелектуална и физичка енергија ја ставиле во чесна услуга на една друга средина, во која се населиле, чиј јазик го прифатиле, каде што се аклиматизирале психолошки и социјално, но, кои сепак, никогаш не ја заборавиле ни својата прва љубов: татковината, и како израз на таа своја емотивна, сентиментална, несеклива врска со родната земја, преку многу јавни акции и преку трајни траги во пишаниот збор го манифестирале суштински своето македонство! Таков е Трајко Китанчев – еден од многуте чесни и напредни луѓе никнати на македонска почва, кои денешната научна и јавна мисла на Македонија и Бугарија не смее да ги сече на никакви половинки или четвртинки, за да ги дели, за да ги парчи и да си ги присвојува љубоморно, бездушно, делумно – туку да ги остави како интегрални целини на духот, како човечки субјективни и објективни реалитети, за да им ги претстави на своите нови поколенија низ билансот на нивните животни позитиви, кои не се ни мали, ни малку. Ќе му дозволиме на Китанчев да ѝ припаѓа

232; Васил Тоциновски, Трајко Китанчев во поетските зборници и антологии, Современост, г. 53/3, Скопје 2005, 53–61; Валентина Миронска-Христова, Трајко Китанчев (литерат и револуционер), Спектар, г. 26/51, Скопје 2008, 33–45.

[17] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 85.

и на Бугарија и на Македонија и на сето прогресивно човештво, бидејќи неговите погледи и концепции се совпаѓаат со најнапредните идеи на неговото време, а неговите животни акции се илустрација на алтруизам, морална цврстина и чистота, революционерна етика, самопрегорност и самоодречување".[18]

Трајко Китанчев, пред сè, е интелектуалец кој се појавил како просветен работник, поет, публицист, преведувач, критичар, како бугарски политичар и прв претседател на Македонскиот комитет. Работел во Бугарија и само една година во османлиска Македонија. Зел активно учество во политичкиот живот на новоослободеното Кнежество Бугарија, каде што три пати бил избиран за народен пратеник во Обичното народно собрание и еднаш во Великото народно собрание. Како бугарски политичар, бил поборник за демократија, социјална правда и правичност. Поради својот принципиелен и критички став кон власта, стекнал авторитет и популарност, но затоа пак станал жртва на режимот и одлежал тригодишен затвор. Како граѓанин на Бугарија, неа ја доживува како своја татковина и се однесува како бугарски патриот, но никогаш не ја заборавил ниту својата родна татковина – Македонија. Оттука како Македонец-емигрант се залага за ослободување на Македонија од османлиска власт и за добивање политичка автономија, приложена и гарантирана од Големите сили. Македонија и Бугарија се присутни во неговите мисли, во неговото творештво, но и во неговата општествено-политичка и революционерна активност.

Животната приказна и општествената дејност на Трајко Китанчев се дел од историјата на Македонија и на Бугарија, но и пошироко на Османлиската Империја. Низ личноста на Т. Китанчев се отвораат повеќе чувствителни прашања, разни контроверзии, но и стереотипи од македонската и бугарската историја и историографија. Низ страниците на овој труд колку ќе успееме да се доближиме до реалноста со сета нејзина комплексност и да ги посочиме и прифатиме нештата, такви какви што биле, без оглед колку тоа ни се допаѓа и колку тоа се вклопува во еднострано креираните и шаблонизирани знаења, толку полесно ќе се ослободиме од воспоставените стереотипи. Едноставно, Т. Китанчев им припаѓа на времето и на просторот, како и на процесите и на идеите во кои верувал и за кои активно дејствувал. Секој обид за нивно избегнување, или селективно претставување, ниту ќе го промени минатото, ниту сегашноста, а уште помалку иднината.

[18] Исто, 87.

# Потекло, образование и светоглед

## Потекло

Трајко Китанчев е роден на 1 септември 1858 година[1] во семејството на Цветко и Цвета Китанчеви во селото Подмочани, Ресенско. Татко му на Трајко Китанчев – Цветко потекнува од селото Волкодери, од семејството Крстеви.[2] Тоа било едно од позафатените семејства во селото, кое според тогашната традиција сѐ уште функционирало како семејна задруга која броела 63 члена.

Кога Цветко бил на тримесечна возраст, татко му починал. Оттогаш започнало разложувањето и осиромашувањето на семејството. По извесно време, мајка му на Цветко се премажила во фамилијата на Китанчеви од блиското село Подмочани. Притоа со себе го одвела и малиот Цветко.[3] Така, сиракот Цветко Крстев од Волкодери, станал дел од фамилијата на Китанчеви во Подмочани. Според обичајното право и традицијата, во тоа време многу вдовици и вдовци за да ја обезбедат својата и егзистенцијата на својот пород се мажеле и се женеле едни со други, притоа спојувајќи ги децата од едниот и од другиот брак. Некои, пак, вдовици и вдовци, за да обезбедат материјален опстанок за своите чеда, се мажеле и се женеле со девојки и ергени во поодминати години. Како и да било, во услови на заостанато стопанство во османлиска Македонија, без никаква социјална заштита, кога најголемиот дел од населението (80%) преживувало од примитивна обработка на земјата која барала повеќе работна рака, таквите бракови, претставувале единствен излез за одгледување на децата. Меѓутоа во таквите бракови, честопати, децата на едниот родител (од претходниот брак), биле запоставувани за сметка на децата од другиот родител, или пак природените деца. Тоа особено го чувствувале децата од премажените вдовици. Се чини, таква судбина го снашла и Цветко, татко му на Трајко. Неговиот очув, кој бил сиромав, уште на десетгодишна возраст го главил Цветко како изме-

---

[1] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 7; Драганъ Зографовъ, Трайко Китанчевъ, Сборникъ Солунъ, София 1934, 265; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 111; И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

[2] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 5.

[3] Исто.

ќар за да ги напасува овците на едно поимотно семејство од селото.[4]

Во втората половина од XIX век, населението од Преспанско својата живејачка претежно ја обезбедувало од земјоделство и печалбарство. Малкуте плодни земјишта во овој крај и климатските услови биле погодни за одгледување овошје (јаболка и круши) и за одредени градинарски култури. Меѓутоа, поголем дел од земјата, особено најплодната, била во рацете на беговите – чифликсајбии,[5] а селаните што ја обработувале добивале половина од приходите. Поради тоа, како и поради заостанатиот начин на стопанисување и бројните даноци, работливите преспанци излез од незавидната економска положба наоѓале во печалбарството во туѓина.

Според Симеон Радев, „ресенчани отсекогаш оделе на печалба во Цариград",[6] првенствено како градинари и продавачи на зеленчук. Не успеавме да утврдиме од кога датира оваа масовна појава во Ресенско, но факт е дека за време на Кримската војна (1853-1856 година), ресенските печалбари-градинари, добро заработувале од продажбата на зеленчук на странските војски во Истанбул.[7] Според Васил К'нчов, мажите од Горна Преспа претежно оделе во Цариград, а оние од Долна Преспа во Смирна.[8] Преспанските градинари во Цариград и Смирна со својата неуморна работа успеале да се наметнат и да воспостават доминација на пазарите со зеленчук, истиснувајќи ги оттаму Грците – градинари.[9]

Повеќето ресенски печалбари во османлиската престолнина во прво време работеле како надничари по градините на други лица, но откако економски зајакнувале,земале градини под наем во сопствена режија за да произведуваат и да продаваат зеленчук.[10] Оние што успевале да заработат и заштедат повеќе пари, со текот на времето купувале сопствени парцели во околината на градот и продолжувале со производство и продажба на зеленчук.

---

[4] Исто.

[5] Васил Кънчов, Избрани произведения, том I, Пътуване по долината на Струма, Места и Брегалница, Битолско, Преспа и Охридско, София 1970, 404.

[6] Симеон Радев, Рани спомени, София 1967, 8.

[7] Така, на пример, С. Радев пишува дека дедо му, како градинар во Истанбул, во времето на Кримската војна спечалил доволно пари за да купи куќа во Ресен (С. Радев, Рани спомени..., 9).

[8] В. Кънчов, Избрани произведения, том I..., 404.

[9] Исто.

[10] С. Радев, Рани спомени..., 8.

Други, пак, со заштедата започнувале подоходовни дејности. Независно од рамништето на коешто стоеле, сите печалбари испраќале пари за издршка на семејствата, при што настојувале и да купат по некое парче земја во родниот крај.

Поради примамливата заработувачка, бројот на ресенските печалбари во османлиската престолнина постојано се зголемувал. Многумина од нив во Истанбул заминале како деца за да им помагаат на своите родители при разнесувањето и продавањето на зеленчукот по тезгите на пазарите, но и по градските улици. Како што одминувало времето, преспанската колонија во османлиската престолнина постојано се зголемувала. Според една дописка во весникот „Зорница" од 1890 година, во Цариград имало околу 7 000 печалбари од Ресенско. Според С. Радев, оваа бројка, иако навидум изгледа голема, сепак не била претерана.[11] Од друга страна, според В. К'нчов, во последната деценија од XIX век, секоја година од Преспанско кон Истанбул и Смирна заминувале околу 1000-1500 печалбари.[12] Овие податоци, колку и да не се прецизни, јасно укажуваат на масовноста на печалбарството, кое веќе не било појава, туку начин на опстојување.

Преспанските печалбари биле распрснати низ разни делови на градот од двете страни на Златниот Рог. Иако сите биле зафатени со својата работа, тие сепак наоѓале време и форми за дружење, особено за време на верските празници, кога се собирале во црквата „Св. Стефан".[13] Печалбарите се враќале дома по 2-3, па и повеќе години. Притоа, некои од нив во родниот крај останувале додека не ги потрошеле спечалените пари, а потоа одново се враќале во Истанбул. Додека младите мажи биле на печалба, жените се грижеле за одгледување на децата, при што со помош на старците подработувале по нешто земја, колку за прехрана. Меѓутоа, поради недостиг на пари, тие биле принудени да се задолжуваат кај ресенските лихвари по неверојатно високи камати.[14] Токму поради големиот број должници, ресенските лихвари и дуќанџии по 2-3 пати во годината патувале за Истанбул за да си ги приберат долговите и лихвите од печалбарите, што претходно ги направиле нивните семејства. При тоа лихварите се служеле со разни манипулации. Оттука произлегла и поговорката: „Море, еднож да ми

[11] Исто, 47.

[12] В. Кънчов, Избрани произведения, том I..., 404.

[13] С. Радев, Рани спомени..., 48.

[14] Лихварските камати во тоа време се движеле од 35 до 50%. В. Кънчов, Избрани произведения, том I..., 404.

влезе во дефтерот, сетне ни гробот не можит да го куртулисат“.[15] Мнозина печалбари никогаш не успеале да се ослободат од лихварскиот синџир и да му се израдуваат на приходот од својот труд. Така, додека едни економски зајакнувале и општествено се издигнувале, други само преживувале. Без оглед на имотната и статусната положба, и едните и другите во османлиската престолнина се стекнале со нови искуства и погледи кон светот, кои помалку или повеќе им го промениле животот.

Печалбарството, како општа појава во Преспанско, не го одминало ниту Подмочани[16] – родното село на Трајко Китанчев, ниту пак неговото семејство. Повеќето мажи од Подмочани биле градинари во Цариград, а еден дел од нив работеле како ѕидари во внатрешноста на Мала Азија.

Придојдениот Цветко, кој поради сиромаштијата на својот очув, од мал бил главен за измеќар да чува туѓи овци, кога потпораснал, забележал дека печалбарските семејства живеат подобро. Оттука кај него се родила желбата да замине на печалба. Во оваа намера бил поддржан и од неговиот очув. Така, еден ден, иако сѐ уште детиште, Цветко се збогувал од овчарскиот стап и тргнал за Истанбул со другите печалбари. На почетокот работел како слуга (наемен работник) кај позафатените ресенски градинари.[17] Младиот Цветко во Истанбул останал шест години, без да се врати дома.

По првото враќање во родниот крај, покрај Подмочани, Цветко го посетил и Волкодери за да се види со роднините од неговиот покоен татко, но и да ги види двете ниви што му биле оставени во наследство. Меѓутоа, неговите ниви, бидејќи не биле обработувани, во меѓувреме се испустиле. Без оглед на тоа, локалниот закупец на десетокот, побарал од Цветко да плати 280 гроша да-

---

[15] С. Радев, Рани спомени..., 49.

[16] Селото Подмочани се наоѓа во североисточниот дел на општина Ресен, на надморска височина од 890 метри. Атарот на селото се протега до западните сртови на планината Пелистер. Според една статистика од 1873 година, селото броело 110 жители муслимани и 68 жители христијани. (Македония и Одринско. Статистика на населението од 1873 г., София 1995, 86-87). Според други податоци, кон крајот на XIX век во Подмочани живееле 480 православни христијани и 90 муслимани (Васил Кънчов, Избрани произведения, том II, Град Скопие, сегашното и недавното минало на град Велес, Македония етнография и статистика, София 1970, 451). Според статистиката на Димитар Мишев – секретар на Егзархијата, во 1905 година во Подмочани живееле 688 жители егзархисти и 42 Албанци (D. M. Brancoff, La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris, 1905, 170–171).

[17] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 6.

нок. Всушност, десетокот се земал врз основа на добиените производи, но бидејќи нивите на Цветко не биле обработувани, тој не требало да биде оданочен. Но, младиот печалбар не сакал да си создава непријатности, затоа го платил данокот и повторно заминал на печалба во Истанбул.[18]

При повторното враќање во Подмочани, Цветко веќе бил зрел за женење. Со спечалените пари направил свадба, при што се оженил за Цвета од истото село.[19] Набрзо потоа, Цветко пак заминал на печалба. Во меѓувреме, на 1 септември 1858 година, се родил Трајко. Оттогаш, за разлика од порано, задомениот Цветко се враќал дома секоја година, или најмногу на две години. Додека Трајко растел во Подмочани, татко му, покрај во Истанбул, работел и во Измир, во Варна и во Русе. Кога работел во Измир, Цветко бил содружник со уште еден градинар. При тоа, на крајот од годината, кога ја поделиле печалбата, Цветко сфатил дека поради својата неписменост, е измамен од ортакот.[20] Така, поради неграмотноста на Цветко, поголемиот дел од заедничката печалба завршила во џебот на ортакот.



Градинари

[18] Исто.

[19] Според Симеон Радев, Цветко Китанчев бил „тивок човек, со блага физиономија“, поради што никој не би го прифатил за татко на еден благороден оратор и смел борец, каков што бил син му Трајко. Понатаму, „од него беше само тоа што го направи синот мечтател“. Наспроти тоа, „мајка му беше жива, будна жена, која во погледот имаше нешто решително“ (С. Радев, Рани Спомени..., 91).

[20] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 7.

Согледувајќи го значењето на образованието во секојдневниот живот, Цветко решил на својот син да му го овозможи она што немал можност самиот да го има – да го школува Трајко. За таа цел ѝ пишувал на Цвета да го пушти Трајко на училиште. Дотогаш во Подмочани, како и во повеќето македонски села, немало училиште. Од друга страна, во овој период во Ресен и неговата околина, како и во другите места во османлиска Македонија, било во подем антифанариотското движење и борбата за богослужба и образование на мајчин јазик, наспроти грчкиот јазик, кој бил наметнуван од страна на патријаршиските владики.[21] Во меѓувреме, училиште во Подмочани отворил некојси даскал Никола, поранешен ѕидар, инаку грчки воспитаник.[22] Тој подоцна училиштето го пренел во Ресен. Даскал Никола предавал на грчки, а помалку на месниот јазик. Трајко Китанчев две години (од 8 до 10-годишна возраст) посетувал настава кај даскал Никола. Со оглед на времето колку што го посетувал училиштето, колку и скромно да било стекнатото образование, во очите на неграмотниот родител, Трајко, којшто научил да чита, да пишува и да смета, сепак бил учен.

## Од Подмочани до Истанбул

Истанбул, Стамбол, Константинопол, Византион, Нов Рим, Цариград, сеедно кое име ќе го употребиме,[23] тоа е град – мост меѓу Истокот и Западот, град на два континента. Тоа е град на кон-

[21] Трајко Радев (татко му на Симеон Радев), во една дописка од 1867 година во весникот *Македонија*, во врска со тоа пишува: „Но, сега и тука се собудифме и зафащаме да бараме татковниотъ язикъ, и за чуденъе йе, оти изведнаш се запалиа на сичките сърцата, за да сакаатъ матерниотъ язикъ, но не можитъ да се исполнит желанието во градот ни, като имаме най-първо препятствието отъ владиката Мелетия, второ и отъ неколко негови привърженици или негови лижепаничковци...“. (Йорданъ Ивановъ, Българите в Македония, София 1917, 318). За препреките што ги правел патријаршискиот владика Милетија за образование на мајчин јазик во Ресенско, види: Дописка от Ресен, Македония, г. 3, No. 12, 15.2.1869, Архив Юрдан Анастасов, Възраждането в Македония, София 2009, 536-537. Без оглед на сите пречки во текот на 1866–1867 година, во Ресен за кратко време функционирале училишта на словенски јазик. Притоа, како први учители се споменуваат Лазар Поп Јанев и Георги Бојаџиев од Велес. (А. Шопов, Изъ живота и положението на българите въ вилаетите, Пловдивъ, 1893, 283).

[22] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 7.

[23] Нешто повеќе за различните именувања на Истанбул низ историјата, види: Илбер Ортајли, Повторното откривање на Османлиите (Превод: Асуде Абдул Кочан), Скопје 2014, 13-17.

трасти како од историски, културолошки, јазичен и верски, така и од економски карактер. Истанбул е град со долго историско минато и со огромно значење за евроазиската цивилизација. Тоа е град-престолнина на две моќни повеќевековни империи: православната Византија и исламската Османлиска Империја. Двете империи долго време ја обликувале судбината на обичниот македонски човек.



Истанбул

Истанбул е градот каде што градинарот Цветко Китанчев од Подмочани во втората половина на XIX век ја заработувал живејачката за своето семејство. Во желбата за поголема заработка, Цветко во Истанбул го повикал и единаесетгодишниот син Трајко.[24] Мнозина преспански печалбари во тоа време, уште од мали

[24] Според повеќе автори, Трајко Китанчев во Истанбул заминал на единаесетгодишна возраст, види: Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 7; Никола Никитовъ, Трайко Китанчевъ, София, 1941, 6; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 111. Меѓутоа, во весникот „Знаме“, чиј број од 6 август

нозе ги воделе своите деца во Истанбул за да им помагаат во работата по градините и при разнесувањето и продавањето на зеленчукот. Во таа смисла, Цветко не бил ниту прв, ниту последен што го одвел своето дете во градот на царевите. Според Ј. Иванов, Цветко при донесувањето на одлуката кај себе да го прибере Трајко, се раководел од два мотива: дека детето ќе му помага во работата и дека ќе му ги води сметките.[25] Во врска со заминувањето на Трајко Китанчев за османлиската престолнина, С. Радев во своите спомени пишува: „татко ми раскажуваше дека го одвел во Цариград“.[26] Ако е така, а нема зошто да се сомневаме, тогаш е јасно дека Трајко Китанчев, по барање на Цветко, заминал за Истанбул со татко му на Симеон Радев, кој поради своите деловни обврски, често патувал на релацијата Ресен–Истанбул и обратно.

Трајко, иако бил само на единасетгодишна возраст, татко му веднаш го поставил на сергијата да продава зеленчук. Со текот на времето, откако ги запознал главните улици, Трајко со кош на грбот почнал да разнесува и да продава зеленчук низ главните улици на Истанбул. Во меѓувреме, со татко му спиеле и се хранеле на градината, која била надвор од градот. Додека продавал на сергијата, Трајко пројавил интерес и почнал да ги чита весниците што циркулирале меѓу градинарите. Последниве, откако ги забележале интересот и бистрината на Трајко, почнале да му советуваат на Цветко да го пушти детето во бугарското училиште во Истанбул.[27]

Во почетокот на шеесеттите години на XIX век, Истанбул станал главен координативен центар на бугарското антифанариотско движење.[28] Ова движење, како и во Македонија, во почетокот било насочено против грчкиот јазик во богослужбата и образованието, што бил наметнуван од Цариградската патријаршија, и за негова замена со мајчин јазик, но набрзо прераснало во движење за создавање посебна црква во Османлиската Империја врз бугарска национална основа. Во почетокот, во движењето опстојувале повеќе погледи и протагонисти, од кои некои биле за унија со ри-

---

од 1895 година е посветен на Трајко Китанчев, пишува дека тој за Истанбул заминал на десетгодишна возраст („Знаме“, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 1).

[25] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 7.

[26] С. Радев, Рани спомени..., 91.

[27] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 6-7; Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 7-8.

[28] Йордан Ванчев, Новобългарската просвета в Македония през възраждането, София 1982, 60.

мокатоличката црква, други за протестантство, трети за компромис со Вселенската патријаршија, но со текот на времето преовладал ставот за одделна православна црква врз бугарска национална основа.[29]

Стојан Чомаков, еден од лидерите во движењето за создавање бугарска црква, откако сфатил дека ситуацијата е созреана, без да го потценува прашањето за статусот на црквата, свесно го фаворизирал прашањето за територијалниот опсег при идното разграничување меѓу новопроектираната бугарска црква и Цариградската патријаршија. Притоа, С. Чомаков се водел од начелото дека територијалното разграничување меѓу Патријаршијата и бугарската црква, еден ден треба да послужи како аргумент при утврдувањето на политичките граници меѓу Грција и Бугарија, која допрва требало да се создаде.[30] Во контекст на тоа, за да извршат притисок за поголеми отстапки при определувањето на територијалниот опсег на идната бугарска црква, бугарските водачи до Високата порта дури поднеле меморандум за обновување на Охридската архиепископија.[31] Од друга страна, со ова тактичко барање за кое биле свесни дека во тој момент е неостварливо, бугарските водачи најверојатно настојувале да им фрлаат прав в очи на македонските дејци кои стоеле на чело на антифанариотското движење во Македонија и да ги доведат пред свршен чин за да го поддржат создавањето на бугарска црква,[32] како единствено решение во борбата за еманципација од Цариградската патријаршија. Не случајно по создавањето на Бугарската егзархија (1870) на првиот црковен собир во Истанбул (во почетокот на 1871), кога се отворило прашањето за учеството на делегатите од Македонија, и покрај предупредувањата од грофот Игнатиев и османлиските власти,[33] С. Чомаков бил еден од најгласните поборници македонските делегати да бидат пуштени на собирот.[34] Чо-

---

[29] Во врска со тоа види: Симеон Радев, Македония и българското възраждане въ XIX вѣкъ, часть III, София 1928, 310–445.

[30] С. Радев, Македония и българското възраждане..., 377–378.

[31] Исто, 389.

[32] Ресенските градинари, релативно рано биле вовлечени во антифанариотското движење во Истанбул. Така, дедо Вељо од Ресен во 1848 година бил избран за член на првата бугарска општина во Истанбул, по него во 1850 година за таков бил избран некојси Богој, исто така од Преспанско (С. Радев, Рани спомени..., 21–22).

[33] С. Радев, Македония и българското възраждане..., 452–458.

[34] За време на собирот на 24 февруари 1871 година, како прв Македонец настапил дедо Вељо од Ресен – инаку претседател на македонскиот градинарски

маков, притоа истакнал: „Без Македонија, Бугарија не само што ќе остане осакатена во национален однос, туку и политички нема да биде животоспособна. Бугарија ќе биде сигурна за својата независност, само кога отворено ќе допира до морето, а тоа може да го има само преку Македонија“.[35] Очигледно, за бугарските преродбеници, црковното прашање имало исклучиво националистички карактер.

За популаризирање на своите идеи, групацијата околу С. Чомаков, под редакција на Петко Рачов Славејков, почнала да го издава весникот „Македонија“, чијшто прв број излегол на 3 декември 1866 година.[36] Весникот поради своето име не само што им го привлекол вниманието и ги мобилизирал Македонците што учествувале во антифанариотската борба,[37] туку постепено ја канализирал нивната активност, според замислата на основачот. Оттука, не случајно С. Радев ќе запише дека програмата на весникот резимирано била: „Целокупна Македонија во обединета Бугарија“.[38] Меѓутоа, токму на страниците на весникот „Македонија“, П. Славејков со настојувањето да ги делегитимира и деградира македонистите и нивниот македонизам кој се појавил паралелно со бугарското црковно-национално движење, зад себе оставил трајно сведоштво за културните, националните и политичките тенденции на Македонците од тоа време.[39]

Во почетокот на шеесеттите години на XIX век во Истанбул никнале повеќе бугарски културно-просветни институции. Така, во 1864 година била формирана Бугарската книжевна дружина, од која по две години било основано бугарското читалиште.[40] Ова

---

есназ во Цариград. Неговиот сликовит македонски говор предизвикал ракоплескање (С. Радев, Македония и българското възраждане..., 461–462).

[35] С. Радев, Македония и българското възраждане..., 458–459.

[36] Македонія, г.I/1, Цариградъ, 3. XII 1866.

[37] Така, во една дописка од Битола од 28.1.1867 година, до редакторот на в. „Македонија“ пишува: „Вашиот весник со самото име го зачудува секој Македонец, дотолку, што секој (од љубопитност) трча да види што весник ќе биде тој, што го носи името на нашата земја. Секој мисли дека тој весник се издава повеќе поради нас, па затоа секој мисли дека е задолжен, ако не биде негов помошник, тогаш барем да го прочита“. Македонія, г.I/12, Цариградъ, 18.2.1867, 3.

[38] С. Радев, Македония и българското възраждане..., 451.

[39] Види: Македонскый-тъ Въпросъ, Македонія, г.V/3, Цариградъ, 18. 01. 1871, 2–3; Блаже Конески, Кон македонската преродба, (второ издание), Скопје 1969, 73–76; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1981, 208–210.

[40] Й.Ванчев, Новобългарската просвета в Македония..., 61.

читалиште одиграло значајна улога во културно-просветниот живот сред бугарската и македонската колонија во Истанбул, но и пошироко во Империјата. Една од главните цели на читалиштето била отворање и потпомагање на училишта во Македонија, особено во пограничните места кон Грција и Србија.[41] Во 1868 година, по иницијатива на П. Славејков, при управата на бугарското читалиште било формирано бугарското Благотворително братство „Просвештение“. Тоа имало за цел да им помага на бедните училишта, но и да издржува ученици од Македонија, со намера, откако ќе го завршат бугарското училиште во Фенер, најмалку две години да учителствуваат по своите родни места.[42]

Во меѓувреме, во февруари 1870 година, султанот издал ферман за нова православна црква во Империјата под името Бугарска егзархија.[43] Според членот 10 од овој акт, од османлиска Македонија, под јуриздикција на Егзархијата, била вклучена само Велешката епархија. Меѓутоа, според истиот член, е допуштена можност кон Егзархијата да се присоединат и оние епархии каде што најмалку 2/3 од православното население ќе се изјасни за тоа.[44] Со тоа сериозно била загрозена монополската позиција на Цариградската патријаршија, чиешто влијание на територијата на Македонија било разнишано за време на антифанариотската борба. За да го заштитат и да го зацврстат грчкото влијание во Македонија, фанариотите во 1871 година формирале едно тело под името „Македонска дружина“.[45] Лазар Јовчев (идниот бугарски егзарх Јосиф I) согледувајќи ја опасноста од дејствувањето на ова грчка институција со македонски предзнак, во август 1871 година преку в. „Читалиште“ повикал под покровителство на бугарското читалиште да се формира слично тело кое ќе ги брани бугарските интереси во Македонија.[46]

Овој повик наишол на позитивен прием кај Тулчанското, Видинското и Габровското читалиште, кои решиле морално и материјално да ја помогнат бугарската борба против грчката пропа-

---

41 Исто.

42 Исто, 62.

43 Види: Образъ на царскый ферманъ за решеніето на българсый въпросъ, Цариградъ, 1870, 6–7; Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ II дел, (трето дополнето и проширено издание), Скопје 1975, 164–167.

44 Исто, 166.

45 Архив Юрдан Анастасов, Възраждането в Македония..., 745.

46 Исто.

ганда во Македонија.[47] Истовремено, бугарското читалиште во Цариград определило една петчлена комисија, која заедно со управата на читалиштето требало „да се грижи за истргнување на нашите македонски браќа од рацете на грцизмот“.[48] Всушност, тогаш бил формиран специјален комитет кој бил наречен „Македонска дружина“. Притоа во нејзината управа влегле: Георги Груев, Лазар Јовчев, Станчо Брадински, Лука Моравенов и Никола Бркалов.[49] Особен впечаток прави фактот што никое од спомнативе лица не е од Македонија. Оваа бугарска „Македонска дружина“ всушност требало да противдејствува на грчката „Македонска дружина“.[50] За постигање на зацртаната цел, бугарската „Македонска дружина“ се зафатила „да отвора и да поддржува училишта и параклиси таму каде што немало и каде што грчката пропаганда дејствувала најсилно“.[51] Покрај тоа, дружината прифатила на свој трошок да школува повеќе Македончиња во бугарското училиште во Фенер, потоа за да ги прати како учители во Македонија.[52]

Веќе во 1873 година „Македонска дружина“ и Благотворителното братство „Просвештение“ отворено почнале да истапуваат и против српската пропаганда во Македонија. Во таа смисла пратиле отворено писма до Јован Мариновиќ (министер-претседател и министер за надворешни работи на Србија).[53]

Во вителот на овие настани и во таква средина се школувал Трајко Китанчев во Истанбул. Во учебната 1869/70 година, Трајко Китанчев пристапил во бугарското училиште во Фенер.[54] Ова училиште Трајко го посетувал околу 1,5 година. Секое утро, Трајко тргнувал од градината на татко му во Ејуп и по 4 километ-

---

47 Така, на пример, Тулчанското читалиште веднаш пратило 20 турски лири во касата на бугарското читалиште во Истанбул. Видинското читалиште издвоило ¼ од своите приходи и ги ставило на располагање на Бугарската дружина во Истанбул за „противдејство на грчката пропаганда во Македонија“. Додека, пак, Габровското читалиште решило на свој трошок да школува две девојчиња – едното од Воден, а другото од Струмица, под услов потоа да се вратат за учителки во своите градови (Исто, 746).

48 Исто.

49 Никола Начовъ, Цариградъ като културенъ центъръ на блгарит? до 1878 г., Сб. БАН, кн. XIX (12), София 1925, 59.

50 Михаил Арнаудовъ, Екзарх Йосиф и българската културна борба след създаването на Екзархията, София 1940, 84–85.

51 Н. Начовъ, Цариградъ като културенъ центъръ на блгарит?..., 60.

52 Й.Ванчев, Новобългарската просвета в Македония..., 62.

53 Архив Юрдан Анастасов, Възраждането в Македония..., 750-753.

54 Ю. Ивановъ, Биографически бележки.., 8; И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

ри пешачење низ истанбулските улици, доаѓал во училиштето.[55] Според Ј. Иванов, во почетокот, Трајко напладне за ручек се враќал на градината и повторно заминувал на училиште.[56] Меѓутоа, откако Цветко сфатил дека четирикратното одење и враќање го исцрпува детето, почнал да му дава по некој грош за да се храни во училиштето. Трајко во текот на првата година се вброил меѓу најдобрите ученици. За време на распустот, Трајко се вратил на градината и по сергиите за да му помага на татко му. Во учебната 1870/71 година, Трајко се вратил во училиштето, но по 3-4 месеци го напуштил. При тоа, како причина се наведува фактот што татко му не му купил учебници.[57] Можеби е така, но ќе нагласиме дека Цветко го повикал Трајко во Истанбул за да му помага при одгледувањето и продавањето на зеленчукот. Веројатно родителот, раководејќи сè од печалбарскиот менталитет дека заминал во Истанбул за да печали и да штеди, а не да троши, пресметал дека дотогашното образование на Трајко е доволно за да му ги води сметките. Како и да било, Трајко го прекинал образованието и целосно се посветил на градинарството и на продавањето зеленчук.

Еден настан – една непријатна случка на малиот градинар, станала среќна околност за да го тргне кошот со зарзават засекогаш од својот грб. Всушност, продавачите на зарзават по истанбулските улици се движеле со кошови на грбот полни со зеленчук, притоа викајќи на глас за да ја рекламираат својата стока. Истоштени од товарот на грбот, зарзаватчиите кога се враќале од продажба, практикувале еден специфичен начин на симнување на кошот без ничија помош, притоа без да го истурат зеленчукот што им останал непродаден. Ова рутинирано и помалку театрално симнување на кошот не претставувало проблем за искусните и повозрасните градинари, меѓутоа тоа било предизвик и тешкотија за неискусните и физички послабите каков што бил Трајко. Еден ден Трајко, враќајќи сè со кошот на грб на сергијата кај татко му, се обидел да го симне тешкиот кош на начин како што тоа го правеле другите, но притоа паднал наземи заедно со кошот. Другите градинари што ја забележале случката му се пуштиле на Цветко со критики, притоа забележувајќи му наместо да го измачува детето, да го пушти повторно на училиште.[58]

[55] Н. Никитовъ, Траико Китанчевъ..., 9.

[56] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 8.

[57] Исто, 9.

[58] Оваа случка ја пренесува Ј. Иванов. Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 9. Оттаму е пренесена и кај Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 11–12.

Тешкиот живот на градинар со кошот на грб, оставил силни траги врз совеста на Трајко Китанчев, па оттука подоцна го опеал во стихотворбата „Стариот градинар“.[59] За творештвото на Китанчев ќе стане збор понатаму во трудов. Затоа овде ќе ги дадеме само првите две строфи од спомнатава стихотворба:

Крај на моите маки нема
Нема лек за мојата скрб!
Тежина преголема
Едвај носи мојот грб

Цел ден одев со кошот полн
Цел ден викам час по час
Не остана во мене сила
Не остана во мене глас.



Градинари на пазар во Истанбул

Во меѓувреме, Братството „Просвештение“ преку „Македонската дружина“ презело повеќе иницијативи за помагање на бугарските училишта во Македонија со праќање учители, учебници и друго.[60] Како што изнесовме понапред, сето тоа било насочено против грчката пропаганда за дистанцирање на македонското православно население од Цариградската патријаршија и за негово пристапување кон Бугарската егзархија. Во исто време, Петко

59 Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 25–27.

60 Повеќе за тоа види: Й. Ванчев, Новобългарската просвета в Македония..., 63–64.

Славејков презел мерки за осовременување на бугарското училиште во Фенер за да привлече повеќе деца кои поради сиромаштија оделе во други училишта, или пак го прекинале образованието.[61]

Во рамките на кампањата против грчката пропаганда, Благотворителното братство „Просвештение“ решило да издржува „14 момчиња Македончиња“, кои по завршувањето на училиштето требало да заминат како учители во Македонија.[62] Дотогашните учители, како најсолидни ученици што треба да ја добијат поддршката на Братството, ги препорачале Трајко Китанчев и А. Башев. Со оглед на целта што ја спроведувала „Просвештение“, приемот на учениците се чини не бил така тежок. Така на пример, Димитар Благоев – еден од соучениците на Т. Китанчев во бугарското училиште во Истанбул, пишува дека откако се обратил кон П. Славејков, бил примен „лесно, многу лесно, зашто во тоа време бугарските револуционери–националисти се стремеа да го развијат и закрепнат кај Македонците чувството за национална заемност со Бугарите и со радост го пресретнуваа секое Македонче, способно да стане агитатор на бугарската национална идеја во Македонија“.[63]

Имињата на „14 момчиња Македончиња“ што биле избрани за идни воспитаници на „Просвештение“ требало да бидат објавени официјално на едно заседание на Братството. Меѓу 14 момчиња било и името на Трајко Китанчев. Токму во времето на Заседанието на Братството кое се одржувало во бугарското читалиште, пред неговите простории се нашол Цветко, татко му на Трајко. Цветко имал намера пред раководството на Братството да изјави дека нема да го пушти детето во нивното училиште. Имено, Цветко кога дознал дека син му ќе добие издршка, почнал да го бара мотивот зошто Братството би го школувало неговиот син бесплатно? Печалбарот Цветко расудувал едноставно: За „Бог да прости“

---

[61] Димитър Косев, Петко Рачев Славейков, Обществена и политическа дейност, София 1986, 167.

[62] Ю. Ивановъ, Биографически бележки.., 10. Интересно е да одбележиме дека формулацијата *„14 момчиња Македончиња“* кај Ј. Иванов се среќава двапати. Истата формулација во 1940 година двапати е пренесена и кај Никитов (види: Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 12–13). Меѓутоа, споменатава формулација кај И. Христов во 1997 година преминува во *„14 момчиња Бугари од Македонија“*. Така, 99 години по записот на Ј. Иванов „14 момчиња Македончиња“ еволуираат во „14 момчиња Бугари од Македонија“, види: И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

[63] Д. Косев, Петко Рачев Славейков..., 167.

пари не се трошат.[64] Зошто Братството би трошело пари за неговиот син? Која е целта што ја крие Братството? Од практичниот живот Цветко знаел дека оној што вака троши пари, не ги фрла по ветер, туку од тоа очекува некаква корист. И додека Цветко во себе го барал одговорот на прашањата што го опседнале, некој отстрана му потфрлил дека Братството ќе го учи син му за да го направи унијат. Всушност, унијатството како алтернативна варијанта од тоа време била позната приказна на сите. Токму поради тоа, Цветко се нашол пред Братството за да изјави дека не сака син му да стане унијат. Меѓутоа, откако другите му објасниле дека ова нема никаква врска со унијатството, Цветко се успокоил, па така Трајко се спасил од градинарскиот кош и добил можност да го продолжи образованието.[65]

Во 1871/72 учебна година Трајко Китанчев станал воспитаник на Братството „Просвештение“. Издршката на Братството се состоела во тоа што на учениците тоа им давало по 3 гроша дневно, под услов да живеат и да се хранат во своите домови. Набрзо за потребите на воспитаниците била адаптирана една просторија од горниот кат на црквата „Св. Стефан“, каде што биле сместени учениците. Во овој своевиден интернат биле ангажирани готвачка и перачка, но затоа, пак, учениците веќе не добивале пари. По извесно време и овој концепт се покажал како неодржлив за Братството, поради што учениците повторно биле оставени сами на себе. При тоа, на секој му биле давани по 20 гроша неделно.[66]

Во учебната 1871/72 година старешина на класот на Трајко Китанчев бил Георги Измирлиев Македончето.[67] Истата 1872 година, меѓу 14 Македончиња стипендијанти на „Просвештение“, соученици со Т. Китанчев биле Спиро Гулапчев[68] и Димитар Бла-

[64] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 10.

[65] Исто, 11.

[66] Исто.

[67] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 15.

[68] Поради начинот на ангажирањето на македонските ученици, свештеници и учители во тоа време, Добри Ганчев во своите спомени пишува: „На многу места бугарштината со пари се откупува“. Во контекст на тоа, а во врска со С. Гулапчев, Генчев пишува: „Друг сличен откуп се направи на некојси поп Константин од Лерин. Нему му се врза стипендија од 5 турски лири, плус син му да биде спроведен во некое бугарско училиште за да се школува. Откако ќе изучи, да го замени татка си. Синот изучи, заврши во Русија некое училиште, но во Македонија не се врати. Остана да го проповеда комунизмот во Бугарија. Тој е родоначалник на бугарскиот комунизам – прочуениот Спиро Гулапчев (Добри Генчев, Спомени, съставителство Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София 2005, 157).

гоев.[69] Учениците од македонските краишта биле организирани во посебно друштво „Самообразование и развој".[70] Тие, покрај другото, требало да дејствуваат меѓу македонските печалбари во Истанбул за пробудување на „бугарско национално сознание".[71] Во врска со тоа, Д. Благоев пишува: „ние одевме од градина на градина за да ја разнесуваме националната идеја сред Македонците".[72] При такви околности во 1871/72 учебна година, Трајко Китанчев го завршил вториот клас при бугарското училиште во Фенер.

Следната 1872/73 учена година Братството „Просвештение", поради финансиски причини,[73] ја прекинало издршката на учениците кои по завршувањето на образованието требало да заминат како учители по Македонија. Наместо тоа, Братството пристапило кон директна издршка на веќе готови учители.[74] Поради тоа Т. Китанчев и неговите сотатковинци за претстојната 1872/73 учебна година останале без издршка. Меѓутоа, во меѓувреме Трајко Китанчев и А. Башев како солидни ученици станале штитеници на Натанаил Кучевишки (Охридски),[75] кој во 1872 година бил ракоположен за егзархиски владика на Охридската митрополија, но фактички тронот му бил потврден со берат дури во март 1874 година.[76] Оттука, до заминувањето за Охрид, Натанаил останал во Истанбул.

Благодарение на материјалната помош на новоракоположениот владика, Т. Китанчев го завршил третиот клас на бугарс-

---

[69] Гане Тодоровски, Македонската правостоина, Скопје 1985, 325.

[70] И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

[71] Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 326.

[72] Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков, Скопје 1968, 32.

[73] До оваа констатација доаѓаме од еден апел на Македонската дружина во Цариград од 29 октомври 1873 година. Тој бил испратен до бугарските читалишта во Трново, Свиштов, Софија, Сливен, Карнобат, Разград и други. Во него, меѓу другото, се вели дека бугарското читалиште кога пристапило кон создавање на Македонската дружина се надевало на нивната помош и благодарение на тоа Дружината во почетокот се почувствувала силна. Но, кон крајот на учебната 1871/72 година, поради недостиг на пари, Дружината речиси не можела да преземе ништо (Архив Юрдан Анастасов, Възраждането в Македония..., 750-751).

[74] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 11.

[75] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 16; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 111.

[76] Види: Жизненоописание митрополита охридско-пловдивскаго Натанил (автобиографически бѣлѣжки), Сборникъ за народни умотворения, науки и книжина, кн. XXV, София 1909, 50-58.

кото училиште во Фенер. Притоа учител на Т. Китанчев му бил П. Славејков,[77] еден од најистакнатите поборници за бугарската национална идеја и остар критичар на македонизмот во сите негови појави. Т. Китанчев како солиден ученик оставил силен впечаток врз П. Славејков, а последниов остварил трајно влијание врз својот ученик.[78] Не случајно Т. Китанчев, подоцна пред пријателите во Софија раскажувал дека му „бил љубимец на Славејков“ и ветувал дека ќе ги запише своите спомени за него.[79]

## Од Истанбул до Киев и Москва



Петко Славејков

По завршувањето на III клас, Трајко повторно се вратил на татковата градина и застанал зад сергијата да продава зеленчук. Трајко како 16-годишно момче поради својата бистрина стекнал почит меѓу учителите и во средината, па затоа Цветко веќе не го праќал со кошот на грб да разнесува зеленчук по градските улици. Неколкумесечното стоење на сергијата, не само што не ја потиснало желбата кај Трајко за продолжување на образованието, туку, се чини, придонело за нејзина афирмација. Таму често поминувал неговиот другар А. Башев, со кого Трајко ги споделувал своите младешки идеи.

По неколку месеци, Трајко Китанчев и А. Башев како солидни ученици биле прибрани од нивниот добротвор во последниот клас – владиката Натанаил. Како што споменавме понапред, последниов, иако во 1872 година бил избран за прв егзархиски митрополит на Охридската епархија, бидејќи не бил потврден од османлиските власти, сѐ уште престојувал во Истанбул. Несомнено, владиката Натанаил имал потреба од млади и учени луѓе, како за духовните, така и за образовните потреби во својата епар-

[77] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 11-12.

[78] Д.М., Трайко Китанчевъ, Български прѣгледъ, списание за наука, литература и обществень живот, г. II, кн. IX – X, София 1895, 310.

[79] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 1.

хија. Оттука, не случајно, откако бил избран за владика, Натанаил прифатил да биде заштитник на Трајко Китанчев и А. Башев. Имајќи ги предвид потребите на Епархијата, препораките од учителите, но секако и желбите за продолжување на школувањето на Т. Китанчев и А. Башев, владиката Натанаил ги зел повторно под своја заштита.

Во октомври 1873 година Натанаил ги прибрал кај себе Китанчев и Башев, со намера да ги подготви за продолжување на образованието во Русија.[80] Домот на владиката се наоѓал во истанбулскиот кварт Ортаќој. Покрај владиката, таму биле сместени неговиот брат – Златан и Драган Цанков[81] (бугарски општественик и иден премиер во два наврата). Двајцата штитеници во домот на владиката имале обврски околу набавката на прехранбените продукти и да му помагаат на дедо Златан при подготвувањето на храната. Сепак, тие не биле таму за да слугуваат, туку да се подготват за продолжување на образованието во Русија. Нивната подготовка по руски јазик, но и по другите предмети била под директна контрола на владиката Натанаил,[82] а веројатно и на Драган Цанков (двајцата биле руски воспитаници).

Според Ј. Иванов, благодетелот Натанаил, откако почувствувал дека двајцата штитеници се подготвени, во март 1874 година, поднел барање до надлежните институции во Русија за да им одобрат стипендиии за продолжување на образованието.[83] По сè изгледа, посредничка улога имало и Одеското бугарско настојателство, кое било основано во 1854 година.[84] Ова институција, уживајќи ја довербата и помошта на руската влада, преку руското претставништво во Истанбул, обезбедувало материјална помош за црковните и образовните потреби за словенството на Балканот под османлиска власт. Покрај тоа, Настојателството на бугарското друштво во Одеса преку руската влада обезбедувало државни стипендии стипендии за духовно и световно образование во руските училишта и универзитети.[85] За период од 25 години (колку што постоело), Настојателството помогнало на 250 души за да заминат на школување по руските училишта и универзитет. Многу-

---

[80] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 13.

[81] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 18.

[82] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 13.

[83] Исто.

[84] Константин Иречек, История на българите (с подправки и добавки от самия автор), под редакция на проф. Петър Хр. Петров, София 1978, 578–579.

[85] Исто, 581.

мина од овие руски воспитаници биле по потекло од Македонија.[86]

Русија со својот панславизам, зад кој всушност се криел рускиот експанзионизам, долго време бил примамлив образовен центар за мнозина македонски дејци, пред и по заминувањето на Трајко Китанчев. Во тој контекст би било повеќе од доволно ако ги спомнеме само имињата на Партениј Зографски, Константин Миладинов, Рајко Жинзифов, Димитар Поп Георгиев Беровски, Крсте Петков Мисирков, Димитрија Чуповски и други. Впрочем со духовно образование во Русија се стекнал и Натанаил Охридски – добродетелот на Трајко Китанчев.

Во средината на март 1874 година, владиката Натанаил добил берат од власта за својата епархија. Поради тоа, забрзано почнал да се подготвува за пат кон Охрид. Непосредно пред заминувањето, владиката поминал кај Игнатиев – рускиот дипломатски претставник во Истанбул.[87] Во автобиографските белешки, владиката не спомнува ништо во врска со барањето руски стипендии за неговите штитеници. Како и да е, пред заминувањето на владиката за Охрид, со оглед на фактот што сè уште немало никаков одговор по барањето за стипендии за неговите штитеници, тој преку лично задолжување им обезбедил по дваесет турски лири за да може да заминат за Русија.[88]

Кога и како заминал Трајко Китанчев за Русија, не ни е познато. Најверојатно тоа се случило летото на 1874 година. Познато е дека на патот за Киев, поминал низ Одеса, каде што разменил пари во претставништвото на Маринович.[89] Во 1874/75 учебна година, Т. Китанчев пристапил во Киевската духовна семинарија.[90]

Првата година од школувањето во Киев, Т. Китанчев и А. Башев сите потреби (исхрана, сметување, облека, и сл.) ги подмирувале од парите што ги добиле од владиката Натанаил. При најголема економија на средствата, по извесно време двајцата се нашле во незавидна материјална положба. Не сакајќи да го прекинат

---

[86] Й.Ванчев, Новобългарската просвета в Македония..., 64.

[87] Жизненоописание митрополита охридско-пловдивскаго Натанил..., 60.

[88] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 13.

[89] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 19. Костаки Маринович од Русе, бил крупен бугарски трговец, чија фирма имала претставништва во Виена, Букурешт, Одеса и на други места.

[90] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ.., 19; Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 14; И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

образованието поради недостиг на средства, двајцата по препорака на нивните соученици стапиле во контакт со ѓакон Владимир, кој ги ангажирал да препишуваат лекции за студентите од Киевската духовна академија. Притоа за секоја препишана колона добивале по 15 стотинки, а бидејќи дневно препишувале по 4 колони, на тој начин обезбедувале по 60 стотинки.[91] Со оглед на фактот што Трајко лекциите ги учел уште за време на часовите, нему му останувало доволно време за препишувачката работа. Заработените средства, колку и да биле скромни, сепак биле некаков извор за елементарна егзистенција. Од оваа работа имало и една друга добивка – продирање кон пошироки знаења. Најпосле, кога се нашле во крајно мизерна положба, владиката Натанаил преку рускиот конзулат во Битола им пратил 10 наполеони.[92] Меѓутоа, и овие средства не биле доволни да се дочека крајот на година и да се дадат испитите. Оттука, двајцата набрзо се вратиле на препишувачката работа. Во меѓувреме, наизменично преспивале кај своите соученици.[93]

По успешното полагање на испитите, А. Башев заминал во Кипријановскиот манастир во Кишињев, а Т. Китанчев отишол на село, кај некој Русин–соученик.[94] По извесно време Башев се разболел и се вратил во Истанбул. Оттаму го информирал Натанаил за незавидната положбата во која се нашол Т. Китанчев, но владиката овојпат не бил во можност да помогне. Откако извесно време останал без пари, Китанчев бил принуден да се врати во Истанбул кај татко му.

По враќањето во Истанбул, младиот Трајко добил понуда за учителско место во бугарското училиште во Фенер за претстојната 1875/76 учебна година. Меѓутоа, во меѓувреме преку Егзархијата добил известување дека руската влада врз основа на претходното барање му одобрила стипендија за претстојната година. Поради тоа, Китанчев не го прифатил учителското место, туку повторно заминал за Киев за да го продолжи образованието. Одобрената стипендија изнесувала 17,5 рубли по месец.[95] Стипендијата, иако била скромна, сепак била трајна гаранција за да не падне во непријатни ситуации како во претходната година. Впрочем, Трајко, како печалбарско дете, добро знаел како се печалат парите, па

---

[91] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 14.

[92] Исто, 15.

[93] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 265.

[94] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 15.

[95] Исто.

според тоа знаел и како да ги троши. Негов соученик и другар[96] во овој период бил Божил Рајнов, со кого ги делел сите пријатни и непријатни моменти.[97] Според сведоштвата на Б. Рајнов, Китанчев не губел многу време за подготвување на лекциите бидејќи ги памтел од предавањата, но затоа пак бил еден од редовните посетители на киевската библиотека, каде што читал разни автори.[98] Кога другите ги подготвувале испитите, Трајко го читал романот Дон Кихот од Сервантес, којшто подоцна го превел на бугарски јазик.

Благодарение на првичната материјална помош од владиката Натанаил, потоа на руската стипендија, и секако на својата упорност, Трајко Китанчев во 1879 година ја завршил духовната семинарија во Киев.[99] Иако бил ученик во духовно училиште, Китанчев малку се интересирал за богословските прашања. Неговиот интерес бил насочен кон световното надградување, при што особено се интересирал за демократските идеи во руската општествена мисла. Китанчев паднал под влијание на руските револуционери–демократи: Белински, Доброљубов, а особено Писарев.[100] Покрај тоа, Т. Китанчев се запознал со делата на Пушкин, Лермонтов, Некрасов, Тургенев, а особено на Гогољ,[101] чиишто расказите подоцна ги превел на бугарски јазик.

Под влијание на идеите на руските револуционери–демократи, Т. Китанчев не продолжил на духовната академија како што првично било планирано, туку решил школувањето да го продолжи на некој од руските универзитети. Во врска со тоа, во едно писмо до Тодор Василев од 1886 година, Т. Китанчев, меѓу другото, пишува: „Кога стапив во V клас во Киевската семинарија, ќе пукнев: барав можност по секој начин да избегам од неа и навистина најдов“.[102] При донесувањето на одлуката за понатамошното образование, Китанчев бил свесен: ако не продолжи на духовната академија, нема да му биде продолжена стипендијата. Поради тоа,

---

96 Божилъ Райновъ, Две години въ Солунъ, Сборникъ Солунъ (издание на възпитателите и взпитаниците отъ солунските български гимназии), София 1934, 127.

97 Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 21–22.

98 Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 17.

99 Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 111.

100 Исто; Трайчо Китанчевъ, Критико-биографичен очеркъ, Ново време, М?сечен прегледъ на умствения и обществения животъ, г. II/3, Пловдивъ 1898, 265–266.

101 И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

102 Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 319.

со писмо се обратил до својот благодетел – владиката Натанаил, при што му ја образложил желбата, но и мотивите да се запише на правниот факултет во Москва.[103] Владиката, откако согледал дека аргументите на Трајко се оправдани, ја одобрил неговата желба и прифатил материјално да го помага.[104] Така во 1879/80 година, Трајко Китанчев се запишал на Правниот факултет при Московскиот универзитет. По завршувањето на првиот курс, во 1880 година, Трајко се разболел,[105] поради што ја напуштил Русија и се вратил кај владиката Натанаил, кој во тоа време се наоѓал во Ловеч–Бугарија.[106] Намерата на Т. Китанчев била, откако ќе се излекува, да се врати во Москва за да го заврши Факултетот.

## Светоглед

За да се проникне во идеологијата на кој било општествен деец кој со својата активност и постапки оставил траги во историјата, треба да се проследат неговото опкружување и општествените околности, во она што свесно го консумирал од пошироката општествена мисла, и се разбира во тоа што го практикувал. Оваа навидум шаблонска задача може да биде комплицирана, особено ако се има предвид дека човекот е битие кое идејно се обликува и се менува под влијание на општествените околности, желбата за лична духовна надградба, и дека сето тоа е во зависност од индивидуалниот карактер и моралните особини. Токму оттука произлегуваат идејните разлики и различноста во дејствувањето на индивидуите.

Неоспорно е дека социјалното потекло на Трајко Китанчев има значајно влијание врз неговиот светоглед. Како дете од сиро-

[103] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 17.

[104] Ј. Иванов при собирањето на материјали за биографијата на Т. Китанчев на 10 мај 1896 година, заедно со Ефтим Китанчев (брат на Трајко) заминал за Пловдив кај владиката Натанаил. Притоа, владиката низ своите белешки по тефтерите пресметал дека за школувањето на Т. Китанчев и А. Башев во Русија потрошил околу 130 турски лири. Натанаил чувал повеќе писма од Т. Китанчев, но во таа пригода му прочитал само едно, што Трајко му го испратил од затворот во Хасково. Бидејќи писмата од Трајко биле растурени низ повеќе сандаци, а за нивно пронаоѓање било потребно време, владиката во тој момент не ја задоволил љубопитноста на Ј. Иванов, туку одговорил дека тие може да се најдат и да се употребат по неговата смрт (Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 17–18).

[105] Д.М., Трайко Китанчевъ..., 310.

[106] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 18.

машна рурална средина од османлиска Македонија, кое од рана возраст преку својот грб и својата пот го почувствувал вкусот на печалбарскиот леб, Т. Китанчев не можел да се идентификува и да се солидаризира со аристократијата, ниту пак со конзервативната идеологија, туку секогаш бил критички настроен кон нив.[107]

Со оглед на фактот што во Истанбул се школувал во институција и при луѓе кои антифанариотската борба ја издигнале во бугарската национална идеологија, неоспорно е дека Т. Китанчев паднал под нивно влијание, иако никогаш не го заборавил своето македонско потекло. Под влијание на учителот П. Р. Славејков; Китанчев пројавил интерес кон поезијата и литературата. Од друга страна, треба да одбележиме дека добротоворот Натанаил во прво време го насочил Китанчев кон духовното образование, но подоцна ја поддржал неговата желба за световно образование. Иако Китанчев никогаш не станал духовно лице, несомнено е дека владиката Натанаил и духовната семинарија оставиле влијание врз неговите погледи кон светот. Неговата скромност, чесност и правдољубивост, веројатно делумно се последица на тоа. Меѓутоа, низ творештвото на Китанчев гледаме дека тој критички е настроен кон духовенството.[108] И покрај тоа, Китанчев до крајот на животот се однесувал со бескрајна почит кон својот добротвор–владиката Натанаил, кого го нарекува свој „духовен отец, добротвор и воспитувач“.[109]

За време на престојот во Русија, Т. Китанчев се запознал со делата на Белински, Добролјубов, Писарев,[110] Пушкин, Лермонтов, Некрасов, Тургенев и Гогољ.[111] Руските нихилисти–народници со своето учење за социјална правда и за отфрлање на световните и духовните авторитети, го привлекле вниманието на слободољуби-

---

[107] Најдобра потврда за тоа наоѓаме во творештвото на Т. Китанчев, особено во неговите стихотворби „Конзервативно оплакување“ и „Чорбаџиски сурварлук за новата 1884 година“ (Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 40–41; 47–48).

[108] Преѕирот на Т. Китанчев кон духовенството мошне сликовито се гледа во неговите стихотворби „Дедо Поп“ и „Калуѓер“ (види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 27–28; 55-56; Свобода, г. II/19, София, 30.3.1884, 4-5).

[109] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 337. Владиката Натанаил, Китанчев финансиски го потпомагал и за време на неговиот престој во затворот во Хасково (Исто).

[110] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографически очеркъ, Ново време, М?сечен прегледъ на умствения и обществения животъ, Пловдивъ 1898, 265-266; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 111.

[111] И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 88.

виот Китанчев. Оттука, Д. Благоев во својот критички биографски осврт за Т. Китанчев ќе запише дека тој од Русија се вратил: „заквасен со ултра-радикални и демократски погледи на знаменитите руски публицисти и критичари“.[112] Покрај тоа, Д. Благоев бележи дека Т. Китанчев на часовите по историја зборувал против чорбаџиите и поповите, против конзерватизмот и духовенството, а од друга страна со жар предавал за борбата на науката со религијата, за народните востанија и револуции.[113] Под негово влијание, многу ученици станале површни атеисти и нихилисти, притоа без да ја разберат суштински филозофијата на овие учења.[114]


Димитар Благоев

Од преписката на Т. Китанчев, може да се добие побогата слика за неговиот интерес кон општествената и културната мисла, но, и за она што тој им го препорачува на другите. Така, на пример, во 1883 година Китанчев на својот поранешен ученик Т. Василев му ја препорачува книгата „Антропологија (вовед кон изучување на човекот и цивилизацијата)“ од Едвард Б. Тејлор[115] (британски антрополог), како и да ги чита руските писатели.[116] Во друга пригода, Китанчев му пишува да ги чита: Александар Тургењев, Александар Островски, Николај Некрасов, потоа критиките на Висарион Белински, Николај Доброљубов, и особено Дмитриј Писарев. Покрај овие, Китанчев му ги препорачува: Шелгунов, Шалков, Флорински, и Венјамин Португалов – Прашања на општествената хигиена и други. Во исто време, бара да му ги купи и прати „Антропологија“ од Тејлор и „Историја на руската литература“ од Алексеј Галахов.[117]

Во 1886 година, Китанчев од Т. Василев бара да му ги купи и прати следниве книги: 1. Историска хрестоматија за нова и најнова историја (Историска хрестоматија по руска историја) од Ја-

[112] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографически очеркъ..., 265.
[113] Исто, 266.
[114] Исто, 267.
[115] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 309.
[116] Исто, 311-312.
[117] Исто, 314.

ков Гуревич; 2. Историја на англиската цивилизација од Хенри Томас Бакл; 3. Историја на умствениот развој во Европа од Џон Вилијам Дрејпер; 4. Комедија на светската историја од Јоханес Шер; 5. Историја на цивилизацијата на Германија од Ј. Шер; 6. Историја на цивилизацијата во Европа од Франсоа Гизо; 7. Историја на Францускака револуција од Франсоа Миње; и 8. Собрани дела од Тимофеј Грановски.[118] Покрај тоа, Т. Китанчев се интересира кои историографски дела се преведени на руски јазик од авторите: Едвард Гибон, Томас Маколеј, Џорџ Грот, Вилијам Робертсон, Максимилијан Дункер, Тери, Јум и „Историја на Францускака револуција" од Едгар Кине.[119]

Т. Китанчев на Стојко Казанџиев за најважните настани од светската историја му препорачува да ја чита „Историја на човековата култура" од Георг Фридрих Колб, а за историјата на Полапските Словени му го препорачува Александар Котларевски. [120]

Од хасковскиот затвор во 1892 година, Т. Китанчев на П. Каравелов му пишува дека е „многу задоволен" од Fustel de Coulanges, а истовремено бара да му ја прати „Histoire des Institutions de l'ancienne France" (La deuxiéme partie contenant le régime féodal).[121] Од друго писмо на Китанчев до Каравелов дознаваме дека тој бил добро запознаен со учебниците по „Граѓанско образование" во Франција.[122]

Трајко Китанчев одржувал контакти и со проповедникот на социјалистичките идеи во Бугарија – Димитар Благоев, негов поранешен соученик.[123] Од пријателите-социјалисти Китанчев во затворот во Хасково ја добил книгата „L'état ses origines, sa nature et son lut (études de Politique Scientifique) од A. Regnard. Интересно е да се одбележи дека Китанчев на П. Каравелов му пишува дека овој автор не му бил познат, но дека кај него има интересни страници, но во основа не му се допаѓа. Притоа нагласува дека авторот е социјалист, атеист, материјалист, француски националист и патриот, недоследен при пишувањето, кој го напаѓа федеративното уредување и се залага за република „un etat indivisible", но во исто време се застапува за централизација и заговара насилство

[118] Исто, 316.

[119] Исто.

[120] Исто,

[121] Исто, 325.

[122] Исто, 326.

[123] Исто, 343.

против Бретонците за да се уништи нивниот јазик и да се зацврсти централизацијата во Франција.[124] Притоа, Китанчев додава дека неговите пријатели – социјалисти, биле против многу ставови во оваа книга, но доколку од него побараат да ја преведе, тоа за него би било само една добра вежба по француски јазик.

Во истото писмо Китанчев истакнува дека Благоев[125] под влијание на Карл Маркс, пишувал за научниот социјализам. Според Китанчев, Д. Благоев, меѓу сите социјалисти во Бугарија бил „најразбран“ со „практичен ум“, кој со текот на времето ќе се ослободи „од некои крајности“.[126] Интересно е да забележиме дека Китанчев пред Каравелов признава дека не го читал Маркс, но поради „љубопитност“ сакал да го прочита, па затоа бара да му ја прати книгата за која знаел дека ја има на своето биро.[127]

Поради своите врски и блискоста со социјалистите, Т. Китанчев во 1894 година, како пратеник во Народното собрание, за своите предлози добивал поддршка од нив.[128] Соработката на Китанчев со социјалистите не значи дека тој го прифатил нивното учење, но тоа пак не значи дека социјалистичкото учење немало влијание врз неговата политичка филозофија. При едно излагање во VIII народно собрание, самиот Китанчев изјавил „јас малку нешто се разликувам од моите пријатели социјалисти, впрочем во односот кон националноста и сл.“[129] Не случајно Д. Благоев во критичко-биографскиот осврт за Китанчев пишува дека тој како

---

[124] Исто, 342-343.

[125] Димитар Благоев во својот биографски осврт за Т. Китанчев, пишува дека со својот школски другар се сретнал по 12 години, во летото на 1885 година во Софија. Притоа, Т. Китанчев, како член на Либералната партија и следбеник на Каравелов, го убедувал дека последниов имал намера да воведе „многу социјалистички реформи“, но дека за тоа немал луѓе. Меѓутоа, бидејќи Благоев искажал сомнеж во тоа, Китанчев оттогаш престанал да зборува по ова прашање со него, а потоа дошло и до заладување на пријателските односи. Според Д. Благоев, Т. Китанчев под влијание на Народнолибералната партија сѐ повеќе се појавувал како националист, а тоа особено дошло до израз за време на српско-бугарската војна од 1885 година. Види: Трайчо Китанчевъ, Критико-биографически очеркъ, Ново време, г. II/3, 268–269.

[126] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 343.

[127] Исто.

[128] Трайко Китанчевъ, Революция, г. I/7, София, 9.8. 1895, 3-4.

[129] Йор. Бадевъ, Трайчо Китанчевъ – поетъ и общественикъ, Македония, г. I, кн. IV, София 1932, 41.

активист на Либералната партија секогаш бил во нејзината „левица“,[130] во нејзиното „лево крило“.[131]

Според Јордан Бадев, „социјалистичката тенденција“ е присутна како мотив и во творештвото на Китанчев.[132] Според него, „социјализмот“ на Китанчев најчесто „се покрива со општи разбирања за демократија, либерализам, па дури и со разбирања за опозиција“.[133]

Од изнесеново, но и од другите материјали за кои ќе стане збор потаму во трудов, очигледно е дека Трајко Китанчев пројавува широк интерес кон книжевноста, лингвистиката, историјата, антропологијата, политичките системи, кон револуционерните движења и идеологии итн. Врз основа на сето тоа, тој се профилирал како интелектуалец и демократ со либерални погледи, како борец за социјална правда, како културно-просветен и политички деец, како човек кој го прифатил револуционерниот метод во однос на решавањето на македонското прашање.

130 Трайчо Китанчевъ, Критико-биографически очеркъ, Ново време, г. II/3, 264.

131 Исто, 267. Овде ќе одбележиме дека Л. Стојанов пишува оти Д. Благоев „дава највисока оцена за личните квалитети и општествената дејност на Т. Китанчев, но истовремено од марксистички позиции посочува редица недоследности во неговите идејни разбирања и политичка дејност“ (Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 110–111). Ние сме согласни дека кај Китанчев постојат недоследности како во идеолошки поглед, така и во неговата политичка дејност, но ќе додадеме дека тоа не е последица на „марксистичките позиции“ на Д. Благоев, туку на сестраниот интерес на Т. Китанчев кон општествената мисла од која трпел разни влијанија, и секако на неговиот политички прагматизам.

132 Йор. Бадевъ, Трайчо Китанчевъ - поетъ и общественикъ..., 41.

133 Исто.

# Учителската и политичката дејност на Трајко Китанчев (1880-1891)

## Политичките промени на Балканот

Додека Трајко Китанчев се школувал во Русија, како последица на Источната криза (1875–1878) на Балканот настанале значајни политички промени.[1] Кризата започнала во 1875 година со востанието во Босна и Херцеговина, следната 1876 година започнало Априлското востание во Бугарија, а во мај избило Разловечкото востание во Македонија. Ситуацијата дополнително се комплицирала со влегувањето на Србија и Црна Гора во војна против Османлиската Империја. Овие и редица други настани создале широки можности за вмешување на големите сили во внатрешните работи на Империјата. Европските сили, раководејќи се од своите интереси кон Османлиската Империја, презеле повеќе иницијативи за „смирување“ на состојбата на Балканот. Сепак, поради нивните противречни интереси, Цариградската амбасадорска конференција која била свикана за изнаоѓање решенија за состојбите во европска Турција, завршила неуспешно.

При такви околности, Русија расплетот го гледала во војна против Османлиската Империја, поради што пристапила кон сепаратно спогодување со Австро-Унгарија. За да ја обезбеди неутралноста на Австро-Унгарија во претстојната војна, Русија ѝ го признала правото за окупација на Босна и Херцеговина, но во исто време по втор пат требало да се согласи дека е исклучена секаква можност за создавање монолитна словенска држава на Балканот.[2] Набрзо потоа во април 1877 година, руските војски го минале Дунав и влегле во војна против Османлиската Империја. Оваа Руско-турска војна минала во знакот на рускиот триумф и катастрофалниот пораз на османлиската армија. Во меѓувреме во војна против Османлиската Империја повторно се вклучиле Србија и Црна Гора. Руските сили за неполна година стасале до Ќустендил

[1] Поопширно за Балканот во време на Источната криза, види: Mihilo D. Stojanović, The Great Powers and the Balkans 1875–1878, Cambridge 2008.

[2] Тоа произлегува од Рајхштатската спогодба, како и од Будимпештанската тајна конвенција. Види: Александар Христов – Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875–1919, Скопје 1994, 35; 46–50.

и Горна Џумаја, а на исток до пред Истанбул. При такви околности, на 31 јануари 1878 година меѓу завојуваните страни било потпишано Одринското примирје,[3] а на 3 март 1878 година бил потпишан Санстефанскиот прелиминарен договор,[4] кој претставува диктат на победничка Русија.

Со Санстефанскиот договор,[5] покрај другото, е предвидено создавање на голема Бугарија, во која било предвидено да влезе речиси цела османлиска Македонија (без Солун и Халкидик), како и некои српски и албански области, кои сè уште биле под османлиска власт. Бидејќи значаен дел од териториите што требало да влезат во Бугарија не биле окупирани од руските војски, според договорот за овие краишта било предвидено повлекување на османлиските војски и сместување на руска војска со мандат од две години, додека се организира бугарска цивилна власт.[6] Меѓутоа, поради комплицирање на меѓународната ситуација во врска со овој проект, Русија не сакала да ѝ се повтори ситуацијата од Кримската војна и да ги сврти против себе европските сили, па затоа не презела конкретни чекори за спроведување на овие одредби од Санстефанскиот договор. Впрочем, и самите потписници овој договор го нарекле прелиминарен, што значи дека не го сметале за конечен.

Преку создавањето на голема Бугарија, Русија настојувала да го наметне своето влијание на Балканот и на тој начин да обезбеди излез на топлите мориња. Таквата руска политика била во спротивност со интересите на другите големи сили и претходно потпишаните договори со Австро-Унгарија. Под притисок на европските сили, Русија манифестирала подготвеност за отстапки,[7] со што бил отворен патот кон Берлинскиот конгрес (13 јуни – 13 јули 1878 година), на кој била извршена целосна ревизија на Санстефанскиот договор. Со одлуките на Берлинскиот договор, гео-

---

[3] Ц. Генов, Освободителната война 1877–1878 г., София 1978, 265.

[4] Исто, 262–263.

[5] За содржината на Санстефанскиот договор види: Българската държавност – в актове и документи, София 1981, 193-202; А. Христов – Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори..., 54–65.

[6] И.Г. Сенкевич, Из истории Руского гражданского управления в период между Санстефано и Берлинским конгресом, Карткие сообщения Института Салаяноведения, N. 40, Из исторрии Руско-болгарских отоношения и Советско-болгарских отночения, Москва 1964, 54.

[7] Патот кон Берлинскиот конгрес бил отворен со потпишувањето на Лондонскиот меморандум помеѓу Русија и Велика Британија. Види: А. Христов – Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори.., 66–70.

политичката карта на Балканот претрпела значајни промени. Притоа меѓу реката Дунав и Стара Планина било формирано трибутарното кнежество Бугарија, а јужно од него била формирана автономната провинција Источна Румелија.[8] Романија, Србија и Црна Гора се стекнале со независност, а двете последни и со територијално проширување.[9] Австро-Унгарија добила право да ја окупира Босна и Херцеговина и право на воен гарнизон и воено-трговски патишта во Новопазарскиот санџак,[10] при што османлиската администрација во овој санџак останала формално.[11]

По Берлинскиот конгрес, османлиската власт на Балканот останала реалност во Албанија, во Косово и во Македонија, кои со престолнината Истанбул биле поврзани преку еден тесен појас во Тракија. За овој дел од европските владенија, Империјата според чл. 23 од Берлинскиот договор, била задолжена да спроведе реформи врз основа на посебни статути, аналогни на Критскиот органски устав од 1868 година.[12] Врз основа на оваа одредба, комисијата при Високата порта во април 1880 година го издала т.н. „Закон за вилаетите" и го доставила за мислење пред Европската комисија за Источна Румелија.[13] Последнава, откако извршила одредени „козметички" модификации врз поднесениот предлог, го доставила за верификација пред Високата порта како „Нов закон за европските вилаети".[14] Со усвојувањето на овој закон, османлиската држава формално ги симнала од себе обврските кои произлегувале од член 23 од Берлинскиот договор. Спомнатиов закон, иако сериозно отстапувал од Критскиот органски устав, никогаш не бил спроведен целосно.[15] Токму затоа, членот 23 од Берлинскиот договор станал појдовна основа во политичките барања на македонското револуционерно движење, вклучително и на Македонскиот комитет, чијшто прв претседател бил Трајко Китанчев.

---

8 Международни актови и договори 1868–1918, съставител: С. Стефанова, София 1958, 155–159.

9 Исто, 162–166.

10 Исто, 161.

11 Михајло Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878-1903, Скопје 1982, 237.

12 Документи за борбата на македонскиот народ..., т. 1, 238–239.

13 Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, т. 1, (фототипно издание), София 1983, 11.

14 Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 12.

15 Британските конзули во Македонија 1797–1915, Документи (редакција м-р Драги Ѓоргиев и Зорица Божиновска), Скопје 2002, 220.

Берлинскиот конгрес, којшто ја променил геополитичката карта на Балканот, со повеќето половични решенија, создал услови за целосно елиминирање на османлиската доминација во југоисточна Европа.[16] Половичните решенија брзо прераснале во потенцијални жаришта за нови конфликти и турбуленции во регионот. Во прв ред, тука спаѓаат поделеноста помеѓу Кнежеството Бугарија и провинцијата Источна Румелија, статусот на Босна и Херцеговина, потоа специфичниот статус на Новопазарскиот санџак, островот Крит и секако нереализираниот чл. 23 од Берлинскиот договор во остатокот од европска Турција, во чијшто центар се наоѓала Македонија.[17]

## Китанчев во Бугарија

Како што видовме понапред, Т. Китанчев по завршувањето на првиот курс на Правниот факултет во Москва, поради здравствени причини, ја напуштил Русија и се прибрал кај својот благодетел, владиката Натанаил во Ловеч.[18] А по Руско-турската војна каде би можел да замине еден руски воспитаник – султански поданик од османлиска Македонија, згора на тоа штитеник на владиката Натанаил? Да се врати во Истанбул од каде што тргнал за Русија? Или пак да отиде во родниот крај, од каде што османлиските власти го отстраниле неговиот благодетел како непожелна личност?

По започнувањето на Руско-турската војна, по наредба на османлиските власти, а по повик од Егзархијата, владиката Натанаил во август 1877 година го напуштил Охрид и заминал за Ис-

[16] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Зб. 100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012, МАНУ, Скопје 2013, 108.

[17] Л. Х. Лејард во извештајот од 27. 04. 1880 до Министерот за надворешни работи на Велика Британија, пишува: „Ако се сметало (дека, б.н.) Источна Румелија (треба, б.н.) да биде бариера наспроти распространувањето на Бугарија и реална заштита за Турската Империја во Европа, таа би требало да граничи со Србија. (Но, б.н.), бидејќи Софија ѝ се даде на Бугарија, беше отворена една врата за Кнежеството кон Македонија, како специјално со цел да се растројуваат јавните цели на договорот. Само еден поглед врз картата во колор би покажал дека случајот е таков. Бугарите не ќе заборават да се користат со така дадената предност.“ (Британски дипломатически документи по българския национален въпрос, том 1, 1878-1893, съставители: В. Трайков, А. Гребенаров, Р. Караганев, Р. Прахова, София 1993, 174–175).

[18] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 17.

танбул.[19] Таму го дочекал и потпишувањето на Санстефанскиот договор (3 март 1878). Во меѓувреме егзархиските архиереи, надевајќи се дека границите на Санстефанска Бугарија ќе бидат потврдени на претстојниот Конгрес во Берлин, во мај 1878 година заминале за Пловдив, каде што практично било пренесено и седиштето на Егзархијата.[20] На тој начин владиката Натанаил се нашол во Пловдив. Меѓутоа, бугарските архиереи откако согледале дека санстефанската фикција е неостварлива, решиле седиштето на Егзархијата да остане во Истанбул, бидејќи тоа било единствен начин врз основа на султанскиот берат да ги задржи своите епархии, како во Македонија и Одринско, така и во Кнежеството Бугарија и во провинцијата Источна Румелија.[21] Во меѓувреме, поради незадоволството што Македонија останала под османлиска власт, владиката Натанаил кон крајот на летото 1878 година се вклучил во подготовките за Македонското (Кресненско) востание. Подоцна (декември 1878 – мај 1879) директно се нашол во неговото раководство.[22]

Со учеството во Македонското востание, Натанаил бил наполно компромитиран пред османлиските власти, а поради тоа не постоеле никакви можности за негово враќање на османлиска територија. Поради тоа, егзархот во август 1879 година го поставил Натанаил за привремен управник на епархијата во Враца, а во декември го именувал за управник на Ловечката епархија.[23]



Натанаил Охридски

Трајко Китанчев за време на школувањето во Русија одржувал врски со својот добродетел. Впрочем тој со него се консултирал и при запишувањето на Правниот факултет, а благодарение на материјалната помош и благословот на владиката, Трајко наместо на духовната академија, започнал да студира право.

[19] Жизненоописание митрополита охридско-пловдивскаго Натанил..., 68–69.

[20] Исто, 71.

[21] Исто, 72–73.

[22] Исто, 73–75.

[23] Исто, 75.

Неоспорно, Т. Китанчев додека студирал во Русија одржувал контакти со владиката, кој од своја страна секогаш се грижел за својот штитеник и на него гледал со симпатии.[24] Во спротивно, Китанчев не би дошол во Ловеч.

Трајко Китанчев стасал во Бугарија кога нејзините жители штотуку ја почувствувале слободата, кога политичарите и граѓаните штотуку почнале да се учат на демократија и плурализам, во време кога се воспоставувале основите на државните институции. Едноставно, тоа е време на детски болести, време на ентузијазам и грешки како и во секоја новосоздадена држава. Воспоставувањето на институциите и администрацијата во кнежеството се одвивало под контрола на Привремената руска управа на чело со кнезот Александар Дондуков-Корсаков.[25] Основите на државното устројство биле поставени со донесувањето на Уставот на бугарското кнежество од 16 април 1879 година.[26] Според Уставот, Кнежеството претставува парламентарна монархија на чело со кнез, при што законодавната иницијатива ја има Народното собрание (Обикновено и Велико),[27] а извршната власт ја има владата. Кнезот е највисок претставник на државата, врховен командант на вооружените сили, има право на законодавна иницијатива, право да го распушта Народното собрание, да бара нови избори, да ги потврдува законите итн. Граѓаните имаат општо изборно право, слобода на говорот, слобода на печатот и слобода на вероисповедта, а приватната сопственост е неприкосновена. Овој своевремено демократски устав е донесен под влијание на либералите, кои поради својата популистичка политика имале мнозинство во основачкото собрание.[28]

По донесувањето на Уставот, Великото народно собрание на 11 април 1879 година за кнез на Бугарија го избрало Алексан-

---

[24] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 1.

[25] Елена Стателова и Стойчо Грънчаров, История на нова България 1878-1944, т. 3, София 1999, 12. (Натаму: История на нова България...,).

[26] Види: Конституция на българското княжество, Сборникъ на действующите съдбени закони въ княжеството (1878–1906), София 1906, 9–31.

[27] Обикновеното народно собрание ја има законодавната власт и одредена контрола врз извршната власт, а Великото народно собрание врши избор на кнез и регентство, има право да врши измени во Уставот и на државните граници. Обикновеното народно собрание во западната литература се преведува како Генерално собрание. Според нас терминот Генерално собрание не ја отсликува специфичноста на институцијата. Можеби најсоодветен термин во македонскиот јазик е Вообичаено собрание, но ние во трудот ќе го именуваме како „Обикновено“ собрание.

[28] История на нова България..., 14.

дар Батенберг. Тој бил роднина на рускиот император Александар II, истовремено во роднински врски со англискиот двор, син на австриски генерал и германски офицер.[29] Според тоа, кнезот на Бугарија требало да биде верен кон Русија, расположен кон Австро-Унгарија и Германија, попустлив кон Англија и секако послушен кон својот сизерен – султанот.[30]

Според Уставот, во бугарското кнежество постојат три столбови на власта (кнезот, владата и народното собрание). Односите помеѓу овие институции не се прецизно утврдени со Уставот. Која институција би се наметнала во државата зависело од развојот на политичките односи и зрелоста на учесниците во политичкиот живот. Оттука, за неполна година во кнежеството се промениле три влади.[31]

Во времето кога Трајко Китанчев дошол во Ловеч, со кнежеството управувале либералите. Премиер и министер за надворешни работи бил Драган Цанков, влијателниот Петко Каравелов бил министер за финансии, а претседател на Обикновеното народно собрание – Петко Р. Славејков.[32] Каква игра на случајност! Драган Цанков во 1873 година во Истанбул живеел под ист покрив со владиката Натанаил, кога кај него престојувал Трајко Китанчев додека се подготвувал за школувањето во Русија. На чело на Обикновеното собрание бил П. Славејков, поранешен учител на Китанчев од Истанбул. Независно од случајноста при овие околности, неоспорен е фактот дека бугарските либерали во тоа време чувствувале недостиг од образовани и искусни луѓе, како во политика, така и за потребите во севкупната администрација. Младиот Т. Китанчев во овој период никако не влегувал во кругот на искусните, меѓутоа тој бил прилично образован, чијшто интелект своевремено во Истанбул го забележале П. Славејков, па и Д. Цанков. Сепак, пресудна улога за останувањето на Т. Китанчев во кнежеството имал неговиот добротвор – владиката Натанаил.

Трајко Китанчев веројатно во Ловеч пристигнал во втората половина на 1880 година. Тука дошол со прилично разнишано здравје, но благодарение на грижите на некој лекар, по неколку месеци здравствената положба му се подобрила.[33] Изгледа, во меѓувреме, Трајко му помагал на владиката околу административни-

---

[29] Исто, 16.

[30] Исто, 18.

[31] Исто, 18–20.

[32] Симеон Радев, Строителите на съвремена България, т.1, София 1973, 190–191.

[33] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 19.

те работи во Епархијата. За време на престојот во Ловеч, Трајко го имал првиот јавен настап пред тамошните граѓани. Имено, по повод отворањето на училиштето во Ловеч, бил поканет да зборува ловечанецот Васил Радославов,[34] (млад интелектуалец со европско образование и приврзаник на либералите). По краткото излагање на Радославов, збор посакал и Т. Китанчев. Меѓутоа, претседателот на собирот – Горов, одговорил дека тој не може да му даде збор, бидејќи за таа цел бил повикан Радославов.[35] Тогаш Китанчев се обратил кон присутните и прашал дали сакаат да го ислушаат. По позитивниот одговор, Трајко зел збор, при што најпрво се осврнал на говорот на Радославов, а потоа продолжил да зборува за улогата и значењето на образованието воопшто, а особено за задачите на училиштето во Ловеч. Неговиот едноставен јазик, последователноста во излагањето, искреноста, самоувереноста и убеденоста во тоа што го зборува, го привлекло вниманието на публиката, која престанала да го коментира неговиот физички изглед, туку она што го зборува. По завршувањето на собирот, Радославов го поканил Китанчев на гости во својот дом, а тоа дополнително го подигнало неговиот углед меѓу граѓаните.[36] Несомнено, ако го имаме предвид претходниот интерес на Китанчев кон општествената мисла, потоа личното познанство со Д. Цанков и П. Славејков, а секако и запознавањето со Радославов, слободно може да кажеме дека уште во овој период се ориентирал кон бугарските либерали чијашто идеологија сè уште не била избистрена, а нивната профилација и сегрегација допрва претстоела.

Во тоа време во Ловеч, на гости кај Натанаил дошол ректорот на Петропавловската семинарија – владиката Климент.[37] Притоа на Китанчев му понудил учителско место во семинаријата. Оваа понуда на Китанчев му давала можност да си ја обезбеди материјалната егзистенција. Но, не само тоа, манастирскиот мир во Петропавловската семинарија, која се наоѓала крај Велико Трново, со својата околина претставувала одлична можност за закрепнување на неговото здравје. Така, кон крајот на февруари 1881 година, Трајко Китанчев се нашол во Петропавловската семина-

---

[34] Васил Радославов (1854–1929), бугарски политички деец. Повеќепати бил министер во Бугарија во разни ресори и двапати премиер. За време на втората влада на П. Каравелов, првпат станал министер за правосудство (1884–1896). Бил најмлад премиер на Бугарија (1886–1887), повторно бил премиер во периодот од 1913 до 1918 година.

[35] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 19.

[36] Исто.

[37] Н. Никитовъ, Трайко Китанчевъ..., 23–24.

рија. Во тоа време во Семинаријата имало околу 170 ученици и мал број учители, поради што повеќето предмети не биле покриени.[38] Т. Китанчев во семинаријата бил задолжен да ги предава следниве предмети: историја на бугарската литература, логика, општа литература и општа историја.[39] Учениците од Семинаријата, особено оние повозрасните, веднаш по пристигнувањето на Китанчев, судејќи според неговиот физички изглед и изветвените алишта, го квалификувале како „беден руски студент кој веројатно дошол во Бугарија за да се лекува или да умре".[40] Оттука почнале да шпекулираат дека тој „болник не може да биде добар учител".[41]

Првиот час Китанчев требало да го одржи во вториот клас по предметот историја на бугарската литература. При неговото прво влегување во класот, освен посрамежливите ученици, другите воопшто не се мрднале од своите места, а кога тој почнал да зборува – повеќето го игнорирале. Наставникот без да обрне внимание на тоа, со својот тивок глас почнал да го објаснува значењето на терминот „литература" и да го дефинира предметот на бугарската литература. По десетина минути оние што го игнорирале се смириле и започнале да го слушаат, а кон крајот на часот сите биле со поглед кон учителот, внимавајќи да не пропуштат ништо.[42] Коментарите по овој час биле: „добро се подготвил"; „убаво раскажува"; „јас запомнив сѐ" и слично. Во тој стил Китанчев продолжил во другите класови. „Не беа поминати три дни, откако Китанчев започна редовно да предава во сите класови, а тој веќе стана љубимец на учениците".[43] Кога предавал историја, слободните ученици од другите класови се собирале под прозорецот од училницата за да слушаат. Неговите предавања биле прагматични со критички осврт и логични заклучоци. За настаните како Крстоносните војни, развојот на науката и уметноста, реформацијата, Француската револуција и слично, неговите ученици понеле трајни знаења засекогаш. Китанчев бил од оние учители кои „здраво учат и жешко воспитуваат, без да има потреба да се заштитуваат со дисцип-

---

[38] Н. Станковъ, Единъ споменъ за първата учителска д?ятелностъ на Т. Китанчевъ, Мисълъ, списание за наука, литература и критика, г. V, кн.VII, София 1895, 697.

[39] Исто, 702.

[40] Исто.

[41] Исто, 703.

[42] Исто, 703–704.

[43] Исто, 704.

лински мерки“.[44] Под негово влијание и раководство бил формиран ученички кружок, во кој учениците изнесувале реферати по разни теми од предметите што ги предавал.[45] Во исто време по иницијатива на Китанчев, ученичкиот кружок почнал да собира пари со кои била основана ученичка библиотека. За 1,5 година, колку што Китанчев работел во Петропавловската семинарија, преку ученичкиот кружок за библиотеката биле набавени делата на повеќе руски писатели, потоа најзначајните дела од областа на историјата, логиката, педагогијата, психологијата и филозофијата.[46]

Иако Китанчев предавал кратко време во Петропавловската семинарија, тој ги научил имињата на сите ученици, и кога некој ќе отидел кај него за каков било совет, му се обраќал по име, па дури и го потсетувал на некои интересни моменти од неговите одговори, или пак од однесувањето.[47] Сето тоа укажува колку Китанчев бил посветен на работата. Не случајно Е. Спространов во еден текст за него ќе запише дека учениците „го слушале со благоговение и жедно го голтале секој негов збор. Тој ги упатувал какви дела да читаат. Мајсторски умеел да поттикне натпревар меѓу слабите ученици“.[48] За унапредување на наставата, Китанчев почнал да составува материјали. Во таа смисла составил белешки за историјата на бугарската литература.[49] Меѓутоа, поради недостиг на време, овие материјали не стасал да ги преработи и да ги објави и покрај подоцнежното инсистирање на неговите пријатели.[50]

Интересно е да одбележиме дека по добивањето на учителското место во Петропавловската семинарија, Т. Китанчев побрзал да им се пофали на родителите дека почнал да заработува сам. Израдуван од успехот на својот син, татко му Цветко еден ден се нашол во дворот на Семинаријата за да се види со сина си и заедно да ја споделат радоста, како што своевремено ја споделувале градинарската мака. Скромниот и понизен печалбар кога забележал дека околу него во училишниот двор се насобрале ученици за да го прашаат кого бара, за да не му наштети на својот син, во прв

---

[44] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 22.

[45] Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 112.

[46] Н, Станковъ, Единъ споменъ за първата учителска д?ятелностъ на Т. Китанчевъ..., 706.

[47] Исто, 707.

[48] Според: И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 89.

[49] Трайко Китанчев, Мисълъ..., г.V, кн.VI, София 1895, 593.

[50] Исто.

момент помислил да се претстави како негов слуга.[51] Како и да било, по неколку минути учениците го одвеле Цветко во канцеларијата кај син му Трајко.

Според Н. Станков, при крајот на учебната 1880 година, Трајко Китанчев здравствено закрепнал, неговото бледо лице се поизбистрило, притоа ги исфрлил алиштата од студентски денови и се придотерал.[52] Во Петропавловската духовна семинарија, Т. Китанчев ја поминал и учебната 1881/82 година.

Додека Китанчев учителствувал во Петропавловската семинарија, Кнежеството Бугарија минувало низ силни политички турбуленции. Во почетокот на 1881 година, кнезот А. Батенберг поради желбата за поголема политичка моќ, почнал да заговара промена на Уставот. За да ја спроведе намерата кон крајот на април 1881 година, Батмемберг ја распуштил владата на либералите на чело со П. Каравелов, а за премиер го именувал генералот Ернрат.[53] Ова влада всушност требало да ги спроведе изборите за Великото народно собрание, кое според своите компетенции требало да ги изврши промените во Уставот. Набрзо потоа кнезот добил вонредни полномоштва, според кои се стекнал со право во наредните 7 години да управува врз основа на укази.[54] Со тоа, всушност, кнезот го суспендирал Уставот и го започнал т.н. режим на полномоштвата. Оттогаш во кнежеството започнува жестока политичка борба помеѓу либералите (заштитници на Уставот) и конзервативците (приврзаници на полномоштвата). Притоа либералите биле изложени на политички прогон. Во меѓувреме, помеѓу нив настапило подвојување на умерени, под водство на Д. Цанков, и крајни либерали, на чело со П. Каравелов.[55] Во меѓувреме, поради политичките бранувања, владите често се менувале, така што во јули 1882 година, кнезот именувал нова влада (седма по ред), во која главна улога имале руските генерали. Меѓутоа, поради политичката нестабилност која била предизвикана од желбата за поголема моќ, кнезот всушност се нашол во незавидна ситуација, притоа од една страна почнал да ја губи довербата кај Русите кои настојувале Кнежеството да го претворат во своевиден протекторат, а од друга неволно бил принуден на разни компромиси и отстапки со политички субјекти во земјата.

---

[51] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 23.

[52] Н, Станковъ, Единъ споменъ за първата учителска д?ятелность на Т. Китанчевъ..., 705.

[53] История на нова България..., 27.

[54] Исто, 28; С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 278

[55] История на нова България..., 30-32.

Во конкретниот период немаме информации за ставовите на Т. Китанчев околу актуелните политички настани, или за некаква политичка ангажираност, но факт е дека следната 1883 година, по враќањето од Солун, тој отворено застанал на страна на крајните либерали под водство на П. Каравелов, кои се залагале за целосно воспоставување на Трновскиот устав.

## Учителствувањето во Солун

По Берлинскиот конгрес, османлиските власти не им дозволиле на протераните егзархиски владики од времето на Руско-турската војна да се вратат во своите епархии во Македонија. Тоа прилично го усложнило функционирањето на егзархиските црковно-училишни институции. Од друга страна, во согласност со чл. 62 од Берлинскиот договор, како и со Султанскиот ферман од 1870 година, Егзархијата формално-правно имала основа за обновување на просветната дејност во Империјата. За надминување на постојната состојба, Високата порта ги одзела привилегиите што претходно им ги дала на патријаршиските владики за контрола врз бугарските училишта и ги ставила под своја контрола.[56] При тоа, при вилаетските центри биле формирани специјални училишни комисии пред кои егзархиските учители биле должни да положат државен испит, по што се стекнувале со право да практикуваат просветна дејност,[57] под покровителство на Егзархијата. Оваа одлука, иако делумно ги ограничувала стекнатите привилегии со ферманот од 1870 година, Егзархијата со задоволство ја прифатила, зашто тоа било единствен начин за обновување на нејзината просветна дејност во Македонија, а со тоа и за зацврстување на позициите на бугарската, наспроти грчката пропаганда.

По извесни консултации помеѓу егзархот Јосиф I, бугарскиот премиер Драган Цанков и Кузман Шапкарев,[58] последниов

---

[56] Во врска со тоа, види: Методий Кусевичъ, Църковно училищното дѣло въ Македония следъ войната въ 1877-1878 г, Сборникъ Солунъ, София 1934, 17-28.

[57] Richard von Mach, The Bulgarian Exarchate: its history and the extend of its authority in Turkey, London 1907, 24.

[58] Види: Кузман Шапкарев, За възраждането на българщината в Македония, Неиздадени записки и писма (съставителство: Илия Тодоров, Николай Жечев, предговор Петър Динеков), София 1984, 293-295; Кузманъ Шапкаревъ, Предистория на солунскит? български гимназии, Сб. Солунъ..., 39; Йордан Ванчев, Солунската гимазия от 1883-1913 г., Пламъкът на Солунския светилник, София 1970, 66; Воин Божинов, Солунската гимназия „Св. Кирил и

во јуни 1880 година[59] заминал за Солун, за да ја координира работата на бугарските училишта. Патем, Шапкарев од егзархот бил задолжен „да ја насочува бугарштината во цела Македонија“.[60] Истовремено, Егзархијата за учители во Македонија поканила уште триесетина Македонци од Кнежеството, но тие не одговориле на повикот.[61] Како резултат на дејноста на Шапкарев и активноста на солунската егзархиска општина, дошло до зголемување на бројот на учениците во четирите основни одделенија, а покрај постојниот прогимназијален клас, бил формиран уште еден таков.[62] Охрабрена од тоа, Егзархијата кон крајот на декември 1880 година почнала сериозно да размислува за отворање полна гимназија во Солун.[63]

И покрај одредени колебања во бугарските кругови, Шапкарев успеал да ја убеди Егзархијата дека Солун, поради својата местоположба, треба да прерасне во своевиден центар на бугарското образование во Македонија.[64] Оттука, во есента на 1881 година под директна контрола на Добри Генчев (секретар на Егзархијата) во Солун започнала со работа егзархиската гимназија „Св. Кирил и Методиј“,[65] а за нејзин прв директор бил поставен Божил Рајнов. Според директорот, при изборот на учителите се настојувало тие по можност да бидат месни поданици со македонско потекло.[66] Меѓутоа, како куриозитет на тоа ќе забележиме дека само 1,5 месец по почнувањето со работа на гимназијата, К. Шапкарев, како местен поданик, згора на тоа и иницијатор за нејзиното отворање, поради некакви интриги, бил избркан од Солун и назначен за учител во Кукуш.[67] Тоа само по себе зборува каков бил респектот на Егзархијата кон месните учители, кои очигледно

Методий“ в општествено-политическия живот на българското население (1880-1913), Исторически преглед, г.2, кн. 4, София 1971, 88.

59 К. Шапкарев, За възраждането..., 296.

60 К. Шапкаревъ, Предистория на солунските български гимназии..., 40.

61 Исто.

62 К. Шапкарев, За възраждането..., 304.

63 Исто.

64 Исто, 311–312.

65 Повеќе за тоа, види: Б. Райновъ, Две години въ Солунъ, Сб. Солунъ..., 122-123; К. Шапкарев, За възраждането..., 311; 313; Георги Стр?зовъ, Първи стѫпки на солунската гимназия, Сб. Солунъ..., 286; Погледъ върху д?ятелностъта на Българската Екзархия, 1877-1902 г., Leipzig 1902, 10-11; Добри Ганчев, Спомени, София 2005, 188.

66 Б. Райновъ, Две години въ Солунъ..., 127.

67 К. Шапкарев, За възраждането..., 315.

имале ефемерна улога. Овде ќе потсетиме дека Божил Рајнов, кој станал прв директор на Солунската егзархиска гимназија, бил школски другар на Трајко Китанчев од духовната семинарија во Киев. Немаме информации дали при основањето на Гимназијата, станало збор за евентуален ангажман на Китанчев, но факт е дека следната учебна година, тој бил поканет лично од Б. Рајнов.

Ако отворањето на Солунската егзархиска гимназија претставувало успех за Егзархијата, тоа не може да се каже за самата гимназија како образовна институција. Причините за тоа се повеќекратни: несоодветни просторни услови; немање програма за работа; отсуство на соодветни акти според кои ќе функционира институцијата; немање соодветни учебници и наставни помагала; несоодветен наставен персонал итн. Имајќи го предвид тоа, директорот Б. Рајнов во летото на 1882 година за време на распустот се нашол во Бугарија за да побара помош и поткрепа од соодветните фактори, но и да побара наставници. Не ја исклучуваме можноста дека претходно поминал низ Истанбул за да се консултира со Егзархијата. Како и да е, во летото на 1882 година Б. Рајнов во Велико Трново се сретнал со својот школски другар – Трајко Китанчев, при што го поканил да замине со него за учител во Солун.[68] Останува отворено прашањето дали Б. Рајнов го поканил Т. Китанчев врз основа на лично познанство, или пак неговото име му било сугерирано од друго место. Доколку тоа било на лична иницијатива, за тоа сепак требало да добие благослов од друго место, а пак доколку му било сугерирано отстрана, во случајот Рајнов требало само да го убеди Китанчев. Како и да е, Китанчев ја прифатил понудата, а набрзо бил потврден и од Егзархијата.[69]

За време престојот во Бугарија, Б. Рајнов во врска со работата на Солунската гимназија имал повеќе средби со видни личности, меѓу кои кнезот Александар Батенберг и министерот за просвета, Георги Теохаров.[70] За овие средби Рајнов зборува во множинска форма, но од тоа не може да се добие претстава дали со него бил и Т. Китанчев. Како и да било, Б. Рајнов бил задоволен што го ангажирал Китанчев, не само поради тоа што му бил школски другар, туку и поради тоа што тој веќе бил препознатлив наставник. Во врска со тоа, Рајнов пишува: „Прв од највидните во тоа време, дојде Трајко Китанчев, мој другар од Киев, незаборавен македонски деец, кој дотогаш беше учител во Велико Трново“.

---

[68] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 24.

[69] Исто.

[70] Б. Райнов, Две години въ Солунъ..., 127.

Пред заминувањето за Солун, Б. Рајнов и Т. Китанчев неколку дни престојувале во Истанбул,[71] каде што од Егзархијата ги добиле потребните решенија и инструкции.[72] Оттаму со пароброд тргнале за Солун. Според сведоштвата на Б. Рајнов, непосредно пред Солунското пристаниште, Трајко Китанчев извадил еден врзоп хартии, ги искинал и ги фрлил во морето. На прашањето од Рајнов што било тоа и зошто го направил, Китанчев одговорил: „Ништо, младешки обиди“.[73] Всушност во тој момент, Китанчев ги уништил своите дотогашни стихови.[74] Можеби со оваа постапка пред портата на татковината Македонија, Китанчев симболично сакал да се прости со минатото, со верба дека започнува нов живот.

Егзархијата за претстојната 1882/83 година за директор повторно го назначила Божил Рајнов. Улогата на директорот била повеќе претставничка, отколку управна. Тој требало да ја претставува Гимназијата пред османлиските власти и да ги амортизира интригите од страна на грчката пропаганда.[75] За административната и педагошката дејност во својство на „инспектор“ бил задолжен Трајко Китанчев.[76] Поинаку кажано, Китанчев бил задолжен за педагошката дејност и внатрешниот ред во Гимназијата. Во исто време, Егзархијата сугерирала при Гимназијата да се формира учителски совет. Советот се конституирал дури во јануари 1883 година,[77] а за негов претседател бил избран Трајко Китанчев.[78] Покрај административните должности, Т. Китанчев во Солунската гимназија предавал географија во III и IV клас, општа историја во II, III и IV, како и словесност (литература и народно творештво) во IV клас. Според тоа, Китанчев неделно имал 18 часа, а неговата годишна плата изнесувала 4140 зл. франци.[79]

---

[71] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 24.

[72] Б. Райнов, Две години въ Солунъ..., 127.

[73] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 25.

[74] Во врска со оваа постапка, Т. Китанчев на Тодор Василев во 1883 година му пишува: „сега веќе не ми идат теми на ум, а порано пишував доста, но откако паднав во очај ги фрлив во морето, а оние кои ги напечатив некои велат дека биле убави, но според мене таму имаше и посилни и поубави“ (Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 312).

[75] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 269.

[76] Исто; Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 71.

[77] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 72-73.

[78] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 269.

[79] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 70.

За да ја доловиме сликата во Гимназијата во почетокот од учебната година, ќе биде доволно ако цитираме само неколку редови од опширниот извештај што Т. Китанчев во својство на претседател на Учителскиот совет го составил на крајот од учебната година. Во него, меѓу другото, стои: „При доаѓањето на учителите во почетокот на годината не се најде ништо готово, или спроведено од Св. егзархија. Гимназијата немаше ниту програма, ниту правилници, ниту пак точни и подробни инструкции за управувањето на институцијата. Беа назначени само две лица на должност – директор и инспектор, со неопределени права и должности, бидејќи во актот со кој беа назначени се велеше дека едниот ќе ја гледа надворешната, а другиот внатрешната страна; но усно во Егзархијата на секој поодделно му беа дадени разни ветувања, благопријатни за неговата личност. Истовремено беше кажано дека при Гимназијата ќе постои учителски совет, но и за него немаше ништо определено, до каде ќе се протегаат неговите права и должности. Покрај тоа, Егзархијата уште од почетокот на годината си имаше свои доверени лица, кои тајно известуваа за сè ... Штом тоа беше поставено од почетокот на управувањето, секој многу јасно можеше да предвиди дека согласноста, љубовта и почитта меѓу предавачите, која е најсигурна гаранција за добриот напредок на Гимназијата и за благотворното морално влијание врз учениците, не можеше да постои“.[80]

Поради разните недостатоци и проблеми кои започнувале од просторната неподготвеност на Гимназијата и пансионот да ги прифатат учениците, непостоењето на соодветни наставни програми и разните недоречености за управувањето и функционирањето на институцијата, учебната година официјално започнала дури на 18 октомври 1882 година.[81]

Поради неразграничените должности помеѓу директорот и инспекторот, уште на почетокот се појавила дисхармонија во управувањето, поради што директорот понудил оставка која не му била прифатена.[82] Откако во декември 1882 бил изработен Правилникот за Учителскиот совет, директорот и инспекторот доброволно се откажале од своите должности во интерес на учителскиот совет,[83] чијшто претседател бил всушност Т. Китанчев. Советот се конституирал во јануари 1883 година. Во согласност со Правилни-

[80] Исто, 71.
[81] Исто, 68-69.
[82] Исто, 71-72.
[83] Исто, 72.

кот, Советот имал извесни надлежности во управувањето со Гимназијата, но тие се коселе со посебните овластувања што Егзархијата им ги давала на поединци. Така Козма Пречистански, кој од Егзархијата бил назначен за економ на Училиштето, во прво време одбивал да ги потпишува протоколите на Советот, а потоа наполно ја бојкотирал неговата работа. Покрај него, работата на Советот целосно ја игнорирал и Кузман Шапкарев, поради нарушени односи со Б. Рајнов.[84]

Очигледно, поради отсуството на прецизна регулатива за устројство и управување на Институцијата, како и поради тенденцијата на Егзархијата проблемите и потребите да ги решава со моментални, пред сè палијативни решенија, притоа потпирајќи се на неофицијални „доверливи" лица, во Гимназијата постоело своевидно повеќевластие. Оттука, на една страна се нашле Б. Рајнов и Трајко Китанчев, кои биле против строгата централистичка политика и се залагале за модернизација и за унапредување на наставата, на друга страна бил Козма Пречистански, кој како доверливо лице на Егзархијата бил против реформските инцијативи и се залагал за изречно спроведување на егзархиските упатства.[85] На сосема трета страна бил Ф. Бертнард, кој бил содржател и одговорен за ученичкиот пансион.[86] При такви околности во Солунската гимназија, Т. Китанчев како еден од раководните лица требало успешно да ја изведе до крај учебната година, притоа без да избие сериозен скандал. Според Д. Зографов, „само човек како Китанчев и неговите другари можел да ја истрпи таа неприродна и замешана положба... и среќно да го доведе коработ на Гимназијата до пристаништето".[87]

Покрај внатрешните недоразбирања и опструкции, раководството на Гимназијата требало да ги балансира односите и со официјалните власти, кои често преземале разни контроли поради грчките клевети. Така, на пример, учителите во Солунската гимназија, како руски воспитаници, од страна на грчката пропаганда биле клеветени како носители на панславизмот и дека со такви идеи ги заразувале учениците, дека наставата се изведува според учебници со содржини против државата, дека црковно-ученичкиот хор изведувал революционерни песни и слично.[88]

---

[84] Исто, 75.

[85] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 269.

[86] Исто, 271.

[87] Исто.

[88] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 83–84.

Божил Рајнов, и покрај малите недоразбирања со Китанчев кои се појавиле во почетокот на годината поради неопределеноста на овластувањата,[89] до крајот на годината останал на иста страна со него, притоа поддржувајќи ги неговите ставови како претседател на училишниот совет. Во врска со тоа, Б. Рајнов пишува: „Управувањето на Гимназијата во учебната 1882/83 година се водеше од Учителскиот совет, чијшто претседател беше Трајко Китанчев по избор. Нам лично ни се наложи да ја претставуваме гимназијата пред општеството и пред владата, да ја водиме официјалната преписка, но секогаш со знаење и решение на Учителскиот совет. Ние двајцата со Китанчев се дополнувавме еден со друг и имавме еднакви погледи за училишната политика. Се грижевме секогаш да бидеме благоразумни, да ги водиме работите внимателно и одговорно“.[90]



Божил Рајнов

Во однос на педагошката дејност, Китанчев продолжил во стилот како во Петропавловската семинарија, поради што неговите ученици понеле само убави спомени. Така, на пример, Г. Стрезов пишува: „Кога Трајко Китанчев 'Трајчо' – како што си го нарекувавме ние... ќе почнеше да расправа, ние зјапајќи ја слушавме неговата пријатна музикална реч и до толку се внесувавме што не го слушавме ѕвончето, кога требаше да заврши часот. Долго време потоа имавме можност да слушаме прочуени професори во Универзитетот и големи оратори, но Китанчев остана најзапечатен во мојата совест“.[91]

[89] Ова недоразбирање според извештајот на Китанчев се појавило при приемот на учениците поради „неопределноста на должностите директор и инспектор, поради неопределноста на правата, кои би требало да ги има Училишниот совет, – меѓу директорот и инспекторот се случи непријатност при приемот, поради што првиот се повлече, а вториот продолжи сам да ги прима учениците и да ги распоредува по класовите, притоа потпирајќи се врз своите права – да управува со внатрешниот дел од гимназијата (Исто, 78).

[90] Б. Райнов, Две години въ Солунъ..., 131.

[91] Г. Стрезовъ, Първи стѫпки на солунската гимназия..., 288. Слично на горново, во своите спомени од Солунската гимназија Г. Стрезов за Т. Китанчев ќе запише „И сега со задоволство си спомнувам за неговите лекции, неговите навлекувачки лекции. Сè друго е исчезнато, само извесни сижеа од негови-

Трајко Китанчев во Солун пројавил сестрана општествена дејност надвор од училишната зграда. Како слободољубив човек, кој бил под влијание на просветителските и револуционерно-демократските идеи, Т. Китанчев ја користел секоја пригода за поттикнување на јавниот интерес и општествениот дух кај населението. Така, во новоизградената црква Св. Кирил и Методиј „незаборавниот Трајко Китанчев на чист македонски дијалект секоја недела и празник држеше поучни проповеди, го толкуваше Евангелието и секогаш завршуваше со паролата: 'Браќа, има крај на маките, на неволјите. Амин'".[92]

Китанчев со својот оптимизам и ораторската дарба како „маѓесник" успеал да ги разбуди граѓаните од солунската егзархиска заедница од својот летаргичен сон и да ги заинтересира за „народните работи". Со својот пристап тој продрел во душите на обичните луѓе кои едноставно го доживувале како „Трајче – нашиот даскал".[93] Од друга страна, Т. Китанчев, како човек којшто завршил духовна семинарија и како познавач на христијанските догми, отворено влегувал во полемики со католичките и протестантските мисионери,[94] кои користејќи го црковниот спор помеѓу Патријаршијата и Егзархијата настојувале да привлечат што повеќе приврзаници меѓу православното население.

Кон крајот на 1882 година, Т. Китанчев и Б. Рајнов, во соработка со Д. Ризов и К. Стателов, подготвиле програма за издавање весник во Солун под наслов „Развитие".[95] Според програмата, весникот требало да стои настрана од политичките партии во Кнежевството Бугарија, да држи умерен и благопријатен јазик кон власта, без да дава простор на приватните расправии и напади против одредени личности. Весникот требало да се пишува на раз-

те предмети: литература и општа историја, стојат, цели нечепнати во мојата совест со сите нивни подробности ... Оваа волшебна сила кај незаборавниот Трајко Китанчев, со која те маѓепсуваше и те правеше негов роб, беше во неговата беспрекорна почит кон своето звање и кон неговата несреќна родина" (Г. Стрезов, Спомени од ученическия ми живот в Солунската гимназия (1880-1886), Македония и Одринско, 1878-1912, Спомени, София 1981, 46-47).

92 Скѫпъ и милъ паметникъ отъ епохата на възраждането ни въ Солунъ, сообщава: Б. Райновъ, Ил. Илинденъ, г. 3 / 9 (39), София 1930, 2.

93 Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 29–30.

94 Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 273.

95 Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 32–33. Во врска со споменатава иницијатива на Китанчев, види и: д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарството, Скопје, 1980, 49–53.

бирлив и популарен јазик, притоа да се избегнуваат зборовите кои се употребуваат во Бугарија, и по можност тие да се заменат со „бугарски или славјански слова, без да го губат своето значење; исто така и некои неразбирливи провинцијализми“.[96]

Според предлог-програмата, весникот требало да содржи една-две уводни статии од „нашиот современ општествен живот, првенствено од нашиот општински и училиштен развој“. Во рубриката „Бугарски оддел“ било планирано да бидат опфатени новините од европска Турција и од бугарските земји. Во овој дел било предвидено да се изнесуваат веродостојни информации за настаните според другите весници, при што за некои од нив да се даваат коментари (полемика со грчките весници). Политичкиот оддел на весникот е замислен како хроника на современите настани во цивилизираниот свет „особено во славјанскиот“. Во библиографскиот оддел било предвидено да се презентира „славјанската литература“ како и оние дела кои се занимаваат со „нашите работи“. Во истата рубрика е предвидено да се поместуваат кратки рецензии за позначајните бугарски публикации (книги, списанија и весници), особено на училишните програми и учебниците кои се определени за „нашите училишта“. Во научно-литературниот оддел е предвидено да се печатат научни статии, литературни творби, народни песни, обичаи, приказни и сл. Во весникот се предвидени уште неколку рубрики кои ќе обработуваат теми од економскиот живот, развојот на науката и уметноста.

За остварување на ова амбициозна програма весникот требало да има платени дописници во Истанбул и во поголемите места на европска Турција. Според програмата, весникот требало да биде задолжителен за егзархиските наставници во европска Турција кои имале поголема годишна плата од 40 турски лири. По еден бесплатен примерок од весникот требало да се доставува до оние институции кои поради материјалната положба не биле во можност да се претплатат.[97]

Покрај инцијативата за издавање на споменатиот весник, Б. Рајнов, Т. Китанчев, К. Стателов и Д. Ризов на 29 декември 1882 преку една спогодба изјавиле дека доколку во градот постои „бугарска печатница“, тие би можеле да формираат учебникарски совет кој ќе ги прегледува постојните и ќе составува нови учебници и други книги за потребите на егзархиските училишта.[98]

---

[96] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 33.

[97] Исто, 33–34.

[98] Исто, 34.

Очигледно споменатава четворка презела иницијатива која била во надлежност на Егзархијата,[99] а за која конечниот збор сепак го имале официјалните власти. По две години, во една критика, Т. Китанчев во врска со овие прашања пишува: „Училиштата во Македонија се затвораат секој ден, а главната причина за тоа е што Турците, кога ќе видат книга или учебник печатен во Пловдив или во Софија, го сметаат за Мухзир – спротивен. Зошто да немаат луѓето во Македонија и Одринско една печатница, која ќе печати книги и учебници? Ако е работата до пари, мислам, Егзархијата ќе ги добие. Ако работата е во тоа што турската влада забранува, тогаш, пак, врз основа на Законот, имаме право да настојуваме. Ние мислиме и сме убедени, ако Егзархијата настојува, Турците тоа не може да го откажат“.[100] Во контекст на весникот, Т. Китанчев пишува: „Сите народи во Турција имаат свои весници. Зошто само ние да немаме? Законот не ни забранува. Ние можеме да настојуваме и врз основа на Законот да ни се дозволи да имаме свои весници барем во Цариград, Солун и Одрин. Или, и тоа е невозможно и револуционерно? Или, пак, Егзархијата не сака да се застапи? Но, не! Напротив, таа го попречи тоа, кога некои се погрижија да го сторат, а подоцна, за да докаже дека и таа бара, оттогаш цела година, храни двајца слепци со по 15 лири плата во својство на редактори на непостоен весник“.[101]

Очигледно, Китанчев преку овој текст открива дека главните пречки за издавањето на весникот дошле од страна на Егзархијата. Ние би додале дека несогласувањето на Китанчев и Рајнов со Егзархијата во врска со ова прашање е само уште една причина за нивното отпуштање. Засега немаме информации дали Т. Китанчев и Б. Рајнов за оваа иницијатива воопшто се консултирале со Егзархијата, а доколку тоа, пак, било сторено, каков бил нејзиниот став. Но факт е дека за потребните дозволи околу издавањето на весникот, сепак се обратиле до официјалните власти. Во таа смисла, Б. Рајнов одржувал контакти со солунскиот валија Галиб-паша. Последниов им дал до знаење дека излегувањето на весникот не само што зависи од неговата лојалност кон Импери-

---

99 Според Уставот на Бугарската егзархија, прашањата кои не биле од духовна природа, како и сите „други средства и мерки корисни за развојот на образованието во бугарските епархии и за умствениот и моралниот напредок“ биле во надлежност на Врховниот мирски совет при Егзархијата, кој се состоел 6 мирјани под претседателство на егзархот. Види: Зина Маркова, Българската екзархия 1870–1879, София 1989, 42–43.

100 Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 154.

101 Исто.

јата, туку и од неговото поведение кон Русија.[102] Оттука, преработената програма што му била доставена на валијата била прилично поткастрена, а самиот весник бил преименуван во „Нов ден“.[103] Притоа останале само пробните лекции по разни предмети, толкување на природните појави, библиографски информации за учебници и учебни помагала и слично.[104]

За издавање на весникот и за планираните книги, иницијаторите на 30 јануари 1883 година се согласиле да формираат своевидно акционерско друштво со по 50 лири влог за да основаат „самостојна печатница“.[105] Буквите за печатницата биле порачани од Виена.[106] Меѓутоа, кога тие пристигнале, Т. Китанчев и Б. Рајнов требало да го напуштат Солун, бидејќи биле отпуштени од Егзархијата. Само неколку месеци подоцна, со помош на Д. Ризов, во Солун проработила печатницата на Коне Самарџиев, кој како послушник на Егзархијата добил ексклузивно право за дистрибуција на учебници за егзархиските училишта во Македонија.

Во меѓувреме, независно од внатрешните и надворешните опструкции, Трајко Китанчев, во својство на претседател на Училишниот совет, и Б. Рајнов, директорот во оставка, успешно ја привеле учебната година кон крај. Нивната севкупна дејност (просветна и општествена) придонела за етаблирање на Гимназијата, не само во егзархиските средини, туку и меѓу поширoката јавност во Солун. Во врска со тоа, самиот Китанчев во опширниот извештај за работата на Гимназијата констатира: „полека-лека почна да се сталожува разбрануваното расположение и сите во градот навикнаа да гледаат на Гимназијата како на вообичаено повисока училишна институција“.[107]

---

[102] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 34.

[103] Исто, 35. Веројатно поради оваа промена, во подоцнежната литература се појавуваат извесни разлики при именувањето на весникот. Така, на пример, С. Симеонов пишува: „Според едни било планирано во Солун да започне да излегува списание под име *Развитие,* а според други *Нов ден.* (Стоянъ Симеоновъ, Българския периодиченъ печатъ на Македония, Сб. Солунъ..., 230). Додека според Ј. Иванов, Т. Китанчев и Б. Рајнов решиле да го издаваат весникот *Развитие,* тој уште пред излегувањето бил преименуван во *Ден* (Йор. Ивановъ, Българите въ Солунско, Сб. Солунъ.., 175). Ставот на Ј. Иванов го застапува и Д. Мирчев, види: Димитъръ Мирчевъ, Българската книга въ Македония, Сб. Солунъ...,175.

[104] С. Симеоновъ, Българския периодиченъ печатъ на Македония..., 231.

[105] Повеќе за ова, види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 35-36.

[106] С. Симеоновъ, Българския периодиченъ печатъ на Македония..., 231.

[107] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 84.

За целосна афирмација на Гимназијата, не само во Солун, туку воопшто во Македонија, Т. Китанчев и Б. Рајнов организирале величествена прослава на патрониот празник „Св. Кирил и Методиј“, кој се одбележал на 11 мај. Тогашниот ученик Ѓорче Петров, во врска со одбележувањето на празникот, во една дописка во весникот „Балкан“ од 1 јуни 1883 година, пишува: „Празнувањето на Св. Кирила и Методија во нивното родно место стана речиси велелепно, макар и да беше тоа против волјата на мнозина, меѓу кои и нови самоповикани аристократи. Како празник на овдешната гимназија, дирекцијата уште пред три недели зафати да помислува како да стане празнувањето на овој единствен народен празник во Македонија, поблескаво, посвечено!... Многу трговци, дојдени речиси од сите градови на Македонија, ќе можат да видат и да разберат како треба да се празнуваат народните празници; кон тоа треба уште отсега да се приклучуваат и многу ученици, кои утре-другиден ќе се распрснат по Македонија, како народни дејци“.[108]

На споменатава прослава, покрај другите, присуствувале и повеќе официјални личности и странски конзули.[109] На свеченоста прв зборувал директорот Рајнов, а по него еден ученик на турски јазик ги поздравил официјалните лица. Веднаш потоа од балконот на училишната зграда збор зел Трајко Китанчев. Ѓорче Петров, кој бил импресиониран од настанот и настапот на Китанчев, во врска со тоа пишува: „Најпосле се појави на балконот, од каде што се држеа речите, љубимецот на народот, на сиромаси и богати, на ученици и учители, повторувам, љубимецот на сите, освен на едно соило луѓе кои се како две-три капки масло во една река. Тоа е професорот по литература и сеопшта историја, г. Трајко Китанчев... Само неговата појава на балконот беше доволна да ја восхити публиката. Сите ѕидари, лебари, млекари, штом го видоа, зедоа да си зборуваат: ’Нашиот даскал ќе ни прикажуе!’ Тие си го наречуваат наш, зашто неговото господство е родум од нивните места, зашто кога држи говор во црква или другаде, зборува по можност на нивното наречие, така што сите да го разберат“.[110]

Даскал – Трајчо одржал „пламена реч на едноставен и достапен јазик за широките маси“,[111] за значењето на делото на Кирил и Методиј. Директорот Б. Рајнов бил вчудовиден од вниманието

---

[108] Гане Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 96.

[109] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 30.

[110] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 96-97.

[111] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 273.

со кое присутните го следеле ораторот.[112] Петнаесетина години подоцна, кога Ј. Иванов собирал податоци за биографијата на Китанчев, Б. Рајнов за овој настан зборувал со солзи, радост и длабока почит.

Учебната година во Солунската егзархиска гимназија официјално завршила на 19 јуни (ст. стил) 1883 година.[113] На свеченоста која била организирана по тој повод, Гимназијата била посетена од солунскиот валија Галиб-паша, како и од неколку конзули (рускиот, англискиот, францускиот и романскиот). Покрај нив, на прославата присуствувале повидните чиновници и претставници од турската, грчката и еврејската заедница. Притоа, свеченоста од име на валијата била поздравена од вилаетскиот просветен инспектор.[114]

По завршувањето на сите формалности, Учителскиот совет на 22 јуни (ст. стил) 1883 формирал тричлена комисија која требало да подготви отчет за работата на Гимназијата за учебната 1882/83 година, меѓутоа целиот отчет всушност бил составен од Т. Китанчев.[115] Овој отчет, Б. Рајнов го посочува и го препорачува како најдобро сведоштво за работата на Солунската егзархиска гимназија во учебната 1882/83 година.[116]

Отчетот претставува обемен и детален аналитички извештај за севкупната активност на Гимназијата. Во него се изнесени сите слабости и недостатоци на Гимназијата, но се препорачани и предлог-мерки за подобрување на состојбите. Иако Отчетот бил наменет за Егзархијата, Китанчев за неа зборува без скрупули, нагласувајќи ги сите нејзини пропусти и недоследности при управувањето со институцијата. Независно од опструкциите на кои наидувал од страна на Егзархијата, Китанчев коректно и детално посочува разни мерки што треба да се преземат во иднина за подобрување на состојбите во секој поглед. Тоа само потврдува дека Китанчев општиот интерес го издигнал и го поставил над личниот и над своето частољубие.

---

[112] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 31.

[113] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 69.

[114] Исто, 84. Просветниот вилаетски инспектор – Абдул Рахман-ефенди при обраќањето кон учениците истакнал: „Чеда! Трудете се, учете и слушајте ги своите наставници кои ве водат кон честита иднина, бидете добри и верни поданици на Османлиската држава, како и достојни синови на вашите родители. Вали-паша, кој лично ве слушна и ве набљудува, е презадоволен од вашиот успех“ (Б. Райнов, Две години въ Солунъ.., 131).

[115] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 67-68.

[116] Б. Райнов, Две години въ Солунъ..., 131.

Од опширниот Отчет, овде само ќе го изнесеме погледот на Китанчев во врска со доделувањето на ученичките стипендии, кој гласи: „...треба строго да се внимава и при доделувањето стипендии – тие да не им се доделуваат на чифликсајбиските синови, туку на бедни но способни момци, кои по завршувањето на курсот треба да станат учители или свештеници, а не земјовладетели и трговци“.[117] Ова ни покажува колку Китанчев се залагал за задоволување на социјалната правда.

За време на едногодишното учителствување во Солун, Трајко Китанчев со својата севкупна дејност оставил силен впечаток кај сите што имале каква било можност да се сретнат и да поразговараат со него. Така, еден од неговите почитувачи, пред Ј. Иванов истакнал: „Многу учители оттогаш до денес дојдоа во Солун, доктори и не доктори, бивши и сегашни (а можеби идни) министри, едни принесоа извесна полза, други само ја развратија младината, но Солун одвај ќе има чест, пак да види учител како Трајко Китанчев... Тој беше најдостапниот човек, тој секого го примаше, со секој разговараше, сите ги распрашуваше за најтенките подробности за состојбите на црквите, за училиштата, за разните пропаганди и слично, и сите ги вдахнуваше со цели купишта добри мисли и идеи“.[118]

Несомнено погледите, но и уште повеќе постапките на Китанчев за унапредување на училишното дело во Македонија, за Егзархијата изгледале революционерни. Оттука, по завршувањето на учебната година, Т. Китанчев бил отпуштен од страна на Егзархијата. Истовремено биле отпуштени Б. Рајнов, јеромонах Евгениј Рилски и Текиев.[119] Интересно е што директорот Б. Рајнов не ги споменува причините за отпуштањето од Гимназијата, туку едноставно вели: „За жал, набрзо го напуштивме Солун заедно со Китанчев“.[120] Според весникот „Знаме“, Китанчев со тага ја напуштил Македонија поради „недоразбирања со Егзархијата“.[121] Д. Зографов, без да навлегува во причините, едноставно пишува дека Т. Китанчев и Б. Рајнов од Егзархијата биле отпуштени како „извонредни дејци“, а не како „неблагонадежни“.[122] Според Ј. Иванов,

[117] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 87.

[118] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 37.

[119] С. Симеоновъ, Българския периодиченъ печатъ на Македония..., 231; Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 36.

[120] Б. Райнов, Две години въ Солунъ..., 131.

[121] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 1.

[122] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 273.

помеѓу Егзархијата и Китанчев настанале заемно недоразбирање и недоверба, која резултирала со отпуштање.[123] Според Ј. Ванчев, Т. Китанчев и Б. Рајнов биле отпуштени зашто се залагале за автономија на училишното дело, особено „по прашањата за карактерот за образованието и методите на наставата“.[124] Според Л. Стојанов, „Активната натура на Китанчев и неговите постојани барања до Егзархијата за подобрување на училишната програма и материјалната база за пополнување и подобрување на составот на учителскиот персонал, го поставиле во конфликт со еден дел од предавачите, коишто го превртеле во неподобна личност за егзархиското раководство. Ете зошто Егзархијата побрза да се ослободи од својот многу динамичен и критички (настроен, б.н.) службеник.“[125]

Според изнесеново дотука, отпуштањето на Т. Китанчев било последица на неговата иницијативност и автономија во постапките, кои се коселе со конзервативната евлоуционистичка политика на Егзархијата. Меѓутоа, нам ни се чини дека во отпуштањето на Китанчев има и политичка нишка, која произлегува од неговата припадност кон либералите, кои во тој момент биле под политички прогон во Кнежеството Бугарија. Впрочем, општопознато е дека егзархот како конзервативец бил поддржувач на кнезот и на превратот, а од друга страна бил голем противник на либералите, поради судирот со нив во врска со црковното прашање, но и како непријател на нивната идеологија.[126] Во спротивно, ако отпуштањето на Китанчев нема политичка нишка, тешко може да се објасни неговата претходна „подобност“ за наставник во Петропавловската духовна семинарија, а потоа и во Солунската гимназија, а уште потешко неговото заминување од Солун за автономната провинција Источна Румелија, каде што во тој момент се наоѓал лидерот на крајните либерали – Петко Каравелов.

Како и да било, на 18 јули (ст. стил) 1883 година, Трајко Китанчев со еден италијански пароброд од Солун заминал за Истанбул.[127] Според еден од неговите сопатници, Китанчев за време на

---

[123] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 28. Интересно е да одбележиме дека Ј. Иванов на своевиден начин настојува да ја оправда постапката на Егзархијата, која поради страв да не го загуби стекнатото, настојувала да најде некаква средина која резултирала со отпуштање на Китанчев и неговите истомисленици.

[124] Й. Ванчев, Солунската гимназия..., 72.

[125] Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 113.

[126] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 288.

[127] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 37.

патувањето до Истанбул, меѓу другото, зборувал за тешкиот живот на ресенските градинари–печалбари при што ја исфрлил идејата за формирање градинарски еснаф.[128]

## Учителствувањето во Пловдив – вовлекување во политиката

Во летото на 1883 година Трајко Китанчев се нашол во престолнината на автономната провинција Источна Румелија–Пловдив. Постојните биографски прилози за Т. Китанчев само го констатираат фактот за неговото пристигнување во Пловдив и зближувањето со Петко Каравелов (лидер на крајните либерали), кој му обезбедил учителско место во тамошната гимназија. Меѓутоа, според нас, одговорот на прашањето како и зошто Китанчев се нашол во Пловдив, секако лежи во неговата политичка гравитација кон либералите. Всушност, Китанчев, од една страна, поради конфронтираност со Егзархијата, не можел да се надева на учителско место во Македонија, а од друга, поради приврзаноста кон либералите кои во тој момент биле под политички прогон во Бугарија, не можел да се надева ниту на работа во Кнежеството. Ако имаме предвид дека поради прогонот во Кнежеството, П. Каравелов и П. Славејков емигрирале во Источна Румелија каде што создале нов политички центар на либералите,[129] ќе ни биде јасно зошто Китанчев заминал за Пловдив.

Петко Каравелов од Пловдив започнал силна политичка кампања за целосно воспоставување на Трновскиот устав во Кнежеството Бугарија, кој бил суспендиран со полномоштвата на кнезот. При тоа, бил против секаков компромис со Батенберг и со конзервативците.[130] Каравелов и Славејков наишле на добар прием кај властите во автономната провинција, при што го обновиле весникот „Независност“, преку кој ги артикулирале своите ставови во однос на политичката состојба во Кнежеството.[131] Тие се вклучиле во политичкиот живот во Источна Румелија. Со нивна помош, источнорумелиските либерали во април 1883 година добиле мнозинство во Обласното собрание, а како резултат на тоа и

[128] Исто, 38.

[129] История на нова България..., 32.

[130] Исто.

[131] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 321-323.

во Постојаниот комитет.[132] П. Каравелов дури станал градоначалник на Пловдив.[133]

Во меѓувреме, во август 1883 година, Александар Батенберг сфатил дека за нормализирање на политичка ситуација во Кнежеството е неизбежно воспоставување на уставниот режим.[134] Во таа смисла, конзервативците и умерените либерали (под водство на Д. Цанков), постигнале извесна спогодба.[135] Таа предвидувала воспоставување на Уставот, растурање на Државниот совет, распуштање на Третото обикновено народно собрание откако ќе изгласа промени во Уставот, а променетиот Устав да стапи во сила по три години. Набрзо, кнезот издал манифест со кој ги прифатил условите од спогодбата. Во септември 1883 година, Батенберг назначил коалициона влада на чело со Д. Цанков. Веќе на 31 декември 1883 година, Д. Цанков формирал нова, хомогена влада (со исклучок на еден министер). [136]

Против горниве компромисни постапки на Д. Цанков, отворено истапиле неговите сопартијци – крајните либерали под водство на Петко Каравелов и П. Славејков. Тие, постепено, својата политичка борба од Источна Румелија ја префрлиле во Кнежеството Бугарија. При таква политичка констелација Т. Китанчев се нашол во Пловдив, каде што решително застанал зад П. Каравелов и за безусловно воспоставување на Трновскиот устав. Со помош на П. Каравелов,[137] Китанчев бил назначен за учител во Гимназијата во Пловдив, каде што предавал историја и географија во IV и V клас и бугарски јазик во нижите класови.[138]

Со оглед на актуелната политичка тема во Кнежеството, П. Каравелов објавил опширна статија во пет продолженија во списанието „Наука“ на тема „Бугарскиот устав и предлаганите промени од Конзервативната партија“.[139] Според Китанчев, споменатава статија на Каравелов претставува прв и многу успешен обид на еден Бугарин од областа на политичките науки и на прашањата од уставната проблематика. Меѓутоа, бидејќи статијата била пишувана врз научна основа, згора на тоа објавена и во научно спи-

---

132 История на нова България..., 39.

133 С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 430; 477.

134 История на нова България..., 36.

135 С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 392.

136 История на нова България..., 40–41.

137 Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 39.

138 Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 310.

139 Исто, 92–93.

сание, таа била тешко достапна за широката јавност, која немала претходни сознанија за споменатава проблематика.[140] Од тие причини, Китанчев се зафатил ставовите на Каравелов да ги популаризира на поедноставен јазик и стил низ неколку продолженија на страниците на весникот „Сознание“. Навистина, Китанчев тоа го направил успешно. Опширниот текст на Китанчев,[141] иако во основа наменет за доближување на ставовите на Каравелов до обичниот човек, од друга страна ни ги открива неговите погледи во врска со актуелните политички настани во Бугарија, но и неговите познавања од областа на политичките системи.

Во секој случај, текстот на Китанчев е од афирмативна природа и во функција на политичката кампања на Каравелов. Препорачувајќи им го Каравелов на читателите, Китанчев, меѓу другото, пишува: „Се надеваме дека г. Петко Каравелов нема да се откаже од должноста (при тие способности и начитаност) да биде учител и воспитувач на нашето младо поколение по политичките прашања, како што брат му Љубен Каравелов стана воспитувач на сегашното наше младо поколение во литературен и белетристички однос“.



Петко Каравелов

Понатаму, Китанчев пишува: „Г-н Петко Каравелов, беше, и уште е, еден од водачите на Народната либерална партија; тој е единствениот човек, којшто може теоретски и научно да ги искаже и да ги заштити начелата на таа Партија; тој можеби зел најголемо учество во изработувањето на овој Устав, кој денес разни лица од разни лагери со ножици в раце се подготвени да го прекројуваат..., без да имаат во својот ум друг подобар и појасен план. Тој имал, има и ќе има приврзаници во цела Бугарија, кој што сака нека зборува. Ако не неговата личност, тогаш барем идеите што ги преследува и на кои сега кај нас, осмислено олицетворение е тој“.[142]

[140] Исто, 93–94.

[141] За комплетниот текст на Китанчев во врска со статијата на Каравелов, види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 92–120.

[142] Исто, 95–96.

Очигледно Т. Китанчев по запознавањето со П. Каравелов, не само што станал негов поддржувач, туку и се вклучил во политичкиот живот. Оттука, Д. Благоев пишува дека Китанчев паднал под силно влијание на П. Каравелов и се нашол меѓу првите луѓе во неговиот штаб, од кој набрзо се изродила Народната либерална партија.[143] Д. Благоев оди дотаму што Китанчев го квалификува како „десна рака“ на Каравелов и негов „жесток партизан“, кој со сета сила се впуштил во политичка борба против „конзервативците, цанковистите и калуѓерите“.[144] Сепак, Д. Благоев ќе запише дека скромниот Китанчев, никогаш не се стремел „да избие на прво место во Партијата“ иако бил еден од нејзините најдобри борци.[145]

Ниту самиот Китанчев воопшто не се стеснува да признае дека бил „каравелист“ и дека ја одобрува и ја поддржува неговата внатрешна и надворешна политика.[146] Меѓутоа, тоа не значи дека Китанчев бил „слеп партизан“ на Каравелов.[147] Кога ќе се проследи севкупната политичка активност на Китанчев, тогаш може да се види дека кај него има значајни осцилации, кои не се својствени за „слепи партизани“, туку за луѓе со политички став и со лични принципи. Како и да е, проследувањето на политичката активност на Китанчев во Бугарија, во висок степен претставува следење на „метаморфозите“ на бугарските либерали.[148]

Трајко Китанчев во Пловдив, покрај со Каравелов, се зближил и со Димитар Петков, кој го издавал весникот „Свирка“. Китанчев се зближил и со Захариј Стојанов, со кого растурале народничка литература.[149]

Во почетокот на 1884 година во Источна Румелија се засилило движењето за обединување со слободното Кнежество Бугарија, а во исто време започнува меѓупартиска борба околу прашањето за главниот управник на провинцијата, чиј што петгодишен мандат истекувал. Во тој контекст, либералите започнале кампања за продолжување на мандатот на дотогашниот управник, Але-

[143] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографически очеркъ..., 267.

[144] Исто, 268.

[145] Исто, 264.

[146] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 315.

[147] Светлозар Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?, Върховният македоно-одрински комитетъ и македоно-одринската организация в България 1895-1903, София 2003, 56.

[148] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографически очеркъ..., 264.

[149] И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 90.

ко Богороди. Против неговата кандидатура истапила Народната партија, која во својата кампања го искористила неговиот негативен став кон Русија, а од друга страна го форсирала прашањето за обединување.[150]

Трајко Китанчев, како приврзаник на Каравелов, зел учество во политичката кампања на либералите. Под нивно влијание, Пловдивската гимназија прераснала во политички клуб, во кој биле вовлечени и учениците. Во врска со тоа, во весникот „Соединение" од 9.2.1884 година, пишува: „Од пред две години наваму, Гимназијата се претвори во чисто политички клуб. Под патронат на Славејков и Каравелов (учители и ученици) зедоа важно учество во политиката. Се прогласија за либерали и не пропуштија ниту еден случај да дејствуваат во изборите. Тие зедоа важно учество во разните митинзи".[151] Поради таквото политизирање на Гимназијата, таа на 6.2. 1884 година била затворена без одлука на Обласното собрание. Во исто време, Дирекцијата за просвета не го прифатила барањето на учениците за отворање на Гимназијата, плашејќи се дека со тоа ќе направат „лош преседан за во иднина".[152] Сето тоа резултирало со ученички бунт, поради кој надвор од училиштето се нашле околу 200 ученици.[153] Според Ј. Иванов, поради таквата постапка на власта со учениците, Т. Китанчев си поднел оставка.[154] Во врска со овој настан, в. „Марица" на 28 февруари 1884 година пишува: „Двајца од учителите во Пловдивската гимназија – Тинтеров и Китанчев – си поднеле оставки. Не знаеме што е вистина, но некои луѓе тврдат дека тие го направиле тоа зашто не го одобрувале начинот според којшто дејствува владата спрема учениците, и дека со зацртаниот план сосема ќе се растрои Гимназијата. Против овие двајца учители досега немало поплаки од учениците".[155]

Ние цениме дека затворањето на Гимназијата за Китанчев претставувала повод, а не причина за оставка. Користејќи го инцидентот во Гимназијата, Китанчев всушност добил можност да се префрли во Кнежеството за да ја поддржи политичката борба на крајните либерали. Имено, кон крајот на 1883 година, Каравелов, свесен дека Д. Цанков со своите компромиси не може да ја води

[150] История на нова България..., 42–43.

[151] Цитирано според: И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 90.

[152] Исто; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 113.

[153] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 39.

[154] Исто.

[155] Цитирано според: И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 90.

борбата за потполно воспоставување на Трновскиот устав, се вратил во Кнежеството, од каде што започнал кампања за нови избори за Обикновеното народно собрание.[156] Во екот на оваа кампања, на 2 март 1884 година, Каравелов имал средба со кнезот А. Батенберг, при што настапил со принципот „ниту кнезот без власт, ниту народот без права“.[157] Тоа значи дека крајните либерали, како дотогашни противници на кнезот, немале ништо против него, доколку биде воспоставен Трновскиот устав. Од друга страна, кнезот чијашто доверба кај Русите била разнишана, имал потреба од здрава внатрешна потпора, каква што во моментот можеле да му пружат само крајните либерали. Оттука, на 25 март 1884 година, кнезот издал указ за одржување избори за IV народно собрание.[158] Од кореспонденцијата на Китанчев гледаме дека пред изборите, тој веќе работел во Габрово – Бугарија.[159] Всушност, Китанчев во кампањата влегол од Источна Румелија, пред распишувањето на изборите во Кнежеството Бугарија. Најдобра потврда за тоа претставува неговата стихотворба „Конзервативно оплакување“, која ја напишал во почетокот на јануари 1884 година и ја објавил во сатиричниот весник „Свирка“.[160]

Од преписката на Т. Китанчев додека престојувал во Пловдив се зачувани две писма до неговиот поранешен ученик Тодор Василев, кој во тоа време се школувал во Русија. Од нив дознаваме на што ги поучувал другите, со кого бил во преписка и каде е насочен неговиот интерес. Така, на пример, во првото писмо до Тодор од 24 ноември 1883 година, Китанчев, меѓу другото, му пишува: „Многу добро разбирам колку му е тешко на човек таму, кога не добива писмо, зашто и самиот јас бев во твојата, па и во многу полоша положба. Но, истрпи уште некоја, па и друга година, помачи се; за да се искалиш добро и да се подготвиш за нови маки и страдања, за нови борби и падови, ако сакаш да бидеш секогаш со народот и за народот. Ако, пак, отстапиш од овој пат и посакаш да се присоединиш кон непријателите на овој народ, да станеш богат и аристократ; потрпи уште малку и наградата ќе ти дојде. Тоа ти е оставено да го избереш сам. За да го фатиш последниот пат, право ти даваат твоите последни страдања и веќе можеш да кажеш

[156] История на нова България..., 41.

[157] Исто, 43. Споменатава средба според С. Радев се одржала на 28.2.1884 година. Види: С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 432.

[158] История на нова България..., 43.

[159] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 314.

[160] Свирка, г. II/5, София, 22.1. 1884, 5.

’Доволно е толку – сакам да живеам и да се насладувам!’ Но ако разбереш дека најголемото насладување е страдањето за доброто и правдата – ти уште отсега треба да пресметаш дека целиот твој живот треба да биде борба, понекогаш успешна, понекогаш неуспешна, но секогаш жестока и горчлива“.[161] Во овие редови Т. Китанчев, всушност, ја насликал својата животна филозофија според која течел и неговиот животен пат.

Од истото писмо дознаваме дека Китанчев кореспондирал со Б. Рајнов, кој во тоа време студирал на физичко-математичкиот факултет во Белгија. Покрај тоа, во писмото Китанчев пројавува интерес за состојбите во Македонија, од каде што не добивал никакви писма, бидејќи се плашеле да му пишуваат. Поради тоа, Китанчев го замолува Тодор, доколку комуницира со некој од Солун, да го информира за состојбите, бидејќи самиот не сакал да му пишува директно никому за да не му наштети во нешто.[162] Веќе во следното писмо (од 19 декември), Китанчев му се заблагодарува на Тодор за информациите што му ги соопштил за Солун.[163]

Од второто писмо на Китанчев до Тодор дознаваме дека поради насоките што му ги давал во поглед на неговата идејна ориентација, настанало извесно недоразбирање. Поради тоа Китанчев му пишува: „Ако ти препорачав некои книги, тоа не го направив со некоја друга цел, туку едноставно зашто мислев дека ќе ти бидат корисни. Пак повторувам, како на пријател. Ако ти споменав неколку зборови за твојата идна насока, тоа не беше затоа што се сомневам во тебе, не дека те мислам за аристократ и слично, туку едноставно затоа што мене ми се допаѓа оваа насока и сакам и моите пријатели да се зацврстат во неа; не ќе речам да бидат како мене, туку подобри од мене“.[164]

Во истото писмо Китанчев го охрабрува Тодор да продолжи да пишува поезија за да го развива својот стил. Од друга страна, Китанчев информира дека самиот пишувал стихотворби кои ги објавувал во видинскиот весник „Свобода“, под псевдонимот „Даскалетина“.[165] Притоа, Китанчев додава дека своите првични творби поради „очај“ ги фрлил в море, но отпосле сфатил дека помеѓу нив имало „посилни и поубави“ отколку оние што веќе ги објавувал. Сепак, Китанчев признава дека во моментот немал инс-

[161] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 309.

[162] Исто, 310.

[163] Исто, 311.

[164] Исто.

[165] Исто, 312.

пиративни теми и дека малку може да пишува, но дека тоа го прави поради големата празнина во книжевноста, па така при „безрибност и ракот е риба“.[166] На крајот од ова опширно писмо, Китанчев пишува дека историјата ја предавал многу подобро отколку порано, бидејќи имал соодветна литература и немал „никакви други главоболки, како во Солун“.[167]

## Повторно во Бугарија – Китанчев како каравелист

Според написите во весниците „Соединение“ и „Марица“, нередите во Пловдивската гимназија избиле во првата декада на февруари 1884 година, а Китанчев својата оставка ја поднел кон крајот на месецот.[168] Нешто понапред видовме дека кон крајот на 1883 година, П. Каравелов својата политичка борба ја пренел во Кнежеството Бугарија, а во времето кога кулминирале нередите во Пловдивската гимназија, предизборната кампања била во полн разгор. При такви околности, најверојатно во почетокот на март 1884 година, Китанчев се нашол во Софија кај својот партиски шеф – Каравелов.

Според Ј. Иванов, Каравелов го препорачал Китанчев кај Спас Вацов (началник на одделение во Министерството за просвета), кој му обезбедил учителско место во Габрово.[169] Кога точно Китанчев се нашол во Габрово, не ни е познато. Неговото единствено писмо од Габрово е од 19 мај 1884 година,[170] што значи дека

[166] Исто.

[167] Исто, 313.

[168] Види: И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 90. Според тоа, тврдењето на Ј. Иванов дека Китанчев во Пловдив престојувал само 4 месеци, не одговара на реалноста (Види: Ю. Ивановъ, Биографически бележки...., 39). Ние констатиравме дека Китанчев веќе во септември 1883 година во в. „Сознание“ во Пловдив ја претставил статијата на Каравелов во врска со Трновскиот устав. Според тоа, Китанчев сигурно не дошол во Пловдив во септември, туку можеби во јули, или август. Од друга страна, јасно е дека нередите во Пловдивската гимназија избиле во почетокот на февруари 1884 година. Ј. Иванов не прецизира кога Китанчев се префрлил во Кнежеството Бугарија, туку во врска со тоа вели дека во почетокот 1884 година тој се нашол во Софија, од каде што преку П. Каравелов, добил место во Габровската гимназија (Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41). Најверојатно врз основа на оваа информација, Д. Зографов, без да посочи извор, пишува дека Китанчев од јануари до август 1884 година учителствувал во Габровската гимназија (Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 274).

[169] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41.

[170] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 313-314.

таму се нашол пред изборите за Четвртото обикновено народно собрание.

Самиот Китанчев престојот во Габрово го гледал како несигурно и привремено решение.[171] Од писмото до Тодор, дознаваме дека Т. Китанчев во овој период се грижел за издршката на своите родители, но и на својот помал брат Ефтим, кој поради бунтовите во Сливен бил избркан од тамошното училиште.[172] Покрај тоа, Китанчев му ветил на својот поранешен другар Б. Рајнов дека ќе издвојува по некоја пара за неговите родители. Од малкуте средства што му останувале од скромната заработка, Китанчев издвоил 20 рубли и му ги пратил на Тодор. Во исто време, Китанчев пишува дека пари му биле потребни и на Б. Рајнов, но дека тој засега нема и нема да ги има ниту следната година.[173]

Овие информации од писмото на Китанчев ја откриваат неговата хумана димензија и подготвеноста своето да го сподели со другите, притоа самиот лишувајќи се од земските задоволства. Токму поради таквите особини на Китанчев, за него во весникот „Право", меѓу другото, пишува: „Трајко не знаеше што е тоа јас. Тој во себе го беше убил егоизмот. Тој беше христијанин во полна смисла на зборот... Тој беше на страната од земските радости и задоволства... Тој беше маченик. Маченик се роди, маченик умре. Беден во детството, беден во својот живот... Трајко беше некористољубив. Тој ништо не правел со цел да добие нешто. Што правеше – го правеше искрено, срдечно, без да очекува некакви користи и добивки, дури не сакаше ниту благодарност. Секогаш му беше тешко, ако не можеше да задоволи нечија молба. Беден се роди, беден умре. Штедлив до немајкаде. Колку и да имаше пари, им ги даваше на оние што имаа потреба".[174] Овие редови колку и да звучат апологетски, тие сепак се инспирирани од моралната и хуманата страна на една личност. А дека тоа е така, најдобро сведочат следниве редови од писмото на Китанчев до Тодор од 23 август 1888 година. Во него Китанчев пишува: „За парите што сум ти ги давал во разни времиња не треба да се грижиш, зашто јас не сум ти ги давал за да ми ги вратиш. Сега ти треба да печалиш пари за да можеш да го довршиш своето образование. Можеби не-

---

[171] На таков заклучок упатуваат зборовите во писмото до Тодор: „Но, пак да видам и тука колку ќе се задржам". (Исто, 314).

[172] Исто, 313.

[173] Исто, 314.

[174] Трайко Китанчевъ, Право, г. I/38, София, 6.8. 1895, 2.

когаш подоцна јас ќе имам потреба, па тогаш ти ќе ми помогнеш, а сега гледај да си помогнеш сам на себеси".[175]

Кон крајот на мај 1884 година, во Кнежеството се одржале изборите за IV обикновено народно собрание. На овие избори политичката борба главно се водела помеѓу двете крила на либералите, додека конзервативците не покажале особени знаци на живот.[176] Бидејќи крајните либерали на П. Каравелов добиле убедливо мнозинство, Д. Цанков (водачот на умерените либерали) поднел оставка на функцијата премиер.[177] Во меѓувреме пропаднале сите обиди за помирување помеѓу либералите. Длабочината на јазот и непомирливоста помеѓу либералите најрелјефно ја отсликуваат зборовите на Д. Цанков: „Ако по својата смрт дознам дека Каравелов е во рајот, јас ќе посакам да ме пратат во пеколот".[178]



Драган Цанков

При такви околности, на 30 јуни 1884 година, П. Каравелов формирал влада во која освен улогата на министер-претседател за себе ги задржал и функциите: министер за финансии, управник на министерството за општествени згради, земјоделство и трговија, додека влијателниот П. Славејков станал министер за внатрешни работи.[179] По извесни политички надигрувања,[180] за претседател на Народното собрание бил избран Стефан Стамболов.

Откако била формирана владата, во август 1884 година во некои места биле одржани дополнителни избори, меѓутоа излезноста била многу мала (10–12%). Во некои места дури не можеле да се состават изборните комисии. Тоа се должело на разбиената опозиција и политичката апатија на населението.[181] Таквата ситуација била добредојдена за Каравелов.

---

[175] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 322.

[176] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 437-438.

[177] История на нова България..., 43.

[178] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 439.

[179] История на нова България..., 43.

[180] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 438-443.

[181] Исто, 445.

Засега не располагаме со директни информации за учеството на Т. Китанчев во предизборната кампања. Меѓутоа, од едно писмо од мај 1884 (без датум), до Стојко Казанџиев, дознаваме дека за време на празниците (нејасно кои?) Китанчев отсуствувал од Габрово, бидејќи бил во Велико Трново.[182] Врз основа на оваа нецелосна информација, си дозволуваме да спекулираме дека посетата на Китанчев на В. Трново е во врска со изборната кампања, особено ако имаме предвид дека во Трновскиот округ кандидати од листата на крајните либерали биле П. Каравелов и П. Славејков.

Трајко Китанчев крајот на учебната година и формирањето на владата на Каравелов ги дочекал како учител во Габрово. Несомнено, победата на либералите директно влијаела врз неговиот иден ангажман. Оттука, во почетокот на учебната 1884/85 година, Китанчев бил назначен за учител во Софиската машка гимназија.[183] Оттогаш Т. Китанчев целосно се оддал кон П. Каравелов.

Острата софиска клима не била благопријатна за Т. Китанчев, кој и без тоа имал чувствително здравје. Поради влошување на здравствената положба, тој заминал на лекување во Виена.[184] Кога заминал Китанчев на лекување во Виена и колку време останал таму, не ни е познато. Но, факт е дека оттаму се вратил во почетокот на февруари 1885 година.[185] По враќањето, Т. Китанчев на 6.2.1885 година до Тодор пишува: „Пред 3–4 дни се вратив од Виена, каде што бев заминал да се лекувам. За оваа моја несреќа, можеби си дознал. Оздравен не сум, но и не се чувствувам сосема болен“.[186] Во продолжение на писмото, Т. Китанчев пишува: „За мене е мачно, но нема што да се прави... Пусти случки, така се наредија во последно време, така што ниту минута спокојство видов,

[182] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 317.

[183] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41.

[184] Според Ј. Иванов, Китанчев од Виена се вратил кон крајот на 1884 година (Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41). Меѓутоа, според писмото на Т. Китанчев од 6.2.1885 година, дознаваме дека тој се вратил само неколку дни пред пишувањето на писмото (Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 314). Од друга страна, според И. Христов, Китанчев, откако се разболел, си поднел оставка на учителското место и заминал на лекување во Виена, а по враќањето оттаму кон крајот на 1884 година бил назначен за просветен инспектор во Велико Трново (И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 91). Меѓутоа и ова тврдење не е точно. Од писмото на Китанчев од 6.2.1885 година, гледаме дека и по враќањето од Виена продолжил да учителствува во Софија.

[185] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 314.

[186] Исто.

ни два дни со пари видов. Поради лекувањето во Бугарија и во Виена се задолжив, та ни себеси не бев во состојба да си помогнам“.[187]

Што се однесува до политичката ситуација, Китанчев на Тодор му пишува: „Оттука новини не можам да ти соопштам, зашто неодамна дојдов и бидејќи малку време имам поради овој даскалак; од друга страна, новините се така ужасни и лоши, што самиот не знам од која да започнам и со која да завршам. Доволно е да ти кажам дека Бугарија и сега е руска провинција, а Македонија наскоро ќе биде под Австрија, а следствено ќе стане српска земја. Знаеш дека јас сум каравелист и дека во тој однос ја одобрувам и поддржувам неговата внатрешна и надворешна политика, но кога при Каравелово управување, Русите со надуени усти насекаде по дружините го забрануваат бугарскиот јазик, бугарските песни... тогаш како ли ќе биде подоцна? Опозицијата е поткупена и крајно безобразна... Русите сериозно се зафатиле да го избркаат (кнезот, б.н.) и да доведат друг. Либералната партија сака да го поткрепи, но тој сам оди кон пропаста. Не се доволни внатрешните прашања, туку уште и овие династички безумија ни се наложуваат на сила. Кога ќе ги земеме предвид железниците, долговите, економскиот пад, бесмисленоста и простотијата на простиот народ, неспособноста на интелигенцијата и др. работи; кога ќе се имаат предвид уште и договорите меѓу самите држави, јас мислам дека набрзо ќе нѐ разделат, набрзо – набрзо ќе нѐ стаса судбината на Полјаците и Малорусите“.[188]

Од изнесениве редови очигледно е дека Китанчев бил длабоко инволвиран во политиката, и тоа како каравелист. Поради сложеноста на општествено-економската и политичката ситуација, тој изразува загриженост за судбината и иднината на Бугарија. Несомнено, Китанчев иако за време на конзервативците се чувствувал како „туѓинец“,[189] сепак Бугарија ја доживува и ја прифатил како своја татковина во која наполно се интегрирал. Во исто време тој изразува загриженост и за судбината на својата родна татковина – Македонија. Таква е сагата на сите бипатриди кои откако ќе се натурализираат во новата татковина стануваат нејзини верни служители, но притоа никогаш не ја заборавааат ниту својата родна земја. Оттука, кај таквите лица е тешко да се излачи каде завршува едниот, а каде започнува другиот патриотизам. Ова

[187] Исто, 314–315.
[188] Исто, 315.
[189] За тоа најдобро сведочи неговата песна: Туѓинец (Чужденец), види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 44-45).

прашање станува уште посложено ако се има предвид бугарско-македонскиот контекст од овој период.

Најверојатно кон крајот на пролетта 1885 година, Китанчев во Софија се сретнал со својот поранешен школски другар – Димитар Благоев.[190] Последниов бележи дека Китанчев пред него го фалел Каравелов како човек кој е подготвен за многу „социјалистички реформи", но дека немал луѓе за да помогнат.[191] Според Д. Благоев, Китанчев во тоа време бил еден од оние што ја распространувале фамата „нема Каравелов, нема Бугарија", која била создадена од З. Стојанов.[192] Според Д. Благоев, во тоа време Т. Китанчев се дружел со Димитар Петков, со кој претходно работел на издавањето на весникот „Свирка", и со Димитар Ризов. Овие двајцата, во овој период како наводни приврзаници на Каравелов, по јавните места во Софија арогантно се исмевале и ги провоцирале конзервативците и цанковистите. Според Д. Благоев, Китанчев иако се дружел со нив како член на Народната либерална партија, никогаш не зел учество во „арогантните улични демонстрации на неговите другари по партија".[193]

## Просветен инспектор и народен пратеник

Во почетокот на јуни 1885 година,[194] Трајко Китанчев бил назначен за просветен инспектор во Трновскиот округ.[195] Логичниот след на нештата нè води кон заклучокот дека именувањето на Китанчев за просветен инспектор токму во Трновскиот округ, не било само поради тоа што не сакал да остане во Софија,[196] или

[190] Д. Благоев пишува дека средбата помеѓу нив се одржала во летото на 1885 година (Види: Трайчо Китанчевъ, Критико-биографичен очеркъ..., 268). Меѓутоа, судејќи според текот на настаните, оваа средба најверојатно била во текот на пролетта.

[191] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографичен очеркъ..., 268

[192] Исто.

[193] Исто.

[194] Търновска конституция, г. II/ 143, Средецъ, 12.6.1885, 2; Исто, бр. 144/14.7.1885, 2.

[195] Со оглед на фактот што Т. Китанчев во почетокот на февруари сè уште бил учител во Софија, не е точна распространетата информација дека за инспектор во Трновскиот округ бил назначен кон крајот на 1884 година. Види: Знаме, г. I,/94, София, 6.8.1895, 1; И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал.., 91.

[196] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41.

поради неговата здравствена положба,[197] ниту пак поради тоа што за време на кратката учителска кариера покажал визија за развојот на образованието. Ако имаме предвид дека назначување на Китанчев за просветен инспектор дошло во времето на владата на Каравелов, и тоа непосредно пред дополнителните избори во овој округ, тогаш станува јасно дека тоа е во тесна корелација со неговата политичка ориентација и потребите на владејачката партија.

Конкретно на 31 мај 1885 година, на IV заседание на Обикновеното народно собрание на Кнежеството било констатирано дека поради испразнувањето (по разни основи) на неколку места во Парламентот, треба да се распишат дополнителни избори.[198] Едно од испразнетите места било во Трновскиот округ. Врз основа на одлуката на Собранието, министер-претседателот П. Каравелов на 19 јуни 1885 година доставил предлог до кнезот А. Батенберг за распишување дополнителни избори. Истиот ден, во согласност со чл. 32 од Законот за избор на пратеници, кнезот издал указ за распишување избори за по едно пратеничко место во 6 округи, меѓу нив и Трновскиот.[199] Погоре констатиравме дека непосредно пред распишувањето на изборите Трајко Китанчев бил назначен за просветен инспектор во Трновскиот округ, каде што заминал во почетокот на јуни. Ако имаме предвид дека на дополнителните избори за Трновскиот округ, Китанчев бил кандидат на листата на владејачката партија, тогаш станува сосема јасно дека таму бил назначен за инспектор за да може на теренот да ја организира својата предизборна кампања. Како поминала кампањата не ни е познато, но факт е дека на дополнителните изборите, кои се одржале на 21 јули 1885 година, Трајко Китанчев бил избран за пратеник на IV обикновено народно собрание од Трновскиот округ.[200] Со тоа Т. Китанчев официјално запливал во политичките води.

Оттогаш па до крајот на животот, Т. Китанчев ќе стане дел од политичкиот и парламентарниот живот во Бугарија, а Трновскиот округ негова изборна база за сите наредни избори. IV обикновено народно собрание, во кое Т. Китанчев добил мандат во 1885 година, било распуштено на 6.9.1886 година поради абдика-

---

[197] Види: Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 274.

[198] Търновска конституция, г. II/133, Средецъ, 1. 06.1895, 2.

[199] Исто, бр. 147, 24.7.1885, 2.

[200] Исто, бр. 155, 25.7.1885, 2. Според тоа, неточни се тврдењата во постарите биографски осврти дека Т. Китанчев бил избран за пратеник во 1884 година. Види: Знаме, г. I/94, София 6.8. 1895, 1; Революция, г. I/7, София 9.8. 1895, 3-4; Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 275.

цијата на кнезот Александар Батенберг. Во тој временски интервал биле одржани уште три вонредни сесии на Собранието, од кои првата била од 11 до 14 септември 1885, втората од 2 јуни до 19 јули 1886 година и третата од 1 до 26 септември 1886 година.



Бугарското народно собрание

Периодот кога Китанчев се стекнал со мандат за пратеник во Народното собрание е крајно турбулентно време во историјата на Бугарија. При недостиг на други информации, податоците за учеството на Китанчев во работата на Собранието ги црпеме од весникот „Трновска конституција", којшто е официјален орган на Народно-либералната партија на П. Каравелов. За тоа ќе стане збор понатаму. Според еден текст во весникот „Знаме" од 1895 година, Китанчев бил еден од „најцврстите и најразумни поддржувачи на г-н Каравелов и на неговото министерство",[201] меѓутоа ние би додале, не секогаш и не по секоја цена.

Според законите на Кнежеството, иако станал пратеник, Китанчев го задржал местото на просветен инспектор за Трновскиот округ. Според мнозина, инспекторската дејност на Китанчев била најпродуктивниот период во сферата на неговата просветна дејност.[202] Китанчев инспекторувањето не го сфатил како некој би-

[201] Знаме, г. I/94, София 6.8. 1895, 1.

[202] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографичен очеркъ..., 296; Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 274-275; Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41-42; Знаме, г. I/94, София 6.8. 1895, 1; Трайко Китанчевъ, Мисълъ, г. V, кн. VI, София 1895, 587-588.

рократ, туку како носител на повисоки интелектуални и морални вредности меѓу народот.[203] Тој како инспектор не само што одлично ги разбирал потребите на училиштата и учителите, туку совршено ги разбирал и потребите и можностите и на општините.[204]

Покрај тоа што се грижел за осовременување и за унапредување на наставата во постојните училишта, Китанчев се заложил за отворање на неделни и вечерни училишта за млади и возрасни, за отворање на библиотеки и читалишта. Притоа самиот држел разни предавања и проповеди по црквите и плоштадите. Истовремено, Китанчев постојано ги поттикнувал и ги подучувал учителите и свештениците.[205] При посетите по селата, селаните со него се советувале за разни прашања.[206] Од друга страна, кога селаните оделе во Трново, редовно го посетувале Китанчев, бидејќи го доживувале како „свој заштитник и вистински пријател, пред кого отворено расправеле за своите болки".[207] Во една пригода, Китанчев успеал да помири две села кои 3-4 децении наназад се расправале за некој имот, притоа полнејќи ги џебовите на трновските адвокати. Последните, злоупотребувајќи ја неукоста на селаните, со разни фалсификати успеале да завладеат поголем дел од спорниот имот. Китанчев не само што ги разоткрил, туку и ги обелоденил сите фалсификувани тапии, поради што врз себе ја навлекол сета жолч од трновските големци.[208] Токму поради таквиот заштитнички однос кон обичните луѓе, Китанчев се стекнал со доверба и популарност меѓу нив. Во 1888 година, кога должноста просветен инспектор наместо со назначување, преминала во изборна, Китанчев бил избран, а потоа и назначен на истото место,[209] на кое останал сè до 1890 година.[210] Популарноста со која се стекнал Китанчев во Трновскиот округ му носела редовна победа на парламентарните избори. Д. Благоев, оценувајќи ја инспекторската дејност на Китанчев, пишува дека „таа треба да се смета за најплодотворна во неговиот живот, а нејзините плодови се трајни и неизбришливи... Благодарение на дејноста на Китанчев, како

[203] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 42.

[204] Знаме, г. I/94, София 6.8. 1895, 1.

[205] Д. Зографовъ, Трайко Китанчевъ..., 42.

[206] Трайко Китанчевъ, Мисълъ, г. V, кн. VI..., 587-588.

[207] Исто, 588.

[208] Исто.

[209] Свобода, г. II/182, София 28.7. 1888, 2.

[210] Трайко Китанчевъ, Мисълъ, г. V, кн. VI..., 588; Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 41.

училишен инспектор, Трновскиот округ денес (1898 г., б.н.) се смета за прв по писменоста“.[211]

По изборот за пратеник, Китанчев често престојувал во Софија каде што земал учество во разни парламентарни и други политички активности. Во согласност со Законот за јавни и приватни училишта во Кнежеството, секоја година се свикувал учителски собор. На соборот биле разгледувани законските проекти на Министерството за просвета, неговите иницијативи, училишните програми, правилници и слично. Од друга страна, Учителскиот собор кој што го сочинувале луѓе од практиката, имал право да поведува иницијативи за унапредување на образованието.[212]

Првото заседание на Учителскиот собор се одржало на 1 август 1885 година во Софиската гимназија.[213] На него учествувале 78 учители и окружни инспектори.[214] Тогаш, во присуство на министерот за образование, за претседател на Постојаното биро на Соборот бил избран Трајко Китанчев.[215] Иако решенијата на Учителскиот собор не биле задолжителни за Министерството за просвета, тие имале значајно влијание врз креирањето на образовната политика. Поинаку кажано, Учителскиот собор имал улога на советодавно тело на Министерството за просвета. По дваесетдневна работа, Учителскиот собор ги усвоил програмите за основните и трикласните училишта, како и Правилникот за управување со основните училишта. Соборот бил затворен на 20 август 1885 година, со пригодна реч на министерот за просвета (Каролев).[216]

## Китанчев низ бугарските турбуленции

Во почетокот на 1885 година под водство на Бугарскиот таен централен револуционерен комитет (БТЦРК), движењето за обединување на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија зело решителен замав.[217] Ова движење било општо прифатливо за населението од двете страни на границата по Стара Планина. Со

[211] Трайчо Китанчевъ, Критико-биографичен очеркъ..., 269.
[212] Търновска конституция, г. II/159, Средецъ, 18.8.1895, 2.
[213] Исто, бр. 158, 5. 08, 1895, 2.
[214] Исто, II/159, Средецъ, 18.8.1895, 2.
[215] Исто, бр. 158, 5. 08. 1895, 2.
[216] Исто, бр. 163, 20.8.1885, 1; 3.
[217] История на нова България.., 52-55.

идејата за обединување била опседната и бугарската политичка елита, како и кнезот. Меѓутоа, за разлика од комитетите, бугарските политичари требало да дејствуваат прагматично и внимателно. Оттука, кога движењето се засилило, бугарските политичари манифестирале извесна воздржаност и резервираност.

Паралелно со движењето за обединување на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија, во почетокот на 1885 година македонствувачките фактори во Бугарија под водство на Димитар Петков и Димитар Ризов почнале да подготвуваат луѓе за организирање на востание во Македонија.[218] Иако Д. Ризов и Д. Петков во овој период биле блиски со бугарскиот премиер – П. Каравелов, последниов имајќи ги предвид пред сè интересите и стабилноста на Кнежеството, се определил против секаков авантуризам во Македонија. Поради таквата политика, Каравелов бил обвинет за предавство на четата на Калмиков, која во мај се обидела да навлезе во Македонија, па дури бил прогласен и за „македонофоб“.[219]

Каравелов бил повнимателен кога станувало збор за обединување со Источна Румелија. Меѓутоа, и во тој поглед се однесувал резервирано, иако бил информиран за активностите на БТЦРК.[220] Политиката на Каравелов во врска со прашањето за Македонија и Источна Румелија во весникот „Трновска конституција“ е претставена на следниов начин: „По македонското прашање ние сме верувале и веруваме и не се плашиме да се искажеме дека Македонија нема да се ослободи со чети од по 50 и 100 души. Ние настојувавме, настојуваме и ќе настојуваме за исполнување на Берлинскиот трактат во однос на Македонија, бидејќи таму стоиме на законска почва. Не дека не го сакаме соединувањето било на Тракија, било на Македонија, но не сакаме да си правиме скандали, и да ја компромитираме иднината со детски подвизи. За големи настани се потребни и големи жртви. Ако сме во состојба да се обединиме со Тракија со други средства, освен со митинзи, или да ја ослободиме Македонија освен со ајдучки чети, тогаш да го преземеме овој подвиг сами, но ако не сме во состојба да направиме нешто повеќе од тоа, благоразумието бара да не ризикуваме“.[221]

Ние го немаме официјалниот став на Т. Китанчев во врска со политиката на Каравелов во однос на Македонија. Ако ја имаме предвид исповедта на Китанчев од февруари 1885 година, де-

---

[218] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 460; 493-495.
[219] Исто, 461-462.
[220] История на нова България.., 56-57.
[221] Търновска конституция, г. II/151, 9. 07. 1895, 1.

ка тој ја поддржува внатрешната и надворешната политика на Каравелов, лесно ќеповеруваме дека поради лојалност кон партискиот шеф бил согласен со неговата политика, која е против востание во Македонија. Меѓутоа, ако ја имаме предвид песната „Кон Македонецот“[222] за која стои дека е преработена во 1885 година, ќе видиме дека Т. Китанчев го прекорува Македонецот за неговото пасивно држење и го повикува на вооружена борба против разните потиснувачи, тогаш заклучокот би бил поинаков. Оттука ќе кажеме дека доколку Китанчев поради лојалност кон партискиот шеф можеби јавно не противречел на неговата политика во однос на македонското прашање, интимно тој бил на спротивни позиции. Или поинаку, Китанчев како бипатрид доколку јавно ја поддржувал политиката на својата втора татковина (Бугарија), интимно тој копнее за слободата на својата родна татковина (Македонија) и отворено повикува на борба.

Ако Каравелов од прагматични причини се држел резервирано кон движењето за обединување на двете бугарски области, кнезот А. Батенберг, кој исто така бил информиран за планираното обединување, иако не му дал отворена поддршка на движењето, сепак не се спротивставил на подготовките за тоа. Кнезот во обединувањето гледал шанса за воспоставување на својот престиж, кој сериозно бил нагризан за време на режимот на полномоштвата. Откако се убедил во сериозноста на движењето, кнезот започнал дипломатска сондажа кај некои од Големите сили.[223] Притоа најголем противник на обединувањето била Русија, која претходно ја загубила довербата во кнезот, а од друга страна во тоа време била зафатена со проблемите околу Авганистан,[224] поради што не сакала дополнителни компликации на Балканот.

Ноќта на 5 спроти 6 септември 1885 година, заговорниците во Пловдив го прогласиле обединувањето на провинцијата Источна Румелија со Кнежеството Бугарија. Чинот на симнувањето на управникот на провинцијата, Г. Крстич, и прогласувањето на обединувањето минале без отпор, на општо задоволство на сите. Оттука И. Вазов за овој настан ќе запише дека: „тоа било една од најлесните револуции во историјата, зашто таа одамна била извршена во душите“.[225]

---

[222] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 38-40.

[223] История на нова България..., 57.

[224] Исто, 59.

[225] Исто, 62.

Веднаш по прогласувањето на обединувањето, БТЦРК назначил привремена влада и се самосраспуштил. Привремената влада го известила А. Батенберг дека обединувањето е извршено во негово име и издала заповед за мобилизација на резервистите од 18 до 40 години. А. Батенберг, од своја страна, изјавил дека не може да не го прифати обединувањето и да не ја земе И. Румелија под свое покровителство.[226] Во исто време, Батенберг стапил во контакт со премиерот П. Каравелов, кој во тоа време се наоѓал во В. Трново. Во консултација со него, Батенберг издал укази за општа мобилизација и за свикување на IV обикновено собрание на вонредна сесија, која била закажана за 10 септември.[227] П. Каравелов, кој претходно се држел резервирано по прашањето за обединувањето, откако тоа било објавено во И. Румелија, го прифатил како свршен факт и се заложил за преземање мерки „за да се спаси состојбата“.[228] Понесен од еуфоријата, Каравелов на митингот во Трново по тој повод изјавил: „Оваа година во Тракија, догодина во Македонија“.[229]

На 8 септември, Батенберг заминал за Трново, каде што се сретнал со премиерот Каравелов, со претседателот на Собранието С. Стамболов и со претставници на Привремената влада од Пловдив.[230] Од Трново кнезот издал Манифест до бугарскиот народ со кој официјално го прифатил обединувањето и ја повикал нацијата за заштита на „светото дело“. Следниот ден Батенберг и Каравелов се нашле во Пловдив,[231] а со тоа престанал мандатот на Привремената влада.[232] Кнезот од Пловдив ги информирал претставниците на Големите сили во Софија дека ја прифатил управата на Јужна Бугарија.[233]

На 11 септември 1885 година во Софија била отворена вонредната сесија на Обиконовеното народно собрание, на кое учествувал и Т. Китанчев. По предлог на Каравелов, Собранието ги одобрило преземените мерки во врска со обединувањето, одобрило кредит од 10 милиони лева за мобилизација и за секој случај го изгласало буџетот за следната 1886 година. Сето тоа се одвивало

[226] Търновска конституция, г. II/168, 7.2.1885, 1-2.

[227] Исто, 2.

[228] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 541.

[229] Исто, 540.

[230] История на нова България.., 63.

[231] Исто, 64.

[232] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1.., 545.

[233] История на нова България..., 64.

по кратка постапка, еднодушно и без расправа. Единствено против бил Д. Цанков, со образложение дека не сакал да даде одобрување на една политика, која била насочена против Русија.[234]

Обединувањето на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија,[235] претставувало сериозно нарушување на Берлинскиот поредок, поради што обединетото Кнежество се нашло во незавидна комплицирана ситуација.[236] Од една страна, демнела опасност од османлиска воена интервенција, а од друга, дошло до влошување на односите со ослободителката Русија. Австро-Унгарија во тоа гледала загрозување на нејзините интереси во Македонија, па така единствен поддржувач на обединувањето во прво време останала Англија. Последнава тоа не го правела од некаква сентименталност кон Бугарија, туку во тоа гледала можност за истиснување на руското влијание од Балканот. Против обединувањето остро истапиле Србија и Грција. Двете земји во бугарското обединување виделе нарушување на постојното status quo и загрозување на нивните интереси во Македонија.[237]

Српската влада и кралот Милан им ставиле до знаење на дипломатските претставници во Белград, дека Србија ќе бара територијална компензација еднаква на проширувањето на Бугарија. Истовремено Србија прогласила мобилизација.[238] Грчкиот политичар Трикупис, во Лондон и Атина, изјавил дека Грција е заинтересирана за поделба на Македонија. Грција исто така спровела мобилизација.[239] Поради сличноста на интересите, Србија и Грција започнале преговори за поделба на Македонија на сфери на влијанија.[240] Меѓутоа, преговорите биле прекинати, бидејќи двете

---

[234] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 549.

[235] Според чл. 4 од додатниот протокол кон Троцарскиот договор кој бил потпишан меѓу Русија, Германија и Австро-Унагрија во јуни 1881 година, допуштено е обединување помеѓу Кнежеството Бугарија и провинцијата Источна Румелија. Притоа, потписниците се обврзале да ги „одвраќаат Бугарите од секакви агресивни дејства кон соседните провинции, имено кон Македонија“. (А. Христов – Ј. Донев, Македонија во меѓународните договори..., 107.

[236] Повеќе за тоа, види: С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 562-604.

[237] История на нова България..., 66.

[238] Елена Стателова, Радослав Попов, Василка Танакова, История на българската дипломация 1879-1913, София 1994, 51.

[239] Далибор Јовановски, Односот на Грција кон Македонија за време на источнорумелиската криза (септември-ноември 1885 година), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 58, Скопје, 2005, 234–236; 243–244.

[240] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 19.

земји биле свесни дека оваа иницијатива нема да добие меѓународна поддршка.[241] При такви околности, од балканските земји неутрален став во врска со бугарското обединување зазеле Романија и Црна Гора.[242]

Одговорот од бугарска страна на српско-грчките барања за територијална компензација гласи: „Прогласувањето на обединувањето на т.н. Источна Румелија со Кнежеството е наша домашна работа. Тоа не ги засега ниту Србија, ниту Грција, следствено не може да ги засега нивните животни интереси. Србија нема работа со Северна Бугарија, ниту Грција во Јужна Бугарија. Ако под животни интереси на Србија и Грција треба да ја подразбереме Македонија, врз која овие кралства имаат неоправдани претензии, тогаш поставувањето на овие интереси е предвремено, зашто ние ниту сме навлегле во Македонија, ниту пак засега мислиме да навлеземе“.[243]

Поради изразениот српски милитаризам, Бугарија почнала да се однесува внимателно, при што се обидела да ги релаксира односите со преговори за поделба на сферите на влијанија во Македонија.[244] Во меѓувреме, Австро-Унгарија и Англија ѝ сугерирале на Бугарија да направи извесни територијални отстапки кон Србија. Бугарскиот одговор на таквиот предлог гласи: „За Видин и неговиот округ и за чисто бугарските места во Македонија, Бугарија е подготвена да го жртвува својот последен граѓанин и последниот цент“.[245]

Додека бугарските војски биле насочени кон османлиската граница од каде што очекувале интервенција поради обединувањето, Србија ги распоредила своите сили по границата кон Бугарија. Во меѓувреме, во двете земји започнала пропагандна војна преку печатот за подигање на моралот на населението. Со оглед на фактот што бугарското население било понесено од еуфоријата на обединувањето и српската воинственост била доживеана како неправеден соседски чин, моралната предност била на бугарска страна. При таква констелација, Трајко Китанчев своите ставови во врска со претстојната војна ги објавил во в. „Трновска консти-

[241] История на българската дипломация..., 53.

[242] Исто, 52.

[243] Търновска конституция, г. II/168, 17.9.1885, 1.

[244] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт ..., 34.

[245] Македонија во билатералните и мултиратералните договори на балканските држави 1861–1913, документи (редакција и коментар Михајло Миноски), Скопје 2000, 296.

туција“ во бројот од 12.10.1885 година.[246] Во овој текст, Китанчев меѓу другото истакнува дека Бугарија се нашла пред опасност од една братска земја во време кога тоа најмалку било очекувано од неа. Тој се осврнува и на српската шовинистичка пропаганда против Бугарија. Меѓу другото, Китанчев пишува: „српската влада натрупа војска на целото пространство покрај нашата граница и тоа тогаш, кога повеќето наши војски веќе беа отидени на турската граница во Тракија и на македонската граница кај Ќустендил. Наместо да нѐ поддржат и да ни помогнат, Србите ги свртуваат своите војски против нас и тоа во таков момент, кога, можеби, ни претстои војна со Турција... Тоа ли е јунаштина? Нашата влада, која не претпоставуваше дека Србите ќе си дозволат една таква неблагодарна постапка, не остави ниту еден војник по српско-бугарската граница, и реално Србите имаат право да бидат така храбри во првите денови од овој месец, но подоцна веќе се презедоа мерки, и веруваме дека ако Србите си дозволат да нападнат, дека ќе има кој да ги пресретне. Ние не сме нападнале, ниту сакаме да нападнеме никого, но ако нѐ нападнат, ќе се браниме со очај на еден народ кој е така коварно и предавнички нападнат и нема да дозволиме ниту една педа од нашата земја да помине кон нашите толку љубезни браќа – Србите. Работата која ја зафаќаат сега Србите против нас се осудува од сиот чесен печат, зашто тоа наликува исто како некој човек да изврши напад врз куќата на својот сосед, додека домаќинот е отсутен. Дали не сфаќаат Србите и нивната влада дека со своите постапки му нанесуваат штета, не само на бугарскиот народ, туку и на српскиот“?[247]

Од изнесеново, очигледно е дека Т. Китанчев настапува како бугарски патриот, кој цврсто е определен за одбрана на територијалниот суверенитет на Бугарија по секоја цена, иако самиот признава дека војната ќе им донесе штета на двата народи.

Во почетокот на ноември 1885 година, Србија ѝ објавила војна на Бугарија.[248] Т. Китанчев, кој непосредно пред војната вле-

---

[246] Търновска конституция, г. II/175, 12.10.1885, 1-2. Статијата на Китанчев е поместена на насловната страница, при што таа е без наслов и без името на авторот. Меѓутоа, Ј. Иванов, споменатава статија ја дава под наслов „Сърбия противъ съеденинието“ (Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 125–127).

[247] Търновска конституция, г. II/175, 12.10.1885, 1-2.

[248] Повеќе за Српско-бугарската војна, види: С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 607-724; Слободан Јовановић, Српско-бугарски рат, Београд 1901; Војислав Вујовић, Дипломатска историја српско-бугарског рата, Београд 1956.

гол во вербална одбрана на „татковината“, по нејзиното објавување, од зборови преминал на дело. Тој се пријавил како доброволец во Пештерската дружина и нечујно заминал на бојното поле.[249] Во краткотрајната Српско-бугарска војна, Китанчев настапувал како обичен војник, без никакви привилегии што му ги носел општествениот статус. По завршувањето на војната, повторно нечујно се вратил на своите редовни обврски. Поради скромност, Китанчев не сакал да расправа за учеството во војната, па така мнозина од неговите пријатели воопшто не знаеле за неговото учество во војната.[250]

## Китанчев во времето на династичкиот преврат – зближувањето со Стамболов

По завршувањето на српско-бугарската војна, Трајко Китанчев се вратил во Велико Трново каде што работел како просветен инспектор, но и како политичар. Од неговата преписка гледаме дека продолжил да порачува разновидна литература од областа на хуманистичките и општествените науки.[251] Од писмата до Тодор, дознаваме за неговите грижи кон своите родители, кон пријателите, но во нив се среќава и по некоја информација за неговите ставови во врска со актуелните политички состојби.

Во писмото од 9 мај 1886 година, Китанчев му советува на Тодор да ја напушти духовната семинарија, бидејќи во неа „нема да научи ништо корисно“ и да се запише на некој универзитет, притоа ветува дека лично ќе се заложи да му издејствува стипендија.[252] Во истото писмо, Китанчев пишува дека одвај успеал да ги врати долговите што ги направил за време на лекувањето во Виена и дека „скапо“ го чинела борбата со политичките противници за време на престојот во Софија, поради што не бил во состојба да им прати пари ниту на своите родители, ниту на татко му на Рајнов, ниту на самиот Божил.[253] Од ова писмо гледаме дека Китанчев чувствува грижа на совеста, зашто немал можност да го исполни она, што своевремено му го ветил на Б. Рајнов.

---

[249] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 42,

[250] Исто.

[251] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 315–316; 318–321.

[252] Исто, 318.

[253] Исто, 318–319.

Што се однесува до прашањата од политичка природа, Т. Китанчев на 3 март 1886 година му пишува на Тодор дека внатрешната положба во Бугарија била мирна, решавањето на клучните прашања зависело однадвор и дека во земјата има незначителна „руска партија“ која посакувала окупација.[254] Во истото време, Китанчев од Тодор бара да го информира за погледите на руското општество за „бугарските работи“. Веќе во писмото од 9 мај, Китанчев го предупредува Тодор да биде внимателен во писмата и своите знаења да ги чува за Бугарија додека го заврши училиштето, бидејќи бил осомничен.[255] Од овие информации, како и од оние од писмото од 6.2.1885 година,[256] гледаме дека Китанчев е на антируски позиции кога станува збор за руското влијание во Бугарија и активноста на домашните русофили. Наводно „незначителната“ проруска партија на која укажува Т. Китанчев во март, веќе на почетокот на август предизвикала сериозни политички турбуленции.

Кон крајот на март 1886 година, во Истанбул бил потпишан Топханенскиот акт, со кој било санкционирано обединувањето на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија.[257] По регулирањето на ова прашање, Кнежеството навидум требало да заплива во помирни води, меѓутоа работите тргнале во спротивен правец.

По обединувањето на двете бугарски области и успешната војна со Србија, на површина избило стопанското растројство на земјата. Лошата економска положба, поради финансиската истоштеност создала услови за социјални тензии и за заострување на меѓупартиските борби. Во исто време, опозиционерите почнале да ја напаѓаат владата на Каравелов поради условите под кои бил потпишан мирот со Србија,[258] Топханенскиот акт и отстапените територии на Османлиската Империја и поради тоа што не успеала да ги нормализира односите со Русија.[259] Русофилите, користејќи го социјалното незадоволство во земјата, ја исфрлиле старата девиза „Без Русија не можеме“ и почнале да зборуваат за отстранување на Батенберг, кој според нив бил главна пречка за нормализирање на односите со Русија.[260]

---

[254] Исто, 315–316.

[255] Исто, 318.

[256] Исто, 315.

[257] Международни актове и договори..., 170.

[258] Види: Далибор Јовановски, Балканот од 1826–1913, Скопје 2011, 175.

[259] История на нова България..., 89.

[260] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 740.

Во летото на 1886 година, Бугарија се нашла пред дилемата: Батенберг или Русија? По ова прашање се издифиренцирале две спротивставени политички групации, а помеѓу нив се нашла ѝ трета опција. Крајната русофилска групација ја сочинувале умерените либерали под водство на Д. Цанков. Кон нив се придружиле дејците од Народната партија од Јужна Бугарија, како и некои дејци од Конзервативната партија. Според нив, подобрувањето на односите со Русија било возможно само со отстранување на Батенберг. Наспроти нив се нашла националистичката групација, под водство на Васил Радославов (министер за правда во владата на Каравелов). Околу него се концентрирале дел од либералите, дејците од обединувањето, либералите од Јужна Бугарија и мал дел од конзервативците. За нив кнезот Батенберг бил симбол на обединувањето и на суверенитетот. Според нив, „без Батенберг нема Бугарија". Нивниот национализам бил резултат од бруталното руско мешање во внатрешниот живот на Бугарија. Како трета опција, помеѓу русофилите и русофобите се нашла владата на Каравелов, кој сѐ уште имал поддршка од претседателот на Собранието, Стефан Стамболов. Каравелов, поаѓајќи од националните интереси на земјата, настојувал за подобрување на односите со Русија, но не и за отстранување на Батенберг. Меѓутоа, со оглед на минатото, Русите немале доверба во Каравелов. При такви услови, прашањето: за или против кнезот, прераснало во прашање: со, или без него.

Во таков амбиент се одржала четвртата вонредна сесија на IV обикновено народно собрание, која траела од 2 јуни до 19 јули 1886 година. На сесијата првпат учествувале пратеници од поранешната Источна Румелија, иако тоа било спротивно на Топханенскиот акт.[261] Оваа сесија минала под знакот на остри расправии и недоразбирања помеѓу традиционалната опозиција и власта, при што на површина избила и новата либерална опозиција околу В. Радославов.

Како повод за жестоките дебати послужило престолното излагање на кнезот во врска со обединувањето. Тој во својата реч не ги споменал ниту својот сизерен – султанот, ниту пак Русија, што предизвикало реакција кај дипломатските претставници.[262] Покрај тоа, опозицијата го нападнала Каравелов за отстапените области во Крџалиско и во Родопите на Османлиската Империја. Факт е дека според Уставот промена на границата можело да изврши само Великото народно собрание. Каравелов бил свесен за

[261] Исто, 746.

[262] Исто, 746–747.

тоа, но поради сложеноста на ситуација, не помислувал на свикување на Великото собрание. Паралелно со тоа, опозицијата го засегнала прашањето за односите со Русија. Мачната расправија по овие прашања одвај била надмината по излагањето на претседателот на Собранието, Стефан Стамболов, и премиерот Петко Каравелов.[263]

По замолчувањето на опозицијата, Каравелов требало да се соочи со нападите од своите либерали, кои се групирале околу В. Радославов. Некои од дотогашните следбеници на Каравелов, воспитани од него во крајните доктрини на парламентаризмот, се кренале против неговиот опортунизам, токму со оружјето што научиле да го користат од него. Не можејќи да ја поднесе оваа аномалија, Каравелов одвај чекал да заврши сесијата за да изврши реконструкција на својот кабинет. Во една пригода, тој се испуштил пред мнозинството и се заканил дека ќе го смени Радославов од министерскиот пост. Последниот, откако дознал за тоа, веднаш понудил оставка, но Каравелов не ја прифатил, плашејќи сѐ да не го загуби мнозинството во Парламентот.[264]

За време на оваа Парламентарна сесија, авторитетот на премиерот сосема опаднал. При неговите настапи често се слушале зборовите „Долу Каравелов“, па дури бил нарушуван и редот во Собранието. Така, за време на една затворена седница, неколкумина ги искршиле вратите и насилно влегле во салата.[265] Благодарение на умешноста на С. Стамболов, сесијата успешно била приведена кон крајот. Од оваа сесија Каравелов излегол со сомнителна победа и со голем морален пораз. Деновите на неговото владеење, како и на кнезот Батенберг, биле изброени.

За нас е особено интересно да го проследиме однесувањето на Т. Китанчев за време на оваа сесија, бидејќи претходната година минувал за неоспорен каравелист. Според весникот „Трновска конституција“, Т. Китанчев бил член на комисијата која требало да го проучи предлог-законот за пензионирање на убиените, умрените, ранетите и болните офицери и подофицери за време на војната и во мирновременски услови при вршење на службата.[266] Извештајот на Комисијата во врска со овој закон бил на дневен ред

---

[263] Исто, 748–754. За говорот на Каравелов, види: Търновска конституция, г. III/36, 14.6.1886, 2.

[264] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 755.

[265] Исто, 756.

[266] Търновска конституция, г. III/36, 14.6.1886, 3.

на Заседанието од 20 јуни 1886 година.[267] Следниот ден, за споменатиов закон се отворила остра расправа. Еден од спорните членови предвидувал лично лишување од пензиите на оние пензионери на кои им биле одземени граѓанските прва од страна на судовите. Во такви случаи, пензиите преминувале на нивните семејства. Меѓутоа, д-р Вачев предложил семејствата на лицата што ги загубиле граѓанските права да не можат да се јават како наследници на пензиите. Тогаш Трајко Китанчев со уште неколку пратеници застанал во одбрана на предложениот член, со образложение дека децата на прекршителите на законите не треба да трпат последици поради престапите на своите татковци.[268] Таквиот став на Китанчев е уште една потврда за неговите заложби за социјална правда и правичност.



Васил Радославов

На Заседанието од 2 јули, пред пратениците се нашол предлогот на министерот за војна за одобрување кредит од 3600000 лева за потребите на армијата.[269] Со оглед на карактерот на Законот, тој бил разгледуван на затворена седница. Меѓутоа, неколкумина пратеници, на чело со Најчев, побарале Законот да се разгледува на отворена седница. Во врска со тоа настанала жестока расправа проследена со неред. Тогаш Каравелов побарал Најчев да биде отстранет од Заседанието еден ден. Против предлогот на Каравелов истапиле неколкумина пратеници, меѓу нив и Трајко Китанчев. Според нив, предлогот на премиерот немал законска подлога, а евентуалното негово прифаќање би било опасен преседан за во иднина.[270] Независно од критиката, предлогот на Каравелов бил изгласан од мнозинството.

Од реакцијата на Китанчев гледаме дека тој како пратеник на владејачката партија отворено истапил против предлогот на својот партиски шеф. Според податоците со кои располагаме, тоа е прво отворено спротивставување на Т. Китанчев на својот парти-

[267] Исто, бр. 38, 26.6, 1886, 1.
[268] Исто, 2.
[269] Исто, бр.39, 3.7.1886, 2.
[270] Исто, 3.

ски лидер. Меѓутоа, набрзо, Китанчев ќе го видиме на страната на Стамболов и В. Радославов.

Поради насилниот упад на Крџиев со уште десетина души во Собранието, С. Стамболов поднел предлог за дополнување на казнените одредби и за казнување со најмалку 3 години затвор на сите што ќе го нападнат Собранието, како и за поттикнувачите на таквите дејства.[271] При дискусијата во врска со оваа иницијатива, Китанчев го поддржал предлогот на Стамболов. Тоа, пак, ни укажува дека Т. Китанчев како легалист бил против насилството во политиката и за заштита на институциите. Тоа набрзо ќе се потврди за време офицерскиот преврат и на детронирањето на кнезот.

Ноќта на 8 спроти 9 август 1886 година, група незадоволни proruski ориентирани офицери, под раководство на мајор Петар Груев, капетаните Атанас Бендеров и Ратко Димитров, со помош на Струмскиот пешадиски полк, Првиот артилериски полк од Софија и јункерите од военото училиште, извршиле државен преврат. Тие го привеле кнезот А. Батенберг, изнудиле да потпише абдикација, а потоа под конвој го спровеле надвор од земјата.[272] Патем привремено бил арестуван и премиерот Каравелов.[273] Тој, иако претходно бил информиран за намерата за преврат, поради својата нерешителност и бесконечното тактизирање, ниту го поддржал, ниту пак го попречил.

Едновремено со отстранувањето на кнезот, заговорниците прокламирале привремена влада во состав: Каравелов, Стамболов, Цанков, Бурмов, Икономов, Величков, Маџаров, Радославов, Стоилов, Греков и Никифоров.[274] Намерата на заговорниците била формирање на влада од сите политички субјекти. Но предложените лица претходно не биле консултирани, поради што одбиле да влезат во владата и да му дадат легитимитет на превратот. Оттука, на 9 август, по совет од Русија, заговорниците именувале нова привремена влада на чело со митрополитот Климент (Васил Друмев).[275] Оваа влада опстојувала само три дни, но таа не покажала капацитет да се справи со ситуацијата која во меѓувреме радикално се променила. Сето тоа зборува дека организаторите на

---

[271] Исто, бр. 40, 12.7.1886, 1; 4.

[272] История на нова България..., 90-91.

[273] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.1..., 799-800.

[274] Исто, т. 2, 12.

[275] Исто, 18.

превратот влегле во авантура без конкретен план за политичкиот исход, со што ја турнале земјата во длабока политичка криза.

Во меѓувреме, либералите-националисти и командантите на воените гарнизони од Јужна Бугарија, организирале контра преврат за враќање на кнезот. На чело на движењето застанал претседателот на Обикновеното собрание – Стефан Стамболов, кој во тоа време се затекол во Велико Трново. Таму алармот за превратот го кренал В. Загоров – началник на телеграфската станица.[276] По добивањето на првата телеграма, тој веднаш пратил луѓе за да ги повикаат С. Стамболов, Т. Китанчев, И. Калчев, П. Славков и Д. Градинаров. Прв во станицата пристигнал Т. Китанчев. Тој, по прочитувањето на телеграмата, бил крајно вознемирен поради извршениот преврат. Набрзо потоа пристигнал и С. Стамболов. Наредните денови телеграфската станица во Трново прераснала во своевиден штаб, од каде што Стамболов го организирал контрапревратот. Китанчев, како русофоб, во овој драматичен момент не само што застанал на страната на Стамболов, туку бил и негов најблизок соработник.[277] Тој ги редактирал телеграмите што од името на Стамболов биле праќани низ разни страни во Бугарија.[278] Како дел од штабот на Стамболов, Т. Китанчев учествувал на сите состаноци во Трново од каде што била организирана и насочувана акцијата за враќање на кнезот.[279]

Имајќи го предвид претходново, но и подоцнежното политичко однесување на Китанчев, би било некоректно ако кажеме дека тој застанал на страната на Стамболов наспроти воздржаниот Каравелов и особено против русофилите – превртаџии. Всушност, со својата постапка, Китанчев застанал во одбрана на институцијата кнез како симбол на суверенитетот на државата. Најдобра потврда за тоа е подоцнежното свртување на Китанчев против Стамболов, откако тој на внатрешен план воспоставил диктаторски режим, а на надворешен повел крајно русофобска политика.

Во прво време, С. Стамболов од Трново ги информирал командантите на гарнизоните во јужна и источна Бугарија дека не прифатил учество во привремената влада,[280] и побарал поддршка за организирање на контра преврат. Притоа за главен командант на воените сили го именувал Муткуров. Откако ја добил наклоне-

---

[276] Исто, 21.

[277] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 42-43.

[278] Исто, 43.

[279] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.2..., 70-75; 78-81.

[280] Исто, 21.

тоста од поголемиот дел од армијата, Стамболов испратил прокламација до бугарскиот народ при што владата на митрополитот Климент ја прогласил за нелегитимна, а превратот за предавнички чин, и го повикал народот во одбрана на круната и татковината.[281] Заговорниците, кои навидум ја контролирале состојбата од Софија, всушност не успеале да воспостават контрола над армијата. Така армијата, како и општеството, по прашањето за превратот се нашле на две спротивставени страни. Земјата се нашла пред граѓанска војна.

Поради сложеноста на ситуацијата, по совет од дипломатските претставници (англискиот и рускиот), на 12 август 1886 година во Софија била формирана коалициона влада на чело со П. Каравелов.[282] Според нив, Каравелов бил „единствениот човек, способен да ја спаси земјата од граѓанска војна“.[283] Истовремено, П. Каравелов, С. Стамболов и мајор Никифоров биле прогласени за регенти. Последнава одлука, иако била во спротивност со Уставот, според Каравелов била неопходна, бидејќи земјата останала без кнез. Со формирањето на новата привремена влада и назначувањето на регентството, опасноста од граѓанска војна делумно била намалена, но таа сè уште не била отстранета. Во меѓувреме била интензивирана комуникацијата помеѓу Стамболов од Трново и Каравелов од Софија. Според Каравелов, прашањето за кнезот требало да го разреши Народното собрание по смирувањето на земјата, но според Стамболов, Батенберг требало неодложно да се врати во земјата, по цена и на граѓанска војна. Во меѓувреме, Стамболов презел иницијатива за пронаоѓање и враќање на Батенберг.

На 13 август, војските од јужна Бугарија тргнале кон Софија. Владата на Каравелов, за да го избегне крвопролевањето, наредила отстранување на воените единици од Софија кои зеле учество во превратот. Така организаторите на превратот и дел од нивните поддржувачи (воени и цивилни) ја напуштиле земјата. На 15 август Стамболов испратил телеграма до кнезот А. Батенберг, кој веќе бил во Л’вов (тогаш во Австро-Унгарија), со молба да се врати во земјата. Следниот ден, Стамболов како претседател на Народното собрание, објавил прокламација до бугарскиот народ и назначил намесништво во кое влегле: Стамболов, П. Славејков

[281] Исто, 78–79.

[282] История на българската дипломация..., 94.

[283] Стойчо Грънчаров, Политическите сили и монархическият институт в България, София 1984, 51.

и Г. Странски, а истовремено назначил нова влада на чело со В. Радославов.[284] Со оваа политичка одлука, Стамболов го елиминирал Каравелов со неговата влада. Од друга страна, со именувањето на намесништвото, кое според Уставот сепак имало каков таков легитимитет, било суспендирано нелегитимното регентство.



Александар Батенберг

Во меѓувреме, во организација на Г. Начович, Батенберг бил вратен во земјата. Тој на 17 август стасал во Русе, од каде што се обратил со прокламација до бугарскиот народ. Притоа објавил дека го презема управувањето на земјата, дека ги одобрува постапките на намесништвото и ја прифаќа последната привремена влада.[285] И покрај оваа прокламација, Батенберг не се чувствувал сигурен и повеќе не сакал да кнезува без благослов на Русија. Оттука, без знаење на Стамболов и владата, Батенберг за своето враќање и останување на престолот побарал одобрување од рускиот император.[286] Во меѓувреме, Батенберг од Русе заминал за Трново. Влегувањето во Трново било триумфално. Таму во одборот за дочек се нашле П. Р. Славејков, Г. Живков, Трајко Китанчев и други.[287] На свеченоста, по тој повод зборувал Китанчев. Неговата реч завршила со зборовите „долу предавниците“.[288]

---

[284] История на нова България..., 92.

[285] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.2..., 189.

[286] Исто, 191.

[287] Исто, 193.

[288] Три години подоцна (1889), кога Китанчев веќе бил во судир со Стамболов, за овие настани пишува: „Ме обвинуваат зошто порано сум бил за враќање на бившиот кнез (Батенберг, б.н.) и за доаѓањето на сегашниот (Фердинанд, б.н.); дека сега сум бил против кнезот; дека порано сум ја осудувал руската политика во Бугарија и дека сум бил против крајните русофили, а дека сега не сум бил таков... јас признавам дека навистина сум бил против оние кои го симнаа кнезот Александар, дека навистина плачев кога дознав за неговото симнување, зашто си ги претставував сите беди кои ќе настапат во Бугарија по неговото паѓање. И кој може да ме укори, по сѐ, откако видовме што се случи и се случува, зошто сум ја оплакувал несреќата на мојата татковина? Кој не ќе признае дека сум имал право да плачам тогаш? Потоа јас сум бил партизан на идејата за враќање на кнезот Александар. По неговото враќање во Трново одржав реч пред собраниот народ, при што завршив со

На 20 август, Батенберг од рускиот император добил одговор: „не можам да го одобрам Вашето враќање во Бугарија“.[289] Поради тоа Батенберг, по пристигањето во Софија, решил да ги напушти престолот и Бугарија. Меѓутоа, како одговорен државник, тој не сакал земјата да ја остави на цедило, па се погрижил да назначи регентство и влада. На 26 август кнезот официјално абдицирал, при што за регенти ги назначил С. Стамболов, П. Каравелов и потполковник Сава Муткуров.[290] Истовремено, назначил влада на чело со В. Радославов како министер-претседател и министер за внатрешни работи, Г. Начович – министер за надворешни работи, д-р К. Стоилов за правосудство, И. Е. Гешов за финансии, Т. Иванчов за народна просвета и Д. Николаев за војна.[291] Очигледно, кнезот назначил коалициска влада составена исклучиво од националистичките сили во земјата и на тој начин ги изолирал русофилите од политичкиот живот. Заминувањето на Батенберг не значело подобрување на односите со Русија. Напротив, со зацврстувањето на националистите, можностите за нормализирање на односите со Русија биле сведени на минимум.

Во согласност со кнежевскиот указ од 24 август, на 1 септември 1886 година била отворена петтата вонредна сесија на IV обикновено собрание. При отворањето на сесијата, С. Стамболов од име на регентството истакнал дека по абдикацијата на Батенберг треба да се обноват добрите односи со Русија,[292] и побарал свикување на Великото народно собрание за да избере кнез. Пратениците искажале доверба кон регентството и владата и ја поддржале иницијатива за свикување на Великото народно собрание. Во исто време, од името на Народното собрание, била испратена телеграма до рускиот император со молба да го земе бугарскиот народ под своја заштита, како и порано.[293]

Очигледно, поради новонастанатите околности по заминувањето на Батенберг, бугарските политички кругови искажале подготвеност за подобрување на односите со Русија, од каде што

зборовите ’долу предавниците’, бев партизан, Александар да не се пушти повторно да си замине ... Верувам дека и самите превртаџии од 9 август, кои и да се тие, дека жестоко се каат за својата непромислена постапка (Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 48).

[289] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.2..., 200.

[290] Исто, 239.

[291] Исто, 235–236.

[292] История на българската дипломация..., 97.

[293] Търновска конституция, г. III/45, 25.9. 1886, 2.

очекувале предлог за нов кнез.[294] Русите, сметајќи дека настапил моментот за враќање на своето влијание, без да губат време, во Софија со специјална мисија го пратиле генерал Кулбарс.[295] Тој, веднаш по пристигањето во Софија, ги испорачал следниве руски услови: 1. Укинување на воената положба; 2. Ослободување на офицерите-учесници во превратот; и 3. Одлагање на изборите за Великото народно собрание за 1 ноември.[296] Бугарската влада направила своевиден компромис во однос на првата и втората точка, меѓутоа, одбила да ги одложи изборите за Великото народно собрание, под изговор дека тие биле закажани уште пред доаѓањето на Кулбарс. Тој отишол дотаму што излегол со прокламација до бугарскиот народ и го повикал со дела да ја покаже својата доверба кон Русија.[297] Во меѓувреме, Кулбарс почнал да ја обиколува земјата и да агитира против владата и претстојните избори за Великото народно собрание. Тој дури го поставил прашањето дали воопшто е потребен избор на кнез, бидејќи земјата можел да ја управува рускиот император преку свој наместник.[298] Постапките на Кулбарс, Т. Китанчев ги карактеризира како „деспотски и варварски“.[299]

Поради грубо мешање во внатрешните работи на Бугарија, Г. Начович на 20 септември 1886 година испратил официјална нота до Кулбарс, при што укажал дека бугарската влада е подготвена да ги следи советите од Русија, доколку тие не се во спротивност со Уставот и законите на земјата.[300] Според ова, очигледно е дека бугарската влада била подготвена на компромиси со Русија, но не по секоја цена. Во меѓувреме, независно од противењето на Русија, на 28 септември 1886 година биле одржани избори за Вели-

[294] С. Стамболов во врска со тоа изјавил: „Доколку нè остават слободни, ние пак ќе го избереме кнезот Александар, кој е кандидат на нашите срца, но сега ќе избереме кандидат на Русија, ако тој биде доволно одобрен од Големите сили. Како и да е, тој ќе треба да се заколне врз Уставот и да го чува. Дали е Русин, или Германец, сеедно, но да стане Бугарин по чувства. Ние сакаме да живееме во најблиски односи со Русите, но под услов: тие да не ни бидат господари. Руски инструктори за војската прифаќаме, но не и руски министер за војна, бидејќи ќе треба да биде одговорен пред Собранието“ (С. Радев, Строителите на съвремена България, т.2..., 275–276).

[295] Търновска конституция, г. III/45, 25.9. 1886, 2.

[296] Исто, бр. 46, 27,09.1886, 1.

[297] С. Радев, Строителите на съвремена България, т.2..., 302–303.

[298] История на българската дипломация..., 99.

[299] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 321.

[300] История на българската дипломация..., 100.

кото народно собрание. Притоа, Трајко Китанчев бил избран во Великото собрание од Горнораховската околија во Трновскиот округ.[301] На 1 октомври, Кулбарс со специјална нота изјавил дека Русија не ги признава изборите, а Великото народно собрание го смета за незаконско.[302] За поефективен притисок врз Бугарија, во средината на октомври, Русија извршила поморска демонстрација на сила во пристаништето во Варна.[303]

Трајко Китанчев, кој од моментот на превратот застанал на страната на С. Стамболов и зад владата на В. Радославов, на 8 октомври 1886 година положбата во Бугарија ја опишува вака: „Борбата овде кај нас е решителна и сериозна, таа можеби е ужасна по своите последици, но ние ја водиме со полно убедување дека вршиме патриотски долг. Нашиот противник располага со огромни средства и користи такви подли начини за да предизвика неред и меѓусебни расправии, при што и најцврстиот народ одамна би се поддал. Но, слава-богу, кај поголемиот дел од нашата интелигенција и народот има толку чесност и здрав разум, патриотизам и бескорисност, што досега им се спротивставува со неверојатен успех на сите интриги и ги осуети сите нивни пеколни планови. Опасностите беа ужасни, Бугарија со едната нога висеше над пропаста, но засега сме подобри. Опасноста сè уште не е поминатa, но веќе значително е отстранета“.[304]

Без оглед на руското противење, на 19 октомври 1886 година било свикано Великото народно собрание. На Второто заседание на Великото собрание, кое се одржало на 20 октомври 1886 година, Т. Китанчев бил избран за член на Проверителната комисија.[305] По десет денови (29 октомври), Великото собрание за кнез на Бугарија го избрало принцот Валдемар, инаку син на данскиот крал Кристијан IX, брат на британската кралица Александра, на грчкиот крал Георгиос I, и на руската царица Марија. Истиот ден, Великото собрание ја прифатило оставката на Каравелов во регентството, а место него бил избран претседателот на Собранието, Георги Живков. Истовремено била избрана трочлена делегација со задача да ги обиколи европските престолнини и да по-

[301] Свобода, г. I/2, София, 8.10.1886, 5; Търновска конституция, г. III/47, 6.10.1886,2.

[302] История на нова България..., 96.

[303] История на българската дипломация..., 103.

[304] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 321.

[305] Свобода, г. I/4, 25.10.1886, 3.

бара содејство за излез од кризата.[306] Со изборот на Валдемар, кој бил во роднински врски со руската царица, Бугарите сметале дека направиле компромис за помирување. Меѓутоа, под притисок на Русија, данскиот крал го одбил изборот на син му за кнез на Бугарија.[307] Набрзо, по еден банален инцидент, Русија ги прекинала дипломатските односи со Бугарија.[308]

По одбивањето на Валдемар да го прифати кнежевскиот трон, бугарската династичка криза влегла во нов заплет – нова фаза, која добила општоевропски карактер. Во меѓувреме, се појавиле разни идеи и предлози за нејзино разрешување. Така, на пример, Русите како кандидат за бугарскиот престол се обиделе да го наложат грузискиот кнез Николај Мингрели, но тој бил отфрлен од бугарска страна. Во еден период се разгледувала можностите за преизбирање на Батенберг од страна на Великото народно собрание, но неговите услови не биле прифатливи за Бугарите.[309] Во потрагата по излез од кризата била лансирана и идејата за републиканско уредување. Додека владата и регентството барале излез од кризата, во почетокот на 1887 година, под влијание на русофилите, избиле нереди, но тие биле задушени од страна на војската. Заради одржување на стабилноста во земјата власта започнала политички прогон против русофилите.

По долготрајна дипломатска подготовка, во текот на летото на 1887 година, за кандидат на бугарскиот кнежевски трон бил утврден Фердинанд Сакс-Кобург-Готски. На 25 јуни 1887 година, Великото собрание го избрало Фердинанд за кнез на Бугарија.[310] По три дни била избрана и нова влада на чело со К. Стоилов, која имала за цел да издејствува потврдување на кнезот од страна на Османлиската Империја и негово признавање од страна на големите сили, кои по тоа прашање се однесувале во духот на нивната дотогашна политика. Така, Русија била категорично против Фердинанд, Франција го сметала за нелегитимен, Австро-Унгарија, Италија и Англија истакнувале дека ќе го прифатат секој кандидат кој одговара на условите предвидени со Берлинскиот договор, а Германија истакнувала дека нема да преземе ништо без другите европски сили.[311] Додека големите сили тактизирале, Фердинанд

306 История на българската дипломация..., 105.

307 История на нова България..., 96.

308 Исто, 97.

309 История на нова България..., 98–102.

310 Исто, 103.

311 История на българската дипломация..., 123.

презел ризичен чекор и допатувал во Бугарија. На 2 август 1887 година, во салата на Великото собрание во Трново, во присуство на регентите, владата, пратениците, митрополитот Антим и други официјални лица, Фердинанд свечено бил крунисан за кнез на Бугарија и положил заклетва дека ќе ги почитува Уставот и законите на земјата. Со тоа престанала власта на регентството, а владата на Стоилов поднела оставка.

Истиот ден, по повод крунисувањето на Фердинанд, во Трново биле организирани повеќе свечени манифестации. Вечерта околу 3 000 граѓани се собрале на овација пред домот каде што бил сместен кнезот. Од името на граѓаните, пред домот на кнезот реч одржал Трајко Китанчев.[312] Во таа пригода, Китанчев пред кнезот, меѓу другото, истакнал: „Трновските граѓани, како и сите собрани овде од разни страни на нашата татковина, доаѓајќи овде, пред Вашето Царско Височество ги изразуваат своите чувства на преданост и благодарност за Вашето решение да дојдете меѓу нас, во такви тешки моменти и да го прифатите тешкиот товар, којшто Ви го налага Бугарија... Граѓаните на старата бугарска престолнина веруваат дека под Вашето управување ќе цвета слободата, ќе се почитуваат народните права и ќе дојде еден ден кога народот ќе се прогласи себеси, за народ самостоен, за народ независен“.[313] Истата вечер, Китанчев одржал говор и за време на општонародната веселба кај споменикот кој бил подигнат во чест на обесените за време на бугарското востание од 1876 година. Притоа говорел за значењето на жртвите кои паднале за слободата на Бугарија.[314]



Кнезот Фердинанд
Сакс-Кобург-Готски

Со устоличувањето на Фердинанд за кнез на Бугарија, Големите сили, особено Русија, биле ставени пред свршен факт. Со тоа династичката криза била пребродена, но допрва претстоело признавањето на кнезот.

[312] Свобода, г. I/72, София 5.8.1887, 4.

[313] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 267–268.

[314] Исто, 268-269.

## Несогласувањето со Стамболов

Понапред констатиравме дека Трајко Китанчев, како член на Либералната партија, за време на последната сесија на IV обикновено народно собрание се спротивставил на некои од предлозите на партискиот лидер и премиер – Каравелов, и дека за време на династичката криза се позиционирал зад С. Стамболов и владата на Радославов. Ако се има предвид дека Стамболов во претстојниот период станал клучна политичка фигура во Бугарија, со површно гледање на нештата, лесно би заклучиле дека Китанчев со време го напушил бродот што тоне и се претоварил на оној кој штотуку ја зазел стартната позиција во пристаништето. Меѓутоа, ако внимателно го следиме развојот на настаните, ќе видиме дека Китанчев не ги напушта лидерите кога тие почнуваат политички да тонат, туку напротив, тој од нив се дистанцира, па дури и се свртува против нив, во време кога тие заборавени од моќта на власта, почнуваат да ја потопуваат слободата на мислата и на демократијата.

По полагањето на заклетвата, на 20 август 1887 година, Фердинанд назначил нова влада на чело со С. Стамболов, кој воедно бил и министер за внатрешни работи. Покрај него, во владата се нашле: Г. Странски како министер за надворешни работи, Г. Начович –за финансии, К. Стоилов – за правосудство, Г. Живков – за просвета и полковник Муткуров – за војна.[315] Очигледно е дека во владата се нашле тројцата поранешни регенти и уште тројца членови од претходната влада. Според составот на владата, нејзиниот политички курс е во насока на заштита на земјата, круната и Уставот.[316] На внатрешен план, оваа влада требало да ја стабилизира земјата и да ги отстрани опасностите од руското влијание и од мешањето во внатрешните работи, а на надворешен да пронајде излез од меѓународната изолација поради непризнаениот кнез. Станувало збор за националистичка влада, со изразита антируска определба.

Истовремено со именувањето на владата, Фердинанд издал указ за одржување избори за V обикновено собрание, кои биле закажани за 27 септември 1887 година.[317] Во пресрет на изборите, власта тргнала во насилна пресметка со опозицијата. Така, на при-

[315] История на нова България..., 104.

[316] Свобода, г. I/81, София 5.9.1887, 1.

[317] Исто, бр. 78, 26.8.1887, 1.

мер, на 31 август, 50-60 души, под водство на Д. Петков, го демолирале домот на Каравелов (кој бил во опозиција), а потоа и печатницата на К. Кушлев, каде што се печател весникот „Трновска конституција“.[318] Воопшто, предизборната кампања минала во знак на насилство, што предизвикало голема апстиненција на населението за време на изборите. Насилството достигнало кулминација на денот на изборите. Така, според „Свобода“, за време на изборите во Кутловица, Плевен и Горна Ораховица биле убиени и ранети дури 25 лица.[319] Според сведоштвата на Т. Васиљов, овие избори минале со такво насилство и крвопролевање, како никогаш дотогаш, ниту потоа.[320] Како последица на севкупниот притисок, владејачката партија добила мнозинство во Парламентот.

Според Ј. Иванов, Т. Китанчев со Стамболов се дружел до моментот кога вториов формирал влада, но поради несогласување со неговата политика на насилство, за време на изборите за V обикновено собрание, повел кампања против него во Трновскиот округ.[321] Понатаму, според Ј. Иванов, Китанчев на овие избори настапил како независен кандидат во Д. Ораховец, но неговиот избор бил осуетен од страна на власта.[322] Според истиот автор, упорниот Китанчев сепак успеал да се избори за влез во Собранието како независен кандидат на дополнителните избори,[323] кои се одржале неколку месеци по редовните. Меѓутоа, според достапните информации, работите стојат поинаку.

Дополнителните избори за V обикновено собрание се одржале на 3 јануари 1888 година.[324] Според владиниот печатен орган „Свобода“, Т. Китанчев, како и сите кандидати што победиле на дополнителните избори, биле од владината листа.[325] Понатаму, според еден напис во „Свобода“ од крајот на 1889 година, кога Китанчев отворено истапувал со критики кон владата, нему јавно му се префрла дека своето „политичко постоење“ му го должи на Стамболов.[326] Несомнено, алузијата се однесува на неговиот по-

[318] История на нова България..., 106.

[319] Свобода, г. I/ 88, 30.9.1887.

[320] Т. Василъовъ, Спомни за лица и събития през XIX – XIX век, София 1934, 107.

[321] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 44–46.

[322] Исто, 46.

[323] Исто; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 115.

[324] Свобода, г. II/114, 6.1.1888, 5.

[325] Исто.

[326] Исто, г. IV/324, 9.12.1889, 1.

следен избор за пратеник на листата на владејачката партија. Оттука, изнесеното кај Ј. Иванов дека Китанчев на дополнителните избори настапил како независен кандидат, не одговара на реалноста. Ако тоа е така, тогаш се поставува прашањето дали Китанчев воопшто учествувал на редовните избори во септември 1887 година? Според нас, многу е мала веројатноста, Китанчев на редовните избори да учествувал како независен кандидат, кој притоа агитирал против владината листа, а само 3 месеци потоа да се најде на листата на владејачката партија на Стамболов. Според тоа, не стои ниту тврдењето на Ј. Иванов дека Китанчев во тоа време дејствувал како опозиција против Стамболов. Доколку било така, со оглед на арсеналот за притисок со кој располагала власта, Китанчев не би бил избран ниту за просветен инспектор во Трновскиот округ, а евентуално доколку тоа поминало, тешко дека би бил потврден со Кнежевскиот указ од летото 1888 година.[327]

Како и да било, останува фактот дека откако Стамболов станал премиер, односите помеѓу него и Китанчев не биле како во претходниот период, особено откако Китанчев бил избран за пратеник од владината листа. Во спротивно, тешко може да се објасни фактот што Китанчев не се спомнува во „Свобода“ кога станува збор за неколкудневниот (21.-26. IV, 1888 година) престој на Фердинанд и Стамболов во Велико Трново. Ова е дотолку индикативно, особено ако имаме предвид дека истиот Т. Китанчев бил покрај Стамболов во Трново за време на контрапревратот, дека одржал говор при враќањето на Батенберг во Трново, дека бил во Проверителната комисија на Великото народно собрание кое го изгласало Фердинанд за кнез, и дека одржал говор пред Фердинанд од името на трновските граѓани по неговото устоличување за кнез на Бугарија.

V обикновено народно собрание одржало три редовни сесии. Со оглед на фактот што Китанчев бил избран на дополнителните избори во почетокот на јануари 1888 година, тој учествувал во работата на втората (15 октомври–18 декември 1888 г.) и третата (22 октомври–17 декември 1889 г.) сесија. Мандатот на Китанчев, како и на другите пратеници што биле избрани на дополнителните избори, од Проверителната комисија бил верификуван на Четвртото заседание на Собранието, кое се одржало на 21 октомври 1888 година.[328]

---

[327] Исто, г. II/ 182, 28.8.1888,3.

[328] Исто, г. III/214, 25.10.1888, 2.

Според еден текст во в. „Знаме“ од 1895 година, Китанчев бил „најголем противник на Стамболов и на неговата влада“, при што не пропуштил ниту „една реакционерна мерка, ниту еден варварски закон... без да зборува со сета своја сила на убедување на вистински либерализам“.[329] Веројатно под влијание на оваа информација, повеќе автори во биографските прилози за Китанчев сметаат дека тој од својот избор за пратеник дејствувал како опозиција на Стамболов и на владата.[330] Меѓутоа, кога внимателно ќе се проследи настапот на Китанчев во двете сесии на Собранието, се чини дека горната констатација е нецелосна, бидејќи таа е изградена врз основа на неговото однесување за време на третата сесија, кога тој настапува исклучиво како опозиција, но притоа не е земено предвид неговото поведение во втората сесија, каде што тој иако говори со критички тон, сепак настапува од името на владејачката партија. Критизерското однесување на Китанчев за време на втората редовна сесија, владејачката гарнитура барем во прво време не го доживеала како опозициско, па затоа од овој период за него се среќаваат критики на страниците на „Свобода“. За разлика од тоа, за време на третата редовна сесија, Т. Китанчев е претставен како непријател на владата, при што неговото име се наоѓа дури и на насловните страници на „Свобода“.

Врз основа на кажаново, би рекле дека Т. Китанчев за време на втората редовна сесија (15 октомври–18 декември 1888 г.) на V обикновено собрание настапувал критички, по сопствено убедување, но од името на владејачката партија. Потврда за тоа наоѓаме во неговиот говор од 8 декември 1888 година по повод предлог-законот за претворање на десетокот во земјиштен данок.[331] Меѓу другото, Китанчев тогаш истакнал: „Најпрво ќе ве предупредам дека овој предлог-закон треба или да се одложи, или владата да го повлече, не поради тоа што тоа го сака партијата, но јас верувам дека сите приврзаници на владата ќе го споделите ова мое мислење ... Овде не треба да се меша партизанство. Јас во многу односи сум со владата, а во многу други сум противник“.[332]

За време на втората сесија, Трајко Китанчев покажал извонредна активност, притоа давајќи разни предлози, сугестии, но

[329] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 1.

[330] Види: Ю. Ивановъ, Биографически бележки.., 46; Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност.., 115; И. Н. Христов, Трайко Китанчев – нашият даскал..., 91.

[331] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 269–273.

[332] Исто, 269–270.

и критики во врска со повеќе законски инцијативи и деловнички процедури за работата на Собранието. Така, на пример, тој реагирал и барал одлагање на предлог-измените за Военосудскиот устав, како и по предлогот на Министерството за правда во врска за законот за казни.[333] Потоа Китанчев реагирал по извештајот на Комисијата за финансии во врска со потрошените средства за купување земјиште за Бугарската царина, бидејќи материјалот не бил доставен во печатена форма до пратениците.[334] На XI заседание (3.11.1888), Китанчев имал полемика со премиерот Стамболов, при што го потсетил согласно Правилникот и чл. 107 од Уставот, дека тој е должен да одговара на пратеничките прашања, какви и да се тие.[335] Китанчев бил особено активен во врска со Законот за адвокатите.[336]


Стефан Стамболов

Китанчев во дискусиите настапувал темелно и аргументирано. Најдобра илустрација за тоа претставува неговиот говор во врска со предлог-законот за замена на десетокот со земјиштен данок. Според Китанчев, овој закон бил подготвен набрзина, без детално проучување на прашањето од сите негови аспекти. Затоа, пред да се усвои законот, тој побарал првин да се изврши категоризација на земјиштето според неговиот бонитет, па дури потоа да се гласа по законот.[337]

Во секој случај, однесувањето на слободомислечкиот Китанчев не било пријатно за власта. Ако неговата критичка настроеност за време на втората сесија на Собранието била проголтана (барем без јавна реакција) од страна на Стамболов, тоа воопшто нема да се повтори следната 1889 година, за време на третата сесија. Тогаш односите помеѓу Стамболов и Китанчев се изостриле до степен на

[333] Свобода, г. III/218, 5.11.1888, 3.

[334] Исто.

[335] Исто, бр. 219, 10.11, 1888, 3.

[336] Исто, бр. 223, 23.11.1888, 3; бр. 225, 29.11.1888, 3; г. IV/312, 29.12.1889, 3. Повеќе во врска со тоа, види: Ива Бурилкова, Закон за адвокатите од 22 ноември 1888 г, София 2008, 52–54.

[337] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 269–273.

отворено непријателство и сериозни закани од страна на едниот против другиот.

Општопознато е дека периодот на управувањето на Стамболов со Бугарија од современиците и од историографијата е окарактеризиран како режим, а самиот Стамболов како диктатор. Тој е човек кој бескрупулозно ги злоупотребувал сите институции и инструменти на власта за пресметка и елиминација на политичките противници, како и сите самостојни и влијателни лица, кои не мислеле како него. Според Т. Василев: „На таа политика ѝ служеше и дипломатијата, и правосудството, и војската, и поштата, и телеграфот, и печатот. Само, овде онде, одвреме навреме, се слушаше слабо ехо на слободно мислење или на протест, но тоа беа гласови во пустина“.[338]

Третата редовна сесија на V Обикновено собрание траела од 22 октомври до 17 декември 1889 година. На Првото заседание, како прва точка на дневен ред се нашло прашањето за избор на претседател на Собранието, поради смртта на Захариј Стојанов. Во врска со тоа, Трајко Китанчев едногласно бил избран за проверител на комисијата која требало да го надгледува изборот.[339] Тоа укажува дека во почетокот на третата сесијата, Китанчев ја уживал довербата на владејачката партија, иако за време на претходната сесија бил критички настроен кон владините предлози. При изборот за претседател на Собранието, кандидатот на владејачката партија П. Славков добил 171 гласови, наспроти д-р Стоилов (кандидат на конзервативците), кој добил 74 гласови.[340] Според овие резултати, очигледно е дека владејачката партија демонстрирала убедливо мнозинство, иако опозиционерите пред отворањето на сесијата шпекулирале околу прашањето за владиното мнозинство. При таков однос на силите, истапувањето на Китанчев против владата во текот на оваа сесија, сигурно не треба да се смета како обид со „задни намери“ за уривање на владата како што ќе биде обвинет, туку како резултат на неговата принципиелност отворено да зборува за политиките и законските решенија со кои не се согласува.

Првиот сериозен критички настап на Китанчев бил во врска со законот за полицијата. Конкретно, во член 22 од предлог-законот била допуштена можност за ангажирање на армијата како помош на полицијата, и тоа само врз основа на заемна соглас-

[338] Стефан Стамболов в спомени на съвременици, София 1992, 59.
[339] Свобода, г. IV/312, 25.10.1889, 3.
[340] Исто.

ност на министерот за внатрешни работи и министерот за војна. Но, во предлогот конкретно не биле дефинирани околности под кои може да биде повикана војската на помош.[341] Поради тоа, Китанчев предложил измена и дополнување на споменатиов член со конкретно дефинирани услови.[342]

Во опширното образложение,[343] Китанчев укажал дека без јасно утврдени услови, војската може да биде злоупотребена за партиско-политички цели под изговор дека е ангажирана за воспоставување на внатрешниот мир и поредок во земјата. Во таа смисла посочил на државниот преврат од 1886 година, кога војската била злоупотребена од поединци за политички цели. На владиното образложение дека одговорноста за ангажирање на војската како помош на полицијата била во надлежност на министрите за внатрешни работи и за војна, Китанчев истакнал дека не треба да се верува во совеста на владата, бидејќи таа била составена од разни луѓе, а „луѓето можат да бидат многу добри, но никогаш не можат да бидат ангели, па како луѓе, и тие имаат свои грешки“.[344] Укажувајќи на можноста за злоупотреба на полицијата и војската од страна на власта, Китанчев истакнал: „Власта е такво нешто, што ги подлажува и најцврстите карактери, тоа е таква слатка работа која го тера и најцврстиот човек да ја злоупотреби и да отстапи од своите претходни убедувања. Секој што стои повисоко, сака да се задржи таму. И многу пати се случува, колку и управникот на строгите мерки да е против, но кога полицијата може да му заврши работа, тој ќе ја употреби, а ќе ја повика и војската на помош. Можеби тоа не е според неговото убедување, но за него тоа е добро, и тоа му е доволно.[345] Таквите ставови на Китанчев воопшто не биле по мера на Стамболов, кој целиот државен апарат го ставил во функција за пресметка со политичките противници

[341] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 273.

[342] Китанчев предложил чл. 22 од Законот за полиција да гласи: „Кога ќе се покаже дека полицијата не е доволна за зачувување на редот и внатрешната безбедност, окружниот управник, или, каде што нема таков, околискиот началник да може да побара воена помош од командантот на градот, но само во следниве случаи: 1) Кога има опасност од разбојничка или друга вооружена чета; 2) Кога ќе се случи јавен бунт со вооружено спротивставување против државниот поглавар, или законските и уставните владини власти; и 3) За растерување на две спротивставени страни кои се напаѓаат со оружје (Исто).

[343] Исто, 273–276.

[344] Исто, 274.

[345] Исто.

и за одржување на сопствениот режим. Свесен дека неговиот предлог нема да биде земен предвид, како и при првото читање на законот, Китанчев, меѓу другото, истакнал: „Жал ми е што кога и да сум предложил нешто, не било прифатено, можеби затоа што се мисли дека имам Бог знае какви задни намери“.[346]

Во сличен дух Китанчев реагирал и при расправата по Законот за избор на пратеници. Имајќи ја предвид реалноста дека најголемите злоупотреби за време на изборите се правеле преку изборните бироа (изборни комисии), односно дека победникот на изборите зависел од тоа која партија ќе го освои изборното биро, а не гласовите на избирачите, Китанчев предложил измена и дополнување на законот.[347] Притоа, понудил модел за формирање на непристрасно изборно биро, кое според составот требало да ја има довербата како на заинтересираните политички партии, така и на избирачите. Моделот што го предложил Китанчев бил заснован на концептите во Белгија, во некои кантони во Швајцарија, и во некои од сојузните држави на САД.[348] Свесен дека поради овој предлог, како и обично, ќе биде обвинет дека во предложените законски решенија гледа само „злонамерност“, Китанчев нагласил дека е подобро лошите страни на законите да се предвидат и да се ограничат при нивното носење, бидејќи добивката од тоа ќе се види подоцна, доколку не се случат предвидените злоупотреби.

Очигледно е дека предлозите и дискусиите на Китанчев имаат превентивен карактер и тие се насочени за ограничување на можностите за злоупотреба на институциите во функција на партиско-политичките интереси. Всушност, Китанчев преку своите дискусии на индиректен начин ги разобличувал злоупотребите на власта. Оттука, неговите ставови и предлози од владејачката партија биле доживеани како „злонамерни“ и со „задни намери“.

Нетрпениeто на владејачката гарнитура кон Трајко Китанчев кулминирало на Заседанието од 27 ноември 1889 година, кога на дневен ред се нашол извештајот од комисијата за финансии во врска со прашањето за одобрување на заем од 30 000 000 лева за инфраструктурни проекти (изградба на железници) и за модернизирање на армијата. Притоа, како гаранција за добивање на кредитот од странските банки било предвидено ставање под хипоте-

---

[346] Исто, 275.

[347] За расправата на Китанчев во врска во ова прашање види: Исто, 276–279.

[348] Исто, 277.

ка на постојните железници,[349] иако земјата сѐ уште немала закон за хипотеки.[350] Во опширната дискусија во врска со овој заем,[351] Китанчев настојувал да укаже на неповолните услови, како што биле каматна стапка од 6% на годишно ниво, опасноста од активирање на хипотеката, па дури и на евентуалните злоупотреби при трошењето на средствата од кредитот. Наместо кредити под неповолни услови, Китанчев предлагал намалување на чиновничкиот апарат во земјата, намалување на платите на офицерите и воопшто намалување на буџетските расходи.[352]

За време на дискусијата, Китанчев влегол во полемика со претседавачот на Собранието и со премиерот Стамболов. Во еден момент, кога Китанчев му возвратил на Стамболов, претседавачот непристојно му се заканил дека ќе го повика обезбедувањето за да го исфрлат од говорницата.[353]

Во меѓувреме, Стамболов преку своите парламентарци се обидел да го замолчи Китанчев со разни ветувања. Меѓутоа, Трајко ги одбил сите понуди,[354] зашто „ништо не беше во состојба да го поткупи неговиот чесен збор“.[355] Тој на пратениците кои дошле кај него за да го премислат и кои од името на Стамболов му ветувале висока положба, саркастично им одговорил: „Пред да дојдете кај мене за да ме премислувате, требаше да си ги испразните џебовите и да си ги измиете крвавите раце“.[356]

Неколку денови по расправата за заемот, на дневен ред пред пратениците во Собранието се нашол буџетот за претстојната година. Во врска со тоа, најактивни биле училишните инспектори Бајчев и Китанчев. Притоа, Бајчев побарал намалување на целиот буџет за 10% и на платите за 25%. Веднаш по него, Т. Китанчев побарал намалување на чиновничкиот апарат во земјата и на тој начин со заштедените средства да се покрие дефицитот во буџетот.[357] Премиерот предлогот на Китанчев го оценил како тенденциозен. Притоа, Стамболов истакнал: „Не е Китанчев оној што ќе го урамнотежува буџетот на Бугарија... Ако еден несреќен дас-

[349] Свобода, г. IV/321, 29.11.1889, 1.

[350] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 280.

[351] Исто, 279–287.

[352] Исто, 284.

[353] Исто, 282–284.

[354] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 1.

[355] Трайко Китанчевъ, Мислъ, г. V, кн. VI, София 1895, 589.

[356] Исто, 592.

[357] Свобода, г. IV/324, 9.12.1889, 1.

кал не ги разбира тие работи, не треба да си ја пика главата таму".[358]

Според изнесеново, очигледно е дека Стамболов станал нетрпелив кон Китанчев. Ако го имаме предвид начинот на практикување на власта од страна на Стамболов, тогаш јасно е дека опонирањето кон него во која било смисла претставувало опасна игра со сопствената судбината. Стамболов не останал должен никому. Според неговата практика, противникот најпрво требало да се деградира, да се омаловажи и да се обвини, а потоа да се елиминира.

Веднаш по дискусијата во врска со заемот, Китанчев се нашол на насловната страница на провладината „Свобода".[359] Притоа тој е окарактеризиран како „жален остаток" од следбениците на Каравелов, при што му е прикачен епитетот „меурџија" и типичната фраза на македонски говор „и овде го клавам и онде го клавам", која секогаш служела за исмевање на Македонците. Во истиот текст, критичарите на заемот се прогласени за русофили, кон кои Стамболов бил особено чувствителен. Всушност, прогласувањето на кој било за русофил од страна на Стамболов било еднакво на прогласување за државен непријател.

По неколку денови, Т. Китанчев повторно е тема на насловната страна на „Свобода". Овојпат, покрај за „меурџија", тој е претставен како „бездушна и бескарактерна гадинка" што „може да се врти секако", поради што станал орудие на опозицијата.[360] Покрај тоа, Китанчев е погласен за „злобен и пакостен Македонец" поради што треба „да си ги прибере парталите и да си оди за Македонија".[361] Притоа настапот на Китанчев во врска со прашањето за буџетот е претставен како обид за уривање на владата. Затоа, според „Свобода", луѓето како него не само што заслужувале презир, туку требало да бидат благодарни за великодушноста на Народното собрание, зашто Китанчев сѐ уште бил со „здрава глава".[362]

Според изнесеново, очигледно е дека Китанчев бил поставен до ѕидот за отстрел пред очите на целата јавност. Заканите биле толку јавни и директни, што во нив не би требало да се сомнева никој.

---

[358] Исто.

[359] Свобода, г. IV/321, 29.11.1889, 1.

[360] Исто, бр.324, 9.12.1889, 1.

[361] Исто.

[362] Исто.

На горниве и сличните други напади, Китанчев ќе одговори во две продолженија преку весникот „Родољубец“.[363] Во опширниот одговор, Китанчев во основа ги објаснува причините за неговото политичко спротивставување на Стамболов во однос на надворешната и внатрешната политика. Според одговорот, забележливо е дека на Китанчев особено му натежнало обвинението за наводно русофилство, иако во политичка смисла тој дејствувал како русофоб. Поради тоа, Китанчев во одговорот прави опширна ретроспектива на своето политичко „русофопство“ и истакнува дека тој и во актуелниот момент не ја одобрува руската политика спрема Бугарија и дека е против русофилските партии во земјата. Меѓутоа со оглед на актуелната политичка ситуација (непризнаениот кнез и меѓународната изолација на земјата), Китанчев истакнува дека е против крајната русофопска политика на Стамболов, којашто воопшто не била во интерес на Бугарија. Поради тоа, Китанчев истакнува дека се залага за подобрување на односите со Русија, но под пристојни услови. Во врска со тоа, пишува: „Никако не е во интерес на еден 3-милионски народ да дразни против себе, еден друг, 100-милионски народ... За нас секогаш ќе биде покорисно да бидеме во пријателски односи со Русија, отколку во непријателски“.[364] Иако заговара помирување со Русија, Китанчев сепак предупредува: „Ние треба да се вардиме од руското влијание со сите свои сили, но немаме интерес бескорисно да ја дразниме Русија. Ете зошто, и во што, не сум согласен со Стамболов и неговите пријатели по тоа прашање“.[365]

Укажувајќи на последиците од русофилствоо во Бугарија помеѓу обичното население и дел од политичката елита, Китанчев отворено укажува и на штетните последици од австрофилството, кое било протежирано од Стамболов. Во врска со тоа, пишува: „Ако е штетно да се злоупотребува името и влијанието на Русија, колку е полошо, тоа да се прави со името на Австрија? Ако е престапно сами да влегуваме во рацете на Русија, тогаш колку

[363] Съчинения на Трайчо Китанчевъ.., 48-50. Овде ќе забележиме дека Ј. Иванов при редактирањето на материјалите во Зборникот за Китанчев намерно ги изоставил оние делови од одговорот за кои проценил дека содржат личен карактер на адреса на *Свобода*, нејзините редактори и владата. Нашите напори при истражувањата за овој труд да дојдеме до оригиналните текстови, не дадоа резултат. Оттука, во оваа пригода остануваме пократки за личните ставови на Китанчев во однос на Стамболов.

[364] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 49.

[365] Исто, 50.

повеќе ќе биде престапно, ако доброволно се даваме себеси во еврејските раце на Австрија?“.[366]

Кога станува збор за противречностите со Стамболов во поглед на внатрешната политика, Китанчев пишува: „Што се однесува до мојата последователност по прашањата за нашата внатрешна политика, самиот Стамболов треба да се согласи дека не можам да бидам согласен со него: кога тој им простува на чиновниците поради пречекорување на овластувањата како и за други престапи, за тепање невини луѓе, не можам да бидам со него кога ги поминува Законот за полицијата, Законот за изборите, кога го зголемува буџетот за непроизводствени и непотребни расходи и сл. Тоа е многу јасно и за него, и за мене, и, ако треба некому да се лути, тогаш треба да се лути на себеси, бидејќи многу зацапал во секој однос“.[367]

Јавните закани и омаловажувања кон Китанчев продолжиле и во почетокот на 1890 година. Низ страниците на „Свобода“, името на Китанчев веќе е поместено во друштво со К. Шахов, Д. Македонски и други што гравитирале околу весникот „Македонија“. Низ овие написи ним иронично им се порачува место да се занимаваат со висока политика во Бугарија, да си заминат за Македонија за да се спротивстават на српската пропаганда.[368] „Свобода“ остро реагирала и поради написите во в. „Македонија“, во кои се зборувало за прогонот на Македонците во Бугарија.[369] Во тој контекст, во еден текст, на адреса на Китанчев пишува: „Ете да го земеме вечерашниот оратор во Народното собрание, за г. Китанчев ни е зборот. Човекот истапил на говорницата, вика, та се кине за слободата во Бугарија и со горки солзи ги оплакува самоволијата. Исто како да израснал во слободна Швајцарија, а не како да е син на поробена татковина. Дали тоа не е збунувачки? Човекот оставил татко, мајка, браќа и сестри, роднини и пријатели и

[366] Исто.

[367] Исто.

[368] Свобода, г. IV/329, 4.1.1890, 4; бр. 332, 17.1,1890, 3.

[369] Весникот „Македонија“ на К. Шахов од почетокот на 1889 година застанал во одбрана на Трајко Китанчев. Така, во број 11 од 17 февруари 1889 година, во контекст на Китанчев, пишува: „во минатата сесија на Народното собрание, неколку пати при разгледувањето и опсудувањето на неколку прашања, јавно беа докачени Македонците. Особено славно постапи еден од народните претставници, г. Градинаров, кој што посакувајќи да го кутне својот колега г. Китанчев (Македонец), рече: г. Китанчев е против законот за смртна казна, затоа што сака да ги заштитува своите браќа тука – Македонците арамии“ Цитирано според. Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 406.

дошол овде да плаче, овде да лее солзи за самоволие и беззаконие. Таму во Дебар, во неговата татковина, сѐ е наредено како во среќната Швајцарија. Таму за него нема поле за дејност, па тој и слободољубивите и слободомислечки господа, нас да нѐ оправаат, во Бугарија да го посее семето на слободата. А каков прекрасен учител е! И знаење има, и умешност не му недостасува, и сѐ што се бара од еден умесен учител. Ај кажи му да отиде во Македонија – ќе го навредиш, очите ќе ти ги извади. Како можеш да го лишиш од слободниот воздух во Бугарија? Та само Китанчев ли е?“[370] Напишаново е класичен пример на малициозност и цинизам од позиција на моќ со желба за одмазда.

Погоре видовме дека Китанчев поради своето опонирање не само што бил прогласен за русофил, туку и за „злобен и пакостен Македонец“, кој треба да си ги прибере парталите и да си замине за Македонија. Ова ни малку не е случајно. Општопознато е дека Стамболов поради својата протурска политика, жестоко се спротивставувал и ги задушувал сите македонски појави во Бугарија. Така прогласувањето на Китанчев за русофил и „злобен и пакостен Македонец“ е еднакво на двоен државен непријател, кој треба да се елиминира по секоја цена.

Стамболов, без да губи време, од зборови преминал на дела. Китанчев набрзо бил отпуштен од инспекторската должност.[371] Останат без средства за егзистенција, притоа прогласен речиси за непожелен во Бугарија, Китанчев поднел барање до Егзархијата да биде назначен за учител во Скопје, или Тетово.[372] Неговото барање било поткрепено со препорака до егзархот од П. Каравелов. Меѓутоа, егзархот одговорил дека нема учителски места.[373] Долгата рака на Стамболов се вмешала и тука.

По одбивањето од Егзархијата, Т. Китанчев посакал да полага адвокатски испит пред комисијата во Софија. Меѓутоа, Стамболов преку Халчев имал увид во работата на софиската испитна комисија за адвокати. Оттаму барањето на Китанчев било одбиено со образложение дека не ги задоволува условите според Програмата.[374] Во меѓувреме, Стамболов, кој се плашел од поли-

[370] Свобода, г. IV/331, 13.1.1890, 2.

[371] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 47.

[372] Исто; Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 2.

[373] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 2. Отфрлањето на барањето на Китанчев од страна на Егзархијата го бележи и весникот „Македонија“ на Коста Шахов. (Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 421).

[374] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 2.

тичкото влијание на Китанчев, преку софискиот градоначалник – Д. Петков му предложил да ја напушти Бугарија. Меѓутоа, Китанчев одговорил дека без принуда нема да ја напушти земјата. Кон крајот на јануари, или во почетокот на февруари 1890 година, Т. Китанчев бил интерниран во Велико Трново, каде што бил ставен под полициски надзор.[375]

Упорниот Китанчев не сакал да им подлегне на блокадите од страна на Стамболов. Откако го подготвил адвокатскиот испит, од Трново тајно заминал за Русе, каде што се стекнал со адвокатска лиценца.[376] Сепак, чесниот Китанчев брзо сфатил дека оваа професија не е за него, па затоа не се решил „да се прехранува од овој занает со сомнително достоинство“.[377]

[375] Исто.

[376] Л. Стоянов, Трайко Китанчев – живот и дейност..., 115.

[377] Трайко Китанчевъ, Мислъ, г. V, кн. VI, София 1895, 592.

# Политичка жртва на режимот

## Повод за притворање

Меѓународната изолација во која се нашла Бугарија поради непризнатиот кнез, Стефан Стамболов ја компензирал со протурска политика, притоа манифестирајќи лојалност и покорност кон својот сизерен – султанот. Истовремено настојувал да ги зацврсти врските со пријателски наклонетите: Австро-Унгарија, Италија и Англија. Основна задача на неговата надворешна политика била надминување на изолацијата, создавање услови за признавање на Фердинанд, и добивање берати за пополнување на местата на протераните егзархиски владики од османлиска Македонија (од времето на Руско-турската војна).[1]

Поради својата еволуционистичка политика во контекст на Македонија, Стамболов настојувал да го задуши секое промакедонско движење на територијата на Бугарија, што би можело да ја иритира Османлиската Империја.[2] Таквата политика на Стамболов не била прифатлива, ниту за бугарските националисти, ниту пак за македонските емигранти, кои очекувале порадикални потфати во контекст на македонското прашање.[3] Поради својата антируска и протурска политика, Стамболов стекнал непријатели меѓу русофилските и македонските средини. Од друга страна, руската дипломатија настојувала да го искористи внатрешното незадоволство против Стамболов за уривање на неговата влада, како и за протерување на непожелниот Фердинанд.[4] Предводник на движењето против Фердинанд и Стамболов бил мајор Коста Паница, кој отпорано бил инволвиран во македонското движење. Тој со поддршка на руската дипломатија почнал да крои заговор,[5] при што повел кампања против кнезот и Стамболов. Додека конспирацијата созревала, Стамболов решил агитацијата на Паница да ја

---

[1] Повеќе за тоа види: История на българската дипломация..., 125-178.

[2] История на нова България..., 111.

[3] Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници. Превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Скопје, 2006, 28, белешка 75.

[4] История на нова България..., 114; История на българската дипломация..., 144-145.

[5] История на нова България..., 113.

претстави како организиран заговор. Оттука, во почетокот на 1890 година, К. Паница бил уапсен, при што против него бил поведен шумен процес за организирање заговор против кнезот и владата. Судот го осудил Паница на смрт со стрелање, со препорака кон кнезот пресудата да му биде заменета со затвор. Меѓутоа, по интервенција на Стамболов, смртната пресуда била извршена во јуни 1890 година.[6]


Коста Паница

Преку овој делумно монтиран процес, Стамболов настојувал да ги заплаши незадоволните од режимот, да го потсети Фердинанд дека зависи од владата, а на големите сили да им стави до знаење дека Бугарија повеќе не може да опстојува во неопределената положба во која се нашла поради Русија од една, и пасивноста на Големите сили и Османлиската Империја, од друга страна.[7]

Во меѓувреме, додека траел процесот против Паница, бугарската дипломатија презела инцијатива кај Високата порта и кај некои од Големите сили за признавање на Фердинанд и за издавање берати за владики за егзархиските епархии во Македонија.[8] Истовремено, преку печатот во Бугарија течела симулирана кампања за неподносливата положба на „бугарското население“ во османлиска Македонија. Комбинираните методи на лојалност и притисок кон Османлиската Империја, и на отворена антируска политика, дале резултат. На 5 јули султанот издал дозвола за поставување егзархиски владики во Скопската и Охридската епархија.[9] Интересно е што бератите не биле издадени на Егзархијата, туку на бугарската влада. Со тоа, султанот индиректно ја признал бугарската влада како природен застапник на интересите на „бугарското население“ во границите на Османлиската Имерија. Токму поради тоа, овој успех на Стамболовата дипломатија во бугарската историографија е оценет како „ѕвезден миг во држав-

[6] Георги Марков, Покушения, насилие и политика в България, София 2003, 30–33.

[7] История на нова България..., 114; История на българската дипломация.., 145.

[8] История на българската дипломация..., 145–151.

[9] Исто, 151.

ничката кариера на Стамболов, венец на неговата целосна конструкција на државен национализам“.[10]

Дипломатскиот успех на Стамболов на надворешно-политички план и добиените берати за егзархиски владики во Македонија не биле доволни да го амортизираат акумулираното незадоволството против него. Омразата против него, особено се засилила поради извршувањето на смртната пресудата против К. Паница. Така, на денот на стрелањето на Паница (26 јуни, 1890 г.), Димитар Ризов од Белград го предупредил софискиот градоначалник – Димитар Петков, во смисла ако биде допуштено извршувањето на пресудата – дека тие ќе се одмаздат.[11] За реализација на заканата против Стамболов, Д. Ризов влегол во контакт со Наум Туфекчиев, Македонец од Ресен, инаку производител и трговец со експлозивни материјали и со оружје во Софија. За заговорот биле придобиени Димитар Ножаров, Михаил Ставрев (Хаљо) и Димитар (Денчо) – брат на Н. Туфекчиев, како и телохранителот на Стамболов – Спас Антонов. Последниот, со своето бездејство, требало да го олесни извршувањето на атентатот и да овозможи бегство на извршителите.[12]

Ноќта на 15 март 1891 година, четворица „непознати“ напаѓачи на една од софиските улици извршиле обид за атентат врз Стамболов. При нападот, Стамболов успеал да се извлече, но притоа загинал неговиот придружник, Христо Белчев – министер за финансии.[13] Благодарение на содејството на телохранителот, напаѓачите побегнале во темницата. Притоа, Н. Туфекчиев стигнал до Белград, а Хаљо и Ножаров до Романија, од каде што подоцна со руско содејство заминале во Одеса. Денчо Туфекчиев, кој за време на нападот бил ранет, останал во Софија.



Христо Белчев

Во истрагата по тој повод, биле опфатени сите можни противници на режимот. Следниот ден, в. „Свобода“ како можни орга-

[10] Исто, 152.
[11] История на нова България..., 116.
[12] Повеќе за тоа види: Г. Марков, Покушения, насилие и политика в България..., 35–37.
[13] Свобода, г. V/482, 16.3.1891, 1–2

низатори на атентатот ги посочил Петко Каравелов и приврзаниците на К. Паница.[14] Меѓутоа, со оглед на фактот што во градската градина биле пронајдени два револвера од „направијата" на Н. Туфекчиев, се шпекулира дека извршителите на атентатот биле Македонци или, евентуално, Црногорци.[15] Врз основа на иницијалите врз пронајдените револвери, полицијата го привела Денчо, братот на Н. Туфекчиев. Поради жестокото измачување за време на истрагата, Денчо починал во септември, без да открие што било за заговорот.[16] Телохранителот Антонов, иако бил осомничен, сепак не бил откриен.


Наум Туфекчиев

Истрагата во врска со атентатот била насочена кон општествено-политички дејци што биле противници на режимот, опозиционерите, македонските емигранти, вклучително и македонските студенти.[17] Несомнено, обидот за атентат, Стамболов го искористил за дефинитивна пресметка со своите политички противници, иако тие немале ништо со организаторите и извршителите. За време на опширната истрага, биле приведени повеќе од 200 лица. Меѓу нив се нашле: П. Каравелов, Трајко Китанчев, д-р Молов, д-р Минчо Цачев, Коста Арсениев и други.[18] Повеќето од нив биле приведени без докази за вмешаност во атентатот, врз основа на анонимни дојави, изнудени или поттикнати поткажувања, само затоа што некогаш се искажале неповолно за Стамболов и неговата политика.

Трајко Китанчев бил приведен како последица на поткажувањето од страна на Спас Лепавцев,[19] кој на индиректен начин бил вмешан во заговорот преку Н. Туфекчиев, а на тоа бил пот-

[14] Исто, 1.

[15] Исто, 2.

[16] Г. Марков, Покушения, насилие и политика в България..., 38.

[17] Во врска со овој атентат, биле приведени студентите Даме Груев и Никола Наумов, само затоа што членувале во социјалистичкото друштво „Нов живот", каде што држеле вечерни предавања за македонските работници-печалбари во Софија. Види: Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010, 58–63.

[18] История на нова България..., 117.

[19] Свобода, г. VI/833, 12.7, 1892, 2; како и бр. 553, 7.7.1892, 2; бр. 854, 8.7 1992, 3; бр. 858, 13.7.1892, 5.

тикнат лично од Стамболов при обид да ја спаси сопствената кожа.

На 29 мај 1922 година,[20] Т. Китанчев од Трново под конвој бил спроведен во Софија. Таму во почетокот бил сместен во IV полициска станица,[21] каде што на поттик од началникот бил подложен на разни понижувања од стражарите. По еден месец, Китанчев бил преместен во V полициска станица, каде што положбата била полоша.[22] Извесно време бил држен во самица, при што требало да спие на голи штици.[23] Поради тоа Китанчев им дал пари на стражарите да му купат постелина и покривачи, но ниту постелина видел, ниту пак парите му биле вратени.[24] Овие груби мерки против него биле нарачани лично од Д. Петков, кој бил навреден од Китанчев, зашто во една пригода му се обратил со зборовите: „Кога се чувствуваше подобро? Кога имаше чиста совест и празни џебови, или сега со полни џебови, неколку куќи и стомак како крчмар“.[25] Поради влошување на здравствената состојба, Китанчев извесно време бил сместен во арестантското одделение на Александриската болница. Меѓутоа и таму бил под строго обезбедување, кое не му дозволувало да се оддалечува од леглото.[26] Откако повторно бил вратен во притворот, според Екатерина Каравелова, Китанчев бил сместен во заедничка просторија со нејзиниот сопруг, П. Каравелов. Според Каравелова, Петко и Трајко поради долготрајната изолација, биле на работ од нервно растројство.[27] Е. Каравелова, која во меѓувреме била под домашен притвор, била од ретките лица од надворешниот свет што одржувала каков таков контакт со Китанчев, притоа потпомагајќи го материјално. Таа за Коледарските празници му пратила памучни чорапи,[28] а нешто подоцна и 25 лева.[29] Додека бил во притвор, Т. Китанчев парична помош добил и од неговиот поранешен благодател – владиката Натанаил.[30] За време на притворот, Китанчев испратил неколку

[20] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 337.

[21] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 2.

[22] Исто.

[23] Революция, г. I/7, София, 9 августъ 1895, 3.

[24] Знаме, г. I/94, София, 6 августъ 1895, 2.

[25] Исто.

[26] Исто.

[27] Стефан Стамболов и неговото време. Непубликувани спомени, съставители: проф. д-р Елена Стателова и проф. д-р Радослав Попов, София 1993, 119.

[28] Исто, 108.

[29] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 322.

[30] Исто, 337.

писма до родителите во Македонија. Меѓутоа, оттаму не добил одговор ниту на едно, што укажува на можноста дека неговите писма најверојатно не биле испорачани од затворот. Меѓутоа, Китанчев не сакајќи да спекулира околу тоа прашање, едноставно ја замолил Е. Каравелова таа да им напише писмо на неговите родители и да ги информира дека тој е добар и да не се грижат за него, туку да си го гледаат сопственото здравје.[31]

Поради непристојните услови во притворот, Китанчев, како и Каравелов, бил принуден да си купи железен кревет, кој по преместување во затворот во Хасково, му останал во Црната Џамија во Софија.[32] Оваа информација од преписката на Китанчев, доволно зборува за условите во притворот, каде што приведените требало сами да се грижат за обезбедување на пристојно легло. Во притворот владеела вистинска мрачност во буквална смисла. Прозорците на просториите во кои биле сместени обвинетите однадвор биле премачкани со темна маслена боја.[33] Таквите мерки требало да го скршат духот на приведените и да го задоволат егото на Стамболов во неговата борба против политичките противници.

Истрагата по повод обидот за атентатот врз Стамболов, траела петнаесетина месеци. Бидејќи организаторите и извршителите на атентатот останале на слобода, а низ истрагата не биле обезбедени докази за вмешаноста на приведените во убиството на Х. Белчев, истражната постапка била насочена во друг правец. Притоа на површина избило сосема друго дело за некаков поранешен заговор против кнезот и Стамболов.[34] За време на истрагата, Стамболов постојано вршел притисок врз иследниците за да утврдат врски помеѓу обвинетите и Русија, како и проруската опозиција во земјата. Со гласноста која му била дадена на процесот, Стамболов настојувал да го подигне својот рејтинг и да се пресмета со опозицијата.[35] Оттука обвинителниот прст бил вперен против П. Каравелов, иако власта добро го знаела неговиот негативен став против заговорите и насилството во политиката и неговата политичка пасивност во конкретниот период. Факт е дека Стамболов во Каравелов гледал потенцијална опасност, околу кој можеле да се групираат незадоволните политички сили во земјата, затоа против

[31] Исто, 322.

[32] Исто, 323.

[33] Стефан Стамболов и неговото време..., 267.

[34] Исто, 268.

[35] Г. Марков, Покушения, насилие и политика в България..., 40-41.

него настојувал да конструира процес преку кој ќе им одржи лекција на сите што се дрзнале против неговата политика.[36]

## Монтиран судски процес

Судскиот процес против обвинетите бил доверен на специјален воен суд под претседателство на потполковник Андреев. Покрај него, како членови на привремениот воен суд биле именувани: потполковник Голунски, мајор Драганов и мајор Фичев.[37] Официјално, судењето започнало на 18/30 јуни 1892 година во просториите на Военото училиште во Софија.[38] Заради публицитет на процесот била подготвена специјална сала со 200 столчиња,[39] од каде што заинтересираната публика и новинарире требало да го следат процесот.

Според обвинителниот акт, на клупата пред воениот суд се нашле следниве 18-мина: Светослав Миларов, Константин Попов, Георги Василев, Стоју Џуџев, Иван Бобеков, Тома Георгиев, Димитар Попов Стајков, Спас Лепавцев, Петко Каравелов, Трајко Китанчев, Александар Караѓулев, Григор Караѓулев, Петар Македонски, Георги Великов, Димитар Молов, Димитар Карастојанов, Димитар Ножаров и Петар Милков.[40] Кога ќе се анализира целиот процес, обвинетите може да се поделат во три категории: 1. групацијата околу Светослав Миларов, кој претходно планирал заговор против кнезот и Стамболов; 2. помала група која била во врска со Н. Туфекчиев (пр. Лепавцев, Ножаров); и 3. група од политички дејци како П. Каравелов, Т. Китанчев и д-р Молов.

Според обвинителниот акт, сите биле обвинети поради „обид да предизвикаат промени во државниот систем и други престапи“.[41] Впечатливо е што во обвинителниот акт е констатирано дека за никој од обвинетите не биле најдени докази за вмешаност при обидот за атентат врз Стамболов и за убиството на Х. Белчев, но притоа се вели дека тие биле учесници во заговор против кнезот и Стамболов. Мотивот за ова обвинение е најден во една „несериозна“ иницијатива на Светослав Миларов.[42] Името на

[36] История на нова България..., 117.
[37] Свобода, г. VI/833, 12.7.1892, 2.
[38] Исто, бр. 838, 18.6.1892, 2.
[39] Исто, бр. 839, 19.7.1892, 2.
[40] Исто, бр. 831, 10.6.1892, 2.
[41] Исто.
[42] Исто, 2-3.

Миларов и неговите планови на власта ѝ биле посочени од А. Пенков.[43] С. Миларов, како русофил и политички емигрант во Одеса, за своите илузионистички планови против кнезот водел дневник,[44] кој за време на истрагата паднал во рацете на власта. Како талентиран поет и новинар, Миларов воопшто не бил човек од акција, туку тој пред сè може да се вброи кон онаа категорија романтичари кои копнеат за саможртва и големи подвизи, но без способност за реализација. Неговите обиди за ликвидација на Фердинанд се толку наивни и смешни што не заслужуваат особено внимание. Така, на пример, при првиот обид за атентат врз Фердинанд, му се фатила раката поради што не успеал да го извади револверот од џебот. Вториот пат, поради несмасност самиот се повредил со револверот во тоалетот на железничка станица во Пловдив. Додека пак, Константин Попов, како негов соучесник, кој исто така бил на железничката станица, го заборавил својот револвер во Одрин. Информациите од дневникот на Миларов, всушност се основа за целиот процес, при што меѓу обвинетите се нашле луѓе, кои немале ништо со идеите и постапките на Миларов, ниту пак со убиството на Х. Белчев.

Поради обемноста и сложеноста на целиот процес, овде ќе задржиме само на моментите кои се во директна врска со Т. Китанчев, за да може да се согледа конструкцијата во неговиот случај. Според обвинителниот акт, приведениот С. Лепавцев предал список на можни учесници во атентатот во кој се нашле имињата на Трајко Китанчев и Петко Каравелов. Понатаму според обвинението, Лепавцев „мислел“ дека Китанчев е дел од заговорниците, бидејќи кога власта настојувала да го интернира од Софија, тој наминал кај него и наводно му соопштил дека знаел за работата на Туфекчиев (во однос на заговорот), бидејќи тоа му го открил Георгиев, но притоа го предупредил да си молчи и никому да не зборува.[45] Понатаму, во контекст на Китанчев, во обвинителниот акт стои дека П. Каравелов за време на притворот се сретнал со Лепавцев и го прашал дали открил нешто за него и за Китанчев. Откако

---

[43] Исто, 3.

[44] Според спомените на Тодор Хаџи Станчев, С. Миларов како политички емигрант во Русија водел дневник за своите идеи и активности, но откако бил амнестиран – се вратил во Бугарија, при што дневникот го оставил на чување кај Величко Пенчович во Букурешт, кој подоцна му го предал, или според други му го продал на Стамболов за да му се додвори. (Стефан Стамболов и неговото време..., 271–272). Меѓутоа, според обвинителниот акт, предметниот дневник бил пронајден при претресот кај Миларов.

[45] Свобода, г. VI/833, 12.7.1892,2.

Лепавцев му кажал дека пред истражните органи кажал сè што знае, Каравелов наводно му рекол признанијата за него, и за Китанчев да ги негира пред судот, а доколку тоа е невозможно, тогаш да се вади со фрази „ми се чини“ „не помнам“ и слично.[46] Тоа е сè за Т. Китанчев во обвинителниот акт.

Она што Лепавцев го дал како исказ во однос на Китанчев за време на истрагата, воопшто не одговара со тоа што го изложил во текот на јавниот претрес по делото. Така, на прашањето од обвинителот дали и што знае за учеството на Китанчев во атентатот, Лепавцев одговорил дека тој пред интернирањето дошол кај него во дуќанот, при што му кажал оти софискиот градоначалник му соопштил дека ќе го интернираат, зашто Стамболов се плашел да не го убијат. Тогаш Лепавцев наводно го прашал да нè е тоа поради Туфекчиевата работа, на што Китанчев му одговорил „молчи си да не настрадаш. Дали тој знаел за заговорот, или не, не можам да знам“.[47] Разликата помеѓу овој исказ и оној за време на истрагата е евидентна и од суштинско значење. Како прво, овде во приказната го нема Георгиев, кој наводно претходно му соопштил на Китанчев за подготвувањето на атентатот, и второ Лепавцев истакнал дека не знаел дали евентуално Китанчев знаел, или не, за атентатот.

На прашањето од обвинителот дали некогаш го затекол Китанчев кај Каравелов и дали разговарале во врска со атентатот, Лепавцев одговорил дека двапати со него и со Георгов го посетиле Каравелов, но немале никаков разговор за атентатот.[48] При испрашувањето, Лепавцев во врска со Китанчев рекол дека со него се видел за време на притворот, при што последниот го замолил доколку му е тешко да ги негира исказите што ги дал пред истражните органи, тогаш барем да зборува странично.[49] На прашањата од одбраната дали при средбите со Китанчев и Георгов станало збор за атентатот, Лепавцев повторно одговорил негативно.[50] Додека, пак, на прашањето дали за време на притворот, пред Каравелов изјавил „Жалам што го заплеткав и Китанчев во таа работа“, Лепавцев одговорил во завиткана форма: „Кажав дека сум зборувал некои нешта за Китанчев и затоа го затворија“.[51] Очигледно Ле-

[46] Исто.

[47] Исто, бр.853, 7.7.1892, 2.

[48] Исто.

[49] Исто.

[50] Исто, 3.

[51] Исто.

павцев, ниту го потврдил, ниту пак го негирал искажаното жалење пред Каравелов, бидејќи го вплеткал и Китанчев.

За да ги сфатиме мотивите на Лепавцев за поткажувањето на Китанчев, овде ќе одбележиме еден друг, многу значаен момент. Имено, Каравелов при излагањето за време на јавниот претрес, меѓу другото, истакнал оти самиот Лепавцев му кажал дека бил изнесуван од притвор и носен кај Стамболов, кој му ветил дека ќе го ослободат доколку биде осуден, а пак Луканов му се заканувал.[52] По овој исказ на Каравелов нема никаква реакција од страна на обвинителот, на претседателот на судот, ниту пак Лепавцев бил повикан да го потврди или да го негира тоа. Покрај тоа, Т. Китанчев за време на јавната расправа поставил прашање до Лепавцев дали имал средба со Стамболов, што зборувал со него, и што му ветил? На овие прашања Лепавцев одговорил дека Стамболов го прашал од каде се познава со Китанчев, а тој од своја страна замолил да го ослободат брат му, зашто бил погрешно затворен поради него.[53] Очигледно, Лепавцев ја потврдил средбата со премиерот за време на притворот. Токму овој невиден преседан, всушност, открива од каде била нарачката за целата конструкција против Китанчев и Каравелов.

За да ја проследиме конструкцијата на случајот со Китанчев, неминовно е да ја проследиме јавната расправа, прашањата на обвинителот, како и исказите на Лепавцев и Китанчев. Притоа, ќе видиме дека Китанчев со вкрстени прашања ги деконструирал конфузните и противречни изјави на Лепавцев што биле дадени за време на истрагата и оние при јавниот претрес, но тоа воопшто не било земено предвид од страна на судот при утврдувањето на вината.

На прашањето од обвинителот дали го признава делото, Китанчев одговорил, не. На барањето да раскаже што знае за оваа дело, Китанчев одговорил дека не може да раскаже ништо, бидејќи ништо не знае. На прашањето дали пред заминувањето од Софија му кажал на Лепавцев дека знае за „некакви луѓе на Туфекчиев" и притоа го предупредил за тоа да не кажува никому, Китанчев потврдил дека пред заминувањето за Трново се сретнал со него, но притоа не зборувале ништо слично.[54] На прашањето што мисли, што го натерало Лепавцев да изрече такви зборови за него, Китанчев одговорил дека прво не можел да поверува во тоа, би-

---

[52] Исто, бр. 854, 8.7.1892, 2.
[53] Исто, 3.
[54] Исто.

дејќи со него не бил во непријателски односи, поради што допушта дека можеби бил тепан, измачуван, и дека, можеби, така му било сугерирано.

При понатамошното распрашување, обвинителот влегол во нова, очигледно тенденциозна конструкција. Притоа го прашал Китанчев дали се сеќава дека при заминувањето за Трново, Лепавцев го информирал за постоење комплот за кој тој дознал од И. Георгиев, при што Китанчев му дал совет: „Абе Лепавцев, молчи си, овие работи не ти требаат“. Патем обвинителот појаснил дека такви биле изјавите на Лепавцев, дека тој за тоа слушнал од И. Георгиев и му го соопштил нему, а тој пак, како на пријател му советувал „да си молчи, да не си земе некоја беља на главата“.[55] Очигледно овде имаме класична замена на фактите од исказите. Во обвинителниот акт стои дека наводно Китанчев го информирал Лепавцев за заговорот за кој дознал од И. Георгиев. Но, овојпат обвинителот изнесува верзија според која Лепавцев за заговорот дознал од И. Георгиев и дека тој (Лепавцев) го информирал Китанчев за тоа. На ваквите провокативни инсинуации, Китанчев ќе одговори дека тој со Лепавцев никогаш не зборувал на таа тема.

Во понатамошната расправа, обвинителот особено се интересирал за политичкото убедување на Китанчев, со тенденција од него да извлече признание дека е приврзаник и „партизан“ на Каравелов. Во опширното излагање по тоа прашање, Китанчев истакнал дека од почетокот на осумдесеттите години бил приврзаник на Либералната партија, потоа дека по расцепот во 1884 година ја поддржувал фракцијата на Каравелов, дека за време на превратот бил приврзаник на Стамболов и ја поддржувал владата на Радославов, но дека се дистанцирал од последниов и продолжил да го поддржува регентството на Стамболов. Понатаму Китанчев истакнал дека по изборот на Фердинанд бил приврзаник на Стамболов, но во 1888 година истапил против неговата политика, поради режимот што го наметнал.

На натамошната упорност на обвинителот да изнуди признание дека е приврзаник на Каравелов, Китанчев одговорил дека припаѓа на Народната либерална партија, но дека во последно време дејствувал според својата совест без да се приврзува за личности. Настојувањето на обвинителот политичките определби на Китанчев да ги доведе во контекст со Каравелов, не е случајно. Всушност, Стамболов во лицето на Каравелов гледал сериозна по-

---

[55] Исто.

литичка опасност, која треба да се елиминира. Ако се следи документацијата од истражната и од судската постапка, евидентно е дека низ неа провејува тенденција да се докаже дека Каравелов поради политички аспирации бил поттикнувач на заговорите против владата и кнезот. Со оглед на фактот што Китанчев се дистанцирал од Стамболов и почнал да дејствува како опонент, логично е тој да се поврзе со Каравелов, како дел од заговорот кој со насилни методи настојувал да „предизвика промени во државниот систем“.

По прошетката низ политичкото минато на Китанчев, уследило соочување со Лепавцев. На прашањето од претседателот што има да каже во врска со излагањето на Китанчев, Лепавцев започнал нова (трета) варијанта на својата приказна. Според неа, Китанчев пред заминувањето за Трново преку ден дошол кај Лепавцев, при што последниов го прашал зошто ќе го интернираат, на што добил одговор дека Стамболов се плашел да не го убијат. Вечерта Китанчев повторно бил кај Лепавцев. Тогаш Лепавцев го прашал Китанчев дали дознал нешто за Туфекчиевата работа, зашто му кажале дека Георгиев го информирал (Китанчев) за таа работа, на што добил одговор „молчи“.[56] На оваа, трета конструкција, Китанчев одговорил дека ниту тој, ниту Лепавцев некогаш зборувале нешто за Туфекчиев, но дека несреќата била во тоа што на средбата немало сведоци.

Ако се проследат сите изјави на Лепавцев во врска со ова прашање, очигледно е дека тој се заплеткал во сопствените конструкции, при што самиот ја довел под прашање првичната изјава. Овој апсурд, Китанчев го извлекол на површина со неколку вкрстени прашања кон Лепавцев. Така, Китанчев поставил прашање дали некогаш Лепавцев дал изјава во смисла: Китанчев ми кажа дека за тие работи му кажал Георгиев? Лепавцев одговорил со не. Понатаму Китанчев прашал дали дал изјава дека од него ги слушнал зборовите: „Георгиев ми кажа за Туфекчиевата работа да не кажувам никому“? – На што повторно добил негативен одговор. Контрадикторноста во исказите на Лепавцев, Китанчев ја изобличил со уште неколку вкрстени прашања. Едно од нив е дали некогаш Лепавцев изјавил пред Каравелов дека му било жал што го вплеткал и Китанчев во овие работи? На ова, Лепавцев одговрил: „Не помнам, но мене ми е жал што ми се падна да ги издадам своите пријатели“. Понатаму Китанчев поставил прашање

[56] Исто.

дали Лепавцев зборувал пред д-р Молов дека го „гризе совеста" зашто зборувал против него? По поставувањето на ова прашање интервенирал претседателот на судот, бидејќи такво нешто немало во обвинителниот акт. Во врска со тоа интервенирал и обвинителот, при што нагласил дека прашањата што не биле во интерес на судот и обвинетите, не треба да се допуштат. Несомнено, таквите прашања воопшто не биле во интерес на судот, зашто тие го поткопувале обвинението и нарачаната пресуда. Со тоа, всушност, завршило распрашувањето на Китанчев.

Пресудата од судскиот процес била изречена на 7/19 јуни 1892 година.[57] Според неа, Китанчев е прогласен за виновен за учество во комплот за промена на државниот систем. Според тоа, врз основа на чл. 58, алинеја 2 од Османлискиот закон за казни, нему му е изречена казна од 3 години затвор во крепост, кој врз основа на решение од Воениот касационен суд е заменета со 3 години обичен темничен затвор.[58] Се разбира, тука влегува и времето поминато во притвор.

Во образложението на пресудата во несистематизирана форма, во однос на Китанчев стојат следниве наводи: дека според Лепавцев, Китанчев и Каравелов биле учесници во комплотот; дека Т. Георгиев, И. Георгов и Т. Китанчев го заплашувале Лепавцев да не го открие заговорот доколку биде фатен од полицијата;[59] дека Каравелов додека бил во притвор го наговарал Лепавцев да се одрече од признанијата за него и за Китанчев што ги дал за време на истражната постапка; дека Китанчев кога заминувал за Трново му напомнал на Лепавцев да молчи и да не го открива заговорот; дека обвинетиот Китанчев, иако не го признава обвинението што му се препишува, не негирал дека при заминувањето за Трново се видел со Лепавцев; за оваа средба обвинетиот Лепавцев тврди дека Китанчев го предупредил да не зборува никому за заговорот, ако биде фатен и распрашуван од полиција; Китанчев не негира дека бил во блиски и тесни односи со Наум Туфекчиев и со Лепавцев.[60]

Изнесените аргументи во образложението на пресудата, воопшто ги нема во обвинителниот акт, а за нив не станало ниту збор за време на јавниот претрес. Оттука, во врска со пресудата на Китанчев во в. „Знаме" пишува: „најчудно во неговата пресуда е

[57] Исто, бр. 858, 13.7.1892, 2.

[58] Исто, 5.

[59] Исто, 3.

[60] Исто, 5.

што во обвинителниот акт стоеше едно, во судската истрага друго, а во пресудата трето. Некако требаше да се мотивира оваа пресуда“.[61] Според изнесеново, пресудата за Китанчев која е донесена врз основа на примитивно конструирано обвинение, претставува грда лакрдија за судството и правдата. Најдобра потврда за монтираноста на процесот претставува фактот што Спас Лепавцев – човекот по чие поткажување бил приведен и осуден Китанчев, бил осуден на смрт, но нему казната му била заменета со 5 години темничен затвор.[62]

Во врска со овој случај, Петко Каравелов добил 5 години затвор. Светослав Миларов, Константин Попов, Тома Георгиев и Александар Караѓулев биле осудени на смрт со бесење. Пресудата против нив била извршена на 15/27 јули 1892 година, во дворот на Црната Џамија. Другите обвинети биле осудени на разни временски казни од 15 до 3 години затвор. Додека организаторите на атентатот: Димитар Ризов, Наум Туфекчиев и Иван Козаров се осудени во отсуство.

## Исповед на затвореникот и издржувањето на казната

По изрекувањето на пресудата, Трајко Китанчев бил преместен во окружниот затвор во Хасково. Со оглед на времето што го поминал во притвор, тука требало да одлежи уште една година и осум и пол месеци.

Пред да го проследиме времето поминато во хасковскиот затвор, да видиме како Т. Китанчев ги доживеал неоснованото обвинение и неправедната пресуда. Во врска со тоа, тој се исповедал пред неговиот благодател, воспитувач и духовен отец – владиката Натанаил во писмото од 15 септември 1892 година. [63] За да не го интерпретираме напишаното од Китанчев, овде ќе пуштиме да говори самиот тој:

„Ваше Високопреосвештенство, преуважен оче!

... Не сум Ви пишал откако бев осуден и затворен – прво поради тоа што на почетокот во Софија не ми беше дадена таква можност, и второ, бидејќи бев убеден дека Вие знаете сè, и нема

[61] Знаме, г. I/94, София, 6.8. 1895, 2.

[62] Свобода, г. VI/858, 13.7.1892, 5.

[63] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 337-340.

ништо ново за што би можел да Ве известам. Познато Ви е дека сум осуден на тригодишен затвор во крепост, но, со оглед на тоа што кај нас нема таква крепост, казната ми е заменета со три години обичен темничен затвор. Откако ќе ми се пресмета и притворот од денот на моето апсење (29 мај 1891 година), ми преостанува во иднина да одлежам уште една година и осум и пол месеци.

Ваше Високопреосвештенство! За прв пат во мојот живот ми се случи да имам работа со суд; првпат бев под истрага и суден; првпат бев осуден. Сметав и сметам дека моја света должност е, како на мој духовен отец, добротвор и воспитувач, да Ви дадам отчет за своето поведение, било во општествениот, било во мојот личен живот. Мислењето што било кој друг, па дури и самото општество, го има за мојата политичка дејност во одредени периоди, за мене нема особено силно значење, доколку тоа е одобрено од мојата совест. Но, мислењето на Вашето Високопреосвештенство за мене отсекогаш имало највисока цена. И доколку понекогаш не сум се обратил кон Вас за да ги оправдам своите постапки, тоа било само затоа што сум сметал дека тие биле одобрени од Вас, и поради тоа што не сум добил никакви забелешки. Но мојот сегашен случај е вонреден и не можам преку него да преминам со молк. Јас едноставно стравувам дека моето однесување би можело да Ви донесе тага, бидејќи знам колку е чувствително Вашето татковско срце кон успесите и неуспесите што ми се случуваа во животот. Вашата тага за мене би била тројна тага, и дури тогаш би ја почувствувал тешкотијата на затворот. Од оваа причина сакам надолго и нашироко да Ви расправам за делото и за моето учество во него, бидејќи Вие за него сте слушнале само од страна на моите политички и лични противници и обвинители, или пак сте ги читале стенографските протоколи. А за да може човек да добие целосно сознание, треба да се ислуша и спротивната страна – audiatur et altera parts... Но, откако зедов предвид дека дури и така како што сега се фалсификувани стенографските протоколи, сепак може многу добро да се види како го создале обвинението против мене, се успокоив и убеден сум дека исто како што мојата совест ме оправдува за сè што сум направил досега, така и Вие нема да пронајдете ништо прекорно во мојата досегашна дејност, ниту пак нешто обвинително во моите идеали, за чиешто остварување отсекогаш се борев во рамките на своите можности...

Престапот за којшто сум суден и осуден, воопшто не е срамен. Но, со оглед на тоа што станува збор за убиство и начин на дејствување за чијашто морална вредност би можело да се спори,

би сакал да Ви го расветлам моето учество во тоа дело. Не сметам дека е потребно, ниту пак возможно и навреме, подробно да Ви расправам како се поведе и како се доведе делото докрај. Доволно е само да Ви кажам дека бев и уште сум наполно невин за сè – и за убиството на Белчев, и за некаков си заговор против Стамболов, и за некаков заговор врз животот на кнезот. Секогаш имав морална смелост јавно да го искажам и да го направам тоа што го мислев, тоа што го сакав, и тоа што сум решил да го направам. И навистина, до последен момент глупаво мислев дека кај нас е возможна мирна и јавна политичка дејност. Сега сепак гледам дека луѓето не сакале да биде така...

Доколку сакав да работам нелегално, тајно, насилнички, јас би се зафатил да го направам тоа како што треба, и верувам дека моите противници истото ќе го почувствуваа. Но, Ви велам, ниту посакував таква дејност, ниту пак сум ја сметал полезна за татковината. Ако навистина бев барем малку виновен за престапите за коишто ме обвинуваат, тогаш кај мене секогаш ќе се најдеше доволно храброст јавно да ги исповедам своите дејства, и, доколку беше потребно, со сопствената крв да ги запечатам своите убедувања. Во тој случај ќе имав и морална и физичка смелост сам да го извршам тоа што сум го намислил, и да признам пред Вас и пред судот, макар и пред таков quasi суд, каков што беше оној што ни суди. Од оваа причина, воопшто не е потребно да навлегувам во анализа и оцена за убиството и за настанатите или скроени комплоти, без разлика дали се оправдани или не од морално-политичка точка на гледање, бидејќи јас не сум одговорното лице за нив.

Кога го имате ова предвид, јас Ве молам да поверувате во мојата чистосрдечна исповед пред Вас, дека јас не сум инволвиран во некакво убиство, или во заговор за убиство на кој и да е, ниту пак во каков било друг заговор. Штом е тоа така, можете да си претпоставите колку сум морално спокоен и со каква леснотија го издржувам затворот, бидејќи знам дека тој ми е наметнат поради мојата дејност во Собранието и надвор во општеството, а не поради тоа за што сум осуден. Затворен сум затоа што се застапував за поткопаната слобода на татковината и, најпосле, за искажаните искрени убедувања, а за нив јас не би лежел 3, туку 23 години.

... Сето ова Ви го напишав за да се уверите дека Вашиот воспитаник, и покрај тоа што сега лежи в затвор, не направил ништо поради што би го мачела совеста, или за што би можеле да го осудите од морален поглед. Иако сум суден и осуден, иако во

моментов сум затвореник, јас не се срамам од себеси и од своите дела. Не се срамам сè уште да се нарекувам Ваш син и воспитаник...

Најпокорно Ве молам да ми простите што Ви пишувам толку опширно, но сметав дека е неопходно да Ви напишам еден вид исповед за да ја успокојам мојата совест. Со оглед на тоа што не сум на слобода и немам и немав можност да Ви кажам барем два збора во моја заштита, не би сакал кај Вас да остане сенка на сомнеж кога постојано слушате како се зборува против мене. Не сакам тоа да Ве натажи...“

Оваа исповед на Китанчев пред својот духовен отец претставува чин на самопрочистување и неопходен чекор за да може со мир и спокој да го поднесе затвореничкиот живот и да се оддаде на творечка работа.

Од првото писмо што Т. Китанчев го пратил од Хасково до П. Каравелов (останал да ја издржува казната во Црната Џамија во Софија), дознаваме дека тој бил сместен во одделна мала просторија. Притоа имал право двапати дневно (наутро и навечер) да излегува на прошетка во кругот на затворот заедно со другите затвореници.[64] Китанчев во Хасково си направил дрвен кревет, бидејќи железниот што го купил додека бил в притвор, му останал во Црната Џамија во Софија. Главен недостиг во овој затвор за Китанчев во прво време биле книгите и неможноста да си набавува храна однадвор, бидејќи затворот бил оддалечен од градот.[65] Со текот на времето доставувањето книги било подобрено, но тоа ни оддалеку не ги задоволувало неговите потреби.

Т. Китанчев, кој бил скромен дури бил на слобода, брзо се приспособил на условите во затворот. Во врска со тоа, на 3 јануари 1893 година, тој на неговиот поранешен ученик, сотатковинец и пријател, Андреј Љапчев, му пишува: „Ти знаеш дека јас сум навикнат на сиромаштија и речиси не чувствувам некаква голема разлика меѓу сегашната и претходната положба. Здрав сум, а ти добро ме познаваш, дека штом сум здрав, јас сум задоволен, весел, па дури и среќен, каде и да се наоѓам.[66] Нема ништо да ѝ тежи на мојата совест, задоволен сум од себеси, и мислам дека тоа е нај-

---

[64] Исто, 322–323.

[65] Исто, 323.

[66] Слично на ова, Китанчев на 15 септември 1892 година на П. Каравелов му пишува: „Јас сум здрав, а штом сум здрав, како што знаете Вие, јас сум добар и весел“ (Исто, 324).

важното. Исто така знаеш дека јас немам големи потреби дури и кога сум на слобода, а овде потребите ми се сосема мали. Колку лесно можам да се привикнам на недостатоците, дури и јас самиот се чудам. Порано и за храната мислев дека ќе ми биде многу мачно, а сега толку се навикнав, како да сум бил затвореник со години".[67]

На неколку места низ овој труд видовме дека Китанчев бил човек со чувствително здравје. Токму затоа низ писмата од Хасково тој редовно ги информира пријателите за својата здравствена состојба. Од неговата преписка се гледа дека до почетокот на 1893 година, Китанчев бил задоволен од здравствената состојба, поради што бил весел. Таквите изблици на среќа ја покажуваат само желбата на еден континуирано болезлив човек. За Китанчев било доволно да се почувствува здрав за да биде весел и среќен, без оглед на другите околности. Меѓутоа, веќе на 15 февруари 1893 година, Т. Китанчев до П. Каравелов пишува: „Порано Ви се фалев со своето здравје, и сега не сум лош, но почнав да слабеам. Срцебиењето многу ме мачи. Овде немам услови за лекување ...Се разбира, можам да не се лекувам од таа болест, но потоа ќе биде тешко да се излекувам. И сега забележувам некои признаци, за кои сметам дека се последица од неправилното срцебиење".[68] Тоа било една од причините поради која Китанчев размислувал да поднесе барање до управата на затворот за да биде преместен во Софија, каде што би можел да се лекува во Александриската болница. Меѓутоа, Китанчев во исто време бил свесен дека ќе добие негативен одговор, со образложение дека и во Хасково има лекар. Поради тоа, но и врз основа на негативните искуства од другите познаници, кои барале преместување во затворот во Софија, Китанчев се откажал од таквата намера.[69]

Од кореспонденцијата на Китанчев, дознаваме дека во почетокот на втората декада од септември 1892 година, бил посетен од неговиот десет години помал брат Ефтим,[70] кој по завршувањето на воеhistorijата— 

[67] Исто, 334.

[68] Исто, 344.

[69] Всушност, Китанчев уште во средината на декември 1892 година почнал да размислува да поднесе барање за негово преместување во Софија, со намера дека ќе биде на едно место со П. Каравелов, а со тоа да има и поголем пристап до неопходната литература. Меѓутоа, веќе во средината на март 1893 година, врз основа на негативните искуства на неговите познаници од Трновскиот затвор, Китанчев се откажал од намерата (Исто, 333; 341).

[70] Исто, 340.

рај тоа, на 25 октомври 1892 година, Китанчев бил посетен од владиката Натанаил, кој во тоа време осветувал црква во некое од околните села и патем поминал да се види со својот штитеник. Поради присуството на управителот, средбата имала официјален карактер, при што Китанчев немал можност да поразговара со владиката за настаните „по белиот свет“.[71]

За време на издржувањето на казната, Трајко Китанчев, во рамките на можностите, настојувал да се грижи за своите најблиски: братот Ефтим, како и родителите во Ресен. Така во писмото – исповед кон владиката Натанаил, гледаме дека Китанчев му сугерирал на својот помал брат почесто да оди кај владиката за да се советува со него. Од друга страна, Китанчев го замолува Натанаил со своите совети да влијае врз Ефтим, кој бил нешто ослободен во обноската, за да не се одаде со офицерите на расипнички живот и да ја напушти службата.[72]


Ефтим Китанчев

Покрај тоа, Китанчев води грижа и за своите родители, кои во меѓувреме се отселиле од Подмочани и заминале да живеат под кирија во куќата на Андреј Љапчев во Ресен. За грижата кон родителите најдобро сведочат неговите зборови: „Но, што да правам со старите во Ресен, освен мене, нема кој друг да се грижи за нив. Брат ми сега стапува во живот и јас реално знам дека како коњанички потпоручник самиот тој првата година има потреба од помош, а не да им помага на други, а кога тој ќе биде во положба да одвојува по нешто од својата плата, јас веќе ќе бидам надвор“.[73]

Оттука, Китанчев му се заблагодарил за помошта што му ја понудил А. Љапчев, а притоа му пишува дека доколку не успее да се снајде со пари од другите пријатели за да им прати на родителите, тогаш во „краен случај“ би се обратил кон него.[74]

Покрај тоа, Китанчев интервенирал кај А. Љапчев кога се отворило прашањето за продажба на нивната куќа во Ресен, при-

[71] Исто, 327.
[72] Исто, 340.
[73] Исто, 344.
[74] Исто.

тоа го замолува да го откупи својот дел од брат му, па куќата да остане на негово име, зашто при евентуална продажба, неговите родители би требало да се иселат, а тие веќе навикнале таму.[75]

Од затворот во Хасково, Китанчев се интересирал за настаните во Македонија, особено за развојот на егзархиското црковно-училишно дело. Според неговата кореспонденција, очигледно е дека за тоа добивал информации од Коне Самарџиев од Солун, со кој бил во преписка.[76] При тоа, пројавува загриженост поради влашката и протестантската пропаганда, а особено поради српската, која се зацврстила во Скопскиот регион.[77] Според него, успехот на српската пропаганда во рамките на Скопската епархија, меѓу другото, бил последица на железницата и трговските врски со Србија,[78] но и на недоволната ангажираност на Егзархијата.[79] Кога станува збор за српската пропаганда во Македонија, Китанчев на тоа прашање гледа од позиција на егзархиски воспитаник.

Затвор е нешто поразително за секој што ќе се најде во него, било праведно, или неправедно осуден. Затворот е уште поубиствен за интелектуалците, особено ако се морално неспособни да го понесат бремето и да си го организираат времето. Трајко Китанчев како интелектуалец и творец, како човек со чувствително здравје, не дозволил да го обземе меланхолија и депресија и да стане жртва на институцијата затвор. На овој отсекогаш скромен човек му биле потребни елементарни услови за да се предаде на работа и да го победи времето и неправдата. За него единствениот проблем бил недостигот од книги кои тешко се доставувале и разните дозволи за работа од претпоставените. Така, во едно писмо до А. Љапчев, Китанчев пишува: „Во овој затвор е лошо само тоа што сосема мачно може да се достават книги. Да пишуваш нешто свое, сопствен труд – претходно треба да е одобрена темата... Да пишуваш нешто за науката – потребни се книги... Во умствен поглед, овој затвор за мене ќе биде еден продолжен сон, кој ќе ме натера да подивеам уште повеќе“.[80] И покрај ова, Китанчев не седел со скрстени раце, чекајќи ден да мине друг да дојде, дури да излезе на слобода. Тој веднаш по пристигањето во Хасково пре-

[75] Исто, 344–346.

[76] Исто, 330-340.

[77] Исто, 332.

[78] Исто.

[79] Исто, 333.

[80] Исто, 335.

ку своите познајници настојувал да се обезбеди со книги и да размислува со каква работа да се зафати.

На 1.9.1892 година, Китанчев му пишува на П. Каравелов дека местото било погодно за работа, но дека уште не размислил со што да започне, затоа смета дека во прво време би било најдобро да започне со превод на некоја мала статија или книшка од француски што ќе му помогне во изучувањето на овој јазик.[81] По петнаесетина дена Китанчев пишува дека постојано читал, но во поглед на пишувањето сè уште бил мрзлив, затоа сметал да започне со некој превод кој како механичка работа, ако му легне добро, побрзо ќе го мотивира да се зафати со пишување на нешто друго.[82] Во почетокот на октомври, Китанчев во писмата до Каравелов не само што пишува за книгите и списанијата што ги чита, туку изнесува литературна критика за стиховите и делата што ги прочитал.[83]

Преводите и пишувањето не само што го пополнувале времето в затвор, туку тие давале минимална можност за заработка. Тоа дополнително го мотивирало Китанчев. Таквата минимална заработка, ако не повеќе, барем би го ослободила да не зависи од помошта од пријателите. Меѓутоа, се чини во тој поглед среќата не му била наклонета. Така, на пример, кон крајот на октомври Китанчев жали што Д. Благоев веќе не бил редактор на весникот „Ден", каде што било планирано да објави некои преводи, како и поради тоа што весникот во материјален поглед бил слаб, поради што не ќе може да му платат.[84] Независно од тоа, во овој период Т. Китанчев влегол во работен ритам и почнал да подготвува научна статија за акцентирањето на зборовите во западно-македонските дијалекти, конкретно во ресенскиот говор. Китанчев смета дека неговата статија ќе предизвика интерес кај учените средини во Бугарија, вклучително и оние по потекло од Македонија, бидејќи според нив акцентирањето во западномакедонските говори било исто како во српскиот јазик. Во врска со тоа, Китанчев пишува: „Од оваа моја статија ќе се уверат сите, дека од таа страна, нашето наречје нема ништо заедничко со српскиот јазик, а акцентирањето е сосема оригинално и тоа следи такви правила, коишто во српскиот јазик ги нема".[85] Од споменатава статија, Китанчев оче-

[81] Исто, 323.

[82] Исто, 324.

[83] Исто, 325.

[84] Исто, 326.

[85] Исто.

кувал да заработи 4–5 наполеони. Кон крајот на декември 1892 година, Китанчев ја завршил статијата, но сè уште не ја пратил за печатење, бидејќи претходно требало да помине низ разни „митарства“ (процедури) во затворот, па затоа дури на 13 јануари му ја пратил на В. Стојанов. Притоа, Китанчев бил подготвен доколку В. Стојанов не ја објави статијата, да ја повлече и да му ја прати на К. Самарџиев во Солун.[86] Веќе во февруари, Китанчев изразува сомнеж дека неговата статија ќе биде објавена во брзо време.[87] По сè изгледа, поради режимот на Стамболов, издавачите биле внимателни кога станувало збор за објавување трудови од Китанчев. Спомнатава статија сепак во 1893 година излегла во „Перидоическо списание“, но името на авторот е заменето со иницијалот Х.[88]

Независно од проблемите при објавувањето, Китанчев не губел верба, туку продолжил да работи. За време на престојот во затворот, тој го превел на бугарски јазик романот „Дон Кихот“ од Сервантес, покрај тоа подготвил и посебна студија за неговиот автор, а ги превел расказите: „Шинел“ и „Невски проспект“ од Гогољ, како и вториот том од „Историја на цивилизацијата на Англија“ од Бакл.[89]

Затворот нашол одраз и во личното творештво на Т. Китанчев. За тоа најдобро сведочат стихотворбите: „Кон Нерон од еден затвореник“,[90] и „Престапник“.[91]

---

[86] Исто, 335. Самарџиев го поканил Китанчев да објавува во неговата „Книжица“, притоа нудејќи му скромен хонорар (Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 331). Всушност, комуникацијата помеѓу Китанчев и Самарџиев датира од порано. Така на пример, К. Самарџиев во ноември 1889 година, му пишувал на Д. Ризов дека е подготвен на Китанчев да му плаќа годишна плата од стотина лири, доколку овој прифати да биде редактор на неговата „Книжица“ и да му пишува учебници за бугарската историја, христоматија и земјопис. Меѓутоа, овој план Самарџиев, наводно поради беспарица, го одложил за следната учебна година. Од друга страна, Китанчев не одговорил на писмата од Самарџиев. Види: Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 280–281; 288; 291.

[87] Иако спомнатава стихотворба во ракописната верзија стои под истиот наслов, а под него е објавена и во в. *Право,* Ј. Иванов во собраните дела ни ја дава под наслов „Затвореник“. (Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 342).

[88] Види: Х. За ударението върху думит? въ р?сенския говоръ отъ западно-македонското нар?чие, Периодическо списание на българското книжовно дружество въ Ср?децъ, г. VII, кн. XLI–XLII, Ср?децъ 1893, 857–915.

[89] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 58.

[90] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 20–21.

[91] Исто, 24–25.

Овде ќе дадеме само неколку строфи од првата стихотворба во слободен превод:

Во темница тесна, ниска, мокра
Со железен обрач на вратот,
Со белегии на рацете,
Со синџири тешки на нозе,

Со мисла мрачна во главата
И со јад бескраен во срце:
Лежам фрлен во смрдеа и влага
Тука од тирански раце.

Над мене се носат привиденија
Пред мене пропаст страшна зјае,
И пеколот со своите маки
Пред мене бесрамно се гордее.

Очите ми се потемнети,
Не гледам ништо да свети
И само чувствувам во моите гради
Срцето слабо тупка

Но пак, тиранин, не те признавам,
Пред тебе глава не преклонувам јас!
Мачи го моето тело како што сакаш,
Над него имаш полна власт;

Со клешти железни усвитени
Раскини го моето тело;
Но пак пред тебе не ќе го наведнам
Тоа непокорно чело.

Додека Китанчев ја издржувал казната, кулминирало незадоволството против режимот и скандалите на Стамболов. Кнезот Фердинанд, кој доволно научил за политиката во Бугарија од Стамболов, чекал погоден момент за да се ослободи од него, а со тоа да го отвори патот за подобрување на односите со Русија, од каде што зависело неговото меѓународно признавање. Стамболов поради своите скандали често пред кнезот играл на картата – оставка, притоа знаејќи дека Фердинанд поради сложената ситуација нема да му ја прифати, или ќе му даде нов мандат, меѓутоа петнаесеттиот пат, диктаторот ја загубил играта. На 18 мај 1894

година, Фердинанд ја прифатил оставката на Стамболов.[92] Следниот ден, новата влада на Константин Стоилов, наредила ослободување на политичките затвореници и на интернираните.[93] Врз основа на тоа, по два дни, Трајко Китанчев, кому реално му останале уште 7 дена од издржувањето на казната, бил ослободен.[94] Болникавиот Китанчев кој одвај се движел, при ослободувањето бил пресретнат од мноштво граѓани. Тој од Хасково, преку Пловдив, заминал за Софија, со намера да бара ослободување на другите неправедно осудени, но во тоа не успеал, зашто не прифатил да застане под знамето на Народната партија, на К. Стоилов.[95]

---

[92] История на нова България..., 127.

[93] Исто, 31. Врз основа на спомнатава одлука, биле ослободени повеќе политички затвореници, новинари, редактори, русофили и други. Под притисок на јавноста, во август 1894 година, била ослободена друга група политички затвореници. Меѓутоа, П. Каравелов и понатаму останал в затвор, бидејќи одбил да поднесе молба до кнезот и да потпише декларација дека нема да го поставува династичкото прашање. Наспроти тоа, Д. Цанков и А. Људсканов, како емигранти, иако поднеле молба, не добиле дозвола за враќање во земјата. На тој начин постојната влада го забавила процесот на организирање на опозицијата (Исто, 31–32).

[94] Знаме, г. I/94, София, 6. 08. 1895, 2. Според овој напис за Китанчев, тој бил ослободен по барање на граѓаните на Хасково; притоа воопшто не се споменува одлуката на владата за ослободување на затворениците.

[95] Исто.

## Враќање во политиката

По падот на Стамболов, Фердинанд именувал нова влада на чело со Константин Стоилов, кој во исто време бил и управител на Министерството за внатрешни работи. Покрај него, во владата се нашле: Г. Начович како министер за надворешни работи и управник на Министерството за општествени згради, патишта и сообраќај, И. Е. Гешов – министер за финансии, В. Радославов – правосудство и управник на Министерството за просвета, Д. Тончев за трговија и земјоделство, и Р. Петров – министер за војна.[1] Според составот, станува збор за коалициска влада која произлегувала од средината на т.н. „обединета легална опозиција“, но во неа биле избегнати другите опозиционери: цанковисти и каравелисти (Цанков бил сѐ уште емигрант, а Каравелов в затвор).

По падот на Стамболов во Бугарија започнал процес на демократизација на општеството, како и на прегрупирање и обновување на разнебитените политички субјекти од претходниот режим. Во тоа време излегувале над седумдесетина весници со различна политичка ориентација. Генерално тие биле позиционирани како антистамболовисти и простамболовисти. Под притисок на блиското минато и еуфоријата, дежурна тема во печатот бил претходниот режим. Меѓутоа, со текот на времето, критиката била насочена и кон актуелната влада. Од неа незадоволство манифестирале радославистите (поради второстепените позиции во владата), а од друга страна на површина избило недоразбирањето помеѓу Стоилов и Г. Начович, бидејќи последниот сѐ уште стоел на антируски позиции.[2]

Во почетокот на јуни 1894 година, К. Стоилов ги поставил основите на нов политички субјект – Народната партија. Во неа влегле поранешни конзервативци, радослависти и цанковисти. Обединувачка алка помеѓу овие разнобојни елементи било елиминирањето на последиците од Стамболовиот режим. Паралелно со тоа течел процесот на соживување на старите политички партии и нивните фракции, кои биле разнебитени од режимот на Стамболов. Притоа најдобро се снашла Либералната партија на Радославов, која реално најмалку настрадала во претходниот режим. Како дел од „обединетата легална опозиција“, радослависти-

---

[1] История на нова България..., 130.

[2] Исто, 132.

те добиле место во владата на Стоилов. Закрепнувањето на Либералната партија на Каравелов одело потешко, со оглед на фактот што таа претрпела голем удар во времето на Стамболов, а нејзиниот лидер сè уште бил в затвор. Сепак, каравелистите започнале да го издаваат весникот „Знаме", како орган на Партијата. Тие се залагале за натамошна демократизација на општеството, за афирмација и одбрана на интересите на ситните и средните сопственици и за подобрување на односите со Русија. Најтешко одело обновувањето на Партијата на Цанков, поради неговото долготрајно отсуство од земјата. Значаен дел од приврзаниците на неговата Партија се прелеале во Народната партија на Стоилов. Сосема слаба нијанса на плуралистичкиот колор давала и Бугарската социјалдемократска партија, која на политичката сцена се појавила од 1891 година. При такви околности, Народно-либералната партија на Стамболов забрзано почнала да опаѓа.[3]

Како што посочивме понапред, Т. Китанчев веднаш по излегувањето од затворот заминал за Софија, каде што се обидел да издејствува ослободување за преостанатите политички затвореници и дозвола за враќање на политичките емигранти. Според в. „Знаме" во тоа не успеал, бидејќи не сакал да застане под знамето на Народната партија.[4] Несомнено, Китанчев, кој поради својот ораторски талент уживал голема популарност, особено како опонент на Стамболов, кој од затворот излегол со ореол на маченик на режимот, бил посакувана личност за повеќе политички опции. Меѓутоа, Китанчев како либерал, кој во почетокот од политичката кариера бил огорчен противник на конзерватизмот, од принципиелни причини не можел и не сакал да застане зад еден поранешен раководител на Конзервативната партија – К. Стоилов, кој во новосоздадените услови станал предводник на новата политичка опција – Народната партија.

Понапред видовме дека за време на истрагата и издржувањето на казната, Т. Китанчев одржувал блиски контакти со П. Каравелов, што значи дека по несогласувањето со Стамболов, во политичка смисла се свртел кон својот поранешен лидер.[5] Со оглед

---

[3] Исто, 132–133.

[4] Знаме, г. I/94, София, 6.8. 1895, 2.

[5] Според С. Елдров, Т. Китанчев во овој период бил член на Демократската партија и најблизок соработник на П. Каравелов, иако не бил член на нејзиното Централно биро (С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 57). Оваа констатација не можеме наполно да ја споделиме од причина што Демократската партија на П. Каравелов е конституирана во 1896 година.

на фактот што Каравелов сè уште бил в затвор, а обновувањето на неговата партија одело потешко, како и поради голема раздвиженост на политичката сцена, Т. Китанчев во јуни 1894 година се нашол меѓу иницијаторите за формирање на Радикалната партија. При тоа, тој бил избран во Комисијата што била задолжена да ја разработи програмата на Партијата.[6] Меѓутоа, овој политички субјект не успеал да заживее. Во меѓувреме, Китанчев одржувал врски со бугарските офицери-емигранти во Санкт Петербург.[7]



Константин Стоилов

К. Стоилов, имајќи ја предвид политичка ситуација и несигурното мнозинство во парламентот, му предложил на кнезот да го распушти Собранието и да распише избори.[8] Врз основа на Кнежевскиот указ, изборите биле закажани за 11 септември 1894 година. Во пресрет на овие парламентарни избори, Т. Китанчев ја напуштил Софија и заминал во својата традиционална изборна база – Трново, каде што настапил како каравелист. Неговата кандидатура се обиделе да ја попречат активистите на владејачката Народна партија, па во тој контекст во Трново се нашол и премиерот К. Стоилов.[9] Независно од тоа, Китанчев успеал да ја поднесе својата листа пред окружните изборни совети.

На изборите од 11 септември 1894 година,[10] Китанчев по трет пат бил избран за пратеник во Обикновеното народно собрание, овојпат од партијата на Каравелов. При тоа, Китанчев освоил 37 гласа помалку од В. Радославов (поранешен премиер) и значително повеќе гласови од другите политички соперници. Овие по-

---

[6] Исто.

[7] Исто, 57-58.

[8] История на нова България..., 133.

[9] Знаме, г. I/1, София, 18.8.1894, 4.

[10] Според С. Елдров, изборите во Трновската околија се одржале на 19 септември 1894 година (С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 58). Меѓутоа, на 13 септември истата година, шест денови пред датумот за кој Елдров тврди дека се одржале изборите, в. „Свобода“ веќе објавува дека Китанчев бил избран за пратеник како каравелист (Види: Свобода, г. VIII/1478, София 13.9.1894, 2). Според тоа, тврдењето на Елдров не е точно.

датоци доволно зборуваат за авторитетот и влијанието на Китанчев.[11]

Првата редовна сесија на VIII обикновено народно собрание се одвивала од 15 октомври до 20 декември 1894 година, при што биле одржани 45 заседанија. Трајко Китанчев за време на оваа сесија бил еден од најактивните пратеници, при што по разни основи (процедурални забелешки, интерпелации, предлози, реплики и слично) за збор се јавил дури 193 пати.[12]

Уште на Првото заседание на Собранието, Т. Китанчев со потребниот број пратенички потписи поднел предлог-закон за општа амнестија на политичките осуденици.[13] Предлогот на Китанчев воопшто не бил случаен. Самиот тој бил жртва на политичкиот прогон, а во моментот на отворањето на Собранието, дел од политичките жртви на Стамболов сè уште се наоѓале в затвор (П. Каравелов), или надвор од земјата како емигранти (Д. Цанков). Нивното ослободување од затвор, или враќање во земјата, не било така пожелно за новата власт, иако манифестирала извесна демократизација на општеството и расчистување со минатото. Затоа, истиот ден кога Китанчев го поднел предлогот за општа амнестија, сличен предлог поднел и пратеникот Г. Добринович, кој од официјалниот орган на каравелистите е оквалификуван како „фенер“ на премиерот Стоилов.[14] Всушност, предлогот на Добринович бил добредојден за власта како изговор за одлагање на законот и за подолго држење на ривалите на дистанција од политичката арена.

Поради долгото држење на предлогот во собраниска фиока, Т. Китанчев на Деветнаесеттото заседание (29.11.1894) побарал предлог-законот за амнестија да биде ставен на дневен ред. Меѓутоа мнозинството со надгласување и овој пат ја одложило расправата.[15] Конечно, предлогот на Китанчев, како и оној на Добринович, биле дадени на прво читање[16] на 35. заседание на Собранието кое се одржало на 9 декември 1894 година.[17] Китанчев, кој

---

[11] С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?.., 58.

[12] Исто.

[13] Според в. *Знаме,* предлогот на текстот се содржел во единствен член кој гласел: „Се амнестираат сите политички престапници од ослободувањето (на Бугарија, б.н) до 15.11.1894 година. Забелешка: Амнестијата не може да ја користат лица кои биле министри за своите дејства и престапи, кои ги извршиле за време на службата како такви“ (Знаме, г. I/29, София, 28.11.1894, 3).

[14] Исто, бр. 33, 12.12.1894, 2.

[15] Исто, бр. 30, 1.12.1894, 3.

[16] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 299.

[17] Знаме, г. I/33, София, 12.12.1894, 2.

настапил по Добринович, во образложението кон својот предлог одржал долга реч.[18] Притоа повикал на заемно помирување, простување и заборавање на минатото, повикувајќи амнестијата да ги опфати и осудените Турци-разбојници (од 1881 година), бидејќи на тој начин можела да се предизвика милоста на султанот и од него да се бара амнестија за политичките затвореници од Македонија и Одринско.[19] Посебен впечаток прави тоа што Китанчев, кој и самиот бил жртва на политички прогон, повикал на заемно простување и заборавање на минатото. Во врска со тоа, во својот говор, меѓу другото, истакнал: „Дали ќе се најде некој да рече, дека одмаздувањето е нешто свето и дека со него треба да се оди докрај? Ако некои денес, или вчера биле на власт и нè колеле и беселе, дали треба и ние утре, кога ќе дојдеме на власт да го правиме истото?“.[20] Говорот на Китанчев бил проследен со внимание од страна на мнозинството и присутните министри, а по неговото завршување, левицата и дел од центарот го поздравиле со ракоплескање. Во прилог на Китанчев зборувал и социјалистот Н. Габровски. Од друга страна, против предлогот на Китанчев истапил Стојан Михајловски. Притоа се развил жесток дуел, кој завршил со наредба од претседателот на Собранието за исфрлање на Китанчев, со цел да го заштити пратеникот на мнозинството. Меѓутоа, квесторот кој бил повикан да го исфрли Китанчев од Собранието, седнал до него, на што пратениците почнале да ракоплескаат.[21]

Законот за амнестија на политичките осуденици и емигранти, по предлог на соодветната собраниска комисија, повторно се нашол на дневен ред на седницата од 16 декември 1894 година.[22] Веќе на 20 декември 1894 година, Собранието го изгласало законот за амнестија. Притоа била прифатена верзијата од мнозинство, според која од амнестијата биле исклучени министрите, кои извршиле престапни дејства дури биле на власт, водачите и непосредните учесници во превратот од 9 август 1886 година и обичните престапници. Во случајот владата не сакала да го прифати предлогот за полна и сеопшта амнестија, бидејќи веќе започнала да ги разгледува престапите на Стамболов и неговите министри, а односите со Русија сè уште не биле на потребното ниво за

---

[18] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 296–301.

[19] Знаме, г. I/33, София, 12.12.1894, 2-3;

[20] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 298.

[21] Знаме, г. I/33, София, 12.12.1894, 3.

[22] История на нова България..., 135.

да им дозволи враќање на емигрантите – офицери.[23] Врз основа на овој закон, П. Каравелов веднаш се нашол на слобода, а во земјата се вратил и Драган Цанков, а Т. Китанчев се нашол во нивно друштво.[24]

Законот за амнестија не е единствениот закон поради кој Т. Китанчев настапувал како опозиција на владејачкото мнозинство на Стоилов. Всушност, тој се однесувал критички кон сите постапки на владата од кои произлегувало нарушување на владеењето на правото, непочитување на Уставот и законите, непочитување на институциите, злоупотреба на изборите, а особено кога станувало збор за ограничување на слободата на мислата и правата и слободите на граѓаните.

Т. Китанчев остро реагирал во Парламентот на 24 октомври 1894 година, бидејќи премиерот Стоилов по повод смртта на рускиот император испратил телеграма од име на Народното собрание. Според Китанчев, тоа било грубо кршење на Уставот и понижување на институцијата –Собрание.[25] Китанчев реагирал и во врска со последните парламентарни избори и побрал формирање анкетна комисија која требало да ги проучи обвиненијата за евентуалните злоупотреби, бидејќи постоеле факти според кои на изборите наводно гласале „мртви" лица, или пак луѓе кои поради издржување казни или отсуство, воопшто не можеле да гласаат.[26] Покрај тоа, Китанчев како поборник за слободата на мислата, имал опширно излагање и во врска со измените во законот за слободата на печатот.[27] Особено впечатлива е неговата реакција во врска со Законот за заштита на личноста на кнезот и членовите на неговото семејство. Спомнатиов предлог-закон Китанчев го квалификувал како антиуставен и штетен за земјата, бидејќи во него била предвидена смртна казна, потоа во него имало низа мерки против слободата на печатот, а згора на тоа ги поттикнувал граѓаните на меѓусебно прислушување и шпионирање. Според Китанчев, предложениот закон не бил толку за заштита на личноста на кнезот од навреди, колку што бил за негова заштита од јавна критика, а особено за заштита на министрите, кои настојувале да се кријат зад грбот на кнезот. Оттука Китанчев се искажал против Законот, при што им укажал на предлагачите дека еден

[23] Исто.
[24] Знаме, г. I/37-38, София, 31.12.1894, 2.
[25] Исто, бр. 20, 29.10.1894, 1.
[26] Исто, бр. 22, 3.11.1894, 4.
[27] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 291–295.

ден истиот закон може да им се удри од глава.[28] Китанчев бил и против законот за зголемување на акцизата на солта.[29]

Оваа сесија на Бугарското собрание, Т. Китанчев ја искористил и за афирмација на македонското прашање, кое во тој момент избило како дежурна тема во Бугарија. Притоа, како повод ја искористил расправата по прашањето за буџетот. Така, Китанчев побарал да се исфрли ставката за исплаќање данок кон Османлиската Империја, со образложение дека Високата порта како сизерен на Бугарија не презела мерки за нејзина заштита при српскиот напад во 1885 година, потоа дека не го потврдила изборот на кнезот и не ги спровела во дело своите обврски кон Македонија во согласност со чл. 23 од Берлинскиот договор.[30] Токму поради последново, Китанчев предизвикал реакција кај повеќе пратеници, при што В. Нејчов му предложил да замине во Македонија и таму да зборува за такви прашања.[31] Според достапните материјали, тоа е прв обид на Т. Китанчев да го внесе македонското прашање во Бугарскиот парламент.

Т. Китанчев, иако во текот на оваа сесија настапувал како опозиција, го поддржал курсот на владата за подобрување на односите со Русија. Всушност, Китанчев, како поранешен русофоб, во поглед на политиката кон Русија, во извесна смисла, отстапил уште во 1889 година. Оттука, тој на 24 октомври во Собранието зборувал за поделбите во бугарското општество на русофили и русофоби и за последиците по Бугарија од антируската политика, па во таа смисла го поддржал новиот политички курс за подобрување на односите со Русија.[32]

Со завршувањето на сесијата, не завршила политичката активност на Т. Китанчев. Како што спомнавме погоре, по донесувањето на Законот за амнестија, Петко Каравелов бил пуштен на слобода, а во земјата се вратил и Драган Цанков. Кон крајот на декември, Т. Китанчев и П. Каравелов заедно го посетиле Д. Цанков, а потоа претседателот на Светиот синод – владиката Григориј.[33] Веќе во почетокот на јануари 1895 година Китанчев го придружувал П. Каравелов при неговата изборна кампања за дополнителните избори во Трновскиот округ. За време на оваа обиколка, при-

[28] Знаме, г. I/30, София, 1.12.1894, 3.

[29] Исто, бр. 34, 15.12.1894, 3.

[30] Право, г. I/5, 16.12.1894, 2.

[31] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 305.

[32] Исто, 287–291.

[33] Знаме, г. I/37-38, София, 31.12.1894, 2.

врзаниците на Стамболов иницирале разни инциденти, кои на своевиден начин биле злоупотребени од страна на власта за дискредитирање на политичкиот противник.[34] Ситните инциденти за време на кампањата однапред укажувале дека и овие избори нема да минат во мирна атмосфера.

Нередите и насилството кулминирале на денот на изборите, особено во Трново, каде што имало 17-мина повредени.[35] Т. Китанчев, како придружник на Каравелов,[36] неизбежно бил вовлечен во инцидентите, поради што подоцна против него било поведено обвинение. Така, човекот кој отсекогаш се залагал против насилството при изборниот процес и злоупотребата на власта, бил обвинет како учесник во изборното насилство.

Инцидентите за време на изборите предизвикале разни шпекулации во печатот, а во контекст на тоа и со името на Т. Китанчев. Оттука, Ефтим Китанчев (братот на Трајко) му се обратил со телеграма за да дознае за што станува збор. Во одговорот кон брата си, Т. Китанчев на 29 јануари 1895 година од Трново, пишува: „Немој да се вознемируваш, јас сум жив и, донекаде – здрав. За време на дополнителните избори овде, преку мојата глава помина едно доста големо премреже. Ако (тогаш, б.н.) не се случи некоја несреќа со мене, за тоа треба да ѝ благодарам само на мојата, инаку доста голема популарност меѓу селското население во целиот округ, и на ладнокрвноста и присуството на духот со кои минав крај жандармите, а можеби и на чиста случајност. Впрочем, тоа не треба да те вознемирува, зашто досега преку мојата глава поминаа неколку такви премрежиња ... Знај само едно нешто, дека речиси сите сведенија изнесени за мене од весниците се лажни, или преиначени. Не се вознемирувај зашто ме напаѓаат жестоко, откако ме вбројуваат ту кон една, ту кон друга од постојните партии. Јас сум си пак јас! Сега дури пуштиле муабети дека сум станал стамболовист“![37]

Во врска со обвинението кое било поведено против него, Т. Китанчев на 28 февруари 1895 година, на брата си Ефтим му пишува: „Не треба да се вознемируваш од тоа што сум даден на суд. Навидум делото е многу сериозно, но во суштина нема ништо опасно“. На искажаната загриженост од Ефтим, да не се најде пов-

[34] Исто, бр. 40, 13.1.1895, 1–2; 4.

[35] Исто, бр. 44, 24.1.1895, 4; бр. 45, 27.1.1895, 3.

[36] На овие дополнителни избори, П. Каравелов бил избран за пратеник од областа Разград од Трновскиот округ (Знаме, г. I/45, 27.1.18945, 4).

[37] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 316-317.

торно в затвор, Т. Китанчев му пишува: „Ти одговарам дека тоа одвај ли целосно зависи од мене; Дури и ако се случи нешто слично, нема што да се прави, ќе се лежи“.[38]

По завршувањето на политичкиот ангажман во Трновскиот округ, Т. Китанчев се вратил во Софија, каде што наполно му се посветил на македонското ослободително движење.

[38] Исто, 317.

# Македонскиот комитет

## Македонското движење во Бугарија кон крајот на осумдесеттите и во почетокот на деведесеттите години во XIX век

За да се проникне во појавата, карактерот, интензитетот и суштината на македонското движење во Бугарија, пред сѐ треба да се има предвид бројноста и улогата на македонската емиграција во бугарското општество, како и ставот и влијанието на бугарската политика во однос на македонското прашање.

Првиот сериозен бран на емигранти од Македонија кон територијата на Бугарија датира од крајот на Руско-турската војна, кога значаен дел од населението во Североисточна Македонија, кое се нашло во вителот на бунтовничките дејства, почнало да ја преминува демаркационата линија и да се населува во областите под руска окупација. Емигрантскиот бран особено се засилил по потпишувањето на Берлинскиот договор и задушувањето на Македонското востание.[1] Според некои информации, во овој период на територијата на Бугарија прибежиште нашле околу 25 000 бегалци, претежно од североисточните предели на Македонија.[2] Дел од нив подоцна се вратиле по своите родни краишта, но мнозина се населиле во Ќустендил, Дупница, Софија, Самоков, Пазарџик, Ловеч и во други места.

Емигрантскиот бран кон Бугарија не престанал ниту по делумното стабилизирање на политичката ситуација во османлиска Македонија. Во потрага по слобода, работа, и безбедна егзистенција, емигрантскиот поток ја зафатил речиси цела Македонија. Според некои информации, кон крајот на осумдесеттите и во почетокот на деведесеттите години на XIX век во Бугарија имало околу 45–50 000 македонски емигранти.[3] Оваа бројка постојано се зголемувала. Така, според еден документ од британска провениенција, на пописот во 1901 година за период од десет години (1890–1900), во Бугарија било констатирано зголемување на насе-

[1] Повеќе за овие миграциони процеси кои биле директна последица на Источната криза, види: Марија Пандевска, Присилни миграции во Македонија 1875–1881, Скопје 1993, 27–84.

[2] Енциклопедия „Пирински край“, т. 1, Благоевград, 1995, 473.

[3] Крсте Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија (1893-1903), Скопје, 1977, 15.

лението за 600 000 жители. Овој пораст не бил последица само на природниот прираст, туку, пред сè, на емиграцијата од Македонија и Одринско.[4] Според истиот извор, само во Софија имало 20 000 Македонци, а нивниот број во Пловдив изнесувал 8 000. Бројот на македонските емигранти бил значителен и во другите градови. Мнозина од емигрантите биле интелектуалци кои брзо се интегрирале во бугарското општество, при што зазеле значајно место во бугарската администрација и воопшто во економскиот и политичкиот живот на земјата. Така, на пример, според истиот извор, една третина од офицерите во бугарската армија биле Македонци. Од вкупно 8600 учители, 2 00 биле Македонци; од 38000 државни чиновници, дури 15000 биле Македонци; од 8 митрополити, 4 биле Македонци, а од 3412 свештеници, 1262 исто така биле Македонци. Покрај тоа, во Бугарија од Македонија годишно доаѓале по 200–300 ученици од егзархиските училишта за да си ја пробаат среќата.[5] Според Данкан Пери, до средината на деведесеттите години од Македонија во Бугарија емигрирале „од 100 000 до 200 000 Словени“, од кои повеќето биле образовани луѓе: учители, лекари, адвокати, свештеници, дипломати и новинари. Добар дел од нив ги вложиле своите средства и интелектуалниот потенцијал во Бугарија, при што станале влијателни во политиката, во владата и во армијата.[6]

Македонскиот работнички и интелектуален пролетеријат претставувал сериозна конкуренција за Бугарите од Кнежеството, кои во борбата по егзистенција на секој чекор се среќавале со Македонецот со кој требало да се натпреваруваат за работа.[7] Според тоа, македонското прашање, освен политички, добило и внатрешен економски карактер. Оттука Бугарите почнале да негодуваат поради Македонците и да истапуваат пред Европа, да им дадат „реформи – автономија, Кралство или Република, без разлика што, само тие да се вратат во својата земја, зашто доаѓале да бараат слобода и да му го земаат лебот од устата на Бугаринот“.[8] Ова негоду-

---

[4] Државен архив на Република Македонија, ф. Foreign Ofiice, 78/5146, мф. 332, бр. 66.

[5] Исто.

[6] Данкан Пери, Политиката на терор: Македонското револуционерно движење 1893-1903, Скопје, 2001 (превод од англиски: Ферид Мухиќ и Здравко Ќорвезироски), 37–38. Наслов во оригиналот: Duncan M. Perry, The politics of terror: The Macedoninan Liiberation Movements 1893-1903, 1988, Duke University pres.

[7] ДАРМ, ф. Foreign Ofiice, 78/5146, мф. 332, бр. 66.

[8] Исто.

вање против Македонците евидентирано во посочениот британски извештај, ниту е прво, ниту е последно. Такво негодување искажувале дури и видни бугарски дипломати кои минувале како истакнати поборници за бугарскиот карактер на Македонија и нејзиното обединување со Кнежеството Бугарија.[9]

На територијата на Бугарија прибежиште нашле и значаен дел од поранешните ајдучки и востанички водачи, учесници во бунтови и нереди и други компромитирани лица пред османлиските власти. Овој вид емигранти со својот темперамент, раководени од желбата за враќање и продолжување на борбата во татковината, на македонското движење во Бугарија му давале бунтовен колорит.

Во основа, македонските емигранти во Кнежеството произлегувале од егзархиската заедница во Македонија. Еден дел од интелектуалната емигрантска елита своевремено биле учесници во антифанариотското движење; тие по формирањето на Егзархијата биле апсорбирани во нејзините црковно-училишни институции. Помладата генерација интелектуалци, пак, биле воспитаници на егзархиските просветни институции. Оттука, и едните и другите биле под влијание на бугарските погледи кон македонското прашање.

Македонските емигранти биле организирани во разни здруженија, братства, организации, комитети и слично, при што некои имале заемнопомагателен карактер, други културно-просветен, а трети револуционерен. Некои од нив се залагале за обединување на Македонија со Бугарија, други за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор, трети за автономија на Македонија во рамките на османлиската држава, четврти за конституирање на Маке-

---

[9] Така, на пример, бугарскиот трговски агент во Солун Атанас Шопов, во февруари 1904 година се оплакувал од Македонците пред цолунскиот валија Хасан Хекми-паша. При тоа, на прашањето од валијата: „Дали Македонците уште лудуваат во Бугарија?“ – Шопов одговорил: „Како да не лудуваат пашаефенди, кога денес поголемиот дел од македонското население е во Бугарија, поголемиот дел од жителите на Софија се Македонци; голем дел од офицерите во армијата се Македонци; голем дел од видните чиновници се Македонци; целата македонска интелигенција од Македонија е во Бугарија. Македонска е и толпата по улиците ... Ако работата е за оплакување, ние од Бугарија имаме повеќе право од Вас да се оплакуваме од Македонците, зашто тие ни ја презедоа нашата сила, тие ни ги презедоа најдобрите места и служби, тие ни ги презедоа финансиите и градовите, тие ни ја презедоа војската и нашите министерства, тие ни ја презедоа трговијата, тие презедоа речиси сè во Бугарија ... Избавете нè од нив заради Бога“. ДАРМ, Бугарски генерален конзулат Солун – Солун 1896-1915, мф. 4278, No. 181, 20.02.1904.

донија како одделна политичка единица, а некои пак и за балканска федерација со Македонија како рамноправен член.[10]

Во македонските здруженија со револуционерна ориентација, покрај Македонци, членувале и бугарски националисти, како и истакнати политичари. Последните под влијание на санстефанската фикција настојувале да го канализираат македонското незадоволство во согласност со бугарските интереси и да го потиснат пројавениот македонски сепаратизам. Вообичаено, политичките партии во Бугарија и нивните лидери, кога биле во опозиција, на своевиден начин го поттикнувале македонското движење и максимално го експлоатирале во партиските борби. Меѓутоа, кога тие биле на власт, не само што се оградувале од него, туку преземале сериозни мерки против радикалните македонски пројави. На тој начин функционирала владата на П. Каравелов, а потоа на С. Стамболов, па и другите по него. Оттука македонското прашање и македонското движење во Бугарија било користено како во внатрешно-политичките борби, така и во надворешната политика.

Кога станува збор за Трајко Китанчев, изворните материјали не регистрираат некаква активност во македонските здруженија и воопшто во македонското движење од средината на осумдесеттите години, меѓутоа тоа не значи дека тој немал став кога станува збор по прашањето за ослободување на Македонија. Понапред посочивме дека при обединувањето на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија, кога македонското движење зело силен замав, кога П. Каравелов настојувал да го заузди, поради што бил прогласен дури и за „македонофоб“, дека Китанчев наспроти политиката на својот партиски шеф, преку стихотворбата „Кон Македонецот“ отворено ги повикува Македонците на вооружен бунт за слобода.[11] Овој став Китанчев го застапува и во својата критика на книгата „Македонија во време на илјадагодишнината на Св. Методиј“ од Офејков (А. Шопов).[12] Критикувајќи ги ставовите на Офејков кој ја застапува еволутивната егзархиска политика во контекст кон Македонија, Китанчев, меѓу другото, пишува: „Но, најпосле ние ќе се свртиме кон Офејков и ќе му кажеме дека чесниот човек и искрениот добронамерник на Македонија, никогаш нема да го моли Бога за да прати во Македонија чорбаџии, та тие да ја ослободат, туку ќе посака меѓу Македонците да има повеќе самостој-

[10] Види: Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903, София 1979, 38-54.

[11] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 38–40.

[12] Исто, 130–156.

ни луѓе, решителни и подготвени да умрат, било во темница, било на јаже, било во заточение".[13] Китанчев не ги исклучува ниту легалните методи на дејствување за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор.[14] Така, идниот прв раководител на македонската емигрантската организација во Бугарија, точно десет години пред нејзиното создавање, посочил дека политичката слобода на Македонија[15] е најсоодветно решение за македонското прашање.

Македонското движење, кое поради интересите на Кнежеството било потиснато во времето на П. Каравелов, во времето на С. Стамболов се соочило со поголеми притисоци. Оттука, во Стамболово време македонските облици на здружување првенствено имале културно-просветен и заемнопомагателен карактер, но тие под притисок на власта, брзо згаснувале.[16] Сепак, во овој период македонското прашање добило полна афирмација преку печатот, а најзаслужен за тоа бил весникот „Македонија" на Коста Шахов.[17]

Во уводникот на првиот број на весникот, меѓу другото, читаме: „Најпосле ние Македонците, макар и да сме едни под двојно и тројно ропство, а други распрснати по разни земји, сепак не треба да си ја заборавиме татковината и должни сме да работиме за подобрување на нејзината положба; зашто како народ ќе бидеме одговорни пред нашето потомство, па дури и при толку незгоди ако го поминеме времето во бездејство, без борба за слободен живот, бидејќи нашите господари не сакаат да се грижат за олеснување на нашиот живот.



Коста Шахов

Побудени од сето тоа, макар и со слаби сили, го започнуваме издавањето на весникот 'Македонија' со цел: барање за по-

[13] Исто, 138.

[14] Исто, 155.

[15] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 35.

[16] Исто, 55–56.

[17] Првиот број на в. „Македонија" излегол на 21 октомври 1888 година. Весникот со прекини излегувал до 1893 година. Притоа, првите 25 броја излегувале во Русе, а другите, почнувајќи од 14 јуни 1889 година, излегувале во Софија. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 56). Повеќе за предметниот весник види: Гане Тодоровски, Весникот „Македонија" на Коста Шахов 1888–1891, Разгледи VII/10, Скопје 1965, 996–1023.

добрување на положбата на Македонија“.[18] Притоа се нагласува дека весникот ќе стои настрана од секакви партиски интриги во Бугарија, но дека низ своите страници ќе му отстапи простор на секој родољубец, доколку пишуваното е сообразено со духот на времето и целта на весникот. Веќе во вториот уводник на весникот се нагласува „да се стремиме за здобивање најпрво со автономија и ништо повеќе“.[19]

Во поглед на националниот карактер, весникот го застапува бугарското гледиште, дека македонските Словени се Бугари.[20] Меѓутоа, во врска со тоа прашање редакцијата на весникот воопшто не е конзистентна, или поинаку кажано смислено тактизира за да ја избегне забраната, но притоа сепак преку одредени содржини настојува да укаже на посебноста на Македонците од Бугарите. Така, во уводникот од 11.11.1888 година, меѓу другото, пишува: „Историјата ни раскажува за изникнувањето, растежот и паѓањето на господарствата, за произлезот, развитокот и упадокот на народите. Несомнено дека и нашата татковина – Македонија – има историја за своето минато во која е видлива нејзината моќ ... Денес, на пример, секој Македонец, приспомнувајќи си за Александар Македонски, вели: ’Ние сме го имале цар Александар Велики’. Со овие зборови тој си го наумува блескавиот период и величието на македонската држава. Александар Македонски стои пред лицето на Македонецот како национална гордост. Оваа национална гордост за него во случајот има интелектуално значење, при односот на постигнувањето на идејата за самостојност“.[21]

Мошне интересно е што по овие „егзалтирани редови“ авторот на статијата, кој е потпишан со иницијалите Г. К., жали по Санстефанска Бугарија. Покрај тоа, статијата е напишана со специфична ортографија во која ги нема еровите, притоа темниот вокал се бележи со знакот ж, останат е знакот за старословенскиот „јат“, се употребува „і“ итн.[22]

Во сличен биполарен стил е и статијата во бр. 19 под наслов „Мислење за стекнување на слободен политички живот и начин за избавување на класична Македонија од ропството на турското владеење“, потпишана од И-ев. Според него, ослободувањето на Македонија од османлиска власт било можно на два начина.

[18] Македония, г I/1, 21.10.1888, 1.

[19] Цитирано според Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 403.

[20] Исто; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 56.

[21] Цитирано според Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 404.

[22] Исто, 405.

Првиот е преку легални дипломатски постапки, а вториот преку систематска организирана револуција и едно востаничко движење однадвор и однатре. Во контекст на последниот начин, авторот пишува: „Да се постигне, меѓутоа, овој вид на дејствување кај нас, Македонците, неопходно е пред сѐ, да се состави една група, како една целина – маса од попознати и образовани македонски синови, кои за доброто на својата поробена татковина, целосно ќе се посветат на тој општонароден труд, за разрешување, еднаш засекогаш на таа мачна и тешко разрешлива задача, за која единствен клуч е девизата 'Ослободувањето на Македонија од под турското, одживеано од векот, тиранско владеење'".[23] И овој автор истакнува дека Македонците биле „достојни потомци на Александар Велики", но истовремено смета дека ослободувањето на Македонија би било исполнување на бугарскиот идеал.[24]

Мошне интересни се ставовите на Еден Македонец во статијата „Мнение за решавање на македонското прашање".[25] Во неа, меѓу другото, авторот пишува: „Ослободувањето на Македонија и нејзиното присоединување со извесна земја се две прашања, кои е незамисливо да се решат благопријатно во едно и исто време, туку последователно, а македонската емиграција, барем привремено, треба да ја напушти својата досегашна политика; таа треба да се постави во борбата на чисто македонска почва".[26] За таа цел авторот препорачува сите жители на Македонија да го прифатат името „Македонци", независно од нивното етничко потекло, како основен услов за добивање „политичка слобода", притоа додавајќи дека националниот развој ќе се оствари преку училиштата и другите културни институции. Понатаму, авторот инсистира сите македонски организации и друштва дека „треба да се титулираат исклучиво македонски, без да се додава: бугаро, романо, српско, или елинско".[27] На крајот од ова статија, стои забелешка дека Редакцијата не ги споделува наполно ставовите на Еден Македонец и повикува и други Македонци и Бугари да се произнесат по неговите ставови.

Врз основа на оваа покана, Светослав Миларов (бугарски поет, русофил) во неколку продолженија преку в. „Македонија" се

---

[23] Исто, 406–407.

[24] Исто, 407.

[25] Единъ Македонец, Мнение за решаване на Македонския въпросъ, Македония, г. I/36, 19.8.1889, 143.

[26] Исто.

[27] Исто.

осврнал на македонското прашање, но главно се оддалечил од темата што ја наметнал Еден Македонец.[28] Последниов му одговорил на Миларов дека со своите ставови им го одзема правото на Македонците на самостојна борба. Притоа, меѓу другото, истакнал: „Ние веќе дискутиравме на каква почва треба да се постават Македонците за дејствување, како Бугари ли, како Срби ли, како Грци ли? Нашиот заклучок беше Македонците да се постават на чисто македонска почва, т.е. за да ги убијат сите пропаганди во својата татковина“.[29] На ова уследил одговор од Миларов дека Македонците не може да дејствуваат поинаку „освен како Бугари“, а дека евентуалното востание би било прифатливо доколку тоа има за цел „присоединување со Бугарија“.[30]

Поради истапот на Миларов, редакцијата на „Македонија“ делумно застанала во одбрана на Еден Македонец и на неговите ставови. Во врска со тоа, во белешката на Редакцијата стои: „Принудени сме да му забележиме на г. Миларов дека не го разбрал добро 'Мнението за решавање на македонското прашање' на нашиот Македонец, објавено во бр. 36 на в. 'Македонија', или пак го заборавил. Нашиот 'Македонец' не прави прашање како и со какво име да се нарекуваат Македонците: Бугари, Грци или Срби, туку искажа мислење дека според него подобро би било и пособразно за постигање на националната задача – нашето обединување, жителите на Македонија извесно време да се нарекуваат просто Македонци и да не дејствуваат како одделни нации, туку сите заедно да дејствуваат, како Македонци, додека се постигне ослободувањето на Македонија од под турска власт“. Веднаш потоа Редакцијата додава дека таа не била согласна со ставовите на Еден Македонец сите жители на Македонија да се нарекуваат Македонци, зашто тоа не било етничко име, туку географско.[31]

Набрзо, в. „Македонија“ еволуирал во прилог на ставовите на Еден Македонец, истакнувајќи дека борбата за слобода на Македонија не треба да се води врз бугарска национална основа, туку врз месна „географска“ почва, бидејќи само на тој начин можело да се обедини раздробеното население од надворешните пропаганди во борбата против османлиската власт.[32]

---

[28] Види: К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 59.

[29] Македония, г I/50, 18.10.1888, 195.

[30] Исто, г II /1, 5.11. 1889, 2–3.

[31] Исто, 3.

[32] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 60.

Покрај горниве прашања, „Македонија“ ги разгледува и туѓите пишувања во контекст на Македонија и македонското прашање. Во тој правец, весникот особено се задржува на студијата „Народноста на Македонските Словени“ од австроунгарскиот славист Карл Хрон,[33] кој го застапува гледиштето дека Македонците не се ни Срби, ни Бугари, туку одделен народ, поради што од Редакцијата е претставен како „македонолог“.[34]

Весникот „Македонија“, со своите содржини не само што го протежирал македонскиот политички сепаратизам, туку ги поставил и основите за македонскиот национален сепаратизам. Според современите теории за нацијата, промовираните идеи во весникот претставуваат напредна фаза на македонскиот протонационализам. Не случајно споменатиот весник, и покрај својата биполарност во ставовите, редовно е тема на страниците на владината „Свобода“. Како и да е, споменатиов весник одиграл значајна улога врз обликувањето на ослободителната идеја сред македонската емиграција на бугарска почва. Поради недостиг на информации, останува отворено прашањето за евентуалните релации на Т. Китанчев со в. „Македонија“. Меѓутоа, неоспорен е фактот дека провладината „Свобода“ во почетокот на 1890 година во повеќе наврати името на Т. Китанчев го доведува во корелација со в. „Македонија“ и неговиот протагонист, К. Шахов.[35] Од друга страна, в. „Македонија“ во неколку наврати застанува во одбрана на Т. Китанчев.[36]

Весникот „Македонија“ и К. Шахов[37] одиграле круцијално влијание врз организирањето и идејното профилирање на Македонското студентско друштво (МСД) во Софија, кое се појавило кон крајот на 1890 година како конспиративна дружина.[38] Во МСД членувале млади македонски интелектуалци, од кои повеќето подоцна се вброиле меѓу клучните протагонисти на Македонската револуционерна организација, или пак на Македонскиот комитет

---

33 За спомнатава студија, види: Карл Хрон, Народноста на Македонските Словени (избор и редакција: Цветан Станоевски), Скопје 1990.

34 Г. Тодоровски, Македонската правостоина.., 416-417.

35 Свобода, г. IV/329, 4.1.1890, 4; бр. 331, 13.1.1890, 2; бр. 332, 17.1.1890, 3.

36 Г. Тодоровски, Македонската правостоина..., 406; 421.

37 Едно осветление на нашите работи, Гласъ македонски, г. II/51, София, 3.12.1895, 3.

38 Повеќе за МСД види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје 1997, 25–27.

во Софија. Меѓу најистакнатите претставници на МСД се вбројуваат: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев, Димитар Мирчев, Никола Наумов, Никола Дејков и други.[39]

Македонското студентско друштво имало за цел: 1. Ослободување на Македонија од под османлиска власт; 2. Формирање револуционерна организација во Македонија; 3. Врбување истомисленици и нивно испраќање во Македонија; 4. Издавање на едно списание што ќе се спротивстави „не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди што го цепат народот на Срби, Грци и Бугари".[40] Размислите и активностите на МСД биле прекинати во март 1891 година, по апсењето на Д. Груев и Н. Наумов поради убиството на министерот Христо Белчев. Од тие причини, за да се избегнат „предвремените жртви"[41] од прогонот на Стамболовата власт, Друштвото привремено ја прекинало својата активност.

Во втората половина на 1891 година од остатоците на МСД изникнала Младата македонска книжевна дружина (ММКД),[42] која започнала да го издава списанието „Лоза".[43] Во неа и околу неа гравитирале: Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулов, Ефтим Спространов, Никола Дејков, Коста Шахов, Иван Хаџи Николов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Христо Матов, Наум Туфекчиев, Ангел Наумов и други.[44]

Во јануари 1892 година, ММКД го издала првиот број на „Лоза" под редакторство на П. П. Арсов. Дружината за да го избегне прогонот на власта, во своето име намерно го вградила „епитетот книжовна".[45] Оттука и во нејзиниот Устав (Правилник), кој е објавен во првиот број на списанието, стои дека Дружината ќе се занимава со културно-просветна, образовна и помагателна дејност за македонските емигранти.[46] Меѓутоа, „Лоза" низ своите страни-

---

[39] Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927, 7-8.

[40] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 26–27.

[41] Едно осветление на нашитеработи..., 3.

[42] К. Шаховъ, Пазете се Македонци отъ измама и б?дете благоразумни! Гласъ македонски, г. II/5, София, 23.12.1894, 2.

[43] Повеќе за ММКД и за списанието „Лоза", види: Блаже Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација, т. 1, Скопје, 1982, 469–510; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 27–35.

[44] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 28.

[45] Исто, 29.

[46] Види: Устав на Младата македонска книжовна дружина во Софийа, Лоза I/1, Софиіа 1892, 47–48.

ци третира прашања од општествено-политички, економски и револуционерен карактер. Притоа, авторите на текстовите на мошне вешт начин настојуваат да го посочат и прикажат посебниот историски, културен, јазичен и етнографски карактер на Македонија, истовремено водејќи сметка да го задоволат вкусот на бугарското општество и владата. Оттука, кога е во прашање народноста на Македонците, „Лоза“ изнесува дека таа била „бугарска“, но од друга страна презентира материјали според кои населението во Македонија не било, ниту српско, ниту бугарско, туку „Македонски Славјани“ кои биле подложени на „бугарска пропаганда“ и дека во оние делови на Македонија каде немало судири со другите христијани од пропагандна природа, дека луѓето сè уште не го знаеле името „Бугарин“.[47]

Во Предговорот на списанието се укажува на опасноста од дејствувањето на надворешните пропаганди во Македонија, поради што се повикува на заеднички отпор против нив. Во таа смисла, се вели: „Само еден поглед е доста за да се видат насушните потреби на нашата родина. Благодарение на последните политички настани на нашиот полуостров и географската положба на Македонија, денес таму се собрале севозможни надворешни елементи, кои, воодушевени, од своите сосипувачки планови и интереси за нашата иднина, слободно и со трескава енергија го засилуваат антагонизмот којшто и така постои во земјата“.[48] Затоа ММКД повикува: „Само еден силен отпор од наша страна може да нè зачува од незаситените посегања ..., затоа ни се потребни сили, а нашите се разнебитени, раздробени, значи треба да ги соединиме во една општа моќна сила, сила – народна, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тоа треба да биде стремежот на секој штогоде чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој. Младата македонска книжевна дружина, имено, таа цел ја има предвид ... А за постигање на таа цел, Дружината ја издава својата ’Лоза ’“.[49]

Лозарите практикувале еден поинаков јазик и правопис на којшто било печатено списанието. Тие ги изоставиле специфичните ортографски и јазични карактеристики за бугарскиот јазик и правопис, а место нив практикувале други графички знаци и правила за да ја потенцираат посебноста на македонскиот говор.[50] Токму поради тоа, владината „Свобода“ по излегувањето на

[47] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 30-31.

[48] Предговор, Лоза, Лоза I/1, II.

[49] Исто, III.

[50] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 31; 34.

првиот број на „Лоза" пишува дека нејзините протагонисти настојувале „да докажат дека Македонските Бугари се одделна нација, со посебен јазик, со посебни историски задачи".[51] По излегувањето на вториот двоброј на „Лоза", Реакцијата на „Свобода" е уште пожестока, притоа обвинувајќи ги Лозарите, не само за политички, туку и за јазичен и национален сепаратизам. Во таа смисла, Д. Т. Левов пишува: „Младата дружина под превезот на книжевноста не ја гони целта и пропагандата за некаков фонетски правопис, туку тенденции и цели колку куриозни, толку, жални и збунувачки, срамни и опасни... (Дружината, б.н) полека лека ќе го подготвува бугарското општествено мнение за одделување на Македонија од Бугарија и полека лека ќе воведува зборови од охридското поднаречје што ќе биде литературен јазик на идната Голема Македонија, на чие чело ќе дојде некој од редакторите на 'Лоза' во својство на Филипа или Александра!?!... Како што гледате Македонската дружина, смета дека нивната татковина е Македонија, дека последната е населена со одделно словенско племе наречено 'Македонци'; дека таму се 'собрале севозможни надворешни елементи' т.е. Бугари, Грци, Срби, дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се зачуваат од нашите разбојнички посегања...".[52]

Набрзо потоа режимот ја забранил „Лоза", а ММКД била растурена. Со тоа бугарските власти не се спротивставиле само на едно списание или дружина, туку на едно осмислено и организирано македонско движење, кое тие го прогласиле за сепаратистичко.

## Македонскиот комитет

Со падот на режимот на Стамболов се создале поповолни услови за организирано истапување на македонската емиграција во однос на македонското прашање. Во прилог на тоа одело разгорувањето на ерменската криза во Османлиската Империја и замешувањето на европската дипломатија.[53] Македонските емигранти во Бугарија се обиделе да ја искористат настанатата ситуацијата со ерменската криза за да извршат притисок врз диплома-

---

[51] Свобода, г. VI/774, София 18.2.1892, 3.

[52] Исто, VI/786, София, 13.4. 1892, 3.

[53] Повеќе за ерменската криза, види: Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София 1983, 47–53.

тијата за спроведување реформи во Македонија врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор.

Раздвижувањето на македонската емиграција било иницирано од Младата македонска дружина (ММД), која била возобновена во почетокот на мај 1894 година и групирана околу весникот „Глас македонски“.[54] Според Уставот, Дружината си поставила за цел: да издава едно списание; да отвори читалиште за Македонците во Софија; и да презема корисни мерки за „подобрување на положбата на Македонија од страна на нас Македонците, сообразно потребите, времето и околностите“.[55] Набрзо по падот на Стамболов, ММД подготвила еден Меморандум до потписничките на Берлинскиот договор преку кој укажала на неподносливата положба на христијаните во Македонија и ги повикала да се заложат за спроведување реформи во согласност со чл. 23 од Договорот.[56] На крајот од Меморандумот, Дружината нагласила дека нивното барање било долг кон татковината и доколку тоа не биде земено предвид, дека тие ја симнуваат од себе одговорноста за евентуалните последици.[57]

Поради целите што си ги поставила ММД, чувствувала потреба од авторитетен и популарен лидер што ќе го предводи македонското движење.[58] Оттука, Коста Шахов како претседател на ММД, по ослободувањето на Т. Китанчев од затвор и неговото пристигнување во Софија, лично го поканил да застане на чело на Движењето. Меѓутоа, Китанчев не ја прифатил поканата поради разнишаното здравје и потребата да замине во Трново.[59] За Т. Китанчев како човек од политиката, а уште повеќе како нејзина жртва, се чини дека во овој период било приоритет да се врати во политиката, па дури потоа да се занимава со македонското движење.

Независно од отказот на Китанчев, ММД продолжила со планираните активности. Во таа насока отворила читалиште во Софија, го обновила списанието „Лоза“ од кое до крајот на година-

---

[54] Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878–1944, том 2, София 1995, 66.

[55] Княжеството България и македонският въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния Македоно-одрински комитет 1895–1905, съставител: Цочо Билярски, София 2002, 31.

[56] Исто, 33–35.

[57] Исто, 35.

[58] С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 57.

[59] Исто.

та излегле две книшки, го забрзала организирањето на македонски друштва низ земјата, при што пројавила тенденција да ја контролира и насочува нивната активност.[60] Всушност, ММД настојувала да ги обедини македонските друштва во единствена организација под своја контрола.

Кон крајот на октомври 1894 година, ММД повела иницијатива за организирање еден централен митинг во Софија, при што ги поканила македонските друштва да ја поддржат, а во исто време ги повикала тие да организираат митинзи во нивните градови. Од митинзиве требало да произлезе заедничка платформа и барање од име на Македонците до земјите-потписнички на Берлинскиот договор за примена на неговиот чл. 23.[61] Притоа, во поканата до македонските друштва, меѓу другото, се вели: „Меѓутоа, овој митинг во Софија сам по себе не е доволен, затоа има потреба тој да биде поткрепен од сите Македонци, што живеат надвор од Македонија, кои се наоѓаат по разни краишта на Бугарското кнежество, како и оние во Романија, Србија и Грција, доколку тоа е можно“.[62] Според ова, очигледно е дека ММД претендирала на една поширока семакедонска акција во балканските земји, а не само во Бугарија.

На 10 ноември (ст. стил) 1894 година, на едно заседание во салонот на македонското читалиште во Софија, била избрана петчлена комисија, која имала задача да ги спроведе подготовките за митингот во Софија.[63] На Заседанието учествувал и Т. Китанчев, меѓутоа, според К. Шахов, тој не се впуштил во дискусија по прашањето за подготовките на митингот.[64] Китанчев го одбил и предлогот да биде вклучен во комисијата за подготовка на митингот, со образложение дека лично не ги поддржува митинзите како средство на борба, при што истакнал дека тој претпочитал да започнат со издавање еден сериозен весник што ќе го третира македонското прашање. Сепак, Китанчев бил избран во организациската комисија, но не зел учество во нејзината работа, правдајќи се со статусот на народен пратеник.[65]

---

[60] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 85; Националноосвободителното движение..., т.2, 66.

[61] Княжеството България и македонският въпрос..., 35–36.

[62] Исто, 35.

[63] Право, г. I/2, София, 18.11. 1894, 2.

[64] С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 58.

[65] Исто.

По два дни, К. Шахов излегол со предлог весникот „Глас македонски“ да прерасне во официјален орган на македонската емиграција во Бугарија.[66] Истиот ден излегол првиот број на весникот „Право“,[67] околу кој гравитирале: Никола Наумов, Тома Карајовов, Наум Туфекчиев, Димитар Матов, поранешниот уредник на весникот „Југозападна Бугарија“ – Јордан Иванов, како и некои лица блиски до бугарската влада. Кон последните се вбројувал и Н. Туфекчиев.[68] Спомнатиов весник во тоа време излегувал како „орган на политичките и духовните интереси на бугарското население во Турција“, со тенденција да се наметне во македонско движење. За разлика од „Глас македонски“, кој претпочитал легални методи за подобрување на положбата во Македонија, в. „Право“ застапувал порадикална – револуционерна концепција.

На 18 ноември (ст. стил) 1894 година, дваесетина потписници од ММД испратиле јавна покана до Македонците во Софија за одржување на митингот. Тој бил закажан за 20 ноември (ст. стил) на плоштадот кај црквата „Св. Крал“ во Софија.[69] Според резолуцијата која била усвоена на собирот и објавена во „Глас македонски“, како и според в. „Право“, на митингот учествувале 10000 Македонци.[70] Меѓутоа, според британскиот дипломатски претставник во Софија, на митингот учествувале околу 800–1000 луѓе.[71] Со оглед на тоа што митингот се одржал по лоши временски услови (паѓало снег), несомнено, бројката за учесниците што е посочена во Резолуцијата од митингот и онаа во в. „Право“ е претерана, но сигурно е дека и бројката што ја посочува британскиот дипломатски претставник, не одговара на реалноста.

Митингот го отворил К. Сарафов (чичко на Борис Сарафов), а за претседател на настанот бил избран Г. Ѓоргов. По излагањето на првите двајца, на митингот настапил К. Шахов. Тој зборувал за положбата во османлиска Македонија и потребата од реформи, а потоа ја прочитал Резолуцијата, која присутните ја прифатиле со акламација.[72] Во неа се укажува на неподносливата положба во Македонија и на пасивноста на власта, која наместо да преземе мерки за подобрување на положбата го засилувала теро-

---

[66] Княжеството България и македонският въпрос..., 36–37.

[67] Види: Право, г. I/1, София, 12.11.1894.

[68] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 88.

[69] Княжеството България и македонският въпрос..., 37.

[70] Исто, 37; Право, г. I/3, 25.11. 1894, 3.

[71] Британски документи за историјата на Македонија..., 343.

[72] Право г. I/3, 3.

рот, поради што населението можело да влезе во нерамноправна борба, а тоа не било добро, ниту за цивилизацијата, ниту за човештвото, ниту пак за мирот. Поради тоа во Резолуцијата се апелира потписничките на Берлинскиот договор, во интерес на европскиот мир и човештвото воопшто, да се заложат за давање автономија на Македонија од страна на султанот.[73] На крајот била избрана шестчлена делегација, за да им ја достави Резолуцијата на дипломатските претставници на Големите сили во Софија.[74]

Митингот, главно, минал мирно, со исклучок на двајца провокатори, кои под заштита на полицијата се обидувале да предизвикаат неред.[75] Пред одржувањето на митингот, турскиот комесар во Софија – Небил бег, ја предупредил бугарската влада за „намерите на Македонците“ и побарал владата да го попречи одржувањето на собирот, на што таа ветила дека ќе се погрижи до него да не дојде.[76] Меѓутоа, полицијата не презела мерки за растурање на собирот, туку, на крајот, откако била донесена Резолуцијата, ги повикала собраните да се разотидат. Веднаш по одржувањето на митингот, Небил бег го посетил министерот за надворешни работи – Г. Начович, при што ѝ забележал на владата што допуштила да се одржи собирот. Начович одговорил дека доколку владата го попречила собирот со насилни средства, тогаш настанот би добил големо значење, а вака на него имало само 150–200 „вистински Македонци“ што зеле активно учество во дискусиите, додека другите учесници биле „скитници“.[77] Покрај тоа, Начович додал дека владата индиректно им советувала на мнозина Македонци да не присуствуваат на митингот. Како и да е, митингот го свртел вниманието на дипломатијата. Следниот ден по собирот, Г. Начович имал средба со британскиот дипломатски претставник во Софија, а веднаш потоа, кај него се нашол и турскиот комесар Небил бег, кој бил „многу вознемирен од настанот“.[78]

Од друга страна в. „Право“, за кој што истакнавме дека се залагал за порадикален пристап кон македонското прашање, иако ја поддржал иницијативата на ММД, искажал сомнеж дека преку резолуции до Големите сили не може да се постигне ништо, бидејќи гласот на перото бил слаб за да ја предизвика совеста на Ев-

[73] Види: Княжеството България и македонският въпрос..., 37–38.

[74] Право, г. I/3, 3.

[75] Исто.

[76] Британски документи за историјата на Македонија..., 344.

[77] Исто.

[78] Исто.

ропа, па затоа истакнува дека овој глас треба да се дополни со гласот на оружјето и на револуцијата.[79] Несомнено, в. „Право" бил во право, бидејќи ниту едно дипломатско претставништво не сакало да ја прими делегацијата која била избрана да им ја врачи Резолуцијата.[80]

Македонскиот митингашки вирус ја зафатил цела Бугарија. Веќе следниот ден, по одржувањето на митингот во Софија, таков бил одржан во Лом, каде што живееле околу 2 000 Македонци.[81] Во резолуцијата од тамошниот митинг било нагласено дека во Османлиска Ерменија веќе биле убиени околу 10 000 Ерменци, а за да не се повтори истиот колеж во Македонија, било решено да ја замолат владата да се заложи пред европските сили на Македонците да им се дадат автономни права, во согласност со одредбите од Берлинскиот договор.[82]

На 4 декември (ст. стил) 1894 година, митинг одржале Македонците од Радомир. И тие го осудиле колежот врз Ерменците и донеле Резолуција, според која требало да се замоли Министерството за надворешни работи да интервенира кај дипломатските претставници во Софија за да се заложат за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор.[83] На 6 декември (ст. стил) 1894 година, во присуство на околу 4 000 Македонци, бил одржан митинг во Видин. И таму, откако бил осуден турскиот колеж на Ерменците, била усвоена Резолуција за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор. Според одлуката на митингот, Резолуцијата требало да ја потпишат и предадат Македонците: Т. Китанчев, К. Сарафов, И. Георгов и Д. Карамфилович.[84] Истиот ден слични резолуции биле усвоени на митинзите во Шумен и Добрич.[85]

Набрзо потоа, ММД ги повикала Македонците да присуствуваат на панихидата и на процесијата при полагањето венец во Ерменската црква во Софија во чест на ерменските жртви, што било закажано за 11 декември (ст. стил) 1894 година.[86] Повикот на ММД бил публикуван и во в. „Право", што значи дека групацијата

---

[79] Право, г. I/3, 3.

[80] Право, г. I/4, 2.12.1894, 1.

[81] Право, г. I/3, 4.

[82] Исто.

[83] Право, г. I/5, 9.12.1894, 2.

[84] Исто, 2; Знаме, г. I/32, София, 8.12.1894, 3-4.

[85] Знаме, г. I/32, 3-4.

[86] Право, г. I/5, 1.

околу весникот ја поддржала иницијативата на ММД. Споменатава процесија била поддржана и од Трајко Китанчев.

Како собирно место од каде што требало да започне процесијата, било утврдено македонското читалиште. Откако пред читалиштето се собрале голем број Македонци, таму неочекувано пристигнал началникот на II полициска станица со неговиот заменик и неколку десетици полицајци и коњаници. Полицискиот началник им наредил на собраните да се разотидат, при што им се обратил со зборовите: „Кој сака да полага венци, нека отиде во Македонија“.[87]

Благодарение на присебноста на Т. Китанчев, оваа провокација за малку не прераснала во конфликт меѓу полицијата и Македонците. Китанчев се обидел да му објасни на началникот дека манифестацијата не претставува јавна демонстрација, туку една траурна процесија, какви што се одржувале насекаде. Од разговорот со началникот, Китанчев сфатил дека тој има наредба од софискиот градоначалник по секоја цена да ја растури манифестацијата. Поради тоа Китанчев заминал кај градоначалникот за да интервенира оттаму кај министерот за внатрешни работи и кај премиерот.[88] По извесно време, Китанчев се вратил со образложение дека по негово барање, градоначалникот телефонски зборувал со премиерот и дека вториов бил категоричен во намерата да ја растури манифестацијата. Поради тоа, Китанчев се обратил пред собраните со предлог да изберат четиричлена делегација што ќе го положи венецот во Ерменската црква, а другите ги повикал мирно да се разотидат. Во меѓувреме, пред читалиштето дошол градоначалникот, кој лично им ја соопштил одлуката на премиерот. Тогаш присутните побарале барем на музиката да ѝ биде дозволено да го отсвири посмртниот марш пред читалиштето. Ова барање било одобрено. По завршувањето на музиката, делегацијата со венецот тргнала кон Ерменската црква, а полицијата почнала да ги растура собраните. Меѓутоа, наместо да се разотидат, Македонците од сите страни се впуштиле кон Ерменската црква. При тоа, околу 1 000 луѓе успеале да влезат во дворот на црквата, а уште толку останале надвор. По неколку минути од црквата симболично бил изнесен еден импровизиран празен гроб врз кој бил положен венецот од име на Македонците, а ерменското свештенство отслужило панихида.

[87] Право, г. I/6, 16.12.1894, 2.

[88] Исто.



Колежот на Ерменците во Сасун

По отслужувањето на панихидата по барање на присутните, Т. Китанчев одржал реч. Тој во говорот нагласил дека и покрај просторната оддалеченост меѓу Македонија и Ерменија, двата народа ги поврзува една и иста судбина, која им била наметната од османлискиот терор. Китанчев, меѓу другото, истакнал: „Браќа, при принесувањето на овој венец, да си припомниме за несреќата на ерменскиот народ, која од неодамна го зафати и нашиот, и да не заборавиме дека утре може пак да нè стаса во нашата поробена татковина Македонија! Од крвта се добива слободата! Затоа, секогаш и секаде да бидеме готови херојски да го дочекаме тој горчлив ужас и јуначки да се бориме со врагот и непријателот на нашата татковина! Најпосле, да посакаме од крвта на паднатите борци за ерменската слобода во Сусан и Муш да изникне слободата на ерменскиот народ. Од коските на тие борци нека изникне слободата“.[89]

Веднаш потоа гробот симболично бил внесен во црквата, а во меѓувреме било решено од име на македонската и ерменската колонија да се испрати телеграма до англо-американскиот комитет во Лондон и до влијателните европски весници.[90]

---

[89] Исто.

[90] Содржината на телеграмата гласи: „Денес македонската колонија, и покрај спротивставувањето на полицијата, пред многубројните присутни положи венец пред Ерменската црква во чест на паднатите кај Сасун и Муш – маченици – наши браќа по страдање и наши верни другари за извојување на

Од речта на Т. Китанчев, гледаме дека тој не само што застанал зад иницијативата на ММД, туку дека таа ја искористил за да повика на вооружена борба за слобода на Македонија, за разлика од дипломатските методи кои ги претпочитала ММК.

Митингувањето на Македонците низ Бугарија продолжило и во почетокот на наредната 1895 година. Така, на пример, на 15 јануари (ст. стил) 1895 година, околу 1 000 Македонци и Ерменци одржале митинг во дворот на Ерменската црква во Бургас.[91] При тоа била донесена одлука: Резолуцијата до дипломатските претставници во Софија да ја поднесат Т. Китанчев, Г. Георгов, К. Шахов, Д. Македонски и Д. Карамфилович.[92]

Од изнесеново, очигледно е дека кон крајот на 1894 година, Трајко Китанчев зел активно учество во македонското движење, но не како иницијатор, туку, пред сè, како негова маскота.

Кон крајот на ноември 1894 година, ММД го поставила прашањето за понатамошната активност и за средства за продолжување на „започната борба“. За таа цел, на едно собрание на 18 декември (ст. стил) 1894 година била избрана комисија за да подготви проект за понатамошната дејност. Предлогот на комисијата, со мали измени, бил прифатен на 23 декември (ст. стил) 1894 година. Тогаш комисијата била задолжена да свика едно општо собрание за Македонците од Софија. [93] Тоа се одржало на 29 декември (ст. стил) 1894 година во присуство на околу 400 Македонци.[94] Собранието го отворил Коста Шахов, а од името на комисијата реферирал Васил Дијамандиев. К. Шахов пред присутните истакнал дека Собранието имало за цел да избере еден постојан „Македонски комитет“ од 5 члена со едногодишен мандат. Според протоколот од Собранието, Комитетот ги имал следниве задачи: 1. Да собира сведенија за злоупотребите над христијанското население во Македонија и Одринско и воопшто за состојбата во секој однос; 2. Поважните сведенија да ги објавува периодично во весник, или во една брошура на француски јазик и нив да ги испраќа до сите редакции во надворешниот свет, како и во печатот во Бугарија; 3. Да собира пари на начин каков што Комитетот ќе го најде за подобен, кои ќе послужат не само за објавување на собраните

слобода. Пратеникот и Македонец, Китанчев, држеше реч. Присутните беа трогнати. Од македонската и ерменската колонија“. (Исто).

[91] Право, г. I/12, 27.1.1895, 3.

[92] Исто.

[93] Княжеството България и македонският въпрос..., 38.

[94] Исто.

информации, туку и за покривање на трошоците на една делегација која требало да замине по европските дворци со мисија да моли за правата на христијаните во Турско; 4. Во случај на смрт на некој од избраните делегати, неговото место го пополнува друго лице од листата што добило најмногу гласови; и 5. Комитетот е должен по истекот на мандатот да им ги предаде сите дела и сметки на новоизбраните лица.[95]

Според изнесеново, очигледно е дека Собранието што го организирало ММД претпочитало мирни и дипломатски методи на борба, кои требало да бидат исполнети преку „Македонскиот комитет“ (МК).

Пред Собранието како потенцијални кандидати за членови на „Македонскиот комитет“ се нашле имињата на 12 кандидати.[96] Во гласањето за избор на членови на Комитет учествувале 332 делегати. Според резултатите од гласањето за членови на „Македонскиот комитет“, биле избрани: Георгиј Георгов (222 гласа), Коста Христов (206 гласа), Коста Сарафов (201 глас), Трајко Китанчев (200 гласа) и Васил Дијамандиев (188 гласа).[97] Притоа, за претседател на МК бил избран Трајко Китанчев, а за потпретседател Васил Дијамандиев.[98] Според некои информации, Т. Китанчев, не ја прифатил претседателската должност во „Македонскиот комитет“,[99] меѓутоа, тоа не е потврдено низ изворната документација, ниту пак низ тогашниот печат што се занимавал со македонското движење. Веројатно оваа констатација произлегла оттаму што Т. Китанчев само два дни пред тоа бил избран за претседател на „Братски сојуз“ (БС). Според нас, изгледа дека Китанчев формално ниту го прифатил, ниту пак го одбил претседателското место во „Македонскиот комитет“. Реално, тој немал ниту време да преземе каква било, па дури и формална активност во МК, како и во БС, од едноставна причина што во почетокот на јануари 1895 година заминал за Трново за да ја поддржи изборната кампања на П. Каравелов на дополнителните избори. Оттука, С. Елдров е во право кога пишува дека изборот на Китанчев за претседател

---

[95] Исто, 40-41.

[96] Меѓу нив биле: Георгиј Георгов, Коста Христов, Трајко Китанчев, Коста Сарафов, Васил Дијамандиев, Димитар Ризов, браќа Иванови, Димитар Сотиров, Јосиф Ковачев, Ив. Божинов, Димитар Карамфилович и К. Поменов. (Исто, 41).

[97] Исто.

[98] Националноосвободителното движение..., т. 2, 67.

[99] Исто.

на БС и на МК бил последица на отсуството на популарен лидер и на политички авторитет и дека неговиот избор бил фиктивен, бидејќи практично не бил консумиран.[100]

На 18 декември (ст. стил) 1894 година, кога ММД го отворила прашањето за формирање на „Македонскиот комитет", на едно друго собрание во хотелот „Црвен рак" била формирана комисија која била задолжена да подготви устав за ново здружение.[101] Врз основа на тоа, на 27 декември (ст. стил) 1894 година било одржано Основачкото собрание на друштвото „Братски сојуз". Главни иницијатори за создавањето биле: Димитар Ризов, Андреј Љапчев, Никола Наумов, Тома Карајовов, Наум Туфекчиев, браќата Иванови, Димитар Матов, Ефтим Спространов и други,[102] кои себеси се сметале за „најинтелигентни Македонци во престолнината".[103] Според Сребрен Поп Петров, споменативе лица не сакале да застанат „под знамето на Шахов", зашто го надминувале.[104]

Се чини дека групацијата која го иницирала формирањето на „Братски сојуз", откако ја согледала тенденцијата на ММД за формирање единствено раководно тело кое ќе ја координира активноста на македонските друштва во Бугарија, побрзала да се организира во посебно друштво со иста цел.

Како и да е, на Собранието од 27 декември за претседател на „Братски сојуз" бил избран Трајко Китанчев, за потпретседател Наум Туфекчиев, а за касиер Н. Иванов (од браќата Иванови).[105] Според чл. 1 од Уставот, БС имал за цел: „со заеднички труд и соединети сили да работи по легален начин за подобрување на по-

---

[100] С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 59.

[101] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 88. Според Ј. Иванов, споменатово собрание било свикано по иницијатива на Васил Дијамандиев и на него присуствувале околу 50–60 Македонци од Софија. Според истиот автор, на Собранието зборувал и Т. Китанчев, при што ја истакнал потребата за создавање едно македонско друштво во Софија кон кое требало да се слеат постојните друштва во Кнежеството. (Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 51). Меѓутоа оваа информација засега не е потврдена низ официјалната документација, ниту пак низ периодичниот печат.

[102] Ср. п. Македонското дѣло преди и презъ 1895 г. въ България, Ил. Илинденъ, г. VI/7 (57), София 1934, 8; Националноосвободителното движение..., т.2, 67; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 89.

[103] Право, г. I/8, 30.12.1894, 2.

[104] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 8.

[105] Право, г. I/8, 2; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония.., 88.

ложбата на неослободените браќа во Турција".[106] Како средства за постигање на целта се предвидени: печатеното слово, јавните собранија, преку застапување и разни други постапки". Според изнесеново, на прв поглед паѓа в очи дека и БС се определил за легални методи на борба за подобрување на положбата во Македонија. Меѓутоа, ако се има предвид формулацијата „и разни други постапки", како и револуционерната настроеност на повеќето членови воУправата, тогаш е јасно дека БС го претпочитал револуционерниот метод. Овој концепт, в. „Право" го промовирал кога се произнел по Резолуцијата од митингот во Софија.[107] Таквиот концепт го нагласил и Китанчев при одржувањето на панихидата за ерменските жртви, кога јавно истакнал дека слободата се стекнува преку крв.[108]

Од достапните информации, не може да се утврди дали Т. Китанчев учествувал на Конститутивното собрание на БС, како и при формирањето на МК. Според историографијата, се добива впечаток дека Китанчев ја прифатил претседателската должност во „Братски сојуз", но не и во „Македонскиот комитет".[109] Меѓутоа, според отчетот на „Братски сојуз" од 12 март (ст. стил) 1894 година, евидентно е дека Т. Китанчев, поради отсуството од Софија, како и поради здравствени и други причини, немал можност да ја извршува претседателската должност, поради што Управата на Друштвото било принудено да му пишува да се врати во Софија за да ја преземе должноста.[110]

Независно од тоа колку Китанчев ја извршувал должноста претседател на БС и дали го прифатил изборот за претседател на МК, останува впечатокот дека неговиот избор во двете организации има фиктивен карактер. Од друга страна, останува фактот дека Т. Китанчев, кон крајот на 1894 година, ги поддржувал иницијативите и на ММД, која го основала „Македонскиот комитет", и на „Братски сојуз". Оттука сосема е неосновано тврдењето на К. Битоски дека Т. Китанчев и луѓето околу в. „Право" со формирањето на „Братски сојуз" го предизвикале „расцепот" во македонското движење.[111] Таквата констатација не стои, особено ако се

[106] Право, г. I/8, 2.

[107] Исто г. I/4, 2.12.1894, 1.

[108] Исто, г. I/6, 16.12.1894, 2.

[109] Ю. Ивановъ, Биографически бележки.., 51-52; Националноосвободителното движение.., т.2, 67; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт.., 183.

[110] Право, г. I/19, 18.1.1895, 3.

[111] К. Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија.., 25–26.

има предвид дека „Братски сојуз“ бил формиран два дни пред формирањето на „Македонскиот комитет“, како и фактот дека луѓето од БС учествувале на Собранието на кое бил формиран МК.[112]

Набрзо помеѓу ММД, БС и МК избило извесно ривалство, кое пред сè, било последица околу прашањето за приматот во македонското движење, а секако и поради различноста во методите за борба околу една иста цел – автономија на Македонија, во согласност со чл. 23 во Берлинскиот договор. Краткотрајниот весникарски судир ги поставил пред дилема Македонците, кон која од постојните организации да се присоединат. Притоа се нашле здруженија кои, раководејќи се од општиот интерес, во исто време соработувале со сите. Таков бил случајот со „Македонскиот заговор“ на Војдан Чернодрински, чиишто претстави и вечеринки ги посетувале лицата од двата табора.[113]

Во меѓувреме, МК и БС започнале трескавична работа на терен за мобилизирање што повеќе луѓе и за создавање повеќе друштва. Така, на 12 јануари (ст. стил) 1895 година, МК пратил покана за формирање клонови во Бугарија, Србија, Романија и Грција. Во повикот, меѓу другото, стои: „Со оглед на неодложната потреба за исполнување на наложената должност кон татковината, Македонскиот комитет во Софија ги замолува сите Македонци во Бугарија, Србија, Романија и Грција да формираат клонови на Македонскиот комитет во состав од 3 до 5 членови...“.[114] Веќе во февруари, МК формирал клон во Галац, кој на Комитетот му испратил 1 000 лева помош.[115] Во почетокот на март, такви клонови биле формирани во Турн Северин, Јаш, Долна Бања и во Самоковската околија. Додека пак, друштва „Македонија“ од Ќустендил и „Татковина“ од Варна пристапиле кон „Македонскиот комитет“.[116] Во исто време била поведена иницијатива за формирање македонско друштво во Кладово (Србија), меѓутоа по барање на турскиот дипломатски претставник, српските власти го попречиле формирањето на друштвото и не дозволиле територијата на Србија да се користи за агитација против османлиската власт во Македонија.[117]

---

[112] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония.., 88–89.

[113] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 8.

[114] Глас Македонски, г. II/7, София 14.1.1895, 1–2.

[115] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 87.

[116] Исто.

[117] Британски документи за историјата на Македонија..., 347.

Од друга страна, МК пројавил активност и на дипломатски план. На 14 јануари (ст. стил) 1895 година, петчлена делегација на МК ги посетила дипломатските претставништва во Софија за да им ги предаде 11-те резолуции што биле усвоени на митинзите во текот на ноември и декември 1894 година. Бидејќи австроунгарскиот претставник одбил да ја прими делегацијата, таа била принудена да се обрати директно кон австроунгарскиот министер за надворешни работи – грофот Калноки.[118] Кон крајот на јануари, В. Дијамандиев и К. Калчов заминале за Виена за да се сретнат со руskiot дипломатски претставник Лобанов-Ростковски, кој во меѓувреме бил назначен за министер за надворешни работи. Бидејќи средбата не била остварена, тие своите барања до него во врска со македонското прашање ги доставиле во писмена форма.[119] По повод подигнатото ерменското прашање, МК планирал да прати делегација низ европските престолнини и да организира митинзи во Лондон, Париз и Рим. Преку нив европската јавност требало да се запознае со македонското прашање и да се предизвикаат соодветните влади при разгледувањето на ерменското прашање да се заложат за автономија на Македонија, во согласност со чл. 23 од Берлинскиот договор.[120]

Додека МК настојувал преку легални дипломатски активности да го актуализира македонското прашање, „Братски сојуз“ ја заострил реториката и истапил со поширока политичка платформа. Така по повод, османлиската реакција кај бугарските власти за да обрнат поголемо внимание на преминувањето на четите во Македонија, БС преку весникот „Право“ одговорил: „Ние, од своја страна, на нашиот цариградски палач и крвопиец и неговата тиранска влада ќе му одговориме дека, додека тие продолжуваат да му ја шмукаат крвта на робот, и додека неказнето му ги грабаат имотот, животот и честа, и додека тој тирански режим не даде политичка слобода, која ќе го гарантира човековото достоинство, дотогаш ние постојано ќе ги вознемируваме, и еден прекрасен ден којшто не е далеку со оружје ќе ја извојуваме онаа слобода, што тие не ни ја даваат“.[121]

Таквата реторика брзо ги поскококткала срцата на искрените македонски патриоти, кои лесно со подале на агитацијата и влегле во четите што заминале за Македонија. Не случајно некои

[118] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 86.

[119] Исто.

[120] Исто.

[121] Право, г. I/14-15, 19.2.1895, 1.

од фатените четници пред турскиот суд во Скопје изјавиле дека „сакаат да имаат одделна држава со независна управа“.[122]

„Братски сојуз“ откако истапил пред јавноста дека неговата цел е „политичко ослободување на поробената раја во Турско“ пројавил тенденција да има улога на централно македонско друштво.[123] Поради тоа „Братски сојуз“ развил силна активност за создавање нови и привлекување на постојните друштва под својата капа. Според двомесечниот отчет на друштвото, тоа во почетокот на март 1895 година имало клонови во Радомир, Ќустендил, Дупница, с. Осојница, Бургас, Златица и Ќустенџа (Романија).[124]

Во овој период на сериозна раздвиженост, но и разединетост меѓу македонските друштва во Бугарија и меѓу емиграцијата воопшто, особено интересно е да го проследиме ставот на Т. Китанчев во врска со македонското прашање и воопшто активноста на емиграцијата. Притоа ќе ги цитираме редовите од писмото до неговиот брат Ефтим од 28 февруари (ст. стил) 1895 година. Бидејќи станува збор за приватно писмо до брата си, сметаме дека тоа е растоварено од секаква демагогија и популизам, поради што најреално ги покажува личните ставови на Т. Китанчев. Во него пишува: „Сега да ти кажам 2–3 збора за македонското прашање. Јас мислам, дека во тековната година е неопходно да има едно движење (мирно, или размирно, тоа е друго прашање), коешто, ако не друго, барем ќе го сврти вниманието на туѓите сили и ќе ги натера да се занимаваат со него. Таквото движење е многу лесно да се произведе, било тука, било внатре во Македонија. Бидејќи во еден, или друг случај ќе се решава ерменското прашање, ние не можеме да ја оставиме работата така што за македонското (прашање, б.н.) да не се спомне ниту збор. Движењето треба да започне оттука, поради тоа е неопходно устројството на друштвата. Ако пред нив не може да се направи ништо друго, тогаш барем ќе се постави основата за една каква-годе организација за идната дејност. Јас не гледам ништо сериозно во сегашните друштва, а особено додека тие не се обединат во едно, меѓутоа тие може да послужат како добра основа за составување такво друштво во иднина. Засега главните пречки се три: 1. разединетоста на друштвата; 2. јавниот непријателски однос на нашата влада; 3. немањето никакви средства. Кон оваа треба да се додаде и четврто –

---

[122] П. Шишковъ, Изъ четничкото движение – единъ неизданенъ документъ презъ 1895 г, Ил. Илинденъ, г. XI/4 (104), София 1939, 14–15.

[123] Право, г. I/19, 18.3.1895, 1–2.

[124] Исто, 3.

неподготвеноста на населението во Македонија. Овие нешта не само што недостигаат за подигање на прашањето, туку и за негово успешно разрешување – потребни се уште многу други услови, не помалку важни од горниве.

Воопшто работата е многу разнебитена, но има можност да се работи. Потребни се благоразумност, енергија, отстапливост и искреност, а овие нешта недостасуваат кај нашите повидни луѓе во Софија и на други места. Жално е што може да се појават авантуристички движења нераководени од никој и наместо корист, да принесат штета. Засега тоа е моето мнение по македонското прашање“.[125] Тоа се погледите на Китанчев за македонското прашање, искажани дваесеттина пред одржувањето на Првиот македонски конгрес.

Независно од појавеното ривалство, македонските друштва и нивните протагонисти бил свесни од неопходноста за обединување во единствена организација. Трајко Китанчев уште на почетокот на јануари, непосредно пред заминувањето за Трново, направил обид за помирување и обединување помеѓу ММД, МК и БС.[126] Набрзо потоа иницијативата за обединување ја презела МК. Тој на 19 февруари (ст. стил) 1894 година, пратил повик до сите Македонци за одржување на едно општо собрание во Софија.[127] Собранието било закажано точно по еден месец, на 19 март (ст. стил) 1895 година. При тоа, во поканата стои:

„Македонци!

Македонскиот комитет, имајќи ја предвид на сериозната ситуација на нашата татковина и веќе подигнатото ерменско прашање, наоѓа за неопходно потребно да свика едно општо собрание на сите Македонци од Кнежеството, Романија и др., за да се осмисли организирањето и понатамошното заедничко дејствување за подобрување на положбата на нашите браќа во Македонија и Одринскиот вилает, согласно чл. 23 од Берлинскиот договор.

За таа цел ги каниме клоновите на Комитетот, сите македонски друштва и сите наши сотатковинци, таму, каде што уште не се составени друштва, да испратат по еден претставник, или да ополномоштат такви од Македонците што живеат во Софија што ќе ги претставуваат на Општото собрание, кое ќе се одржи на 19

[125] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 347–348.

[126] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 90; Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 51.

[127] Глас македонски, г. II/13, 28.2.1895, 1.; бр. 14, 12.3.1895, 1.

март о.г.“[128] Планираното собрание требало да прерасне во Конгрес на кој ќе се уреди општата организација на македонските друштва.

Набрзо потоа, на 24 февруари (ст. стил) 1895 година, двајца членови од МК, од име на целиот Комитет, презеле иницијатива за помирување со ММД и со БС. Во таа смисла, бил потпишан протокол според кој македонските друштва во Софија требало да се обединат под капата на еден Врховен македонски комитет од 6 члена, при што БС требало да има централна улога. Меѓутоа, овој протокол не бил прифатен од другите членови на МК.[129] Набрзо потоа, во интерес на помирувањето, К. Шахов се повлекол од раководната улога во ММД, а истото го направил и Е. Спространов.[130]

Во меѓувреме, во почетокот на март, „Братски сојуз“ побарал одлагање на Конгресот за 1 април, а потоа излегол со соопштение дека Конгресот е одложен за 9 април.[131] Под влијание на БС, повеќе друштва побарале одлагање на Конгресот, а други пак предлагале тој да се одржи во Трново.[132] Бидејќи МК не прифатил одлагање на Конгресот, БС на Заседанието од 12 март (ст. стил) 1895 година, зазел став дека МК при закажувањето на Конгресот не утврдил прецизен дневен ред, дека при донесувањето на одлуката не ги консултирал другите друштва, дека не биле спроведени соодветни подготовки и дека главна задача на Конгресот требало да биде начинот на кој може да се помогне македонското население и организацијата на друштвата. На крајот, БС го оспорил легитимитетот на МК и изјавил дека закажаниот Конгрес треба да се смета за незаконски, поради што нема да учествуваат во неговата работа.[133]

Истиот ден (12 март), „Глас македонски“ објавува дека во моментот било најважно да им се стави „крај на убиствените софиски скандали по македонското прашање“ и да се постигне посакуваното сплотување за заеднички дејства.[134] Што се однесува до предлозите за одржување на Конгресот во Трново, или на друго место, се вели дека тоа било неприфатливо како поради помалиот број Македонци што живееле во овие места, така и поради ло-

[128] Исто.

[129] Право г. I/16-17, 7.3.1895, 5.

[130] Исто, 5-6.

[131] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 91.

[132] Исто.

[133] Право г. I/19, 18.3.1895, 3.

[134] Глас македонски, г. II/14, 12.3.1895, 1.

шите комуникациски врски и нивната оддалеченост од Македонија. Затоа „Глас македонски“ инсистира Конгресот да се одржи во Софија, прво „поради големиот број Македонци кои ја населуваат повеќе од половината на престолнината“, второ, поради „политичкото значење“ на престолнината и, трето, поради нејзината „близина со Македонија“.[135]

Според текот на настаните, се чини дека БС со предлозите за одлагање на Конгресот и за оспорување на легитимитетот на МК купувал време за да привлече повеќе друштва на своја страна и на тој начин да обезбеди мнозинство на претстојниот Конгрес. Во последен момент, кога одржувањето на Конгресот станало реалност, БС пратил телеграми до своите друштва и од нив побарал да пратат делегати или да им издадат полномоштва на неговите членови за да ги претставуваат на Конгресот.[136]

Првиот македонски конгрес во Софија започнал со работа на 19 март (ст. стил) 1895 година, во салонот на Младата македонска дружина, а потоа продолжил во хотелот на браќата Иванови.[137] На Првото заседание учествувале 31 делегат, но до крајот на Конгресот нивниот број се зголемил на 60-мина од друштвата во Бугарија и Романија.[138] Според еден напис во „Глас македонски“, на Првото заседание имало претставници од 27 друштва и нивни клонови, при што отсуствувале делегатите од БС и неговите клонови, но тие веќе на следното заседание се појавиле со соодветни полномоштва.[139] Меѓутоа, според други информации, од 31 делегат, колку што биле присутни на Првото заседание, дури 21 биле приврзаници на „Братски сојуз“, а само 10-мина од Македонскиот комитет.[140] За претседател на бирото на Конгресот бил избран Трајко Китанчев (делегат од Трново), за потпретседател П. Драгулев, (Шумен), а за секретар А. Алтипармаков (Пловдив). Тројцата членови во Бирото биле поддржувачи на БС, а само еден од секретарите му припаѓал на МК.[141] Според составот на Бирото, очиг-

---

[135] Исто.

[136] Исто, бр. 15, 20.3.1895, 5; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония.., 91.

[137] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 92. Меѓутоа, според извештајот на софискиот градоначалник до премиерот К. Стоилов, работата на Конгресот се одвивала во просториите на Славјанска беседа. (Националноосвободителното движение..., т.2, 68).

[138] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 92.

[139] Глас македонски, г. II/15, 20.3.1895, 5.

[140] Националноосвободителното движение..., т.2, 68.

[141] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 92.

ледно е дека привrзаниците на БС обезбедиле мнозинство на Конгресот уште на почетокот.[142] Првичните расправии кои настанале околу валидноста на полномоштвата, исчезнале по настапот на Т. Китанчев. Тој одржал една „пламена родољубива и поучна реч“, по што прашањето за обединувањето, една од главните цели на Конгресот, било прифатено од сите, без никаква дискусија.[143]



Трајко Китанчев

Без сомнение, Т. Китанчев како човек со политичко искуство и неоспорен авторитет со предиспозиции на лидер, кој претходно бил избран за претседател како на БС, така и на МК, бил прифатлива опција и обединувачка алка за сите. За неговата улога при обединувањето на македонските друштва, в. „Знаме“ пишува: „Тој беше единствениот човек, кој имаше огромна доверба речиси кај сите Македонци, никаква завист или клевета не можеше да му наштети. Само тој можеше да ги обедини во едно и старо, и младо, и бујни, и умерени, тој знаеше да ги убеди најзакоравените и да ги смири најпретенциозните, без да го засегне нивното честољубие. Навистина тешко можеше да се најде човек во таквото општество од луѓе со толку различни општествени положби и различни карактери, кои ќе го насочат делото за да се стремат за иста задача“.[144]

Откако било постигнато толку посакуваното единство и обединување на македонските друштва во единствена организација, на дневен ред се нашло прашањето за нејзината цел. Во врска со ова прашање, дискусијата траела три дни. При тоа се искристализирале два предлога: 1. Автономија на Македонија; и 2. Присоединување кон Бугарија. Првиот предлог бил застапуван од Т. Китанчев, Д. Ризов, А. Љапчев и други, а вториот од Д. Македонски. При гласањето по прашањето за целта, предлогот за автономија на Македонија добил апсолутна поддршка, додека предлогот за присоединување кон Бугарија добил само 3 гласа, од вкупно 60 делегати.[145]

[142] К. Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија..., 28-29.
[143] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 9.
[144] Знаме, г. I/94, София, 6.8.1895, 2.
[145] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 9.

На Конгресот било разгледано и прашањето за постигнување на целта. Под влијание на мнозинството, доминирала опцијата за организирање едно востаничко движење во Македонија, иако еден дел од делегатите, биле против тоа.[146] За таа цел, за почеток се планирало во Македонија да се пратат чети со апостолска-агитациска задача.[147] Меѓутоа, оваа прашање од разбирливи причини не било дефинирано во конгресните решенија.

Според решенијата на Конгресот, македонските друштва се обединиле во единствена организација на чело со постојан Македонски комитет од дваесет члена. Притоа, за претседател на бирото на МК бил избран Трајко Китанчев, за потпретседател Н. Туфекчиев, за касиер Г. Георгов, и за секретари: Д. Матов и А. Љапчев.[148]

Во врска со составот на МК, британскиот амбасадор во Софија, Артур Николсон, во извештајот од 16 април 1895 година, информира дека претседателот Т. Китанчев бил следбеник на П. Каравелов, а за другите членови на МК вели дека биле: „образовани следбеници на македонската кауза, сите жестоки приврзаници на помирувањето со Русија, а повеќето од нив се отворени непријатели на сегашната династија во Бугарија“.[149]


THE MACEDONIAN MOVEMENT.

SOFIA, April 2.

The Macedonian conference continues to hold meetings, but the public have not yet been admitted. It was decided to hold private sittings partly because of the various delicate subjects, including charges against some of the leaders of the movement, which are being investigated, partly because it was thought desirable to avoid provoking remonstrances on the part of Turkey. The principal object of the conference is to promote unity among the various Bulgarian organizations concerned with Macedonia, and with this view it elected as president M. Kitancheff, a leading member of "The Brotherly League," which hitherto has held aloof from discussions. Should a fusion of parties be successfully accomplished, a closing meeting, open to the public, will be held, and the conference will issue a manifesto in the Greek, Roumanian, and Servian languages with the hope of obtaining the co-operation of the committees in Athens, Bucharest, and Belgrade. Most of the leaders appear to be in favour of a strictly moderate programme, and propose to confine the demands to the execution of Article 23 of the Berlin Treaty, which provides for autonomous institutions in Macedonia.—*Our Correspondent.*

London Times за Македонскиот конгрес

На последното заседание, кое се одржало на 28. 03 (ст. стил) 1895 година, Конгресот донел одлука да прати телеграми до рускиот цар Николај II, грофот Игнатиев и до англискиот филантроп Вилијам Гледстон.Со тоа требало да им се искаже благодарност за нивните дотогашни залагања за подобрување на положбата на

---

146 Националноосвободителното движение..., т.2, 69.

147 К. Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија..., 29.

148 К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония..., 94. Покрај наведениве членови кои го сочинувале Бирото, како членови во МК уште биле избрани: К. Милчинов, В. Дијамандиев, Д. Карамфилович, Ј. Ковачев, П. Урмов, Ал. Радев, Д. Ризов, Н. Иванов, д-р М. Иванов, П. Нејчев, Ив. Георгов, К. Шахов, Т. Карапопев, Е. Спространов и Д. Македонски (исто, 94, белешка 117).

149 Британски документи за историјата на Македонија..., 364.

македонското население.[150] Покрај тоа, на последното Заседание била избрана делегација од шест члена, која требало да му поднесе Специјална адреса на бугарскиот кнез Фердинанд.[151]

Работата на Првиот македонски конгрес добила отворена поддршка од Демократската партија во која членувал Трајко Китанчев. Така, в. „Знаме“ од 22.3.1895 година, меѓу другото, пишува: „На македонското прашање се погледна посериозно и веќе овде во престолнината заседаваат делегатите дојдени од сите краишта на Бугарија за да обмислат каква политика и каква линија треба да се држи за да може во Македонија да се направи некакво подобрување... Во Бугарија има илјадници Македонци, кои имаат, кој браќа, сестри, мајки и татковци, роднини и пријатели, чија судбина ги интересира. Во Бугарија секоја година идат илјадници други Македонци за да го заработат својот леб преку летото. Во Бугарија, секој Бугарин чувствува дека има поробен брат во Македонија... Затоа сè што се однесува до Македонија, тоа не е прашање само за Македонците, туку и за Бугарите. Ете зошто ние со радост го пресретнуваме собирањето на толку Македонци за да го осмислат она што се должни да го направат за да дејствуваат за подобрување на положбата на нашите браќа“.[152]

Решенијата на Првиот македонски конгрес биле редактирани и преточени во форма на Устав (Статут) на македонските друштва.[153] Со него се регулирани целта, средствата, организацијата и задолженијата на друштвата, задолженијата на Комитетот и Бирото, на Конгресот и на делегатите. Според чл. 1, „Целта на македонските друштва е придобивање за населенијата во Македонија и Одринско, политичка автономија, приложена и гарантирана од Големите сили“.[154] Според чл. 2, целтата можела да се постигне преку „влијание врз бугарските влади и општественото мнение во Бугарија и во Европа“ преку: а) печатено слово; б) агитација во другите балкански држави за заеднички дејства во корист на ав-

---

[150] Глас македонски, г. II/17, 31.3.1895, 1.

[151] Во делегацијата биле избрани: Н. Полински, Ј. Ковачев, Д. Карамфилович, Д. Македонски, П. Урмов и В. Дијамандиев. Освен првиот сите други биле членови на ноизбраниот македонски комитет. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония.., 94).

[152] Знаме, г. I/ 58, София 22.3.1895, 1.

[153] Види: Глас македонски, г. II/22, 7.5.1895, 2-3; Право г. I/25, 9.5.1895; Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 52–55; Величко Георгиев – Стайко Трифонов, История на Бъгарите 1878-1944 в документи, Т. 1, 1878–1912, част втора, София 1996, 360–361.

[154] Княжеството България и македонският въпрос..., 49.

тономијата; в) агитација и митинзи; г) поддржување на изборот за пратеници во Народното собрание на оние лица кои ќе се обврзат да дејствуваат за постигнување на целта на македонските друштва; д) испраќање на делегации и меморандуми до европските двори; е) воопшто преземање мерки, диктирани од силата на околностите.

Според изнесеново, целта на МК е придобивање автономија на Македонија која ќе биде приложена и гарантирана од Големите сили кои на тоа ќе бидат предизвикани со разни легални методи на дипломатски притисок, но и со „мерки, диктирани од силата на околностите“ што подразбира востанички дејства. Според Т. Китанчев, таквата определба била неопходна зашто „Турција отстапува само пред силата“,[155] така што „тукашното македонско движење побрзо ќе ги натера Турците да дадат некакви олеснувања за населението во Македонија“, отколку застапништвото на бугарската влада и на Егзархијата. Кога е во прашање автономијата како цел, Китанчев пишува: „Нема зошто да се плашиме, нема зошто да се притеснуваме, зашто нашата цел, нашите барања, не се ниту шовинистички, ниту теснонационални. Ние сакаме: ’политичка автономија за населенијата на Македонија и Одринско, гарантирана и приложена од Големите сили’“.[156]

Според чл. 14 од Уставот „секој член од македонските друштва по прашањето за автономија на Македонија и Одринско е должен да ја поддржува секоја бугарска влада, која дејствува за постигнување на таа цел и да настојува да дејствува врз оние влади, кои би ја игнорирале“.[157] Оваа одредба покажува дека македонската емигрантска организација во бугарската влада гледала механизам за притисок врз Османлиската Империја и европската дипломатија, со што оставила широк простор за експлоатација на македонското дело. Споменатава одредба веднаш по објавувањето на решенијата на Конгресот предизвикала реакција во весниците: „Глас македонски“ и „Народна самозаштита“, како и во некои други средини, кои во тоа гледале опасност од експлоатација на македонското дело во партиско-политичките борби во Бугарија.[158] Поради тоа, Т. Китанчев бил принуден преку една статија да ги објасни мотивите за прифаќањето на таквата одредба.[159] Во образло-

[155] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 259.

[156] Исто.

[157] Княжеството България и македонският въпрос..., 50.

[158] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 260.

[159] Исто, 259–263.

жението на Китанчев стои дека преку спомнатава одредба, Конгресот немал „никаква задна цел“ за монополизирање и експлоатација на македонското дело од одредени политички партии, туку да ги мобилизира сите во прилог на идејата за автономија, или за ослободување на Македонија. Оттука, според Китанчев: „секој член од македонските друштва, пред да почне да агитира за својот кандидат, од него треба да побара свечено ветување, дека по прашањето за автономија на Македонија и Одринско, тој нема да биде против и нема да го игнорира“.[160] Според Китанчев, при носењето на таквата одлука никој не помислувал „да формира некакваси посебна македонска партија“ како што сметале некои. На крајот од образложението, Китанчев пишува: „Македонскиот конгрес постапи многу разумно и чисто човечки, откако си постави така опширна, нешовинистичка и благородна цел, за која може да војуваат не само крајните слободољубиви партии и фракции, но и сите народности. Од таков карактер се и горниве решенија. Јас сум уверен дека во иднина во Народното собрание по прашањето за автономија на Македонија и Одринско ќе се соединат претставниците од сите опозициски партии и ќе се формира една група, во која се надевам дека ќе влезат не малку претставници и од владините партии. Силата на македонските друштва не е во самите Македонци, туку во членовите, кои се овдешни граѓани. Колку што знам има друштва, кои бројат 20-30 (лица, б. н.) а од нив Македонци по род се 17-18 (мина, б. н.). Затоа сосема неосновано е искажаното во ’Глас македонски’ дека друштвата не можеле да направат ништо, зашто Македонците биле малку. Тоа прашање е општонародно, па и општочовечко, а друштвата се нарекуваат македонски само затоа што ќе работат за автономија на Македонија и Одринско, а не зашто се составени од Македонци“.[161]

Според изнесеново, очигледно е дека Китанчев се надевал на формирање македонска лоби група во Бугарското народно собрание. Притоа очекувал поддршка не само од Македонците во Бугарија, туку и од бугарските граѓани. Од друга страна, Китанчев прашањето за автономија на Македонија не го гледа низ призмата на бугарските шовинисти и националисти, туку низ една поширока платформа која во името на автономијата на Македонија требало да ги обедини сите народности.[162] Оттука не случајно во чл.

---

[160] Исто, 261.

[161] Исто, 202-263.

[162] Според горново, се чини дека е крајно неиздржана констатацијата на К. Битоски кога пишува: „Првиот македонски конгрес и решенијата донесени на

36 од Уставот се вели дека: „Комитетот е ополномоштен од Конгресот да влегува во односи и договори за заеднички дејства со сите асоцијации, составени од други народности (асоцијации) коишто ја преследуваат истата цел, како и македонските друштва“.[163]

Во организациска смисла, според чл. 3 од Уставот, сите македонски друштва, независно каде и да се наоѓаат, претставуваат единствена организација со која управува еден 20-член комитет со седиште во Софија. Според чл. 4, друштвата во Бугарија, треба да се именуваат како „Македонско друштво...“, а оние во Романија како „Македонско благотворително друштво...“. Притоа во едно место не треба да постојат две, или повеќе македонски друштва со иста цел (чл. 7). Според чл. 14, член на македонските друштва може да биде секој што сочувствува со нивната цел, доколку е препорачан од 3 членови на Друштвото кон кое сака да се запише. Според чл. 16, со дејноста на сите друштва раководи „Македонскиот комитет“, кој се состои од петчлено биро и 15-мина советници (чл. 17). За своите постапки, Комитетот одговара пред Конгресот, а Бирото пред Комитетот и пред Конгресот (чл. 21).

Уставот на МК бил прифатен на општо собрание од претставници на македонските друштвам кое се одржало на 30 април/12 мај 1895 година во салонот на „Славјанска беседа“ во Софија.[164] Собранието на кое бил прифатен Уставот било од отворен карактер.[165] Со Собранието раководел Китанчев, при што ја опишал положбата во Македонија и ги повикал присутните да го помогнат ослободителното дело кој со што може.[166]

Несомнено, авторитетот на Т. Китанчев одиграл пресудна улога при организирањето Македонскиот комитет како организација на македонската емиграција во Бугарија. Во оваа органи-

---

него, претставуваат еден вид пресвртница во дејноста на македонската емиграција во Бугарија. Со тоа ѝ била дадена и официјална гласност на една антимакедонска и антиавтономистичка политика на македонските комитети во Бугарија, која се водела од името на македонската емиграција, па дури и од името на Македонија. Колку и да звучеле хумано принципите за кои тие комитети се бореле, не било тешко да сфати секој добронамерен човек дека нивната политика ... во крајна мера им служела речиси исклучиво на великобугарските аспирации кон Македонија“ (К. Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија..., 32).

163 Княжеството България и македонският въпрос.., 52.

164 Право I/23; 25.4.1895, 1–2; Исто, бр. 24/2.5.1895, 2; Британски документи за историјата на Македонија..., 368.

165 Британски документи за историјата на Македонија..., 368.

166 Право I/24, 2.5.1895, 2.

зација членувале мнозина Македонци, а помалку Бугари. Најголемиот дел од членството биле искрени македонски патриоти. Меѓутоа, од друга страна, во МК се вовлекле доверливи луѓе на бугарската политика, разни профитери, кариеристи, авантуристи, случајни сопатници, квазипатриоти, па дури и класични арамии. Инволвирањето на таквите профили во МК, не само што се одразил врз неговата активност, туку и воопшто врз македонското ослободително дело.[167] Оттука, не случајно Крум Христов пишува дека Трајко Китанчев, без да ги проѕре задните намери на бугарската влада и на кнезот Фердинанд, со својот авторитет ја покрил „подготовката на првата престапна авантура на дворот", која отвора цела ера врховистички престапи кон Македонија".[168]

## Бугарија и македонското движење

Владата на Константин Стоилов на надворешнополитички план била ориентирана кон добивање нови берати за именување на егзархиски владици во Македонија, поради што требало да одржува пријателски односи со Османлиската Империја; кон подобрување на односите со Русија како услов за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд; како и за одржување коректни односи со другите големи сили, без чија поддршка не било можно остварување на претходните цели. Со оглед на сложеноста на задачите, К. Стоилов при составувањето на својот кабинет, повел сметка, преку него да може да игра двојна улога пред надворешниот свет, при што надворешната политика му била доверена на Г. Начович.[169] Покрај професионалните политичари, во остварувањето на бугарските интереси бил ангажиран и егзархот Јосиф I, кој без никакви „црковни обѕири" се впуштил во политичките води.[170]

Со разгорувањето на ерменската криза и со раздвижувањето на македонската емиграција во Бугарија, егзархот почнал да ги обиколува дипломатските претставници на Големите сили во Истанбул и да го сондира теренот за нивниот став по прашањето за признавање на кнезот Фердинанд и за испорачување барања за назначување нови егзархиски владици во Македонија.[171]

[167] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт.., 187.
[168] Крум Христов, Гоце Делчев, София 1955, 109.
[169] История на българската дипломация..., 185.
[170] Британски документи за историјата на Македонија..., 324.
[171] Исто, 324–325.

Бугарската влада, поаѓајќи од своите интереси, но притоа имајќи ја предвид сложеноста на ситуацијата, во прво време настојувала да одржува пријателски односи со Империјата, поради што свесно ги игнорирала барања на македонската емиграција за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор. За надворешна употреба, владата намерно се искажувала против македонското движење, но на внатрешен план била внимателна и водела сметка да не ги предизвика Македонците, бидејќи македонското движење можело да се искористи како алатка за притисок врз Портата и врз европската дипломатија. Оттука министерот за надворешни работи на Бугарија му сугерирал на дипломатскиот агент во Истанбул – П. Димитров, да дејствува во согласност со егзархот околу прашањето за составување на егзархискиот синод, да ги истакнува барањата за религиозни и училишни слободи за егзархиското население во Македонија, но и да ги отфрла забелешките дека владата ги поддржува митинзите на Македонците.[172] Во декември, кога македонското движење достигнало кулминација, егзархот протестирал пред големиот везир против српската пропаганда во македонските вилаети и побарал еднаков третман за бугарските како и за грчките училишта во Македонија и издавање на 5 берати за митрополити во Дебарската, Кукушката, Струмичката, Мелничката и Битолската епархија.[173]

Во меѓувреме, министерот за надворешни работи, Г. Начович и премиерот Стоилов, кои стоеле зад барањата на егзархот, искажале подготвеност да застанат и зад политичките барања од македонските митинзи, но тоа прашање сè уште го чувале како резервен метод за дипломатски притисок.[174] Според Начович, тоа било сигурна гаранција за остварување на бугарските интереси, поточно за поткрепа на легитимните барања на Егзархијата. Токму оттука произлегува толерантниот однос на бугарските власти кон македонското движење, и покрај бројните предупредувања од османлиска страна. Во средината на декември 1894 година, бугарскиот претставник во Истанбул – П. Димитров, веќе почнал да зборува дека со отворањето на ерменското прашање ќе се постави и прашањето за реформи во Македонија, во согласност со чл. 23 од Берлинскиот договор.[175] Притоа, Димитров истакнувал дека бугарската влада не може бесконечно да го игнорира македон-

[172] История на българската дипломация..., 190–192.

[173] Исто, 192.

[174] Исто, 192–193.

[175] Британски документи за историјата на Македонија..., 346.

ското прашање, бидејќи постои можност од формирање револуционерен комитет и избивање востание, кое Турците по обичај ќе го задушат сурово, а со тоа ќе го предизвикаат вниманието на Европа.[176]

Поради лицемерниот однос на бугарската влада, големиот везир на 15 декември 1895 година го повикал П. Димитров и го предупредил поради проерменските митинзи во Бугарија, кои биле организирани од страна на македонската емиграција. Истиот ден, османлискиот министер за внатрешни работи го повикал егзархот и му ставил до знаење дека османлиската влада ќе допушти поставување српски свештеници и алтернативно користење на црквите во околината на Скопје и Велес.[177] Овие синхронизирани предупредувања кон бугарскиот дипломатски агент и кон егзархот, не предизвикале промена во политичкиот курс на Бугарија, која не сакала да го испушти моментот кој настанал со отворањето на ерменското прашање и со засилувањето на македонското движење. Напротив, кнезот и владата решиле максимално да ја искористат бунтовната ориентација на Македонскиот комитет, кој веќе подготвувал чети за упад во Македонија. На поттик од кнезот, воениот министер Рачо Петров, го убедил премиерот К. Стоилов, владата неофицијално да застане зад четничкото движење што го подготвувал МК.[178] Се чини дека клучната врска помеѓу владата и МК бил Наум Туфекчиев, кој бил близок со премиерот Стоилов, иако имало и други такви.[179]

Сепак, бугарската влада била внимателна и пред да застане зад четничката авантура на МК, преку својот агент во Истанбул, се обидела да ги сондира дипломатските претставници на Големите сили. За бугарските барања, Димитров првин обезбедил поддршка од британскиот дипломатски претставник, а таква ветил и италијанскиот амбасадор, под услов доколку зад тоа застане британската влада.[180] Британскиот претставник пред П. Димитров изјавил дека „без востаничко дејство не може да се постигне ништо ... (и дека, б. н.) бугарската влада треба да почне да формира револуционерни чети, под услов нивната дејност веднаш да биде запрена ако се променат околностите“.[181] Идејата за искористување на

[176] Исто.

[177] Исто.

[178] Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София 1995, 58.

[179] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 202.

[180] Националноосвободителното движение..., т. 2, 72.

[181] Исто, 73.

македонските чети како метод за притисок врз Портата, добила поддршка и од австроунгарскиот дипломатски претставник, со забелешка дека владата треба да има строга контрола врз нив.[182] Охрабрена од таквите ветувања, Бугарија го засилила притисокот. На 11 март (ст. стил) 1895 година, егзархот Јосиф со поддршка на бугарскиот дипломатски агент, поднел официјално барање до турскиот министер за правосудство и вероисповед за издавање 5 берати за назначување егзархиски владици во Македонија, како и барање за составување Синод и Мешан совет при Егзархијата во Истанбул.[183] Високата порта, по извршените консултации со грчките и српските компетентни фактори, како и со рускиот амбасадор, ги отфрлила бугарските барања.[184] При такви околности, П. Димитров изјавил дека „тоа се смета за непријателски став кон Кнежеството Бугарија, и дека владата во Софија ја симнува од себе одговорноста од последиците“.[185] Истовремено, П. Димитров сигнализирал во Софија дека притисокот врз Портата треба да се изврши „преку контролирани чети од бугарската влада“.[186]

Во меѓувреме, на 17 март 1895 година, министерот за надворешни работи Г. Начович го информирал британскиот амбасадор во Софија дека тој се сретнал со водачите на Македонскиот комитет и со едно-две лица кои тајно допатувале од Македонија. Притоа, Начович истакнал дека водачите на Македонскиот комитет биле решени да предизвикаат немири во Македонија, и како наводно тој им ставил до знаење дека бугарската влада нема да дозволи преземање на таква акција од бугарска територија.[187] Сепак, Начович додал дека бугарската влада може да го контролира македонското движење и дека презела мерки да го попречи преминувањето на четите, но притоа не ја исклучил можноста од осамени акции за востание во Македонија, кои би можеле да ги вознемират духовите во Бугарија, а тогаш владата не би била во состојба да се спротивстави на општиот повик за востание.[188] Според оваа завиткана дипломатска изјава, очигледно е дека бугарската влада била решена македонското движење да го стави во погон за придвижување на сопствените политички интереси.

---

[182] Исто.
[183] История на българската дипломация.., 193.
[184] Исто, 194; ДАРМ, ф. Политичко оделение (ПО), мф. 445, бр. 282, Цариград, 15.5.1895.
[185] Националноосвободителното движение..., т.2, 73.
[186] История на българската дипломация..., 194.
[187] Британски документи за историјата на Македонија..., 353.
[188] Исто.

Во меѓувреме, во Англија почнале да се појавуваат написи за неподносливата положба во Македонија и за неспособноста на власта да се справи со разбојничките банди. Во тој поглед предничел „Daily Chronical“, орган на Радикалната партија.[189] Оваа Партија не била сериозен фактор во Англија, но имала влијание врз владините одлуки, бидејќи преку своите претставници во Долниот дом, го обезбедувала мнозинството на владата. Истовремено, на проерменските митинзи во Англија, редовно била нагласувана неподносливата положба во Македонија. Според српскиот дипломатски претставник во Лондон, со тоа се настојувало: 1. систематска подготовка на англиското јавно мнение со симпатии да го дочека евентуалното востание во Македонија; и 2. да се намножат симпатиите за „македонското прашање“ и тоа по заобиколен пат да се наметне за решавање пред Европа. Притоа, српскиот дипломатски претставник резимира дека востанието вештачки се подготвувало во Бугарија.[190]

Во меѓувреме, на 18 април 1895 година, Министерскиот совет на Бугарија во присуство на кнезот Фердинанд решил да ја прими делегацијата на МК,[191] која била избрана од Конгресот за да го посети кнезот и од него да побара поддршка во смисла за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор. Според искажувањето на Г. Начович пред А. Николсон (британски претставник), владата решила на кнезот првин да му биде доставено барањето на МК, па откако тој ќе процени дека тоа не содржи „ништо навредливо против султанот“ – дури тогаш да ја прими делегацијата.[192]

---

[189] ДАРМ, ф. ПО, мф. 445, пов. бр. 13, Лондон, 23.5.1895.

[190] Исто. Бидејќи во Англија почнале да се појавуваат написи според кои Македонија требало да се присоедини кон Бугарија, српскиот дипломатски претставник во Лондон сметал дека доколку дојде до отворање на македонското прашање и доколку за тоа одлучува гласот на англиското јавно мнение и англиската влада, прашањето ќе се реши во прилог на Бугарија. Оттука тој препорачува Србија да работи за да не дојде до отворање на македонското пршање и за зачувување на постојното „status quo“, (ДАРМ, ф. ПО, мф. 445, пов. бр. 14, 26.5.1895, Лондон). Од друга страна, бугарските власти се плашеле од српска воена интервенција, доколку нејзините војски се вмешаат во настаните во Македонија. Во врска со тоа, Г. Начович изјавувал „Ако нашата војска се вмеша (во Македонија, б. н.) – тогаш сме загубени, зашто Србите ќе нѐ нападнат од тил и ќе го диктираат мирот во Софија“. (История на българската дипломация..., 194).

[191] Британски документи за историјата на Македонија, т.4..., 366.

[192] Исто. Британскиот амбасадор во Софија, А. Николсон, во извештајот од 16 април 1895 година, изразува зачуденост зошто владиниот весник *Мир* пред приемот на македонската делегација кај кнезот излегол со став дека Маке-

На 10/22.4.1895 година[193] кнезот ја примил делегацијата на МК, во состав: Д. Карамфилович, Ј. Ковачев, В. Дијамандиев, П. Урмов и Н. Полински. Приемот од кнезот воопшто бил ладен, поради што делегацијата останала незадоволна. Еден од членовите на делегацијата ја прочитал Адресата и му ја врачил на кнезот. Адресата содржела повеќе ласкави фрази кон кнезот, но во основа од него се бара „да не го откаже своето високо застапништво за правата на нашите браќа во Македонија и Одринско".[194] За време на приемот, Фердинанд одржал долга и развлечена реч, при што истакнал дека Македонците, како и Бугарите од Кнежеството, не треба да се занимаваат со судбината на „Бугарите во турско", туку таа грижа, да му ја остават нему и на владата.[195] Кнезот пред делегацијата истакнал дека благодарение на благоразумната политика на бугарската влада, егзархиското население во Империјата добило 4 владици и широки права да отвора и издржува народни училишта.[196] Истовремено, кнезот ги повикал македонските емигранти во Кнежеството да прекинат со својата агитација, ставајќи им на знаење дека ниту тој, ниту владата, нема да ги поддржат нивните активности, кои биле опасни не само за населението во европските вилаети на Империјата, туку и за Бугарија.[197] Затоа кнезот побарал од делегацијата да го запре македонското движење, а грижите за христијанското население во европските вилаети на Империјата да ѝ ги остави на бугарската влада „која била најкомпетентна за слични работи".[198]

Истапот на Фердинанд пред македонската делегација бил исклучиво за надворешнополитичка употреба. Тој со својата изјава ги задоволил владите на Големите сили,[199] па и на султанот. Последниов, дури, дал согласност да се одговори на барањето на ег-

донците сакале да му ја доверат својата кауза на Фердинанд, кога водачите на МК биле непријателски настроени против кнезот. Оттука, А Николсон доаѓа до заклучок дека независно од тоа дали кнезот ќе ја прими, или, не, делгацијата, или пак како и да одговори на нејзиното барање, дека сето тоа било смислено за да го вплетка кнезот во „непријатна ситуација". (Британски документи за историјата на Македонија..., 364–365).

[193] Право г. I/21, 11.4.1895, 2; Свобода г. IX/1636, 12.4.1895, 3; Знаме I/63, 16.4. 1895, 1.

[194] Право г. I/22, 18.4.1895, 1-2.

[195] Знаме I/63, 16.4.1895, 1.

[196] Право г. I/22, 18.4.1895, 1-2.

[197] Знаме I/63, 16.4.1895, 1.

[198] Право г. I/21, 11.4.1895, 2.

[199] История на българската дипломация..., 197.

зархот за назначување привремени митрополити за управници во Битолската, Мелничката, Струмичката, Дебарската и Кукушката епархија, меѓутоа, османлиската влада не била согласна со тоа, поради што султанот брзо се откажал од своето ветување.[200]

Ако одговорот на Фердинанд, од една страна, ги задоволил султанот и владите на Големите сили, од друга, тој предизвикал многу лош впечаток кај Македонците, бидејќи кнезот воопшто не го спомнал името Македонија.[201] Поради таквиот истап на кнезот, МК преку в. „Право" прашува: „Дали навистина нашата влада мисли дека Македонците сакаат само цркви и училишта? Дали не знаат, дали не гледаат дека во Македонија нема апсолутно никакви можности да се живее човечки живот".[202] Притоа, се вели дека од кнезот и не можело да се очекува друго, бидејќи тој систематски ја подготвувал „Македонија за своја провинција".[203]

Изјавата на Фердинанд била со повеќенасочна намена. Тој, од една страна, со изјавата ги подзадоволил султанот и Големите сили, но со самиот прием на делегацијата, сепак им ставил до знаење дека може да го контролира македонското движење, од што во моментот зависеле мирот и стабилноста во европските вилаети на Империјата. Од друга страна, со ладното држење кон Македонците, кнезот само ги раздразнил нивните бунтовнички намери,[204] што секако одело во прилог на неговите планови.

И навистина, бидејќи во меѓувреме ерменското прашање достигнало кулминација во дипломатијата, МК преку печатот отворено го поддржувал преминувањето на четите во Македонија, притоа сугерирајќи дека „некои патриоти треба да се жртвуваат себеси, за да го привлечат вниманието во Европа".[205] Од друга страна, владиниот „Мир" и опозициската „Свобода" почнале да пишуваат за превентивните мерки на османлиските власти покрај

---

[200] Исто.

[201] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 189.

[202] Право г. I/22, 18.4.1895, 2.

[203] Исто, 1.

[204] Во врска со тоа, в. *Свобода* на опозиционерот Стамболов пишува: „Од одговорот на кнезот Македонците никако не биле задоволни, но и не требаше многу ум за да се предвиди дека укажувањето од кнезот нема да биде земено предвид од нив. Бидејќи се знаеше дека тоа така ќе биде, ние за виновна ја наоѓаме владата, бидејќи не го советувала кнезот за да не ја прими делегацијата и да не се изложува на критики и незадоволство. (Свобода г. IX/1636, 12.4.1895, 3).

[205] Британски документи за историјата на Македонија..., 55.

границата и репресиите врз населението што дополнително го подгревало незадоволството.[206]

При таква констелација, на 17 мај (ст. стил) 1895 година бугарскиот премиер К. Стоилов остварил средба со претседателот на МК – Трајко Китанчев.[207] Деталите од средбата не ни се познати. Според едни информации во бугарската историографија, тогаш Стоилов му советувал на Т. Китанчев да не презема ништо без знаење на владата, која била заинтересирана за положбата во Македонија,[208] но според други тој бил поттикнуван од владата, како и од кнезот, за извесни востанички акции.[209] Според еден запис во дневникот на А. Шопов, иницијатор за неофицијалната владина поддршка за испраќањето чети во Македонија под покровителство на МК бил воениот министер Рачо Петров, кој на тоа бил поттикнат од кнезот Фердинанд.[210] Притоа, премиерот Стоилов, кој во почетокот бил против таквата инцијатива, го променил мислењето и самиот почнал да го фаворизира испраќањето чети.[211] Слично на ова, Т. Тодоров (член на владата на Стоилов), пред парламентарната анкетна комисија во 1914 година, изјавил дека зад испраќањето на четите во Македонија стоел воениот министер Р. Петров, по укажување од кнезот, поради што им овозможил на офицерите (Б. Сарафов, Начев, А. Бозуков) да заминат со четите.[212]

Како и да е, неоспорно е дека кнезот и владата прагматично го злоупотребиле патриотското расположение на македонските емигранти во Бугарија за бугарските национални интереси. Од друга страна, можеме да констатираме дека Т. Китанчев, кој неоспорно ги претпочитал револуционерните методи во контекст на македонското прашање, иако бил во опозиција на владата и на кнезот, од името на автономијата на Македонија прифатил да комуницира со нив по тоа прашање.

По средбата помеѓу Стоилов и Китанчев, бугарската влада ги радикализирала своите барања кон Османлиската Империја. Бугарската дипломатија кога забележала дека Портата под при-

---

[206] Исто.

[207] К. Пандев, Националноосвободителното движжение..., 95.

[208] История на българската дипломация..., 198.

[209] К. Пандев, Националноосвободителното движжение..., 95.

[210] А. Шопов, Дневник..., 58.

[211] Исто.

[212] Г.П. Генов, Политическа и дипломатическа история на България, т. XVIII, София 2003, 56.

тисок на големите сили е подготвена за реформи во ерменските вилаети, Г. Начович почнал да го протежира мислењето дека настапил моментот да се постави прашањето за реформи во европските вилаети на Империјата во смисла на чл. 23 од Берлинскиот договор, бидејќи во спротивно би следувало востание и окупација на Македонија од страна на Австро-Унгарија, а тоа би било „катастрофа за бугарските национални интереси“.[213] Бугарското заплашување со евентуална окупација на Македонија од страна на Австро-Унгарија, не е ниту прво, ниту последно. Оваа австриска опасност, бугарската дипломатија редовно ја користела за заплашување на Македонците, но и за да го сврти вниманието на Русија и Англија, кои од стратешки причини биле опоненти на австриската експанзија кон југ. На 23 мај (ст. стил) 1895 година, Г. Начович, му наложил на бугарскиот агент во Истанбул да му се заблагодари на султанот за неговата подготвеност да ги прошири предвидените реформи за ерменските вилаети и во европскиот дел на Империјата, но притоа дискретно му укажал дека за бугарската дипломатија било доцна да благодари по прашањето за Синодот и владиците и дека треба да настојува за „политички права на Македонија“.[214]

Во меѓувреме, бугарската влада, сфаќајќи дека ситуацијата може да се искористи за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд, ги интензивирала односите со Русија и со другите големи сили во таа насока, а истовремено го поттикнувала преминот на четите во Македонија.[215] Во почетокот на јуни, бугарската владата се обратила со нота до Портата и побарала спроведување реформи врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор. Во нотата било нагласено дека тоа било единствен услов за запирање на револуционерното агитација сред македонската емиграција во Кнежеството, како и во Македонија.[216] Откако Портата категорично го отфрлила бугарското барање, владата му наредила на својот агент, П. Димитров, да го напушти Истанбул без образложение.[217]

Во меѓувреме, четите на МК веќе се нашле на територијата на османлиска Македонија. Поради тоа, Портата и меѓународната дипломатија веднаш манифестирале знаци на попустливост за признавање на Фердинанд. Чувствувајќи го тоа, Стоилов на 29 ју-

[213] История на българската дипломация..., 198.
[214] Исто, 199.
[215] Исто, 200–207.
[216] Исто, 205; Националноосвободителното движение..., т.2, 73.
[217] Националноосвободителното движение..., т.2, 73.

ни (ст. стил) во својот дневник запишал: „Јас сум на мнение дека демонстрацијата се направи. Сега треба да се запре секое движење за да може да се добие нешто од Портата и од силите“.[218]

Овојпат во интерес на добрите односи со „пријателската држава“, Стоилов ги забранил сите собири на македонските друштва во Бугарија. Истовремено било забрането продавањето и купувањето оружје и формирањето чети, бидејќи тоа можело да ја наруши внатрешната и надворешната положба на Кнежеството. На границата бил испратени воени засилувања за да го попречат преминувањето на четите против кои била препорачана примена сила доколку се спротивстават. Истовремено, Парламентот усвоил закон, според кој бил предвиден строг закон за секој „кој собира, вооружува и снабдува чети, и за секој главатар и предводник на чета“.[219]

Сето тоа јасно зборува за манипулација на бугарските власти со патриотските чувства на македонските емигранти за своите стратешки политички интереси.

## Четничката акција на Македонскиот комитет

Додека траел процесот на обединувањето на македонските друштва, „Братски сојуз“ почнал да подготвува и да испраќа чети во Македонија. Понапред видовме дека Т. Китанчев на 28 февруари 1895 година од В. Трново на брата си Ефтим му пишувал дека за поведување на македонското прашање пред европската дипломатија, било неопходно во Македонија да се поведе едно движење, кое требало да започне од Бугарија, што не било тешко да се произведе. При тоа, Китанчев нагласува дека населението во Македонија не било подготвено, па дури искажува и опасност од појавата на неконтролирано авантуристичко движење, кое наместо корист, можело да принесе штета.[220] Оттука произлегува едно мошне симптоматично прашање: како Китанчев застанал зад четничката акција, иако бил свесен дека населението не е подготвено и дека постои опасност од авантуристички истапи?! Неоспорен е фактот дека Китанчев го поддржувал революционерниот метод за поведување на македонското прашање, меѓутоа факт е и тоа дека тој на „движењето“ гледал како на средство за притисок врз диплома-

[218] История на българската дипломация..., 209.

[219] Националноосвободителното движение..., т.2, 83–84.

[220] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 347–348.

тијата, а не како начин за постигнување на целта. Според него, на тој начин, „ако не друго, барем ќе го свртиме вниманието на туѓите сили“ да се занимаваат со македонското прашање. Меѓутоа, оттука се отвора прашањето колку, пак, Китанчев и другите инспиратори на акцијата биле свесни за последиците од акцијата по македонското население од страна на власта при прогонот на четите? Несомнено, дека БС, а потоа и МК, тешко би се решиле на акција во Македонија, доколку не постоеле ветувања од страна на официјална Бугарија.

Како и да е, додека Китанчев бил во В. Трново, „Братски сојуз“ ја испратил првата чета во Македонија. Станува збор за шестчлена арамиска чета под водство на Димо Дедото, која во февруари 1895 година заминала од Бугарија.[221] Таа во март 1895 година се нашла во Прилепско, каде што ја предизвикала Дреновската афера.[222] Борис Сарафов во своите спомени раскажува дека во договор со Китанчев, во текот на зимата започнал да обучува „Македонци“ за четници и дека агитирал помеѓу Македонците-работници и офицери за претстојната акција.[223] Притоа ги врбувал офицерите: Мутафов, Начев, Гаруфалов, Луков, Венедиков, кои подоцна ги претставил пред Т. Китанчев.[224]

Подготовките на „Братски сојуз“ биле забележани од османлиска страна. Оттука, во февруари 1895 година, Портата со нота побарала од бугарската влада да обрне внимание на активноста на „Братски сојуз“, кој според нивните сознанија располагал со 500 комити, од кои веќе 50-тина биле во Македонија, а притоа

[221] К. Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија..., 37.

[222] Види: Димитар Димески, Аферите во Битолскиот вилает 1895-1903, Скопје 1993, 9–24.

[223] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 36-37. Б. Сарафов во спомените вели дека тој во зимата на 1894 година почнал да формира чета и во кафеаната „Нов свет“ на улица „Пиротска“ ги обучувал четниците. (Исто, 36). Меѓутоа, според Р. Пасков, Сарафов бил преместен на служба во Софија во почетокот на јануари 1895 година, па според тоа, информацијата на Б. Сарафов, барем од хронолошки аспект, не е точна. (Види: Румен Пасков, Борис Сарафов 1872–1907, София 1996, 34). Не може да се земе како точно ниту тврдењето на Б. Сарафов дека во тоа време зборувал со Китанчев за испраќање чети во Македонија, од едноставна причина што кога Т. Китанчев сè уште бил со Софија, Сарафов не бил таму на служба, а од друга страна, кога Сарафов почнал да работи во Софија, Китанчев заминал за В. Трново, каде што останал до одржувањето на Првиот македонски конгрес. Оттука, директна комуникација помеѓу Сарафов и Китанчев можела да постои по одржувањето на Првиот македонски конгрес.

[224] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 37.

половина од Македонците-офицери во бугарската армија, биле подготвени да влезат во редовите на „востаниците“.[225] Понапред видовме дека бугарската влада не само што се оглушила на османлиските забелешки, туку, поради своите интереси, го поттикнувала преминувањето на четите.

Подготовките за интервенција во Македонија се засилиле по одржувањето на Првиот македонски конгрес. Особено поттикнувачки врз МК влијаело тоа што воениот министер – Рачо Петров им овозможил на офицерите да ја напуштат армијата и да им се придружат на четите,[226] иако информациите од Македонија јасно зборувале дека населението не било расположено да прифати активно учество во движењето.[227]

При подготовките за „востаничка акција“, Македонскиот комитет од Софија за своите намери се обидел да добие содејство од Централниот комитет на Македонската револуционерна организација (ЦК МРО).[228] За таа цел, во Солун специјално допатувал Никола Наумов. Меѓутоа, ЦК на МРО не ја прифатил поканата од МК за учество во акцијата, бидејќи Организацијата уште била во „пелени“, поради што не сакала да влегува во „авантури“ и во „блефирање“.[229] Во врска со тоа, во Солун се нашол и Георги Баласчев, кој пред луѓето од ЦК расправал дека депонирал некаков експлозив на железничката станица во Велес, кој наводно го донел од Виена, но кога му било предложено споменатиов материјал да се подигне од Велес и да се донесе во Солун, Баласчев остро протестирал.[230] Таквата реакција на Баласчев, недвосмислено говори за неговиот обид да ги убеди луѓето од ЦК МРО во сериозните подготовки на МК за да ја поддржат неговата акција.

---

[225] Право, г. I/13-14, 19.2.1895, 1.

[226] Г.П. Генов, Политическа и дипломатическа история на България..., 56; А. Шопов, Дневник, 58; А. В. Амфитеатров, Земја на раздорот (избор превод и редакција; Цветан Станоевски), Скопје, Скопје, 1990, 137.

[227] Британскиот претставник во Софија А. Николсон, во извештајот од 16 април 1896 година, бележи дека агитататорите кои се вратиле од Македонија изјавиле дека населението не е расположено да земе активно учество во движењето. Поради тоа, А. Николсон го поставува прашањето дали МК имал доволно време за организирање ефикасна агитација во Македонија и дали воопшто може да предизвика сериозни немири (Британски дипломатически документи, т.4..., 53).

[228] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална същност (съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов), София 1995, 76.

[229] Исто.

[230] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 198–199.

Во врска со активностите на МК, од Солун во Софија специјално патувале двајца членови на ЦК МРО: Иван Хаџи Николов и Даме Груев. Двајцата имале средба со Трајко Китанчев. И. Х. Николов во своите спомени бележи, како пред Китанчев истакнал, дека ЦК на МРО од Македонскиот комитет очекувал морална и материјална помош за македонското ослободително дело, но не и да решава што да се прави.[231] Д. Груев во спомените раскажува дека за Софија заминал кога четите веќе почнале да ја минуваат границата. Според Груев, бидејќи Китанчев бил болен, не можеле многу да зборуваат по прашањето за „востанието“ кое ги матело плановите на МРО, но во основа разговарале за идната соработка. Притоа Груев вели дека откако сфатил со какви средства се започнало во Бугарија, не очекувал некои особени резултати, но за него било утешително што емиграцијата во Кнежеството почнала да работи во сличен дух, како и МРО.[232] Во основа, во овој период МРО на активноста на МК гледала со симпатии „но не како на акт кој би можел специфично да ја промени положбата“.[233] Ѓорче Петров во врска со четничката акција на МК вели: „Следевме со проста љубопитност, ниту го осудувавме, ниту му дававме некакво големо значење. Но, повеќе клоневме кон симпатија. Нашата психологија ... не ја допушташе помислата дека Бугарија може да игра нешто за свои цели“.[234] МРО, иако на почетната активност на македонската емиграција и на МК гледал со симпатии, сепак била воздржана и внимателна, па затоа и не го прифатила понудениот ангажман.

За „востанието“ во Македонија, МК ангажирал околу 800 лица. Тие биле распоредени во 4 поголеми одреди и во неколку помали чети. Командувањето со одредите им било доверено на помлади офицери од бугарската армија, а за водачи на теренот биле ангажирани стари арамиски војводи. Меѓу нив се нашле: Кочо Љутата, Дедо Кацареа (Г. Кацаров), Дедо Димо, Никола Геројски, Дедо Стоју, Кочо Мустракот, Дончо Златков, Кочо Ризов, Дедо Анго и други. Секој од нив имал радиус на дејство каде што го познавал теренот. Сите тие пред да навлезат во Македонија биле предупредени да не преземат никакви пљачкашки дејства и са-

[231] Спомени: И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев (редакција и предговор: Иван Катарџиев), Скопје 1995, 58–59.

[232] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 19-20.

[233] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 76.

[234] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција (вовед, коментар и редкција: Љубен Лапе), Скопје, 1984, 57–58.

моволија, да не го напаѓаат мирното муслиманско население и да си ја плаќаат храната. Покрај арамиските војводи, за акцијата биле ангажирани околу 40 офицери.[235] Меѓу нив биле: Стојчо Гаруфалов, Антон Бозуков, Петар Начев, Васил Мутафов, Борис Сарафов, Димитар Атанасов, Димитар Жостов, Иван Пожарлиев, Јордан Венедиков и други.[236]



Стари арамиски војводи - учесници во акцијата на МК.
Меѓу нив се Кочо Љутата, Дончо Златков и Кочо Мустракот.

Главната улога при запишувањето на четниците, екипирањето на четите, нивното обезбедување со пари и облека, како и препраќањето до собирните пунктови крај границата, ја имале браќата Иванови.[237] Притоа многу млади македонски патриоти, понесени од еуфоријата, директно се обраќале кај Т. Китанчев. Тој, имајќи го предвид нивното неискуство, но и улогата што може да ја одиграат како интелектуалци, не им дозволил да се запишат во четите, туку им советувал да се зафатат со пропагирање на ослободителната идеја и со собирање материјална помош.[238]

Во почетокот на јуни, четниците, војводите и офицерите се нашле крај границата во Ќустендилско и Дупничко.[239] Притоа,

[235] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., т. 1, 56.

[236] Г. Ив. Бѣлевъ, Възстанието въ североизточна Македония презъ 1895 г., Ил. Илинденъ, г. VII/2-3 (62-63), София 1935, 12.

[237] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 188.

[238] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 11.

[239] Исто, 10; Спомени на Б. Сарафовъ..., 37.

како главни собирни пунктови, послужиле Рилскиот манастир, како и селата: Ветрен, Богослов и Граница.[240] Во овие места четите биле екипирани и вооружувани. Вооружувањето, главно, го извршиле браќата Иванови, кои од бугарската влада откупиле извесно количество наводно застарено оружје по багателна цена.[241] Четите претежно биле снабдени со пушки „мартинки“, какви што имала османлиската армија од III армиски корпус. Тоа било сторено од две причини: 1. Во случај на продолжување на дејствата во Македонија, четите да можат полесно да се обезбедат со муниција на теренот која евентуално би била запленета од османлиската војска; и 2. При евентуално запленување на оружјето, да се зачува тајноста за неговото потеклото и да се создаде впечаток дека четите биле формирани на османлиска територија. На собирните пунктови од Софија биле донесени 14 коли со опрема и оружје. Пратката во Ќустендил лично ја дочекал Трајко Китанчев. Значајно содејство при екипирањето и праќањето на четите одиграло и Ќустендилското македонско друштво.[242] Револверите и експлозивните материјали ги обезбедил Н. Туфекчиев.[243]



Офицери учесници во акцијата: Начев, Мутафов, Луков, Гаруфалов, Венедиков и Сарафов

[240] Националноосвободителното движение..., т.2, 76.

[241] Исто; Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 10.

[242] Националноосвободителното движение..., т.2, 76.

[243] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 10.

Првиот одред за дејство во Македонија бил наречен „Струмичка дружина". Според некои информации, тој броел околу 150–160 души.[244] Според еден нецелосен список во кој се регистрирани имињата на 120 лица, според место на раѓањето 43 од нив биле родени во Бугарија, 69 од Македонија и Одринско, по 1 од Северна Добруџа, Моравско и Војводина и 8-мина од Црна Гора. Во одредот имало 8-мина активни офицери и тројца од резервниот состав. Командир на одредот бил поручник Петар Начев, а значајна улога имале Стојчо Гаруфалов и Јордан Венедиков. Како главни актери од арамиските војводи во одредот минувале: Манол Караманов и Георги Кацаров.[245] Одредот бил поделен на шест чети, при што главната задача требало да ја извршат првите четири, а другите две биле предвидени да послужат како резерва и за обезбедување.[246] Крајната стратешка задача на овој одред била да изврши напад на Струмица.[247]

Вториот одред „Пирин Планина" го сочинувале 148 лица. Тој имал задача да ја поткрепува „Струмичката дружина".[248] Од офицерскиот кадар, во Одредот се нашле резервните капетани: Стојо Димитров и Тодор Матров, потоа поручник Антон Бозуков и потпоручниците: Илија Стефанов Иван Топчев, Спиро Костов, Димитар Манчев, Тодор Орханиев и Атанас Илиев. Во овој одред имало 30 лица во воена подготовка. Командир на одредот бил капетан Тодор Матров, а за војвода на теренот бил назначен Кочо Љутата.[249]

Третиот одред „Серска дружина" бил најголем – 200 лица.[250] Командир на одредот бил резервниот капетан Ст. Димитров. Од активните офицери, во Одредот се нашле: Т. Давидов, Д. Атанасов, В. Спасов, Д. Стоев и Д. Жостов. Од резервните офицери, тука се нашол Георги Иванов (подоцна инструктор на четите на МРО, познат како Марко Лерински). Во одредот се нашол и Јане Сандански, кој наводно подоцна бил исклучен поради недисцип-

---

[244] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 193.

[245] Националноосвободителното движение..., т.2, 75.

[246] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 194.

[247] Право, г. I/35, 15.7.1895, 4.

[248] Исто, бр. 38, 6.8.1895, 3.

[249] Националноосвободителното движение..., т.2, 75.

[250] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., т. 1, 57; Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховистит?, По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927, 12.

лина.[251] Војвода на теренот бил Стоју Костов Скрижовски. Во овој одред се нашле и студентите: Кирил Прличев и Димитар Мирчев.[252] За разлика од другите, овој одред немал конкретна задача. Според Ј. Сандански, во Одредот имало 12 офицери, но кај нив немало сериозна желба да навлезат подлабоко во Македонија, поради што претежно се движеле крај границата.[253]

Најмалиот, четвртиот одред се состоел од 65 души.[254] Негов командир бил Борис Сарафов. Всушност, Б. Сарафов првобитно од Т. Китанчев бил назначен за водач на чета за Мелничко, но по интервенција на татко му (Петар), бил назначен за командир на Одредот.[255] Од старите арамиски војводи, во Одредот се нашле: Кољо Ризов, Кочо Мустракот и Анго Константинов. Овој одред бил определен да дејствува во реонот на Мелник – Неврокоп, без конкретна задача.[256]

Наспроти овие скромни и слабо опремени одреди, стоела османлиската армија. Во 1895 година, таа се состоела од 7 армиски корпуси со 220 до 250 000 војска, од која 170–175 000 биле боеви сили. Од тоа на Балканот биле сместени 3 армиски корпуси, војската „Топхане" од Главната артилериска управа, делови од флотата и други помошни служби. Корпусите опфаќале по 2 пешадиски дивизии, како и по една артилериска и коњаничка дивизија и други специјални служби. Во тоа време, во европскиот дел на Империјата биле распоредени околу 100 табори,[257] 127 батерии и 90 ескадрони. При тоа, поголемиот дел од овие сили биле во составот на III армиски корпус со седиште во Битола.

Со засилувањето на агитацијата на Македонскиот комитет, започнало и засилувањето на османлиските воени на позиции во Источна Македонија спрема границата кон Бугарија. Притоа, неколку пешадиски табори од Елбасан, Дебар и Велес биле прераспоредени кон Неврокоп и Разлог, а два табора од Скутари и еден пешадиски полк од Приштина биле преместени во Крива Паланка. Истовремено, неколку артилериски батерии од Солун биле пратени кон Разлог. Од друга страна, за засилување на гарни-

[251] Националноосвободителното движение..., т.2, 75.

[252] Спомени на Яне Сандански..., 12.

[253] Исто.

[254] Спомени на Б. Сарафовъ..., 37.

[255] Националноосвободителното движение..., т.2, 75.

[256] Спомени на Б. Сарафовъ..., 37.

[257] Во мирновременски услови таборот броел по 250–550 души, но во воени услови достигнувал и до 800 лица.

зоните во Солун, Гевгелија, Кукуш и Мелник биле мобилизирани два полка од резервниот состав. На граничната линија од Крива Паланка до Горна Џумаја биле распоредени 16 табури, 8 ескадрони и 8 артилериски батерии. Во меѓувреме, гарнизонот во К. Паланка дополнително бил засилен со 5 пешадиски полкови, 2 артилериски батерии и еден коњанички ескадрон, при што дел од нив биле прераспоредени во Кратово и Г. Џумаја. Османлиската команда задолжена за обезбедување на границата кон Бугарија се наоѓала во Штип, каде што биле сместени 4 батерии.[258]

Засилувањето на воените сили кон границата со Бугарија јасно укажува дека османлиските власти ги следеле подготовките на Македонскиот комитет и навреме презеле сериозни мерки за разбивање на четите во пограничните области. Бугарија со внимание го следела раздвижувањето на османлиските сили крај границата и презела соодветни мерки за обезбедување на сопствената граница.[259] Од друга страна, бугарската влада, која се претставувала како старател за егзархиското население во Македонија, не презела никакви мерки да го попречи преминувањето на четите, а со тоа да го поштеди населението за кое „толку се грижела“ од евентуалните репресии на османлиските војски. Напротив, бугарската влада ги потпомагала четите да се вооружат, притоа олеснувајќи им го преминот преку границата.

За бугарската влада воопшто не бил важен исходот од судирите на македонските чети со османлиските војски и страдањето на цивилното население во вознемирените региони, туку било важно само едно – четите да се појават на територијата на османлиска Македонија. Токму тоа ја открива манипулацијата со патриотските чувства на македонските емигранти. При такви околности, прашање е дали МК би се впуштил во една непромислена и неподготвена авантура, доколку знаел што ги очекува четите од другата страна на границата и што се крие зад неформалната бугарска поддршка?!

Кон крајот на јуни, како претходница, на територијата на Македонија навлегле четите на Димо Дедото (по вторпат) и на Никола Геројски. Тие навлегле во пределот откај Крива Паланка, со намера да се пробијат кон Прилепско. Набрзо по преминот на границата тие имале неколку судири со османлиските војски, при што во еден од нив загинал Димо Дедото, а некои биле заробе-

[258] Националноосвободителното движение..., т.2, 76–77.

[259] Исто, 77.

ни.[260] Поради тоа, водството го презел Глигор Соколов, кој по неколкуте судири во османлиските војски околу Кратовско, со неколкумина четници, успеал да се пробие до Прилепско, од каде што подоцна се вратил во Кнежеството.[261] Четата на Никола Геројски имала неколку судири во Кратовско, од кои едниот во близина на Карпиновскиот манастир. За време на овие последователни судири, оваа чета била наполно разбиена и ликвидирана. Во овој почетен период од дејствата, неколку судири со османлиските војски имала и т.н. чета „Беласица“ под водство на Ив. Инџето и Крсто Мачарев, кои исто така биле разбиени. [262]

„Струмичката дружина“ границата ја минала спроти 30 јуни 1895 година. При првиот судир со османлиските војски, кој се одиграл во реонот на Готен, загинал командирот Начев.[263] Оттогаш командувањето со одредот го презел Мутафов. Овој, наоѓајќи се под постојан прогон на војските, преку Плачковица успеал да се пробие кон Огражден. Притоа, кај месноста „Суви Лаки“ имал еден посериозен судир со султанските војски, во кој неговата дружина загубила неколкумина четници.[264] Согледувајќи ја безизлезната ситуација, „Струмичката дружина“ се откажала од намерата за напад врз Струмица и тргнала назад кон Бугарија. Патем, од селаните дружината дознала за судирот на одредот „Пирин Планина“ кај с. Габрово, поради што тргнала кон нив за да им помогне. Меѓутоа, кај с. Сушица дружината повторно била нападната, при што дала 8 жртви. На 7 јули (ст. стил) 1895 година, „Струмичката дружина“ претрпела катастрофален пораз кај „Габровската корија“ – Горноџумајско. Притоа загинале околу 30 четници, меѓу кои и командирот Мутафов, а 13-мина биле заробени.[265] По овој судир, четниците побегнале кон Бугарија, оставајќи ги зад себе убиените и ранетите. Струмичката дружина буквално била преполовена. Таа имала најмногу борби, но и загуби. Од овој од-

---

[260] Британскиот генерален конзул во Солун, Џон Блант, во извештајот од 8 јули информира дека заробените во К. Паланка пред истражните органи изјавиле дека се вооружени од Македонскиот комитет и испратени преку границата за да предизвикаат немири, при што за својата служба од Комитетот добиле по 5 наполеони. (Британски документи за историјата на Македонија..., 374).

[261] Националноосвободителното движение..., т.2, 78.

[262] Исто.

[263] Право г. I/35. 15.7.1895, 4.

[264] Исто, бр. 37. 29.7.1895, 4.

[265] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 196.

ред во Бугарија се вратиле 75-мина.[266] Преживеаниот офицер Ј. Венедиков, подоцна пред Х. Силјанов раскажувал дека одредот воопшто не бил прифатен од локалното население, кое отворено ги предупредувало водачите дека ќе ѝ соопштат на власта за да не настрадаат самите тие.[267]

Одредот „Пирин Планина“ границата ја минал неколку денови по „Струмичката дружина“ кај с. Лешко, Горноџумајско. Овој одред бил поделен на две получети под команда на капетан Матров и поручник Бозуков. Војвода на теренот бил Кочо Љутата.[268] Овој одред имал задача да ја поддржува активноста на „Струмичката дружина“. По преминот на границата, овој одред без да ги почитува претходните инструкции ги принудил на бегство селаните од турските села: Стамер, Град и Вирче. Во намерата за пресметка со селаните Турци, овој одред се обидел да ги вовлече христијаните од с. Лешко, за што пратиле специјален повик до тамошниот кмет Китан Ајдучки.[269] Меѓутоа, наместо вооружени селани, кај одредот пристигнале неколку жетвари, кои ги услужиле со што можеле и си заминале.[270] Плеткајќи се околу овие села, одредот загубил неколку денови во меѓусебни расправии околу прашањето дали да биде преземен напад врз турските села, или не.[271] Откако одредот сфатил дека селаните не ја поддржале неговата иницијатива, се откажал од намерата за напад врз турските села и се повлекол кон коријата на с. Габрово, каде што го имал првиот судир со османлиската војска.[272] Веднаш потоа на површина избиле недоразбирањата меѓу старите арамии и офицерите. Тогаш четириесетина арамии се одделиле од дружината и заминале кон Кочариново. Другите тргнале кон Струмица, но кај Пехчево разбрале дека се разминале со „Струмичката дружина“, поради што решиле да заминат кон Пирин.[273] Во меѓувреме, одредот речиси останал без водач и почнал да се фрагментира на групи кои дејствувале на своја глава. По преминот на Струма, во одредот останале

---

[266] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., т. 1, 57.

[267] Исто. Селаните имајќи ја предвид сложеноста на ситуацијата, притоа плашејќи се од репресија на власта, честопати ги предавале четите. (ДАРМ, ф. ПО, мф. 445, пов. бр. 34, 18.7.1895, и пов. бр. 52, 24.7 1895).

[268] Право г. I/38. 6.8. 1895, 3–4.

[269] Китан Ајдучки со повикот веднаш заминал по предлог на кајмакамот во Г. Џумаја. (Право, г. I/38, 6.8.1895, 3; како и бр. 39, 12.8.1895, 3).

[270] Право, г. I/38. 6.8. 1895, 3–4.

[271] Исто, бр. 39, 12.8.1895, 3.

[272] Исто.

[273] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 198.



# ВЪЗВАНИЕ
КЪМЪ
## НАШИТѢ ДРУГАРИ ВЪ БЪЛГАРСКАТА ВОЙСКА

**ДРУГАРИ!**

Жребийтъ е хвърленъ, борбата е започната! Македония издига знамето на революцията, знамето на свободата! Нашитѣ братя, въодушевени само отъ великата идея за свободата, гладни, голи, боси, безъ оръжие отиватъ да мрѫтъ. Нашитѣ обезчестени майки и убити бащи викатъ на помощь; кръвьта на убититѣ ни братя вика за месть. И ний вѣрни на войнишкия дългъ, на клѣтвата, която рѣка живота ни за защита на отечеството, дойдохме да помогнемъ, дойдохме да отмъстимъ.

А ти, брате, ще останешъ ли безчувственъ къмъ страданията на клѣтния македонски българинъ, безучастенъ зритель на неговата борба? Не вѣрваме! Понеже сме една плъть и една кръвь; понеже неговитѣ страдания се отражаватъ въ твоето сърдце и предизвикватъ сълзи на очитѣ ти.

И днесь, отъ върхъ Пиринъ планина, като извикваме, заедно съ цѣла Македония, свещенитѣ думи: „СВОБОДА ИЛИ СМЪРТЬ“! отправяме къмъ васъ последната си молба!

**ДРУГАРИ, ЕЛАТЕ ДА МРЕМЪ!**

Отъ запаса на българската войска:

ПИРИНЪ-ПЛАНИНА
Юлий, 1895 год.

Факсимил од Повикот од офицерите за востание во Македонија

уште 66-мина, кои по примерот на другите се распрснале на групи од по 6-7 души. Овој одред поради лошата организација, личниот состав и катастрофалното командување не само што не ја извршил поставената задача, туку целосно се распаднал.[274]

Третиот одред „Серската дружина“ броел 200 лица. Со него командувал капетанот Ст. Димитров, а војвода бил Дедо Стоју. Овој одред немал конкретна задача, но затоа пак под влијание на Дедо Стоју донел одлука да го нападне помашкото село Доспат, бидејќи неговите жители како „исламски фанатици“ го тормозеле македонското христијанско население од околните села.[275] Уште при настапот кон Доспат, луѓето од Одредот ликвидирале десетина селани кои се нашле надвор од селото. Веднаш потоа селото било потпалено и опљачкано, при што загинале повеќемина селани. На повлекување од селото одредот дал неколку жртви при судирот со вооружените селани и војската што пристигнала. Веднаш потоа офицерите и значаен дел од четниците тргнале за Бугарија, а Дедо Стоју со 16-мина заминал по пљачка по чифлизите во Драмско.[276] Според тоа што го сторила, Серската дружина всушност ја одиграла најмизерната улога меѓу сите одреди.

Најголем успех постигнал четвртиот одред под команда на Борис Сарафов. Покрај него биле арамиските водачи Кочо Мустракот и Кољо Ризов.[277] Сарафов границата ја минал околу Петровден во офицерска униформа со неколкумина четници. Веднаш по преминот на границата тој се поврзал со Дупничката чета, која броела околу 40-мина. Во Пирин им се придружила и четата на Дедо Анго, па така станале 65 мина. По пат Б. Сарафов одвај ги задржал околу себе арамиските војводи. Тие сметале дека треба да се направи само некоја збрка, да си ги наполнат ќемерињата, притоа да не загинат за да се вратат во Бугарија. За да ги задржи околу себе, Сарафов сепак им ветил дека овде-онде ќе им дозволи пљачка. Б. Сарафов имал намера да го нападне Мелник, па затоа ги убедувал арамиите во смисла „пет, пушки да фрлиме, ама во градот да ги фрлиме“.[278]

---

[274] Исто.

[275] Исто.

[276] Дедо Стоју загинал при нападот на чифликот во Алистрати, а неговиот заменик Кр. Захариев неговиот труп го исекол на парчиња и го растурил по полето за да не најдат трага Турците. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 199).

[277] Спомени на Б. Сарафовъ..., 37.

[278] Исто, 38.

За да го одвлече вниманието на османлиските сили, Сарафов прво направил еден маневар кон Неврокопско, а потоа се вратил кон Мелник. Утрото на 11/23 јули 1895 година, одредот бил пред Мелник. Одредот со молскавична брзина без никакви загуби влегол во гратчето, ја зазел околиската управа и ја запалил поштата. Покрај тоа, го нападнал затворот, ги ослободил затворениците и запалил 37 турски куќи.[279] По ова Сарафов ги повикал првенците од градот и им објаснил дека нивната цел била „ослободување на Македонија". Околу пладне, Одредот го напуштил гратчето со 2 товари вино. Притоа арамиите посакале, поради откуп, да го одвлечат патријаршискиот владика, но во тоа биле спречени од Сарафов.

Следниот ден, Мустракот се одделил од Сарафов и тргнал по пљачка, а другите под водство на Сарафов се вратиле за Бугарија. Патем кај с. Влахи се судриле со една османлиска потера, од каде што се извлекле без загуби. Прокламираното „ослободување на Македонија" во Мелник, било ден до пладне. Сепак тоа е најголемиот успех од целата акција на Македонскиот комитет. Б. Сарафов со влегувањето во Мелник, всушност, го покрил неуспехот на другите одреди. Оттука целата акција била наречена „Мелничко востание".

Три дни по настанот во Мелник, т.е. на 26 јули 1895 година, државниот секретар за надворешни работи на В. Британија информира: „За македонското движење тука се зборува дека е истоштено и дека наскоро ќе биде задушено, благодарение на репресивните мерки што ги презедоа Турците и зголемената будност од страна на бугарската влада".[280] Оваа констатација е наполно точна, зашто македонското движење не само што било истоштено, туку целосно било потопено.

***

[279] Според извештајот на Џон Блант од Солун, на 23 јули, додека командантот на Мелник ги гонел востаниците во регионот, една чета го нападнала градот, ја запалила телеграфската канцеларија и околу 20 христијански куќи, а потоа се повлекла, откако убила и ранила околу 15 христијански и муслимански жители. (Британски документи за историјата на Македонија..., 373).

[280] Британски документи за историјата на Македонија..., 378.

# Епилог

## Проштевајте

Не напаѓајте ме, браќа
Дека смело не се борам!
За светата идеја
Што можев јас да сторам?
Немојте со зборој лути
И јаросни беседи,
На мене не гледајте
Со презир и укори...
Од силата напната
В мене капка не остана,
Откако таа болест
Ужасна ме зафана! ...
Проштевајте браќа мили,
Со вас не можам да одам,
Ми паднаа сите сили,
Просто морам јас да сопрам.
И не за корист, не од страв
Ја оставам вашата дружина –
Јас скоро, браќа, ќе умрам,
В студен гроб ќе почивам.
Уште мислев да живеам,
Да се борам со подлоста,
Но градиве изгниени
В крај ги подјаде болеста...
Срце клето ми се кине
Штом помислам, дека в светот
Преминав ко црвец долен,
Добро не сторив – не умеев.
А што умеев – не успеав.
Проштевајте, браќа мили,
Со вас не можам да одам,
Крвта спира в моите жили
Скоро, ете, ќе си умрам!..[281]

[281] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 23.

Горниве стихови на Т. Китанчев, напишани непосредно пред почетокот на четничката акција, се најдобар показател за неговите чувства и за грижата на совеста поради тоа што физички и умствено не можел да стори нешто повеќе за „светата идеја“, како и за горчината во душата против подлоста што ја почувствувал. Свесен за напреднатата болест, Т. Китанчев ја претчувствувал блиската смрт. При такви околности, дури и при напрегање на последните сили, што можел да стори, освен да се исповеда и да жали зашто не успеал да го стори она што го умеел?!

Акцијата на Македонскиот комитет на војнички план претрпела катастрофа. Покрај големиот број загинати, за време на акцијата во османлиско заробеништво паднале 63 четници.[282] Триесетина од нив се нашле во скопскиот затвор. Некои од нив за време на судскиот процес изјавиле дека: „сакаат да имаат одделна држава со независна управа“.[283] Тие според чл. 54, а во врска со чл. 56 од Османлискиот кривичен закон, бил осудени на доживотен затвор во заточение.[284] Слично поминале и заробените што се нашле во солунскиот затвор. Повеќето од нив биле пратени на заточение на островот Родос, а другите во Подрум Кале.[285]

Веднаш по започнувањето на акцијата, Бугарија во интерес на добрите односи со „пријателската земја“ радикално го променила курсот, поведението кон четите и воопшто кон македонското движење.[286] Меѓу другото, бугарските власти испратиле специјална полиција во Ќустендил за да го доведат Китанчев во Софија.[287] Италијанскиот конзул во Софија, Рива, во извештајот од 5 јули 1895 година соопштува дека министерот за надворешни работи на Бугарија не само што го информирал за засилувањето на мерките крај границата за да се оневозможи преминот на четите, туку и дека премиер К. Стоилов го повикал Т. Китанчев за да го предупреди за последиците по Кнежеството од активностите на Комите-

---

[282] Националноосвободителното движение..., т. 2, 81.

[283] П. Шишковъ, Изъ четничкото движение..., 13-14.

[284] Исто.

[285] Исто, 5 (105), 15. Следната 1897 година, осудените биле амнестирани и на Велигден се вратиле во Бугарија.

[286] Британскиот генерален конзул во Солун, Џон Блант, во извештајот од 20 јули 1895 г., информира, дека турскиот командант од Разлог ги информирал оти бугарските погранични власти биле помирливи и дале уверувања оти ќе ги спречат четите да преминуваат во Македонија. (Британски документи за историјата на Македонија..., 376).

[287] Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 г..., 11.

тот.[288] Каква иронија, само 1,5 месец пред тоа, К. Стоилов го охрабрувал Китанчев за почеток на акцијата, а по нејзиниот почеток, побарал веднаш да биде прекината.

Поразот на „востаниците“ во Македонија, а уште повеќе односот на бугарските власти по нивното враќање во Бугарија, како и сознанието дека тие биле злоупотребени, предизвикало огромно разочарување кај болниот Китанчев. Тој не можел да ја поднесе злоупотребата и „исмејувањето со неговата родна земја и со идеалот на Македонците“.[289] Покрај тоа, за Китанчев голема несреќа било и тоа што Комитетот не располагал со пари за да им помогне на четниците што успеале да се вратат назад, додека повторно да се снајдат со работа.[290] Овие прашања често се разгледувале на заседанијата на Комитетот.

На 31 јули (ст. стил) 1895 година, Т. Китанчев за последен пат раководел со Заседанието на Комитетот, кое се одржало во читалиштето на Македонското софиско друштво. Заседанието минало вообичаено, без особени расправии, а Китанчев не се пожалил на ништо.[291] Пред полноќ, кога Заседанието завршило, членовите на МК го поканиле Трајко да седнат во кафеаната „Одеса“, но тој ги одбил и заминал кон својот стан. Утредента на 1/13 август 1895 година некаде, претпладне, газдарицата го пронашла Китанчев мртов во креветот.[292] Веста брзо се проширила во градот. За кратко време во станот на Китанчев се нашле истражниот судија, градскиот лекар и полицијата. По сочинување на вообичаениот акт, неговото тело било пренесено во Александриската болница, каде што била извршена аутопсија за да се утврдат причините за смртта. Според резултатите од аутопсијата, кои биле објавени следниот ден, смртта кај Китанчев настапила моментално, поради прскање на аортата при спојот со срцето. Покрај тоа, лекарите констатирале заболувања на бубрезите и туберкулоза на левото белодробно крило.[293] Во секој случај, смртта настапила од прскањето на аортата.

[288] Silvano Gallon, Rapporti politici dei regi consoli d'Italia a Monastir (1895-1916), Bitola 2004, 59.

[289] Петър Манджуков, Предвесници на бурята. Спомени, София, 2013, част първа, 9.

[290] Знаме, г. г. I/94, 6.8.1895, 3.

[291] Право, г. I/38, 6,08,1896, 6.

[292] Исто.

[293] Исто.

Од Александриската болница, телото на Китанчев било пренесено во Македонското читалиште. Погребот бил закажан за 4 часот попладне на 2/14 август. До подигањето на телото, покрај одарот на Китанчев минале мнозина македонски патриоти и блиски познајници. Погребалната процесија ја предводел владиката Климент, кој бил личен пријател со Китанчев. Опелото се извршило во црквата Св. Крал. Во поворката од македонското читалиште до црквата Св. Крал и оттаму до софиските гробиштата учествувале илјадници граѓани.[294] На чело на поворката се движеле мнозина востаници, кои гиноселе венците од македонските друштва. Притоа, во поворката се нашле венци од македонските социјалисти, но и од крајната десница во Народното собрание.[295] Посебен белег на процесијата оставале петте востанички знамиња, кои биле носени од специјални знаменосци. Покрај востаничките, во поворката била истакнати и знамињата на повеќе еснафи (лебарскиот, бакалскиот, ѕидарскиот, пајтонџискиот, терзискиот и други). Со свое знаме настапиле и македонските студенти во Софија.[296] По отслужувањето на опелото, поворката тргнала кон гробиштата. Таму, пред полагањето на ковчегот, за личноста и делото на Китанчев зборувале повеќемина. Владиката Климент зборувал за моралните вредности на Китанчев, при што нагласил дека сè што правел покојниот, тоа го правел искрено, а не за материјална корист, власт и слава. На гробиштата реч одржале и Д. Македонски, Орошанов, А. Раздолов, Апостоловски и Б. Сарафов. При тоа, Д. Македонски зборувал за културно-просветната и општествената дејност на Китанчев и за неговата улога во македонското движење. Орошанов нагласил дека Китанчев дал значаен придонес, како за Бугарија, така и за Македонија. Раздолов зборувал за патриотската улога на Китанчев, а Апостоловски за неговиот карактер.[297] Особен впечаток оставил говорот на Б. Сарафов. Тој, меѓу другото, истакнал дека Китанчев „не се борел само за слободата на Македонија“ туку дека бил борец „за слободата на целото човештво“. Сарафов ги повикал присутните да се огледаат на Китанчев и да ја продолжат ослободителната борба.[298] За предвремената смрт на Китанчев, Б. Сарафов го обвинил диктаторот Стамболов. По завршувањето на погребот, неколкумина, поттикнати од

[294] Исто.

[295] Революция, г. I/7, София, 9.8.1895, 2.

[296] Право, г. I/38, 6,08,1896, 6.

[297] Исто.

[298] Революция, г. I/7, София, 9.8.1895, 2.

говорот на Сарафов, го откорнале крстот од гробот на Стамболов,[299] кој еден месец пред тоа бил убиен на суров начин на софиските улици, токму од Македонците.

Смртта на Китанчев наишла на силен одраз во печатот во Бугарија, особено во весниците блиски до неговата политичка опција и оние што ги издавала македонската емиграција. Текстовите посветени на Китанчев имаат панегиричен карактер. Во нив се нагласени неговите карактерни особини и ораторскиот талент, при што Китанчев е претставен како неприкосновен борец за демократија и слобода, поради што станал и жртва на Стамболов, и секако неговата улога во Македонскиот комитет.[300] Весникот „Револуција“ – орган на македонските социјалисти, кој ја исфрлил паролата „Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци“ и се залагал за создавање на „независна македонска република“ оценува дека смртта на Китанчев била голема загуба за „бугарскиот и македонскиот народ“, бидејќи „бугарската демократија загуби еден достоен член, а македонското движење својот најдостоен водач“.[301]„Мисла“, списание за наука, литература и култура, каде што Трајко Китанчев во 1894/95 ги објавувал своите трудови, по повод неговата смрт, ќе запише: „Китанчев не беше женет, но тој остави во наследство една прекрасна ќерка, која ја одгледа до средината на нејзината возраст. Неговите наследници треба да ја доодгледаат и прехранат до полна возраст. Одвај ќе се најде човек, кој не ќе биде пленет од нејзината убавина. Името ѝ е Македонска Слобода“.[302]

Трагичната смрт на 37-годишниот Китанчев, а особено кризата што настапила во Македонскиот комитет веднаш по неговата смрт, придонеле за распространување и усвојување на фамата дека срцето на Китанчев прснало од разочарувањето откако сфатил дека македонското дело било злоупотребено за туѓа кауза. Резултатите од аутопсијата на Китанчев покажале дека тој починал од прскање на аортата, но притоа кај него биле констатирани и други заболувања. Смртта кај Китанчев не била ненадејна. Понапред во повеќе наврати констатиравме дека Т. Китанчев бил болезлив човек и дека неколкупати бил на лекување поради проблеми со срцето. Китанчев бил свесен за своите здрав-

[299] Исто.

[300] Види: Право г. I/38, 6.8.1895, 1-3; Знаме г. I/94, 6.8.1895, 1-3; Революция, г. I/7, София, 9.8.1895, 2–4.

[301] Революция, г. I/7, София, 9.8.1895, 3–4.

[302] Трайко Китанчевъ, Мисълъ, г. V, кн.VI, София 1895, 594.

ствени проблеми и ја претчувствувал смртта. Најдобар показател за тоа се песната „Проштевајте“, која ја дадовме во целост на почетокот од Епилогот на ова поглавје, како и песната „Не ми е жал“.[303] Според тоа, смртта на Китанчев е последица на долготрајно хронично боледување, а разочарувањето можеби само да ја предизвикало.

Од друга страна, останува фактот дека македонското движење од 1895 година било експлоатирано од бугарскиот политички врв за бугарските национални интереси. Оваа злоупотреба ја почувствувале и констатирале мнозина учесници во движењето. Така, во годишниот додаток кон „Право“ од јануари 1896 година, пишува: „Додека беше жив Китанчев, ние не само што не се посомневавме во ништо, но дури и не допуштавме мисла дека идеалниот Китанчев ќе допушти нашето свето дело да го експлоатираат нечесните раце на денешните управници... покрај строгото внимание на Китанчев делото да се држи подалеку од партиските гнасотии, денешната влада успеала во делото да има еден свој ревносен агент, Н. Туфекчиев... Па и зошто да не... кога делото може да се искористи во корист на непризнаениот кнез? Кнезот замина на Запад и владата ги отвори своите складови... факт е дека тој со својата телеграма од Карсброд за 24 часа го запре нашето движење со бугарската војска која ги затвори границите. Таа телеграма го изеде Китанчев, кој не можеше да поднесе дека е паднат во неговата стапица и несвесно служи на неговите интереси“.[304]

По повод годишнината од македонската четничка акција, в. „Право“ во 1896 година иронично пишува: „македонските чети минатата година војуваа... и извојуваа признавање на бугарскиот кнез од Русија и Турција, а бугарската влада, за да го отплати долгот ко неа (Македонија, б.н.), издејствува реформи. Работата стана квит. Услуга за услуга“.[305]

Измамата со македонското дело ја почувствувал и мелничкиот херој – Б. Сарафов. Тој во интервјуто пред рускиот публицист Амфитеатров во 1901 година, изјавил: Автономната македонска идеја нè скара со бугарската влада. Зар порано со нас не беше љубезен и внимателен кнезот Фердинанд? Зар... Рачо Петров, кој со своето Министерство толку грижливо се зафати да нè скроти, не беше наш соучесник во 1895 година и не ни дозволи нам... да ја минеме границата и да водиме чети?... Нè фалеа зашто се наде-

[303] Види: Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 23–24.
[304] Право, г. I/ 21.1.1896, 5.
[305] Исто, 9.7.1896, 1.

ваа дека ние, со своите раце, ќе ги вадиме од оган македонските костени и ќе им ги дадеме ним како подарок, на бугарската влада. Големите луѓе сакаа да јаваат на грбовите на малите".[306] Истата 1901 годинам в. „Реформи", орган на Врховниот македонски комитет, во врска со злоупотребата на македонското движење од 1895 година, меѓу другото, пишува: „Во извесни моменти светото дело на македонската слобода реално беше предмет на бессовесна експлоатација. Тоа беше тогаш, кога оваа организација штотуку се зародуваше. На бугарското општество му се познати четите од 1895 година. Тогашните дејанија беа гнасна подигравка со чесните македонски патриоти. Тоа беше незаситно богохулство со страдањето на нашиот народ во Македонија и Одринско. Тогаш, по извршената мракобесна дипломатска игра, Врховниот македоно-одрински комитет беше само гнездо на многу пренаивни македонски патриоти и на малку премудри, но бессовесни честољупци".[307]

Според К. Шахов, владата на К. Стоилов своето влијание врз македонското движење во 1895 година го остварувала преку Туфекчиев и браќата Иванови, при што успеала да го подведе и самиот Китанчев, за да ги турне Македонците во пребрзана борба, за која отпосле се покажало дека била во функција на признавање на Фердинанд.[308]

Манипулацијата со македонското движење станала јасна за сите, откако официјална Бугарија ги собрала плодовите. На 14.2.1896 година, бугарскиот престолонаследник Борис бил миропомазан во православна вера. По исполнувањето на овој услов, Русија го признала Фердинанд за кнез на Бугарија. На 1/13 март 1896 година во Софија, специјална турска делегација го донела во Софија ферманот за признавање на Фердинанд.[309] По десетина дена, Фердинанд се нашол во посета на Истанбул, а потоа тргнал на турнеја низ Европа.[310]

Од друга страна, како последица на ерменската криза, а делумно и поради мелничката авантура на МК, во април 1896 година, султанот издал ираде за извесни административни реформи во европските вилаети.[311] Меѓутоа, прокламираните реформи во-

[306] А. В. Амфитеатров, Земја на раздорот..., 137.

[307] Цитирано според, С. Елдъров, Трайко Китанчев – Македонски деец?..., 67.

[308] Б. Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација..., т. 1, 509.

[309] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 39.

[310] Исто, 39-40.

[311] Реформите предвидуваат зголемување на административците од 4 на 6 лица, од кои половината требало да бидат немуслимани; во областите каде што

општо не одговараат со она што е предвидено во чл. 23 од Берлинскиот договор, ниту пак со барањата на МК.




Факсимил од печатот на македонското друштво
во Враца со Ликот на Трајко Китанчев

немуслиманското население било мешано, двајца од членовите на советите да се избираат наизменично, зависно од мнозинското население; при валиите во европските валии да се именува по еден помошник – немуслиман; за секои два вилаета да се избере по една контролна комисија со ингеренции да ги испитува граѓанските, судските и финансиските прашања; скратување на формалностите и процедурите при решавање на граѓанските и криминалните дела, како и скратување на процедурите при издавање дозволи за градба и обнова на цркви; 10% од жандармеријата да се немуслимани и други безначајни мерки кои се однесуваат на јавните згради, народната просвета и даноците (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 16-17).

# Осврт на творештвото на Трајко Китанчев

Трајко Китанчев се пројавил и како поет, преведувач, публицист, критичар, полемичар, автор на научни трудови и рецензии. Иако разнообразно по содржина, творештвото на Китанчев е скромно, бидејќи тој е човек чиј ангажман е насочен пред сè на општествено-политички план, а пишувањето му е нешто попатно. Китанчев е човек кој го претпочита јавниот збор, при што својата лична свест настојува да ја вгради во општествената. Од творештвото на Т. Китанчев може да се проследи неговиот интерес кон општествено-политичката и научната мисла, неговите интимни чувства, но и личниот став спрема одредени општествени движења.

Најголемиот дел од творештвото на Китанчев е претставен во зборникот „Сочиненија на Трајчо Китанчев“ составен од Ј. Иванов и објавен во 1898 година, по повод тригодишнината од неговата смрт. Во споменатиов зборник, покрај творештвото, се вклучени и дел од говорите на Китанчев во бугарскиот парламент, како и дел од неговата преписка. Сепак, во овој Зборник не се опфатени сите трудови на Китанчев, поради што по некои од нив треба допрва да се трага. Проучувањето на творештвото на Китанчев, колку тоа и да е скромно, бара посебен интередисциплинарен пристап (особено од литературната критика и лингвистиката). Авторот на овој историографски труд не само што не е компетентен за тоа, туку би додал дека тоа не е задача на овој труд. Сепак, поетското творештво на Китанчев и неговата публицистичка дејност нам ни овозможи да ѕирнеме во неговата интима и во неговите поимања, размисли и погледи за времето во кое живеел, а со тоа да ги збогатиме сознанијата за неговата севкупна дејност и да изградиме одредени претпоставки, или заклучоци.

За разлика од македонската историографија, која досега не обрнала сериозно внимание за местото и улогата на Т. Китанчев во форматирањето на македонското движење на бугарска почва, трагачите на македонска културна мисла имаат посветено повеќе внимание на Т. Китанчев, поточно на неговото поетско творештво. Во таа смисла треба да се споменат освртите на Гане То-

доровски,[1] Науме Радически,[2] Васил Тоциновски[3] и Валентина Миронска.[4]

Првиот краток критички осврт врз поетското творештво на Т. Китанчев, доаѓа од Ј. Иванов – човекот којшто ги собрал и ги публикувал творбите на Китанчев.[5] Ј. Иванов констатира дека сите стихотворби на Китанчев биле плод на претходно обмислена идеја и на желбата таа да се пренесе на другите низ стихотворна форма. Оттука Ј. Иванов заклучува дека стихотворбите на Китанчев немаат никаков лиризам, туку дека се во форма на балада. Затоа, според Ј. Иванов, Китанчев бил „добар стихотоврец, но не и поет“, кај кого сепак има добри стихотворби што може пријатно да се читаат. Во таа смисла ги издвојува стихотворбите „Што се трудиш, што се мачиш?“ и „Молитва“.[6] Според Ј. Иванов, успехот на другите стихотворби на Китанчев се должи на лесниот ритам и присутната меланхонија во нив. Сепак Иванов забележува дека баладата „Дедо Неделко“, која била објавена во 1895 година, претставува успешен труд што сведочи за талентот на авторот.

Н. Атанасов во 1908 година за поетското творештвото на Китанчев бележи дека иако може да се собере во една ореова черупка и не блеска со некоја уметничка победа, дека тоа претставува драгоцен материјал преку кој може да се проникне во интимните чувства на авторот, бидејќи е рожба на моментот. Според Н. Атанасов, стихотворбите на Китанчев се израз на еден неспокоен и буден ум со чиста совест, поврзани со неговата општествена дејност, при што авторот пишува од срце и душа за своите чувства и видувања кои сака да ги сподели со другите за да добијат конкретна корисна форма.[7]

Според Јордан Бадев, Т. Китанчев себеси не се доживувал како повикан и вдахновен поет, туку дека пишувал зашто чувствувал голема празнина во таа област. Китанчев на поетот гледал како на народен служител, а на поезијата како на општокорисна народна дејност.[8] Според Бадев, стихотворбите на Китанчев по сво-

---

[1] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 85–110; Гане Тодоровски, За двете поеми на Трајко Китанчев на темата Марко Крале..., 31–38.

[2] Н. Радически, Фолклорот и поезијата на Трајко Китанчев..., 227–232.

[3] В. Тоциновски, Трајко Китанчев во поетските зборници и антологии..., 53–61.

[4] В. Миронска-Христова, Трајко Китанчев (литерат и револуционер)..., 33–45.

[5] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 56–59.

[6] Исто, 56–57.

[7] Според В. Миронска-Христова, Трајко Китанчев (литерат и револуционер)..., 41.

[8] Йор. Бадевъ, Трайчо Китанчевъ – поетъ и общественикъ..., 31–33.

јата разноликост, мотивите и формите биле бедни и одвај композициски издржани, но во нив се забележува јасен обид на еден поет, при што поетското чувство е задушено со еден строг дидактизам.[9] Според мотивите и содржините, Бадев стихотворбите на Китанчев ги дели на четири групи: интимни, за Македонија, општествено-патриотски и социјалистички. Притоа творбите од двете последни групи биле побројни, но во оние од првите групи имало повеќе поезија.[10]

Според Бадев, во интимните песни на Китанчев постојано трепери една струна на тага која на места избива во песимизам. Тоа е последица на длабокото чувство на Китанчев за моралната несовршеност на човекот, на големите недостатоци во социјалното устројство на светот, како и поради личните страдања во животот кои му ја потсекле волјата за живот и радост.[11] Како типични примери за интимните стихотворби на Китанчев, Бадев ги издвојува: „Проштевајте“; „Не ми е жал“; „Градинар“; „На новата година“; „Затвореник“, како и „Почеток на превратот“, за која сепак вели дека според формата и мотивот не припаѓа во оваа група. Бадев бележи дека само во една стихотворба од две строфи, Китанчев се осудил да проговори за ликот на жената. Според Бадев, тоа било разбирливо за општествените идеалисти како Китанчев, зашто љубовта можела да се трпи единствено како условен или општествено задолжителен знак за избор, а во другите случаи таа требало да се третира како грев, како отстапување од општествениот долг, или како лекомисленост.[12]

Според Бадев, Т. Китанчев е Македонец кој од детството бил задоен со „македонско млеко“, со волшебноста и свежината на Преспа и почетната борба за народна црква и училишта во Македонија.[13] Бадев бележи дека Китанчев ѝ посветил само две стихотворби на Македонија, при што како такви ги посочува „Кон Македонецот“ и „Дедо Неделко“, но тука ја разгледува и „Кралот Марко“.[14] За последнава, Бадев смета дека е народна балада. Всушност, Китанчев оваа поема ја објавил како „народна песна од Ресенско“, па оттука, Бадев и не ја смета за негова творба. Споменатава поема е напишана на ресенски дијалект, што претставува

[9] Исто, 31.

[10] Исто, 33.

[11] Исто, 33–34.

[12] Исто, 35.

[13] Исто, 36.

[14] Исто, 36–39.

обид за воведување на македонскиот јазик во повисока литературна форма и за негово афирмирање на бугарска почва. Можеби токму затоа, Китанчев се определил споменатава поема да ја претстави како народна песна од Ресенско, бидејќи на тој начин приказната полесно можела да се протне во бугарското општество. Меѓутоа, врз основа на стилот и формата на поемата, литературните критичари сметаат дека оваа извонредна поема поминала низ уметничкиот струг на Китанчев.[15] Во категоријата стихотворби на Китанчев чијшто мотив е Македонија и нејзината борба за слобода, треба да се вброи уште и „Проштевајте". Најверојатно Бадев, споменатава стихотворба не ја поместил во оваа група песни за Македонија, зашто според својата поделба, претходно ја сместил во групата интимни песни. Според тоа, излегува дека Китанчев од вкупно 36 творби (колку што се познати досега), 4 ѝ посветил на татковината Македонија.

Како и да е, Бадев опширно ги анализира „Дедо Неделко", „Кралот Марко" и „Кон Македонецот". За него тоа се исклучиво патриотски песни, посветени на ослободувањето на Македонија. За последнава, Бадев ќе забележи дека Китанчев ниту во една друга стихотворба не постигнал „толкава хармонија меѓу ритамот и настроението".[16]

Во групата општествено-патриотски стихотворби, Бадев ги сместува творбите: „Проштевајте"; „Затвореник"; „Господине"; „Јунак"; „Кон моите браќа".[17] Очигледно е дека Бадев не може да биде доследен на својата првична поделба што се обидел да ја направи за стихотворбите на Китанчев, од едноставна причина што некои од нив според мотивот и содржината може да се вбројат во едната, но и во другата категорија. Според него, овие стихотворби на своевиден начин развиваат една идеја која во основа се состои од љубов кон народот и татковината и верно ѝ служат на идејата за којашто се определил човек, се разбира низ моралната призма на Китанчев.

Според Бадев, другите песни на Китанчев претставуваат своевидна проповед за социјална еднаквост („Облаци"); размисли за немоќта на сиромавиот кон чорбаџиското насилство („Престапник"); сочувство со маките на сиромавиот („Стариот градинар"); изобличување и подбивање со божјиот службител („Дедо поп", и

---

[15] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 107–108; Н. Радически, Фолклорот и поезијата на Трајко Китанчев..., 230–231.

[16] Йор. Бадевъ, Трайчо Китанчевъ – поетъ и общественикъ..., 38.

[17] Исто, 39–40.

„Калуѓер“); сатиричен протест против милитаризмот во Кнежество („Бугарија напредува“); иронија со христијанската смиреност и повик за активно спротивставување на световното зло („Молитва“); бичување на бирократијата која безмилосно го експлоатира селанецот („Чиновник и селанец“); како и исмевање на интелигенцијата (учители, духовници, разни учени, адвокати и др., кои едноставно го лажеле народот за да ги храни и облекува („Сиромашко оплакување“).[18] Овие творби, Бадев ги квалификува како „социјалистички“. Според Бадев, „социјализмот“ на Китанчев не треба да се сфаќа како некое научно секташтво, оптоварено со догмите на ортодоксниот марксизам, туку како жив и подвижен социјализам кој според разбирањата на Китанчев може да се покрие со неговите разбирања за демократија, либерализам, па дури и опозиционерство.[19] На крајот, според Бадев, социјализмот кај Китанчев се сведува на „слобода за Македонците и на леб за сиромасите“.[20]

Академик Гане Тодоровски, вреднувајќи го поетското творештво на Т. Китанчев, ќе запише: „во поезијата на Китанчев ќе препознаеме напор да се соопштат некои негови сопствени сознанија или размисли, идеи или објективни мотиви и теми, а речиси никаде не ќе сретнеме лирска интонација, исповедано и интровертно раскривање на интимата, сублимација на претставите во метафори, симболи, слики! Кај него доминира реторичниот израз, баладната форма од епска насока, воопшто: тенденција да се објективизираат претставите низ наративно фразеолошка интонација. Поетскиот поттик, согледан како лирска ерупција, нагон, спонтан чин на творечка вообразба, евидентно недостига во неговите песни. Тие не се емоционално обоени, не се изблик на срцето, туку предадени дури и како сеќавања на детството, како реминисценции на одминатите години, припомнуваат повеќе на стремеж да се изнесат низ стих неговите погледи, сфаќања, расудоци! Поради тоа, неговите песни прилегаат на оној вид поезија кој најчесто се наречува програматски, декларативен, рационален, или тезисен. Во буквална смисла на зборот, тоа е политичко-дидактичка поезија, пишувана од авторот без уверливи предиспозиции за стихувана реч“.[21] Според истиот автор, литературните творби на Китанчев „иако не претставуваат повисок уметнички дострел,

[18] Исто, 40–41.
[19] Исто, 41–42.
[20] Исто, 42.
[21] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 103-104.

претставуваат вонредно богато средство за дообјаснување на личноста на овој заслужен син на македонската земја“.[22] Г. Тодоровски од поетското творештво на Китанчев особено ги издвојува и анализира баладите „Дедо Неделко“ и „Кралот Марко“.[23]

Науме Радически бележи дека во поетското творештво на Китанчев доаѓа до израз љубовта кон татковината, кон слободата и кон правдата, или воопшто хуманистичките и револуционерните идеи на авторот. Притоа Радически бележи дека под влијание на руските револуционери-демократи, кај Китанчев е присутен социјалниот мотив, но, не му е туѓа ниту сатиричната интонација. Според Радически, „поетските резултати на Китанчев се доста скромни“, бидејќи поезијата не му била на преден план, а неговите творби „повеќе се попатен и спонтан додаток“ на неговата севкупна културно-просветна, општествена и револуционерна активност.[24]

Независно од тоа што Т. Китанчев не се сметал за поет, ниту пак критичарите го третираат за успешен поет, некои од неговите песни релативно рано нашле место во бугарските, а потоа и во македонските поетски зборници и антологии.[25] Така поемата „Марко Крале си ја губи силата“, која Китанчев ја објавил во 1889 година во списанието „Библиотека Свети Климент Охридски“, како народна песна од Ресенско, а која во „Сочиненијата“ од 1898 година е објавена под наслов „Кралот Марко“,[26] е задолжителен дел во учебниците по литература за први клас гимназија во македонскиот образовен систем.[27] За неа авторите на учебникот по литература констатираат: „во уметнички поглед за најубава песна од нашата народна епика се смета ’Марко Крале си ја губи силата’. Таа наша епска песна се одликува со драгоцени уметнички својства: сликовитост, вонредно богатство на стилот, драмска напнатост на раскажувањето и величествени со космички размери слики, создадени од една мошне суверена народна димензија“.[28] Понапред видовме дека според литературните критичари, оваа

---

[22] Исто, 102-103.

[23] Исто, 104-108; Г. Тодоровски, За двете поеми на Трајко Китанчев..., 31-38.

[24] Н. Радически, Фолклорот и поезијата на Трајко Китанчев..., 299–230.

[25] Повеќе за тоа види: В. Тоциновски, Трајко Китанчев во поетските зборници и анталогии..., 53-61.

[26] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 107.

[27] Исто, 108; Георги Сталев, Историја на македонската книжевност, прв дел, Скопје 2001, 213-214.

[28] Г. Тодоровски, Трактати за сонцељубивите..., 108.

наводно народна песна претставува својевидна мистификација која поминала низ литературниот струг на Китанчев.

Трајко Китанчев, освен со поезија, повремено пишувал и трудови со научен карактер. Прв таков труд претставува објавувањето на една римска воена диплома од времето на императорот Александар Север (222–235 н.е.), која Китанчев ја открил кај еден свештеник во с. Драгижево (Трновско) во 1887 година. Споменатава диплома, Т. Китанчев ја обработил и во соработка со В. Добруски ја објавил во 1890 година.[29] Вистински потфат на Китанчев претставува објавувањето на обемната статијата „За акцентирањето на зборовите во ресенскиот говор од западномакедонското наречје“,[30] која ја напишал во хасковскиот затвор. Со пишувањето на оваа статија, Китанчев настојувал да ги разбие неоснованите мислења кај учените во Бугарија, па дури и кај оние од македонско потекло, кои сметале дека акцентирањето на зборовите во западномакедонските говори било слично, па дури и исто како во српскиот јазик. Оттука Китанчев уште при пишувањето на статијата во врска со тоа, на П. Каравелов му пишува: „Од оваа моја статија ќе се уверат сите, дека... нашето наречје нема ништо заедничко со српскиот јазик, а акцентирањето е сосема оригинално и тоа следи такви правила, коишто во српскиот јазик ги нема“.[31] Со оваа обемна студија која е поткрепена со бројни примери, Китанчев е прв којшто ги открил и врз научна основа ги дефинирал закономерностите при акцентирањето на зборовите во западномакедонските говори.[32] Врз основа на оваа студија, Коста Веселинов во 1935 година во „Македонски вести“ објавил статија под наслов „Трајко Китанчев и македонскиот јазик“.[33] Најавата во споменатото списание за објавување и на статијата на Китанчев за акцентирањето на зборовите во ресенскиот говор не е реализирана.[34] Независно од тоа, останува фактот дека македонските емигранти во Бугарија помеѓу двете светски војни на споменатава статијата на Китанчев гледале како на основа за македонскиот литературен јазик. Споменатава студија на Китанчев заслужува посебен третман од македонската лингвистика.

---

[29] Тр. Китанчевъ, Новооткрита римска военна диплома, Перидодическо списание, г. VII, кн. XXXII–XXXIII, Средецъ 1890, 352-359.

[30] Види: Х. За ударението върху думите въ ресенския говоръ.., 857–915; Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 163–217.

[31] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 326.

[32] Йор. Ивановъ, Българите въ Солунско..., 175.

[33] Блаже Ристовски, Портрети и процеси . т.3, Скопје, 1990, 463.

[34] Исто.

Мошне значаен прилог на Китанчев претставува и неговата обемна рецензија, всушност критика на книгата на Офејков (А. Шопов) под наслов „Македонија во времето на илјадагодишнината на св. Методиј“, објавена во Пловдив, во 1885 година.[35] Според Китанчев, Офејков во својата книга ја преувеличувал улогата на Егзархијата и на нејзините институции во Македонија, поради што се залагал за засилување на чорбаџискиот елемент преку кој полесно можело да се остварува влијанието на Егзархијата, а од друга страна ги осудувал револуционерните истапи на Македонците, бидејќи со тоа ја поткопувале егзархиската дејност. Со оглед на фактот што Офејков на македонското прашање гледа исклучиво низ бугарска призма и низ бугарските национални интереси, Китанчев, меѓу другото, возвраќа: „ние се бориме и ќе се бориме во Македонија со Турци, Грци, Срби, Германци, Аранаути не за некои своекорисни цели, туку едноставно за благодетот на тамошното население, какво и да е тоа. Водејќи ја борбата, која ќе ја водиме и во иднина, ние треба да ја оправдаме оваа своја дејност и пред нашите сопствени очи и пред очите на сите чесни луѓе. Ние треба да докажеме дека не се бориме за нешто нечесно, туку сакаме нешто праведно од која било точка да се разгледува, зашто нашите стремежи не се чисто и едноставно патриотски, туку и хумани во општочовечка смисла, зашто во борбата која ќе се отвори во Македонија – порано или подоцна, може да земе учество секој чесен човек, од која било народност и партија да е тој“. Додека пак на идејата на Офејков за протежирање на чорбаџискиот елемент во Македонија кој треба да ги брани егзархиските интереси, Китанчев му возвраќа: „чесниот човек и искрениот доброжелател на Македонија никогаш нема да го моли Бога за да испраќа чорбаџии во Македонија за да ја ослободат, туку меѓу Македонците ќе посака повеќе самостојни луѓе, решени и подготвени да умрат, било во темница, било на јаже, било во заточение“.[36]

Кога се зборува за стручните трудови на Т. Китанчев, неодминливо треба да се одбележи неговата студија за „Сервантес и неговиот роман Дон Кихот“, која била планирана да биде објавена заедно со преводот што го направил самиот Китанчев, но поради обемноста на ракописот, тој е објавен во две продолженија во списанието „Мисла“.[37]

---

[35] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 130-155.

[36] Исто, 138.

[37] Види: Т. Китанчевъ, Сервантесъ и неговятъ Донъ-Кихотъ, Мисълъ, г. V, кн. IV, София 1895, 422–441; како и кн. V, 520–533.

Популарната публицистичка дејност на Т. Китанчев низ периодичниот печат е во функција на промовирање и одбрана на сопствените и ставовите на лидерот на политичката опција што ја застапува,[38] полемики со политичкиот опонент,[39] пригодни текстови по повод денот на словенските просветители Св. Кирил и Методиј и 1000 годишнината од смртта на Методиј,[40] актуелни политички настани поврзани со ситуацијата во Бугарија,[41] афирмирање на идејата за образование за сите[42] и други. За нас и воопшто за историографијата од особен интерес се двата написа на Т. Китанчев насловени како „Македонското движење“ и „За решенијата на Македонскиот конгрес“ од 1895 година,[43] во кои ги изнесува своите и ставовите на Македонскиот комитет во врска со македонското прашање и борбата за автономија на Македонија.

Секако, кога станува збор за творечката активност на Т. Китанчев, тука се вбројува и неговата преведувачка дејност. При тоа, на прво место треба да се спомене преводот на „Дон Кихот“ од Сервантес, расказите „Шинел“ и „Невски проспект“ од Гогољ, како и преводот на вториот том од „Историја на цивилизацијата на Англија“ од Бакал. Со овие преводи, овие значајни дела станале достапни за читателската публика во Бугарија, а оттаму и во османлиска Македонија.

Разнообразната творечка активност на Китанчев не само што зборува за неговиот интелектуален потенцијал и широк интерес, туку ни дава можност да ги разоткриеме неговите ставови по разни прашања, за кои во конкретни моменти не се искажал на директен начин. Оттука, творештвото на Китанчев покрај тоа што ни овозможува да ја следиме и анализираме неговата широкострана општествено-политичка, културно-просветна и револуционерна активност, ни дава и можност подетално да се запознаме со духот на времето во кое опстојувале тој и, пошироко, неговата генерација.

---

[38] Како на пример статијата: „По въпростъ за изменяването на Българската конституция“ (Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 92–120); потоа „Истината по пътуването на г. Каравеловъ отъ София до Търново“ (Знаме, г.I/ 49, 9.2.1895, 2–3; и бр. 50, 18.2.1895, 2–3).

[39] Ю. Ивановъ, Биографически бележки..., 47–50.

[40] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 121–125.

[41] Србия противъ съединението, Търновска конституция, г. II/175, София, 12.10.1885, 1–2.

[42] Съчинения на Трайчо Китанчевъ..., 155–163.

[43] Исто, 257–263.

# Индекс


Абдул Рахман ефенди 70
Авганистан 91
Австрија 84, 120-121
Австро-Унгарија 47-49, 53, 93-94, 103, 108, 202
Ајдучки Китан 213
Албанија 49
Албанци 22
Александар Велики (Македонски) 164, 170
Александар II, руски цар 53
Александар Север, римски император 231
Александра, британска кралица 107
Александриска болница 129, 219, 220
Алистрати 215
Алтипармаков А. 187
Амфитеатров А.В, автор 205, 222-223
Англија 53, 93-94, 108, 125, 146, 198, 202, 233
Андреев, потполковник 131
Антим, митрополит 109
Антонов Спас 127
Антонов, телохранител 128
Априлско востание 47
Арсениев Коста 128
Атанасов Димитар 207
Атанасов Н., автор 226
Атина 93

Бадев Јордан, автор 11, 45-46, 226-229
Бајчев 118
Бакл Хенри Томас 44, 146
Баласчев Георги 168, 205
Балкан, полуостров 37, 47-50, 91, 93, 97, 210
Балкан, весник 69
Батенберг Александар I, бугарски кнез 53, 57, 60, 73, 78, 86-87, 91-92, 97, 98-99, 101, 103-105, 108, 112
Башев А., 35, 36, 37-39, 41,
Беласица, чета 212
Белгија 79, 117
Белград 63, 127,
Белев Георги 168
Белински Висарион 40, 42-43
Белчев Христо 127, 130-132, 140, 168
Бендеров Атанас 101
Берлин 51
Берлински конгрес 48-50, 58
Берлински договор (трактат) 48-50, 58, 90, 108, 155, 159, 161, 163, 171-172, 174-175, 182-183, 185, 195, 198, 202, 224
Беровски Поп Георгиев Димитар 38
Бертнард Ф. 63
Библиотека Свети Климент Охридски, списание 230
Битола 28, 39, 210
Битолска епархија 195
Битоски Крсте, автор 15, 159, 181, 188-189, 193,204
Благоев Димитар 9-10, 12, 14-15, 33, 35, 43-46, 76, 85, 88, 145
Благоевград 159
Блант Џон 212, 216, 218
Бобеков Иван 131
Богороди Алеко 76-77
Богослов, село 208,

Божинов Ив. 179
Божинов Воин 55
Божиновска Зорица, автор 49
Бозуков Антон 201, 207, 209, 213
Босна и Херцеговина 47, 49, 50
Брадински Станчо 30
Братски сојуз (БС) 179-188, 203, 204
Бретонци 45
Бркалов Никола 30
Бугари 33, 167, 170, 194, 199
Бугарија 9-17, 27-28, 34, 41, 44-45, 47, 48-52, 54-55, 57, 60, 65-66, 72-76, 78, 80, 84-87, 89-98, 102-110, 112, 115, 118, 120-123, 125-126, 132, 147, 149, 155, 159-166, 170, 172-173, 178, 180-182, 184, 188-190, 194-195, 197-198, 201, 203-204, 206, 209-213, 215, 218-220, 221, 223, 229, 231, 233
Бугарин 169, 190-191, 193,
Бугарска Егзархија/Егзархијата 13, 22, 27, 29, 32, 50-51, 58-63, 65, 67-68, 70-73, 122, 144, 161, 191, 195, 197, 232
Бугарска книжевна дружина 28
Бугарска социјалдемократска партија 150
Бугарски таен централен револуционерен комитет / БТЦРК 89, 92
Будимпештанска тајна конвенција 47
Букурешт 38, 132
Бургас 178, 184
Бурмов Тодор 101

Вазов Иван 91
Валдемар, принц 107, 108
Ванчев Јордан, автор 26, 28, 30, 32, 38, 58, 72
Варна 23, 107, 182
Василев Георги 131
Василев Тодор 40, 43, 61, 78, 115
Васиљов Т., автор 111
Вацов Спас 80
Вачев д-р 100
Велес 22, 196, 205, 210
Велика Британија 48, 50, 216
Вељо дедо 27
Велешка епархија 29
Великов Георги 131
Велико народно собрание 52, 98, 105-107, 112
Велико Трново 35, 54, 60, 83, 88, 92, 96, 102-104, 109, 112-123, 124, 134-137, 151, 156, 171, 179, 185-187, 203, 204
Величков Константин 101
Венедиков Јордан 204, 207-209, 213
Веселинов Коста, автор 231
Ветрен, село 208
Видин 94, 175
Видинско читалиште 29, 30
Виена 38, 60, 83, 96, 183, 205
Византија 25
Византион 24
Вирче, село 213
Висока Порта 27, 49, 58, 126, 155, 195, 197, 201-204
Владимир, ѓакон 39
Влахи, село 216
Воден 30,
Војводина 209
Волкодери, село 19, 22
Враца 51, 224
Врховен Македонски Комитет (ВМК) 14, 186
Врховен мирски совет 67
Вселенска Патријаршија (види: Цариградска Патријаршија)

Габрово, град 78, 80-81, 83
Габрово, село 212-213
Габровска гимназија 80
Габровска корија 213
Габровски Н. 153
Габровско читалиште 29, 30

Галахов Алексеј 43
Галац 182
Галиб Паша 70
Гаруфалов Стојчо 204, 208-209
Гевгелија 211
Генчев Добри 34, 59
Георгиев И. 135
Георгиев Тома 131, 138
Георгиос I 107
Георгов И. 137, 175, 189
Георгов Георгиј 179, 189
Германец 106
Германија 44, 53, 93, 108
Германци 232
Геројски Никола 206, 211-212
Гешов Евстратиев Иван 105, 149
Гибон Едвард 44
Гизо Франсоа 44
Г.К, автор 164
Глас Македонски, весник 167-168, 171, 173, 182, 185-187, 190-192
Гледстон Вилијам 189
Гогољ Николај 40, 42, 146, 233
Голунски, потполковник 131
Горна Ораховица 111
Горна Преспа 20
Горна Џумаја 48, 211
Горнооораховска околија 107
Горноџумајско 212, 213
Готен, планина 212
Град, село 213
Градинаров Д. 102, 121
Граница, село 208
Грановски Тимофеј 44
Греков Димитар 101
Григориј, владика 155
Грот Џорџ 44
Груев Даме 128, 168, 206
Груев Георги 30
Груев Петар 101
Грци 20, 166, 168, 170, 232
Грција 27, 29, 93-94, 172, 182
Гулапчев Спиро 34
Гуревич Јаков 43-44
Давидов Тома 209
Даскалетина (псевдоним на Трајко Китанчев) 79
Дебар 122, 210
Дебарска епархија 195, 200
Дедо Анго 206, 215
Дедо Димо (види: Димо Дедото)
Дедо Кацареа (види: Кацаров Георги)
Дедо Стоју, 206, 210, 215
Дејков Никола 168
Демократска партија 12-13, 150, 190
Ден, весник 68
Дијамандиев Васил 178-180, 183, 189-190, 199
Димески Димитар, автор 15, 49, 93, 204, 205
Димитров П. 195-197, 202
Димитров Ратко 101
Димитров Стојо 209, 215
Димо Дедото 204, 206, 211
Добринович Г. 152-153
Добрич 175
Доброљубов Николај 40, 42-43
Добруски В., автор 231
Долна Бања 182
Долна Преспа 20
Долни Ораховец 111
Дондуков-Корсаков Александар 52
Дон Кихот 40, 146, 232-233
Донев Јован, автор 47-48, 93
Доспат, село 215
Драганов, мајор 131
Драгижево, село 231
Драгулев П. 187
Драмско 215
Дрејпер Џон Вилијам 44
Дреновска афера 204
Друмев Васил 101
Дунав 49
Дункер Максимилијан 44
Дупница 159, 184

Дупничка чета 215
Дупничко 207

Ѓоргов Г. 173
Ѓоргиев Драги, автор 49
Ѓорѓиев Ванчо, автор 15, 50, 94, 125, 128, 167-169, 181, 194, 196, 200, 207, 209, 212-213, 215, 223-224

Европа 44, 50, 160, 190, 196, 198, 200, 223
Европска комисија за Источна Румелија 49
Еден Македонец, автор 165-166
Ејуп 30
Елбасан 210
Елдров Светлозар, автор 10-15, 76, 150-152, 171-172, 179, 180, 223
Ерменија 175, 177
Ерменска црква (Бургас) 178
Ерменска црква (Софија) 13, 175, 176
Ерменци 175, 177-178
Ернрат, генерал 57

Живков Георги 104, 107, 110
Жинзифов Рајко 38
Жостов Димитар 207, 209

Загоров В. 102
Захариев Кр. 215
Златан (брат на Натанаил Охридски) 37
Златен Рог 21
Златица 184
Златков Дончо 206-207
Знаме, весник 25-26, 36, 52, 71, 85-88, 113, 118, 122, 129, 137, 138, 148, 150-56, 175, 188, 190, 199, 219, 221, 233
Зографов Драган, автор 19, 39, 61, 63, 65, 69, 71, 80, 86-88
Зографски Партенија 38
Зорница, весник 21

Иванов Георги (види: Лерински Марко)
Иванови, браќа 179, 180, 187, 207-208, 223
Иванов Јурдан, автор 10-11, 19, 22-26, 30-31, 33-41, 50, 53-54, 56-57, 60-61, 65-66, 68-72, 74, 77, 80, 83, 85, 87-88, 95, 102, 111-112, 120, 122, 146, 180-181, 185, 187, 226, 231, 233
Иванов М. 189
Иванов Н. 180
Иванчов Тодор 105
Игнатиев Павлович Николај 27, 38, 189
Измир 23
Измирлиев Георги Македончето 34
Икономов Тодор 101
Илиев Атанас 209
Инџето Ив. 212
Истанбул 20, 21-33, 35-39, 42, 48, 51, 53, 60-61, 66, 73, 97, 194-197, 202, 223,
Источна криза 47
Источна Македонија 210
Источна Румелија 49-51, 72-74, 76, 78, 89-90, 93, 94, 97-98, 162
Италија 108, 125

Јаш 182
Јосиф I Егзарх (Јовчев Лазар), бугарски егзарх, 29, 58-59, 67, 72, 122, 194, 195, 197
Југозападна Бугарија 173
Јужна Бугарија 92, 94, 98, 102-103
Јум 44

Казанџиев Стојко 44, 83
Калмиков Адам 90
Калноки Густав 183

Калчев И. 102
Калчов К. 183
Каравелисти 150, 152
Каравелова Екатерина 129, 130
Каравелов Љубен 75
Каравелов Петко 44-45, 53-54, 57-58, 72-78, 80, 82-87, 90-92, 97-104, 107, 110-111, 119, 122, 128-138, 141-142, 145, 148-151, 154-156, 162-163, 179, 189, 231, 233
Караѓулев Александар 131, 138
Караѓулев Григор 131
Караѓулов Климент 168
Карајовов Тома 168, 180
Караманов Манол 209
Карамфилович Димитар 175, 178-179, 189-190, 199
Карапопев Т. 189
Карастојанов Димитар 131
Карнобат 35
Карпиновски манастир 212
Карсброд 222
Катарџиев Иван, автор 206
Кацаров Георги 206, 209
Киев 36, 38-39, 40, 60
Киевска духовна академија 39
Киевска духовна семинарија 38, 40, 60
Кине Едгар 44
Кипријановски манастир 39
Китанчева Цвета 19, 23, 24
Китанчев Ефтим 41, 81, 142-143, 156, 184, 203
Китанчев Цветко 19, 22-26, 31, 33-34, 56, 57
Китанчеви, семејство 19
Кишињев 39
Кладово 182
Климент митрополит (види: Друмев Васил) 54, 101,103
К'нчов Васил, автор, 20-21
Ковачев Јосиф 179, 190, 199
Козаров Иван 138
Колб Фридрих Георг 44
Конзервативна партија 74, 98, 150
Константинов Анго 210
Константинопол 24
Константин (поп од Лерин) 34
Косово 49
Костов Спиро 209
Костој Стоју 210
Котларевски Александар 44
Кочариново, село 213
Кратово 211
Кратовско 212
Крива Паланка 211
Кримска војна 20
Кристијан IX (дански крал) 107
Крит 50
Критски органски устав 49
Крстеви (семејство) 19
Крстев Цветко (види: Китанчев Цветко)
Крстич Г. 91
Крстоносни војни 55
Крџалиско 98
Крџиев 101
Кулбарс, генерал 106-107
Кукуш 59, 211
Кукушка епархија 195, 200
Кутловица 111
Кучевишки Натанаил (види: Натанил Охридски)
Кушлев К. 111

Л'вов 103
Левов Д.Т 170
Лејард Л.Х 50
Лепавцев Спас 128, 131-138
Лерин 34
Лерински Марко 209
Лермонтов Михаил 42
Лешко, село 213
Либерална партија 45-46, 84, 110, 135, 149
Лобанов-Ростковски 183
Ловеч 50, 52-54, 159
Ловечка епархија 51

Лоза, списание 168-171
Лозари 169-170
Лом 175
Лондон 93, 177, 183, 198
Лондонски меморандум 48
Луканов 134
Луков, офицер 204, 208

Љапчев Андреј 141, 143-144, 168, 180, 188
Људсканов А. 148
Љутата Кочо 206-207, 209, 213

Мала Азија 22
Малоруси 84
Македонец 12-13, 17, 27, 28, 91, 119, 121-122, 127, 155, 164-165, 160, 162, 169, 178, 227
Македонија 9-10, 12-17, 19, 24, 27-30, 32-35, 42, 47-51, 58-59, 61, 67-69, 71, 73, 79, 84, 90-94, 121-122, 125-126, 130, 145, 155, 159-162, 164-165, 167, 168-178, 181-185, 199-206, 208-211, 214, 216, 218-219, 223, 227-228, 232-233
Македонија (весник на К. Шахов) 163-164, 166-167
Македонија (весник на П. Славејков) 28
Македонска дружина 35
Македонска Револуционерна Организација (МРО) 167, 205, 206, 209
„Македонски вести“, списание 231
Македонски Димитар 121, 178, 189, 190, 220
Македонски заговор (друштво) 182
Македонски комитет/МК 9, 12-14, 167, 178-183, 185-191, 193-194, 196-202, 204-207, 211-212, 216, 218-219, 221, 224, 233
Македонски Словени/Македонски Славјани 167, 169
Македонски Петар 131
Македонско востание 51
Македонско прашање 12, 46, 90-91, 125, 155, 159-163, 165-166, 170, 174, 183-186, 190, 198, 201, 203-204, 232,
Македонско софиско друштво 219
Македонско студентско друштво (МСД) 167, 168
Македонско читалиште 172, 176, 220
Македонци 9-10, 16, 28, 33, 35, 59, 119, 121, 160-178, 180, 182, 185-188, 190, 192, 194, 195, 199-200, 202, 204-205, 219, 221-223, 229, 232
Маколеј Томас 44
Манчев Димитар 209
Марија, руска царица 107
Мариновиќ Јован 30
Маринович Костаки 38
Марица (весник) 77, 80
Маркс Карл 45
Матов Димитар 9, 173, 180, 189
Матов Христо 168
Матров Тодор 209
Мачарев Крсто 212
Маџаров Михаил 101
Мелник 210-211, 215, 216
Мелничка епархија
Мелничко 210
Мелничко востание 216
Миладинов Константин 38
Милан, српски крал 93
Миларов Светослав 131, 132, 138
Милетија, патријаршиски митрополит 24
Милков Петар 131
Милчинов К. 189
Мингрели Николај 108
Министерски совет на Бугарија (+владата) 52-53, 57, 64, 83, 86, 97-98, 101, 103-111, 113,

115-116, 119, 126, 135-136, 148-149, 150, 153-155, 160, 162, 169, 174-175, 194-202, 222-223
Министерство (+ министер) за внатрешни работи на Бугарија 105, 110, 116, 150, 176, 196
Министерство (+ министер) за надворешни работи на Бугарија 53, 110, 149, 175, 183, 195, 197, 216, 218
Министерство (+ министер) за правда на Бугарија 98, 114
Министерство (+ министер) за просвета на Бугарија 60, 89, 110, 149
Министерство (+ министер) за финансии на Бугарија 59, 110, 127, 149
Министерство (+ министер) за војна Бугарија 14, 100, 105, 110, 116, 149
Миноски Михајло, автор 49, 94
Миње Франсоа 44
Мир, весник 200
Миронска Валентина, автор 16, 226
Мирчев Димитар 68, 168
Мисирков Петков Крсте 35, 38
Мисла, списание 221
Михајловски Стојан 153
Мишев Димитар, автор 22
Млада Македонска Книжевна Дружина (ММКД) 168-171, 187
Моллов Димитар д-р, 131
Моравенов Лука 30
Моравско 209
Москва 36, 41, 48, 50
Московски универзитет 41
Мустракот Кочо 206-207, 210, 216
Мутафов Васил 204, 207-208, 212
Муткуров Сава 102, 105, 110
Муш 177

Најчев 100
Народна либерална партија 45, 75-76, 85, 87, 135, 150
Народна партија 77, 98, 148-151
Народна самозаштита, весник 191
Натанаил Охридски 35-42, 50-51, 53-54, 129, 138, 143
Наука, списание 74
Наумов Ангел 168
Наумов Никола 128, 168, 173, 180, 205
Начев Петар 201, 204, 207-209, 212
Начович Григор 104-106, 110, 149, 174, 195, 197-198, 202
Небил бег 174
Неврокоп 210, 216
Неврокопско 216
Независност, весник 73
Нејчев П. 189
Нејчов В. 155
Некрасов Николај 40, 42-43
Никитов Никола, автор 25-26, 31, 33-35, 37-38, 40, 54
Никифоров Христо 101, 103
Никола (даскал во Подмочани) 24
Николај II, руски цар 189,
Николаев Данаил 14, 105
Николсон Артур 189, 198-199, 205
Нов ден, весник 68
Нов живот (социјалистичко друштво) 128
Новопазарски санџак 49, 50
Нов Рим 24
Нов свет (кафеана во Софија) 204
Ножаров Димитар 127, 131

Обикновено народно собрание 52-53, 74, 78, 81-82, 86, 92,

98, 102, 105, 110-113, 115, 151, 152
Огражден, планина 212
Одеса 37-38, 127, 132
Одеса (кафеана во Софија) 219
Одеско бугарско настојателство 37
Одрин 67, 132
Одрински вилает 185
Одринско 22, 48, 51, 65, 67, 153, 160, 162, 178, 190-192, 199, 209, 223
Одринско примирје 48
Орошанов 220
Ортаќој 37
Орханиев Тодор 209
Османлиска Ерменија 175
Османлиска Империја 17, 26, 29, 47, 49, 58, 70, 97-98, 108, 125, 126, 170, 191, 194-195, 199-202, 210
VIII Обикновено народно собрание 45, 152
Осојница, село 184
Островски Александар 43
Офејков (псевдоним на А. Шопов) 12, 162, 232
Охрид 35, 38, 50
Охридско 20
Охридска Архиепископија 27
Охридска егзархиска митрополија 35
Охридска епархија 36, 126

Пазарџик 159
Паница Коста 125, 126-128
Париз 183
Пасков Румен, автор 204
Пелистер, планина 22
Пенков А. 132
Пенчович Величко 132
Пери Данкан, автор 160
Петков Димитар 76, 85, 90, 111, 123, 127, 129
Петров Ѓорче 69, 206
Петров Рачо 149, 196, 201, 222
Петропавловска духовна семинарија 54-57, 64, 72
V полициска станица 129
V Обикновено народно собрание 110-113, 115
Пехчево 213
Пештерска дружина 96
Пирин, планина 213, 215
Пирин Планина (одред) 209, 212-213
Пиротска (улица во Софија) 204
Писарев Дмитриј 40, 42-43
Плачковица, планина 212
Плевен 111
Пловдив 9, 24, 40-42, 51, 67, 73-74, 76, 91-92, 160, 187, 232
Пловдивска гимназија 77, 80
Подмочани 10, 22-25, 143
Подрум кале 218
Пожарлиев Иван 207
Полабски Словени 44
Полински Н. 190, 199
Пољаци 84
Поменов К. 179
Поп Арсов Петар 125, 167-169
Поп Јанев Лазар 24
Поп Коцев Христо 168
Поп Константин 34
Поп Петров Сребрен, автор 180
Попов Стајков Димитар 131
Попов Константин 131-132, 138
Попов Радослав, автор 93, 129
Португалов Венјамин 43
Право (весник) 81, 146, 155, 172-176, 178, 180-181, 183-184, 186, 190, 193, 199-200, 205, 209, 212-213, 219, 220-222
Прв македонски конгрес 12, 185, 187, 190, 192, 204, 205
Прв софиски артилериски полк 101
Преспа 227
Преспанско 20-22, 27,
Пречистански Козма 63

Привремена руска управа 52
Прилепско 204, 211-212
Приштина 210
Прличев Кирил 210
Проверителна комисија на Великото народно собрание 107
Проверителна комисија на обикновеното собрание 112
Просвештение, братство 29, 30, 32-34
Пушкин Сергеевич Александар 40, 42

Радев Ал. 189,
Радев Симеон, автор 20-23, 26-28, 53, 57, 72-74, 78, 82, 90, 92-93, 95, 97, 99, 101-102, 104-106
Радев Трајко 24
Радикална партија 151, 198
Радичевски Науме, автор 15, 226, 228, 230
Радомир 175, 184
Радослависти 149
Радославов Васил 54, 98-101, 104-105, 107, 110, 135, 149, 151
Развитие, весник 15, 65, 68
Разград 35, 156
Разловечко востание 47
Разлог 210, 218
Раздолов Атанас 220
Рајнов Божил 40, 59-61, 63-72, 79, 81, 96
Рајхштатска спогодба 47
Револуција (весник) 9-10, 45, 86, 129
Regnard A. 44
Ресен 22, 24, 26, 27,127, 143
Ресенско 20-21, 24, 228, 230
Реформи, весник 223
Рива, италијански конзул 218
Ризов Димитар 65-68, 85, 90, 127, 138, 146, 179, 180, 188, 189
Ризов Кољо 210, 215
Ризов Кочо 206
Рилски Евгениј 71
Рилски манастир 208
Рим 183
Робертсон Вилијам 44
Родољубец, весник 120
Родопи, планини 98
Родос, остров 218
Романија 49, 172, 182, 184-185, 187, 193
Русе 23, 38, 104, 123, 163
Руси 57,78, 84, 106, 108
Русија 34, 37-38, 41-43, 47-48, 50-53, 68, 77-78, 91, 93, 97- 99, 101, 104-109, 120, 126, 130, 132, 147, 150, 153, 155, 189, 194, 202, 222
Русин 39, 106
Руско-турска војна 50, 58
Русофили 97-98, 102, 104-105, 108, 119, 148, 155
Русофоби 98, 102, 120, 155

САД 117
Самарџиев Коне 68, 144, 146
Самоков 159
Самоковска околија 182
Самообразование и развој, друштво 35
Сандански Јане 206, 209, 210
Санкт Петербург 151
Санстефанска Бугарија 51, 164
Санстефански прелиминарен мировен договор 48, 51
Сарафов Борис 168, 201, 204-207, 210, 215-216, 220, 221-222
Сарафов Коста 173, 175, 179
Сарафов Петар 210
Свети Кирил и Методиј (словенски просветители) 12, 69, 232-233
Свети Кирил и Методиј (црква во Солун), 65
Свети Кирил и Методиј, (праз-

ник) 69
Св. Кирил и Методиј (Солунска гимназија) 58, 59
Св. Крал, црква во Софија 173, 220,
Св. Стефан, црква во Цариград 21, 34
Свирка, весник 76, 78, 85
Свиштов 35,
Свобода, весник 42, 79, 88, 107, 109-115, 118-122, 127-128, 131-132, 138, 151, 167, 169- 170, 199-200
Северна Бугарија 94
Северна Добруџа 209
Североисточна Македонија 159
Сервантес Мигел 40, 146, 232-233
Серска дружина, одред 209, 215
Силјанов Христо, автор 49, 170, 207, 209, 213
Симеонов Стојан, автор 68, 71
Скопје 15-16, 24, 28-29, 35, 47, 49-50, 65, 93-94, 97, 122, 125, 128, 159-160, 163, 167-168, 184, 196, 204-206, 230, 231
Скопска епархија 144
Скопски регион 144
Скутари 210
Славејков Рачов Петко 28-29, 33, 36, 42, 53-54, 73-74, 77, 82, 103, 104
Славјанска беседа, салон во Софија 187, 193
Славков П. 102, 115
Сливен 35, 81
Смирна 20, 21
Соединение, весник 80
Сознание, весник 75, 80
Соколов Глигор 212
Солун 48, 58-61, 65, 67-69, 71, 79-80, 144, 146, 161, 205-206, 210-212, 216, 218
Солунска егзархиска гимназија 15, 60-61, 63, 65, 70, 72
Солунска егзархиска општина 59
Солунско 231
Сотиров Димитар 179
Софија 13, 35-36, 45, 50, 67, 80, 83, 85, 92, 96, 103, 105-106, 122, 127-128, 130-132, 138, 141-142, 148, 150-151, 157, 159-161, 163, 167-168, 171-175, 178, 180-183, 185-187, 189, 193, 197-198, 204-206, 208, 218, 223
Спасов В. 209
Спространов Ефтим 56, 168, 180, 186, 189
Срби 95, 166-168, 170, 232
Србија 29-30, 47, 49-50, 93-94, 97, 144, 172, 182, 198
Ставрев Михаил – Хаљо 127
Стајков Попов Димитар 131
Стамбол 24
Стамболовисти 149
Стамболов Стефан 11, 82, 92, 96, 98-99, 101-107, 110-116, 118-123, 125-136, 140, 146, 147-150, 152-153, 156, 162-163, 168, 170-171, 200, 221
Стамер, село 213
Станков Н. 55-57
Стателов Константин 65, 66
Стателова Елена 53, 93, 129
Стара Планина 49
Стефанов Илија 209
Стоев Д. 209
Стојанов В. 146
Стојанов Захариј 76, 85, 115
Стојанов Л. (автор) 10, 46
Странски Георги 104, 110
Стрезов Георги 64, 65
Струма, река 20, 213
Струмица 30, 209, 212-213
Струмичка дружина, одред 209, 212-213
Струмичка епархија 195, 200
Струмски пешадиски полк 101
Суви Лаки, месност 212

Сусан 177
Сушица, село 212

Татковина, друштво 182
Тејлор Б. Едвард 43
Текиев 71
Теохаров Георги 60
Тери 44
Тетово 122
Тинтеров 77
Тодор, (види Василев Тодор)
Тодоров Т. 201
Тодоровски Гане, автор 15-16, 35, 69, 121-122, 146, 163-164, 167, 226, 228-230
Тончев Д. 149
Топхане 210
Топханенски акт 97, 98
Топчев Иван 209
Тоциновски Васил, автор 16, 226, 230
Тракија 49, 90, 92, 95
Трикупис Харилаос 93
Трново (види: Велико Трново)
Трновска конституција, весник 85-87, 89-90, 92, 94-95, 99, 105-107, 111, 233
Трновска околија 151
Трновски затвор 142
Трновски округ 83, 85-89, 107, 111, 155-157
Трновски устав 58, 73-74, 78, 80
Трновско 231
Троцарски договор 93
Тулчанско читалиште 29, 30
Тургењев Александар 43
Турн Северин 182
Турска Империја 50
Турци 9, 67, 153, 191, 196, 213, 215-216, 232
Турција 47, 50, 66, 95, 173, 181, 222
Туфекчиев Димитар – Денчо 127-128
Туфекчиев Наум 127-128, 131-133, 136-138, 168, 173, 180, 196, 208, 222-223

Ќустендил 47, 95, 159, 184, 208, 218
Ќустендилско 207
Ќустендилско македонско друштво 208
Ќустенца 184

Урмов П. 189-199
Устав на Бугарска Егзархија 67
Устав на Кнежество Бугарија 52-53, 57-58, 73-75, 78, 80, 98
Устав на Братски сојуз 180
Устав на МК 171, 190, 191, 193
Учителски собор 89

Фенер 29, 30, 33, 36, 39
Фердинанд Сакс-Кобург-Готски 11, 14, 104, 108-110, 112, 125, 126, 132, 135, 147, 148, 149, 190, 194, 198-202, 222, 223
Филип Македонски 170
Фичев, мајор 131
Флорински 43
Франција 44, 45, 108

Халкидик 48
Халчев 122
Хаљо (види: Ставрев Михаил)
Хасан Хекми паша 161
Хасково 41, 44, 130, 138, 141-142, 144, 148
Хаџи Николов Иван 168, 206
Хаџи Станчев Тодор 132
Херцеговина 47-49
Христов Н. И., автор 9, 30, 33, 35, 38, 40, 42, 56, 76-77, 80, 83, 85
Христов Александар, автор 47-48, 93, 113
Христов Коста 179
Христов Крум, автор 194
Хрон Карл, автор 167

Цанков Драган 37, 53-54, 57-58, 74, 77, 82, 93, 98, 101, 148-150, 152, 154-155
Цанковисти 76, 85, 149
Цариград 20-22, 24, 28, 67, 197
Цариградска амбасадорска конференција 47
Цариградска Патријаршија 26-27, 29, 32
Цачев Минчо д-р 128
ЦК на МРО 205-206
Црвен рак, хотел во Софија 180
Црна Гора 47, 49, 94, 209
Црна Џамија, затвор 138, 141
Црногорци 128

Чернодримски Војдан 182
IV полициска станица 129
IV Обикновено народно собрание 78, 82, 86, 92, 98, 105, 110
Читалиште, весник 29
Чомаков Стојан 27-28
Чуповски Димитрија 38

Џуџев Стоју 131

Шалков 43
Шапкарев Кузман 58, 59, 63
Шахов Коста 163, 167-168, 171-173, 178, 180, 186, 189, 223
Швајцарија 121-122
Шелгунов 43
Шер Јоханес 44
Шопов Атанас 24, 161-162, 196, 201, 205, 232
Штип 211
Шумен 175, 187

# Преглед на користени извори и литература

## ИЗВОРИ:

### а) Необјавени архивски материјали во Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ)

Фонд Бугарски генерален конзулат Солун – 1896-1915 (мф. 4278)
Фонд Политичко одделение (мф. 445)
Фонд Foreign Office (мф.332)

### Б) Објавени документи


Архив Юрдан Анастасов, Възраждането в Македония, София 2009

Българската държавност – в актове и документи, София 1981

Британски дипломатически документи по българския национален въпрос, том 1, 1878–1893, съставители: В. Трайков, А. Гребенаров, Р. Караганев, Р. Прахова, София 1993

Британски документи за историјата на Македонија, Том IV–V, 1857–1885, 1886–1900 (Редакција Драги Ѓоргиев), Скопје 2003–2005

Британските конзули во Македонија 1797–1915, Документи (редакција м-р Драги Ѓоргиев и Зорица Божиновска), Скопје 2002

Gallon Silvano, Rapporti politici dei regi consoli d'Italia a Monastir (1895–1916), Bitola 2004

Георгиев Величко –Трифонов Стайко, История на Бъгарите 1878–1944 в документи, Т. 1, 1878–1912, част втора, София 1996

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1981

Јовановски Далибор, Балканот од 1826–1913, Скопје 2011

Китанчевъ Тр., Новооткрита римска военна диплома, Перидодическо списание, г. VII, кн. XXXII–XXXIII, Средецъ 1890

Княжеството България и македонският въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния Македоно-одрински комитет 1895–1905, съставител: Цочо Билярски, София 2002

Конституция на българското княжество, Сборникъ на дѣйствующитѣ съдбени закони въ княжеството (1878–1906), София 1906

Кузман Шапкарев, За възраждането на българщината в Македония, Неиздадени записки и писма (съставителство: Илия Тодоров, Николай Жечев, предговор Петър Динеков), София 1984

Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ II дел, (трето дополнето и проширено издание), Скопје 1975

Македонија во билатералните и мултиратералните договори на балканските држави 1861-1913, документи (редакција и коментар Михајло Миноски), Скопје 2000

Международни актови и договори 1868–1918, съставител: С. Стефанова, София 1958

Образъ на царскый ферманъ за решенieто на българсый въпросъ, Цариградъ, 1870

Устав на Младата македонска книжовна дружина во Софийа, Лоза I/1, Софиiа 1892

Христов Александар и Донев Јован, Македонија во меѓународните договори 1875–1919, Скопје 1994

Шопов Атанас, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София 1995

## ЛИТЕРАТУРА:

Амфитеатров В.А, Земја на раздорот, (избор превод и редакција; Цветан Станоевски), Скопје, Скопје, 1990

Арнаудовъ Михаил, Екзарх Йосиф и българската културна борба след създаването на Екзархията, София 1940

Бадевъ Йор., Трайчо Китанчевъ – поетъ и общественикъ, Македония, г. I, кн. IV, София 1932

Бълевъ Ив. Г., Възстанието въ североизточна Македония презъ 1895 г., Ил. Илинденъ, г. VII/2–3 (62–63), София 1935

Битоски Крсте, Македонија и Кнежество Бугарија (1893–1903), Скопје, 1977

Божинов Воин, Солунската гимназия „Св. Кирил и Методий“ в општествено-политическия живот на българското население (1880–1913), Исторически преглед, г.2, кн. 4, София 1971

Brancoff M. D., La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris, 1905

Бурилкова Ива, Закон за адвокатите од 22 ноември 1888 г, София 2008

Ванчев Йордан, Новобългарската просвета в Македония през възраждането, София 1982

Ванчев Йордан, Солунската гимазия от 1883–1913 г., Пламъкът на Солунския светилник, София 1970

Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници. Превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Скопје, 2006

Василъовъ Т., Спомни за лица и събития през XIX–XIX век, София 1934

von Mach Richard, The Bulgarian Exarchate: its history and the extend of its authority in Turkey, London 1907

Вујовић Војислав, Дипломатска историја српско-бугарског рата, Београд 1956

Генов Ц., Освободителната война 1877–1878 г., София 1978

Генов П.Г., Политическа и дипломатическа история на България, т. XVIII, София 2003

Генчев Добри, Спомени, съставителство Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София 2005

Грънчаров Стойчо, Политическите сили и монархическият институт в България, София 1984

Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927

Димески Димитар, Аферите во Битолскиот вилает 1895–1903, Скопје 1993

Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), второ издание, Скопје 1982

Д.М., Трайко Китанчевъ, Български прѣгледъ, списание за наука, литература и общественъ живот, г. II, кн. IX–X, София 1895

Ѓорѓиев Ванчо, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје 1997

Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010

Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Зб. 100 години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012, МАНУ, Скопје 2013

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Скопје, 2003

Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редкција: Љубен лапе), Скопје, 1984

Елдъров Светлозар, Трайко Китанчев – Македонски деец?, Върховният македоно-одрински комитетъ и македоно-одринската организация в България 1895-1903, София 2003

Енциклопедия „Пирински край“, т. 1, Благоевград, 1995

Жизнеописание митрополита охридско-пловдивскаго Натанил (автобиографически бѣлѣжки), Сборникъ за народни умотворения, науки и книжина, кн. XXV, София 1909

Зографовъ Драганъ, Трайко Китанчевъ, Сборникъ Солунъ, София 1934

Ивановъ Йорданъ, Българите в Македония, София 1917

Ивановъ Йор. Българитѣ въ Солунско, Сборникъ Солунъ (издание на възпителитѣ и взпитаницитѣ отъ солунскитѣ български гимназии), София 1934

Ивановъ Юрданъ, Съчинения на Трайчо Китанчевъ, нарежда Юрданъ Ивановъ, София 1898
Иречек Константин, История на българите (с подправки и добавки от самия автор), под редакция на проф. Петър Хр. Петров, София 1978
Јовановић Слободан, Српско-бугарски рат, Београд 1901
Јовановски Далибор, Односот на Грција кон Македонија за време на источнорумелиската криза (септември-ноември 1885 година), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 58, Скопје, 2005
Катарџиев Иван, Борба до победа, т. 1, Скопје, 1983
Китанчевъ Т., Сервантесъ и неговятъ Донъ-Кихотъ, Мисълъ, г. V, кн. IV, София 1895
Кънчов Васил, Избрани произведения, том I, Пътуване по долината на Струма, Места и Брегалница, Битолско, Преспа и Охридско, София 1970
Кънчов Васил, Избрани произведения, том II, Град Скопие, сегашното и недавното минало на град Велес, Македония етнография и статистика, София 1970
Конески Блаже, Кон македонската преродба, (второ издание), Скопје 1969
Косев Димитър, Петко Рачев Славейков, Обществена и политическа дейност, София 1986
Кусевичъ Методий, Църковно училищното дѣло въ Македония следъ войната въ 1877-1878 г, Сборникъ Солунъ, София 1934
Македония и Одринско. Статистика на населението од 1873 г., София 1995
Манджуков Петър, Предвесници на бурята. Спомени, София, 2013
Маркова Зина, Българската екзархия 1870–1879, София 1989
Марков Георги, Покушения, насилие и политика в България, София 2003
Миноски Михајло, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878–1903, Скопје 1982
Миронска Христова Валентина, Трајко Китанчев (литерат и револуционер), Спектар, г. XXVI/51, Скопје 2008
Мирчевъ Димитъръ, Българската книга въ Македония Сборникъ Солунъ (издание на възпитателитѣ и взпитаницитѣ отъ солунскитѣ български гимназии), София 1934
Мокров Боро, Развојот на македонскиот печат и новинарството, Скопје, 1980
Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878–1944, том 2, София 1995
Начовъ Никола, Цариградъ като културенъ центъръ на блгаритѣ до 1878 г., Сб. БАН, кн. XIX (12), София 1925
Никитовъ Никола, Трайко Китанчевъ, София, 1941
Ортајли Илбер, Повторното откривање на Османлиите (Превод: Асуде Абдул Кочан), Скопје 2014

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878–1903, София 1979
Пандевска Марија, Присилни миграции во Македонија 1875–1881, Скопје 1993
Пасков Румен, Борис Сарафов 1872–1907, София 1996
Пери Данкан, Политиката на терор: Македонското революционерно движење 1893–1903, Скопје, 2001
Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия, 1877-1902 г., Leipzig 1902
П. Петровъ Ср., Македонското дѣло преди и презъ 1895 г. въ България, Ил. Илинденъ, г. VI/7 (57), София 1934
Радев Симеон, Македония и българското възраждане въ XIX вѣкъ, частъ III, София 1928
Радев Симеон, Рани спомени, София 1967
Радев Симеон, Строителите на съвремена България, т. 1–2, София 1973
Радически Науме, Фолклорот и поезијата на Трајко Китанчев, Македонски фолклор, г. XXV/49, Скопје 1992
Раздоловъ А.И., Споменъ и въздищки за Трайко Китанчевъ, София 1898
Райновъ Божилъ, Две години въ Солунъ, Сборникъ Солунъ (издание на възпитателитѣ и взпитаницитѣ отъ солунскитѣ български гимназии), София 1934
Ристовски Блаже, Македонскиот народ и македонската нација, т. 1, Скопје, 1982
Ристовски Блаже, Портрети и процеси . т.3, Скопје, 1990
Силянов Христо, Освободителните борби на Македония (фототипно издание), том 1–2, София 1983
Симеоновъ Стоянъ, Българския периодиченъ печатъ на Македония, Сборникъ Солунъ (издание на възпитателитѣ и взпитаницитѣ отъ солунскитѣ български гимназии), София 1934
Скѫпъ и милъ паметникъ отъ епохата на възраждането ни въ Солунъ, сообщава: Б. Райновъ, Ил. Илинденъ, г. 3 / 9 (39), София 1930
Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927
Спомени: И.Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, (редакција и предговор: Иван Катарџиев), Скопје 1995
Сталев Георги, Историја на македонската книжевност, прв дел, Скопје 2001
Станковъ Н., Единъ споменъ за първата учителска дѣятелностъ на Т. Китанчевъ, Мисълъ, списание за наука, литература и критика, г. V, кн.VII, София 1895
Стателова Елена и Грънчаров Стойчо, История на нова България 1878–1944, т. 3, София 1999
Стателова Елена, Попов Радослав, Танакова Василка, История на българската дипломация 1879–1913, София 1994

Стефан Стамболов в спомени на съвременици, София 1992

Стефан Стамболов и неговото време. Непубликувани спомени, съставители: проф. д-р Елена Стателова и проф. д-р Радослав Попов, София 1993

Stojanović D. Mihilo, The Great Powers and the Balkans 1875-1878, Cambridge 2008

Стоянов Лъчезар, Трайко Китанчев – живот и дейност, Исторически преглед, XXXIX/3, София 1983

Стрѣзовъ Георги, Първи стѫпки на солунската гимназия, Сборникъ Солунъ (издание на възпитателитѣ и взпитаницитѣ отъ солунскитѣ български гимназии), София 1934

Стрезов Г., Спомени од ученическия ми живот в Солунската гимназия (1880-1886), Македония и Одринско, 1878–1912, Спомени, София 1981

Татарчев Христо, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална същност, (съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов), София 1995

Тодоровски Гане, Весникот „Македонија" на Коста Шахов 1888-1891, Разгледи VII/10, Скопје 1965

Тодоровски Гане, За двете поеми на Трајко Китанчев на темата Марко Крале, Спектар, г. X/19, Скопје 1992

Тодоровски Гане, Македонската правостоина, Скопје 1985

Тодоровски Гане, Претходниците на Мисирков, Скопје 1968

Тодоровски Гане, Трактати за сонцељубивите, Скопје 1974

Тоциновски Васил, Трајко Китанчев во поетските зборници и антологии, Современост, г. 53/3, Скопје 2005

Трайко Китанчевъ, Мисълъ, г. V, кн. VI, София 1895

Трайчо Китанчевъ, Критико-биографичен очеркъ, Ново време, Мѣсечен прегледъ на умствения и обществения животъ, г. II/3, Пловдивъ 1898

X., За ударението върху думитѣ въ рѣсенския говоръ, Перидодическо списание, г. VII, кн. XLI- XLII, Срѣдецъ 1893

Христов Крум, Гоце Делчев, София 1955

Христов Н. Иван, Трайко Китанчев – нашият даскал, Педагогика, 8/9, 1997

Хрон Карл, Народноста на Македонските Словени (избор и редакција: Цветан Станоевски), Скопје 1990

Шапкаревъ Кузманъ, Предистория на солунскитѣ български гимназии, Сборникъ Солунъ (издание на възпитателитѣ и взпитаницитѣ отъ солунскитѣ български гимназии), София 1934

Шишковъ П., Изъ четничкото движение – единъ неизданенъ документъ презъ 1895 г, Ил. Илинденъ, г. XI/4 (104), София 1939

Шопов А., Изъ живота и положението на българите въ вилаетите, Пловдивъ, 1893

## ВЕСНИЦИ:

Гласъ македонски (София)
Знаме (София)
Македония (София)
Македонія (Цариградъ)
Право (София)
Революция (София)
Свирка (София)
Свобода (София)
Търновска конституция (Срѣдецъ)